Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Економски факултет – Скопје

Трет циклус студии – ЕКОНОМСКИ НАУКИ

# ПРИДОНЕСОТ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ИНКЛУЗИВНИОТ РАСТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(Докторска дисертација)

**Ментор:**
**академик Таки Фити**

**Докторанд:**
**м-р Цутка Јованоска**

Скопје, 2025 г.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Економски факултет – Скопје

Трет циклус студии – ЕКОНОМСКИ НАУКИ

# Придонесот на социјалното претприемништво за инклузивниот раст, со посебен осврт на состојбите во Северна Македонија

**Докторска дисертација**

**Ментор:**
**академик Таки Фити**

**Докторанд:**
**м-р Цутка Јованоска**

Скопје, 2025 г.

**Докторанд**:
Цутка Јованоска
Тема:
„Придонесот на социјалното претприемништво за инклузивниот раст, со посебен осврт на состојбите во Северна Македонија"

---

**Ментор**:
академик проф. д-р Таки Фити – редовен професор,
Македонска академија на науките и уметностите

**Комисија за одбрана**:

проф. д-р Владимир Филиповски (претседател)
Економски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

академик проф. д-р Таки Фити (ментор),
Македонска академија на науките и уметностите

проф. д-р Љубомир Дракулевски (член),
Економски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

проф. д-р Стојан Дебарлиев (член),
Економски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

проф. д-р Билјана Ташевска (член),
Економски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

**Научна област**:
5.02.00.01 – Економија
5.02.00.03 – Менаџмент и бизнис

**Датум на одбрана:**
(Ако датумот не е утврден, се додава дополнително рачно)

# Благодарност

Изразувам посебна благодарност на мојот ментор и на сите кои ми беа несебична поддршка во текот на изработката на докторската дисертација, и на моите семејство и блиски лица кои имаа разбирање за мојата посветеност на науката.

Цутка Јованоска, с.р.

# Изјава за оригиналност

Изјавувам дека докторската дисертација е оригинален труд и ја имам изработено самостојно. Уредно ги цитирам сите користени извори и трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување друго звање.

Цутка Јованоска, с.р.

# Изјава за електронската верзија на докторската дисертација

Изјавувам дека електронската верзија на докторската дисертација е идентична со отпечатената докторска дисертација.

Цутка Јованоска, с.р.

# Изјава за лекторирање

Јас, Цутка Јованоска, лекторка по македонски јазик, со Уверение за лектор по македонски јазик, бр. 27-326/3, ев. книга со бр. 03-323/1, р. бр. 142, издадено од Министерството за култура на Р Македонија, под целосна одговорност изјавувам дека во докторската дисертација со наслов: „Придонесот на социјалното претприемништво за инклузивниот раст, со посебен осврт на состојбите во Северна Македонија" е применета стандардната јазична норма на македонскиот јазик.

Во трудот се користи множина од скромност поради фактот што докторскиот труд е менторирано дело.

При цитирањето (низ текстот и во крајните референци) е користен APA-стилот, што во одредени ситуации отстапува од нормата во македонскиот јазик, пример: употребата на цртата и цртичката во нотирањето на страниците.

Овластена лекторка,

Цутка Јованоска, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Апстракт**.......................................................................................9
**Abstract**.......................................................................................10
**Скратеници** .......................................................................................11
**Листа на табели, графикони и слики** ..........................................................13

**Глава I: Вовед** .......................................................................................17
1.1. Предмет и цел на истражувањето.................................................................17
1.2. Преглед на достигнувата поврзани со предметот на истражувањето и актуелност на проблематиката.................................................................................18
1.3. Образложение на работните хипотези ...........................................................20
1.4. Методологија на истражувањето .................................................................24
1.5. План за презентирање на материјата ...........................................................26
1.6. Очекуван придонес.................................................................................28

**Глава II: Теоретски осврт на социјалното претприемништво** ................................29
2.1. Дефинирање на социјалното претприемништво – преглед на литература ..............29
2.1. Корелациска анализа на социјалното претприемништво со други концепти ...........39
2.3. Хибридна природа на социјалните претпријатија................................................43
2.4. Дефинирање на социјалните претпријатија од компаративна перспектива ............46
2.5. Мисијата на социјалните претпријатија...........................................................52
2.6. Мерење на интегрираните вредности кај социјалните претпријатија.....................53

**Глава III: Дефинирање на инклузивниот раст**..................................................64
3.1. Дефинираање на инклузивен раст – преглед на литература ................................64
3.2. Детерминанти на инклузивен раст.................................................................72
3.3. Мерење и индикатори на инклузивниот раст ....................................................74
3.4. Врските на релација инклузивен раст – одржлив развој ......................................81
3.5. Дистинкција меѓу инклузивен и економски раст.................................................81

**Глава IV: Перспективи и предизвици на социјалното претприемништво и инклузивниот раст во Северна Македонија**......................................................83
4.1. Контекстуална поврзаност.........................................................................83
4.2. Социоекономски контекст во Северна Македонија .............................................84
4.3. Институционалниот изоморфизам наспроти хибридниот карактер кај социјалните претпријатија.........................................................................................85
4.4. Приказ на правно-нормативните аспекти.........................................................88
4.5. Социјалното претприемништво во Северна Македонија .......................................91
4.6. Инклузивен раст во Северна Македонија ........................................................94
4.7. Стратегии за развој на социјалното претприемништво и инклузивниот раст .......100

4.8. Контекстуални бариери ........ 108
4.9. Мерки и препораки за развој на социјалното претприемништво и за инклузивен раст ........ 109

**Глава V: Социјален и човечки капитал низ иницијативите за социјално претприемништво во функција на инклузивен раст ........ 111**
5.1. Дефинирање на социјалниот капитал ........ 111
5.2. Гледишта на Светска банка за влијанието на социјалниот капитал врз економскиот развој ........ 121
5.3. Мерење на социјалниот капитал ........ 129
4.4. Социјалниот капитал низ призма на социјалното претприемништво во функција на инклузивен раст ........ 132
5.5. Улогата на социјалниот капитал врз инклузивен раст во рурални подрачја ........ 136
5.6. Дефинирање на човечкиот капитал ........ 157
5.7. Индекс на човечки капитал ........ 158
5.8. Стратегија за човечки капитал ........ 168
5.9. Релациите на човечкиот капитал и инклузивниот раст ........ 179
5.10. Синергија на капиталите низ иницијативи за социјално претприемништво во функција на инклузивен раст ........ 188

**Глава VI: Улогата на социјалното претприемништво во интегрирање на обесправените групи ........ 190**
6.1. Индикатори ........ 190
6.2. Истражувачки јаз ........ 193
6.3. Развивање посебни хипотези и истражувачки прашања ........ 193
6.4. Посебна хипотеза X1 – анализа, дискусија и резултати ........ 194
6.4.1. Методолошки вовед ........ 194
6.4.2. Преглед на податоци и описна статистика ........ 199
6.4.3. Развивање модел ........ 200
6.4.4. Определување тежини ........ 203
6.4.5. TOPSIS-анализа и приказ на резултати ........ 204
6.4.6. Заклучни согледувања ........ 211
6.4.7. Препораки врз основа на резултатите од рангирањето на алтернативите ........ 214
6.4.8. Приказ на потврда на хипотезата X1 ........ 216
6.5. Посебна хипотеза X2 – анализа, дискусија и резултати ........ 217
6.5.1. Методологија ........ 217
6.5.2. Контекст и значење на менторството во социјалните претпријатија ........ 222
6.5.3. Резултати од триангулација ........ 227
6.5.4. Дискусија – поврзување на квантитативна со квалитативна анализа ........ 231
6.5.5. Приказ на потврдата на хипотезата (X2) ........ 234
6.5.6. Заклучоци и препораки ........ 235

**Глава VII: Улогата на социјалното претприемништво во намалување на сиромаштијата и нееднаквоста ........ 238**
7.1. Дефинирање на сиромаштијата ........ 238
7.2. Анализа на сиромаштијата во Северна Македонија ........ 239
7.3. Нееднаквоста во Северна Македонија ........ 248
7.4. Индекс на човеков развој во Северна Македонија ........ 253
7.5. Посебна хипотеза Х3 – анализа, дискусија и резултати ........ 258
7.5.1. Развивање посебна хипотеза и истражувачки прашања ........ 258
7.5.2. Методологија ........ 258
7.5.3. Анализа ........ 259
7.5.4. Потврда на хипотезата ........ 267
7.5.5. Заклучно согледување ........ 268
7.5.6. Препораки ........ 268

**Глава VIII: Главни заклучоци со препораки ........ 270**
8.1. Заклучни согледувања ........ 270
8.2. Препораки ........ 273

**Референци ........ 274**
**Прилози ........ 286**

**Цутка Јованоска**

„ПРИДОНЕСОТ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ИНКЛУЗИВНИОТ РАСТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА"

## – Апстракт –

На патот кон само економски раст општествено-економските инсајдери креираат аутсајдерски екстерналии и неможност за користење на придобивките од економскиот раст од страна на сите чинители во општеството. Во тој контекст, инклузивниот раст станува доминантна современа парадигма кон која се фокусираат современите економии, а посебно се презентира како неопходност за економиите во развој, како што е македонската економија. Иницијативите за социјално претприемништво природно се јавуваат како пазарен механизам за постигнување инклузивен раст. Испитувањето на нивните релации е научноистражувачки предизвик, но со значителна општествена корисност. Овој труд ја испитува хипотезата за позитивниот придонес на иницијативите за социјалното претприемништво врз детерминантите на инклузивниот раст. Методолошкиот пристап е комбинација од квантитативни пристапи (Topsis со ентрописка тежинска анализа, регресиона анализа и сл.) и квалитативна проценка (триангулација, крос-контекстуална анализа, Most Significant Change), преку кои се испитуваат придонесите на иницијативите на социјалното претприемништво врз пристапот на пазарот на труд и интеграција на обесправените групи, врз намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста. Во анализата е вклучена и улогата на социјалниот капитал во креирањето социјална кохезија што го зајакнува човечкиот капитал и на маргинализираните и социјално исклучени лица.

Резултатите покажуваат значителен позитивен придонес на иницијативите на социјалното претприемништво врз вработувањето социјално исклучени лица, интеграција во општествените случувања, ефективно намалување на сиромаштијата и на нееднаквоста.

Заклучните согледувања укажуваат на потребата од редизајн и поддршка на организациските форми (како што е социјалното претприемништво) во насока на остварување инклузивен раст.

**Клучни зборови:** социјално претприемништво, инклузивен раст, социјална интеграција, сиромаштија, нееднаквост, социјален и човечки капитал, социјално исклучени лица.

**Cutka Jovanoska**

“SOCIAL ENTREPRENEURSHIP CONTRIBUTION TO INCLUSIVE GROWTH, WITH SPECIAL EMPHASIS ON THE SITUATION IN N. MACEDONIA“

# – Abstract –

On the path toward purely economic growth, socio-economic insiders often generate outsider externalities, thereby preventing equal access to the benefits of growth for all stakeholders in society. In the context, inlusive growth emerges as a dominant contemporary paradigm, particulary pressing for developing economies such as that of North Macedonia. Examining their interrelations represents both a scientific research challenge and a socially valuable endeavor. This paper tests the hypothesis that social entrepreneurship initiatives make a positive contribution to the determinants of inclusive growth. The methodological approach combines quantitative techniques (TOPSIS with entropy weighting, regression analysis, etc) and qualitative assessment (triangulation, cross-contextual analysis, and the Most Significant Change methodology), throuth which the contributions of social entrepreneurship are explored in relation to labor market access and the integration of disadvantaged groups, as well as to poverty and inequality reduction. The analysis also incorporates the role of social capital in fostering social cohesion, wich further strengthens the human capital od marginalized and socially excluded individuals. The findings demonstrate a significant positive contribution of social entrepreneurship initiatives to the employment of socially excluded persons, their integration into societal progresses, and the effective reduction of poverty and inequality.
The concluding insights highlight the need for redesign and support of organizational forms such as social enterprises in order to advance inlusive growth.

**Kewwords:** social entrepreneurship, inclusive growth, social integration, poverty, inequality, social and human capital, socially excluded people

# СКРАТЕНИЦИ

**Кирилични**

**Листата е подредена по азбучен редослед.*

**АВ** – Агенција за вработување
**АСК** – Асоцијација на советници за кариера
**БДП** – бруто домашен производ
**БЈН** – Биро за јавни набавки
**БНД** – бруто национален доход
**БРО** – Биро за развој на образованието
**ВО** – високо образование
**ВРСМ** – Влада на Република Северна Македонија
**ДЗСРСМ** – Државен завод за статистика на Република Северна Македонија
**ЕСС** – Европски статистички систем
**ЕУ** – Европска Унија
**Еуростат** (UROSTAT) – европска статистика
**ЗАПОВИМ** – Заедниза за заштитни друштва на Македонија
**ЗВИЛ** – Закон за вработување инвалидни лица
**ЗД** – заштитно друштво
**ЗП** – значајни промени
**ЗС** – земјоделско стопанство
**ИИР** – Индекс за инклузивен развој
**ИЧК** – Индекс на човечки капитал
**ИЧР** – Индекс на човечки развој
**КПП** – Клучни показатели за перформанси
**МДОПК** – Модел за донесување одлуки со повеќе критериуми
**МЕ** – Министерство за економија
**МЕ** – Министерство за економија
**ММС** – мултидимензионална мерка за сиромаштија
**МОН** – Министерство за образование и наука
**МОТ** – Меѓународна организација на трудот
**МСПДМ** – Министерство за социјална политика, демографија и млади
**МТСП** – Министерство за труд и социјална политика
**МФ** – Министерство за финансии
**НСНССИРМ** – Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија
**НВО** – невладини организации
**НРРЦСП** – Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија
**НСРСПРСМ** – Националната стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија
**ОЕСР** – Организација за економска соработка и развој
**ОО** – основно образование
**ООН** – Организацијата на Обединетите нации
**ПЗЗ** – Примарна здравствена заштита
**ППП** – паритет на куповна моќ
**ПС** – профитен сектор
**РБ** – Развојна банка

**РБСМ** – Развојна банка на Северна Македонија
**РМ** – Република Македонија
**РСМ** – Република Северна Македонија
**СЕФ** – Светски економски форум
**СЗО** – Светска здравствена организација
**СК** – социјален капитал
**СМ** – социјална мисија
**СО** – средно образование
**СП** – социјално претприемништво
**СПР** – социјално претпријатие
**СЧКРСМ** – Стратегија за човечки капитал на Република Северна Македонија
**ТДЛ** – тројна долна линија
**УНДП** – Програмата за развој на Обединетите нации
**ФИТР** – Фонд за иновации и развој
**ЦР** – Централен регистар
**ЦСР** – центри за социјална работа
**ЧР** – човечки ресурси

**Латинични**
**Листата е подредена по абецеден редослед.* 

**EFTA** – European Fair Trade Association
**EMES** – European Research Network
**ESEM** – European Social Enterprise Monitor
**ESS** – European Statistical System
**FLO** – Fairtrade International
**GEM** – Global Entrepreneurship Monitor
**IDI** – Inclusive Development Index
**IDSCS** – Institute for Democracy SOCIETAS CIVILIS Skopje
**IFAT** – International Fair Trade Association
**KPI** – Key Performance Indicators
**MCDM** – Multi-Criteria Decision Making
**MSC** – Most Significant Change
**OECD** – Organisation for Economic Co-operationand Development
**OPD** – Organizations of Persons with Disabilities
**PPP** – Purchasing power parity
**SC** – significant change
**TBL** – Triple Bottom Line
**TOPSIS** – *Technique for Order Preference by Similarity to Ideal Solution*
**UNDP** – United Nations Development Programme
**UNPRPD** – United Nations Partnership on the Rights of Persons with Disabilities
**WEF** – World Economic Forum
**WFTO** – World Fair Trade Organization

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ, ГРАФИКОНИ И СЛИКИ

## А) ТАБЕЛИ

1. Табеларен преглед 2.1. Структурен опис на социјалните претприемачи
2. Табеларен преглед 2.2. Дефинирање на социјалниот претприемач
3. Табеларен преглед 2.3: Дефинирање на социјалното претприемништво
4. Табеларен преглед 2.4. Дефинирање организација за социјално претприемништво
5. Табеларен преглед 2.5: Дефинирање на социјалното претприемништво – европски контекст
6. Табеларен преглед бр. 2.6. Мерење резултати – фокус на заинтересирани страни
7. Табеларен преглед бр. 2.7. Приказ на резултати според матрицата на Хелен Хог
8. Табеларен преглед бр. 3.1. Вработени според секторите на дејност, по тримесечја, 2020 година
9. Табеларен преглед 3.2. Конструкција на Индексот за инклузивен развој
10. Табеларен преглед 3.3. Клучни разлики меѓу економски раст и инклузивен раст
11. Табеларен прегед 4.1. Влијание на институционалниот притисок
12. Табеларен преглед 4.2. Прописи врз основа на кои заштитните друштва ја остваруваат својата дејност и социјалната цел
13. Табеларен приказ бр. 4.3. Степен на реализација на Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027)
14. Табеларен приказ 4.4. Процеси по приоритети за степенот на реализација
15. Табеларен преглед 5.1. Преглед на дефинирања на социјалниот капитал
16. Табеларен преглед 5.2. Видови релации
17. Пивот-табеларен преглед 5.3. Просечна вредност на индекс на социјален капитал пресметан по групи на испитаници
18. Табеларен преглед 5.4. Приказ на резултати
19. Табеларен преглед 5.5. Индекс на човечки капитал (2020) и компоненти во Северна Македонија: сумирана табела
20. Табеларен преглед 5.6. Индекс на човечки капитал и компоненти: споредба во текот на една деценија – Северна Македонија
21. Табеларен преглед 5.7. Индекс на човечки капитал (2020) и компоненти: регионални одредници (Северна Македонија)
22. Табеларен преглед 5.8. Индекс на човечки капитал (2020) и компоненти: приходни одредници (Северна Македонија)
23. Табеларен преглед 5.9. БДП по глава на жител за Северна Македонија, изразен во американски долари (временска серија 1990 – 2023)
24. Табеларен преглед 5.10. Степен на реализација на Стратегијата за човечки капитал во Република Северна Македонија (2024 – 2030)
25. Табеларен преглед 5.11. Процеси по приоритети за степенот на реализација
26. Табеларен преглед 5.12. Запишани студенти на факултетите и високите стручни школи во академската 2023/2024 г.
27. Табеларен преглед 5.13. Состојба на степенот на образование во РСМ во 2021 г.
28. Табеларен преглед 5.14. Население со средно и со високо образование во РСМ во 2021 г.
29. Табеларен преглед 5.15. Население со магистратура и докторат во РСМ во 2021 г.
30. Табеларен преглед 5.16. Население без образование во РСМ во 2021 г.
31. Табеларен преглед 5.17. Население без завршено основно образование во РСМ во 2021 г.
32. Табеларен преглед 6.1. Потенцијално релевантни показатели за социјалната економија
33. Табеларен преглед 6.2. МДОПК-матрица
34. Табеларен преглед 6.3. Дијаграм на методолошкиот тек на истражувањето
35. Табеларен преглед 6.4. Видови социјални претпријатија со податоци за вработени

36. Табеларен преглед 6.5. Просечни релативни удели на социјално маргинализирани вработени кај видовите социјални претпријатија
37. Табеларен преглед 6.6. Модел 1 – Само апсолутни критериуми
38. Табеларен преглед 6.7. Модел 2 – Вклучува и релативни критериуми
39. Табеларен преглед 6.8. Дијаграм на методолошкиот тек за примена на TOPSIS-методот
40. Табеларен преглед 6.9. МОДЕЛ 1: Само апсолутни критериуми
41. Табеларен преглед 6.10. МОДЕЛ 2: Апсолутни критериуми + релативен удел
42. Табеларен преглед 6.11. МОДЕЛ 1 – Нормализирана матрица
43. Табеларен преглед 6.12. МОДЕЛ 2 – Нормализирана матрица (со C4)
44. Табеларен преглед 6.13. Сумирани вредности
45. Табеларен преглед 6.14. МОДЕЛ 1 — Тежини
46. Табеларен преглед 6.15. МОДЕЛ 2 — Тежини
47. Табеларен преглед 6.16. МОДЕЛ 1: Пондерирана нормализирана матрица
48. Табеларен преглед 6.17. МОДЕЛ 2: Пондерирана нормализирана матрица
49. Табеларен преглед 6.18. МОДЕЛ 1: Резултати (релативна близина Ci)
50. Табеларен преглед 6.19. МОДЕЛ 2: Резултати (релативна близина Ci)
51. Табеларен преглед 6.20. Финална споредбена табела на резултатите од модел 1 и модел 2
52. Табеларен преглед 6.21. Релативен удел на социјално исклучени вработени
53. Табеларен преглед 6.22. Пример за примена на метод на триангулација
54. Табеларен преглед 6.23. Матрица за триангулација
55. Табеларен преглед 6.24. Потенцијални индикатори за мерење
56. Табеларен преглед 6.25. Примерок за испитување на H2 – СП за работна интеграција
57. Табеларен преглед 6.26. Невработени инвалидни лица според вид на инвалидноста, со состојба 31.12.2024 година
58. Табеларен преглед 6.27. Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квантитативен поглед
59. Табеларен преглед 6.28. Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квалитативен поглед (споредба на карактеристиките – менторска перцепција)
60. Табеларен преглед 6.29. Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квалитативен поглед (споредба на предизвиците – кодирана менторска перцепција)
61. Табеларен преглед 6.30. Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квалитативен поглед (кодирана перцепција од страна на менторираните лица)
62. Табеларен преглед 7.1. Индикатори на сиромаштијата и социјалната исклученост, 2021 година
63. Табеларен преглед 7.2. Стапка на сиромаштијата по возраст и по пол, 2021 година
64. Табеларен преглед 7.3. Стапка на сиромаштијата по тип на домаќинство, 2021 година
65. Табеларен преглед 7.4. Стапка на сиромаштијата според најфреквентниот статус на економската активност и полот, 2021 година
66. Табеларен преглед 7.5. Стапка на сиромаштијата пред и по социјалните трансфери, 2021 година
67. Табеларен преглед 7.6. Индикатори и тежини за повеќедимензионалните мерки за сиромаштија
68. Табеларен преглед 7.7. Нерамномерна распределба на приходите според Џиниев коефициентот (2010 – 2020)
69. Табеларен преглед 7.8. Индекс на човечки развој на Северна Македонија (2022 г.)
70. Табеларен преглед 7.9. Трендови на индексот на човечки развој за Северна Македнија, 1990 – 2022 година
71. Табеларен преглед 7.10. MSC-табела – воведни податоци
72. Табеларен преглед 7.11. MSC-табела – видови промени
73. Табеларен преглед 7.12. MSC-табела – релации со влијанието
74. Табеларен преглед 7.13. Кодирање на промените
75. Табеларен преглед 7.14. Зачестеност на кодирани промени – сумиран преглед

**Б) ГРАФИКОНИ**


1. Графички преглед 2.1. Социјална мисија на социјални претпријатија во Северна Македонија
2. Графички преглед 2.2. Процес на постигнување влијание
3. Графички преглед 5.1. Структура на испитаници
4. Графички преглед 5.2. Однос кон здружувањето
5. Графички преглед 5.3. Состојба за примена на социјалниот капитал
6. Графички преглед 5.4. Услови за примена на социјалниот капитал
7. Графички преглед 5.5. Информациите како сегмент од социјалниот капитал
8. Графички преглед 5.6. Припадност кон организаторите (вертикален поглед)
9. Графички преглед 5.7. Припадност кон другите (хоризонтален поглед)
10. Графички преглед 5.8. Состојба на довербата
11. Графички преглед 5.9. Влијание
12. Графички преглед 5.10. Ставови за соработката и поддршката
13. Графички преглед 5.11. Влијание на здружувањето – индивидуално ниво
14. Графички преглед 5.12. Однос кон здружувањето – индивидуално ниво
15. Графички преглед 5.13. Однос кон здружувањето на локалната и централната власт
16. Графички преглед 5.14. Достапност на информациите – индивидуално ниво
17. Графички преглед бр. 5.15. Чувство на припадност (вертикална линија) – индивидуално ниво
18. Графички преглед 5.16. Чувство на припадност (хоризонтална линија) – индивидуално ниво
19. Графички преглед 5.17. Доверба – индивидуално ниво
20. Графички преглед 5.18. Влијание на социјален капитал – индивидуално ниво
21. Графички преглед 5.19. Ставови за социјален капитал – индивидуално ниво
22. Графички преглед 5.20. Корелација на индексот на социјален капитал помеѓу групите испитаници
23. Графички преглед 21. Позитивно влијание на социјалниот капитал врз руралниот развој
24. Графички преглед бр. 5.22. Индекс на човечки капитал во Северна Македонија (2010 VS 2020)
25. Графички преглед 5.23. Стереограм - Индекс на човечки капитал на РСМ во споредба со ИЧК на референтни земји во 2020 година
26. Графички преглед 5.24. БДП по глава на жител за Северна Македонија, изразен во американски долари (временска серија 1990 – 2023)
27. Графички преглед 5.25. Соодност на степенот на образование со бројот на население 15 + во РСМ во 2021 г.
28. Графички преглед 5.26. Синергија на социјалниот и човечкиот капитал низ иницијативи на социјално претприемништво во функција на инклузивен раст
29. Графички преглед 6.1. Коефициент на близина
30. Графички преглед 6.2. Коефициент на близина
31. Графички преглед 6.3. МОДЕЛ 1: Само апсолутни вредности
32. Графички преглед 6.4. МОДЕЛ 2: Со релативни удели (ентропија)
33. Графички преглед 6.5. Визуелизации со финалните TOPSIS-резултати – Споредба на алтернативи помеѓу модел 1 и модел 2
34. Графички преглед 6.6. Визуелизации со финалните TOPSIS-резултати – Релативни близини до идеално решение
35. Графички преглед 6.7. Рангирање во модел и модел 2
36. Графички преглед 6.8. Визуелен приказ на логичкиот след за потврда на X2
37. Графички преглед 7.1. Јазот во сиромаштијата 2009 – 2019, Северна Македонија
38. Графички преглед 7.2. Линиски дијаграм за процентот на сиромашни луѓе со под 6,85 долари на ден за периодот 2009 – 2019
39. Графички преглед 7.3. Процент на сиромашни луѓе со под 3,65 долари на ден за периодот 2009 – 2019

40. Графички преглед 7.4. Процент на сиромашни луѓе со под 2,15 долари на ден за периодот 2009 – 2019
41. Графички преглед 7.5. Процент на население кое живее во сиромаштија според општествената линија на сиромаштија на Светска Банка (2009 – 2019)
42. Графички преглед 7.6. Повеќедимензионален коефициент на бројот на домаќинства во сиромаштија (Светска банка) (% од населението) – Северна Македонија
43. Графички преглед 7.7. Приказ на нерамномерната распределба според Џиниев коефициент (2010 – 2020)
44. Графички преглед 7.8. Џиниев индекс за Северна Македонија за периодот 2009 – 2019 г.
45. Графички преглед 7.9. Економски раст – стапка на промена на БДП во РСМ (2016 – 2023)
46. Графички преглед 7.10. Стапка на БДП во РСМ – временска серија (1991 – 2023)
47. Графички преглед 7.11. ИЧР за Северна Македонија (2000 – 2022)

**В) СЛИКИ**

1. Слика 2.1. Дефинирање и компоненти на претприемништвото
2. Слика 2.2. Визуелен преглед – дефинирање на социјалното претприемништво
3. Слика 3.1. Соодност на бројот на вработени во првото тромесечие од 2020 година по сектори на дејности во Северна Македонија
4. Слика 3.2. Број на активно население во РСМ во периодот 2011 – 2024 г.
5. Слика 3.3. Движење на стапката на сиромаштија РСМ во периодот 2010 – 2020 г.
6. Слика 5.1. Создавање социјален капитал на социјално претпријатие

# Глава I: ВОВЕД

*Снегот врне подеднакво за сите, со таа разлика што едни уживаат во топли напитоци во топол осветлен дом, други се борат со снежните наноси и последиците од нив. Парадоксот е што некогаш снежната идила имаат бистрина да ја видат само измрзнатите очи.*

## 1.1. Предмет и цел на истражувањето

Предмет на проучувањето на докторската дисертација претставува влијанието на иницијативите на социјално претприемништво врз инклузивниот раст.

Главните домени на прочувањето кои произлегуваат од носечката тема на овој труд се следниве:

- презентирање и разбирање на теоретските поставки во врска со социјалното претприемништво и разните форми во кои се пројавува;
- презентирање и разбирање на теоретските постулати во врска со концептот инклузивен раст;
- утврдување на начините за мерење на перформансите кај социјалното претприемништво;
- утврдување на индикаторите за мерење на инклузивниот раст;
- утврдување на степенот на влијанието на социјалното претприемништво врз инклузивниот раст.

Целта на истражувањето претставува утврдување на степенот на влијание на иницијативите на социјалното претприемништво врз инклузивниот раст низ призмата на човечкиот и социјалниот капитал, работната интеграција, социјалното менторство како посреднички механизам, намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста.

Преку разработка на поставените хипотези од докторската дисертација е потребно да се одговори на следниве неколку концепциски прашања:

- Каков е придонесот на иницијативите за социјално претприемништво врз инклузивниот раст?
- Која е најоптималната организациска форма на социјално претприемништво која придонесува за инклузивен раст?
- Како влијаат иницијативите за социјално претприемништво врз намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста?
- Каков е соодносот меѓу социјалното претприемништво и социјалниот и човечкиот капитал?
- Каков е придонесот на социјалното претприемништво врз максимизирањето на социјалната можност?
- Каков е придонесот на иницијативите за социјално претприемништво во вклученоста на пазарот на трудот на социјално исклучените групи?
- Каков е придонесот на иницијативите за социјално претприемништво во интеграцијата на обесправените групи?

## 1.2. Преглед на достигнувањата поврзани со предметот на истражувањето и актуелност на проблематиката

Досегашните истражувања од оваа дисциплина ќе бидат користени во презентирањето на теоретската рамка за социјалното претприемништво и за инклузивниот раст на соодветен методолошки начин и ќе се земат предвид во поставувањето на емпириското истражување.

Социјалните претпријатија се сè повеќе актуелни и доминантни во нивната улога во поттикнувањето на инклузивниот раст преку справување со социјалните и еколошките предизвици преку социјални бизнис-модели. Тие го поттикнуваат економскиот развој, создаваат работни места и промовираат одржливи практики, а истовремено се справуваат со проблеми како што се сиромаштијата и нееднаквоста, односно тие придонесуваат за поширока и поинклузивна рамка на економскиот раст од кој ќе имаат бенефит сите општествени чинители.

Статистичките податоци покажуваат дека социјалните претпријатија значително придонесуваат и само за економскиот раст преку генерирање приходи, создавање работни места и поттикнување иновации. Според Светскиот економски форум, тие генерираат околу 2 трилиони долари приходи секоја година и создаваат речиси 200 милиони работни места.

Во најголем дел социјалните претпријатија промовираат инклузивен раст со фокусирање на потребите на маргинализираните заедници и создавање можности за оние кои често се исклучени од традиционалните економски системи.

Социјалните претпријатија, исто така, активно работат на решавање на широк спектар на проблеми, вклучувајќи сиромаштија, нееднаквост, недостаток на пристап до здравствена заштита и образование и деградација на животната средина. Социјалните претпријатија често развиваат иновативни и прилагодени решенија за да се справат со локалните потреби и предизвици, особено во земјите во развој и руралните области, како што е Северна Македонија и нејзините во значителен број неразвиени рурални подрачја. Во маргинализираните региони социјалните претпријатија можат да придонесат за благосостојбата на заедницата преку создавање работни места, намалување на сиромаштијата и решавање проблеми како што се невработеноста и исклученоста.

Социјалните претпријатија честопати се соочуваат со предизвици во пристапот до финансирање и ресурси, што може да ги попречи нивниот раст и влијание.

Клучен предизвик за социјалните претпријатија е балансирањето на нивната социјална мисија со потребата за финансиска одржливост и профитабилност.

Во таа насока, постои потреба од цврсти рамки за прецизно мерење на економското и на социјалното влијание на социјалните претпријатија и инклузивниот раст.

Зајакнувањето на екосистемот за социјални претпријатија преку политики за поддршка, образование и платформи за споделување знаење е клучно за нивниот континуиран успех.

Како заклучок, социјалните претпријатија играат витална улога во поттикнувањето на инклузивниот раст преку справување со социјалните и еколошките предизвици, создавање економски можности и поттикнување порамноправни општества. Иако се соочуваат со одредени предизвици, нивниот потенцијал да создадат позитивни промени е огромен, што ги прави критична сила за одржлив и инклузивен раст.

Инклузивниот раст станува централен фокус, развивајќи се надвор од традиционалната корпоративна општествена одговорност кон интегрирани стратегии што се справуваат со нееднаквоста и еколошките проблеми, а воедно создаваат нови можности. Сè повеќе се јавуваат потреби и иницијативи за проширување на пристапот до образование, зајакнување на здравствената заштита, промовирање на финансиската инклузија и изградба на инфраструктура за инклузивна поврзаност, поради неспорниот факт што предизвиците сè уште постојат, вклучувајќи ја сиромаштијата, несоодветните можности за вработување и јазот во вештините. И покрај економскиот раст, нееднаквоста опстојува, со значителен дел од богатството концентрирано во рацете на малкумина. Обезбедувањето доволни и квалитетни можности за вработување останува предизвик. Премостувањето на јазот во вештините и обезбедувањето релевантна обука за променливиот пазар на труд е од клучно значење. Справувањето со инфраструктурните празнини, социјалните и физичките, е од суштинско значење за инклузивен раст.

Инклузивниот раст останува приоритет за владите и организациите ширум светот. Во иднина, ќе биде клучно да се справиме со предизвиците на сиромаштијата, нееднаквоста и недостатокот на пристап до можности преку спроведување целни политики и промовирање одржлив развој. Фокусот ќе биде на создавање средина каде што секој може да учествува и да има корист од економскиот раст.

Во Северна Македонија не се присутни конкретни истражувања од оваа област, а се забележува актуелизирање на тематската област како проектни активности во рамките на организациите што спроведуваат социјално претприемништво.

Растечката социјална и економска нееднаквост, посебно во постпандемискиот период од 2020 година наваму, во многу земји, вклучително и Северна Македонија, придонесува маргинализираните групи (лица со попреченост, деца без родители, жени кои се жртви на насилство, повеќегодишна невработеност, маргинализирани млади и сл.), да се соочуваат со бариери и ограничен пристап до пазарот на трудот и можностите кои ги нуди општеството.

Меѓународните организации (Светска Банка, Европската Комисија, OECP) нагласуваат дека економскиот раст мора да биде инклузивен, односно да ги вклучува сите слоеви во општеството.

Во тој контекст, социјалното претприемништво се препознава како ефективен модел за создавање економски и социјални можности за маргинализирани групи, со потенцијал за системски промени.

Досегашните теоретски презентирања покажуваат дека социјалното претприемништво се дефинира како хибриден модел кој вклучува економски и социјални цели, а во многу ситуации и еколошки цели.

Одреден број емпириски студии покажуваат дека социјалното претприемништво влијае на вработување ранливи групи, што обезбедува нивни интегритет и личен развој, а со тоа индиректно се влијае на намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста во општествата.

Истражувачкиот јаз е токму во недостатокот на студии со развиени модели за примена во ваков вид истражување, а, исто така, се среќаваат фрагментирани податоци кои се карактеристични за локални економии.

Оттука оправданоста и потребата од еден ваков вид истражување кое прави пионерски обид за примена на комбинирани квалитативни и квантитативни методи во испитувањето на податоците, кои, исто така, се на незавидно ниво кога зборуваме за Северна Македонија.

Досегашните научни достигнувања ја потврдуваат теоретската оправданост на социјалните претпријатија, но и ја истакнуваат комплексноста во мерењето на влијанието, од една страна, а, исто така, и не помалку сложениот пристап во мерењето на инклузивниот раст.

Празнината во системското собирање податоци и реплицирањето успешни модели ја прави оваа анализа покомпексна и со големи предизвици, но ја прави релевантна и нова, посебно во локален контекст, како и што е поставена.

### 1.3. Образложение на работните хипотези

Најзначајните теории за економскиот раст – неокејнзијалискиот Харод-Домаров модел за економскиот раст, неокласичниот модел за економскиот раст на нобеловецот Роберт Солоу и ендогените модели на економскиот раст на нобеловците Пол Ромер и Роберт Лукас, како основни фактори на економскиот раст ги идентификуваат: разликите во штедењето и инвестициите, разликите во вкупната факторска продуктивност и разликите во примената на технолошките иновации (Фити, 2019).

Од друга страна, во современата економска литература од оваа област се смета дека за одржлив економски развој е неопходно не само рационалното користење на економските фактори на растот, туку и праведна распределба на доходот и зачувување на животната средина.

Инклузивниот раст е интегрален дел на одржливиот развој. Фокусот на ова истражување е врз улогата на иницијативите[1] на социјалното претприемништво за

[1] Се употребува терминолошката одредница „иницијативите на социјалното претприемништво" поради фактот што социјалните претпријатија во Северна Македонија немаат официјален легитимитет и нивното функционирање како социјални претпријатија е на основа на иницијативи, а се регистрирани според формите што се достапни во државата врз основа на постојната законска регулатива.

инклузивниот раст. Потребно е да се утврди каков е придонесот на иницијативите за социјално претприемништво, како релативно нова организациска форма, за инклузивниот раст, што се пласира како целен пристап во новото време. Инклузивниот раст се дефинира како создавање социјални и економски можности за сите, односно придобивките да стигнат до сите делови во општеството. Инклузивниот раст ја потенцира идејата за еднаква можност во однос на пристапот до пазарите, ресурсите и регулаторните тела за деловно работење (Dinda, 2011).

Промовирањето поголема продуктивност и вработување за долгорочен одржлив раст, бара стратегии за инвестирање во динамични растечки сектори, но и градење нови капацитети во секторите каде што е вработен поголем дел од трудот. Инвестирањето во динамичните сектори може да биде доволно за да се забрза растот, но не може да биде инклузивно, не може да ги опфати маргинализираните групи граѓани кои честопати не се присутни во брзорастечките сектори. Во вакви ситуации како можност се појавуваат социјалните претпријатија кои можат да обезбедат врска помеѓу маргинализираните групи граѓани и брзорастечките сектори со цел создавање услови за вработување на овие групи граѓани преку организирање разни обуки и сл., а воедно и за зголемување на продуктивноста. Со оглед на фактот што продуктивноста е во директна зависност од растот на приходот, таа се јавува како услов за намалување на сиромаштијата. Поголема продуктивност повлекува намалување на сиромаштијата. И обратно, намалувањето на сиромаштијата може да доведе до поголема продуктивност. Вработувањето на населението и добрите приходи на сиромашното население можат да доведат до подобро здравје и услови за образование, што се, пак, услови за зголемување на продуктивноста. Задоволните, здравите и образованите работници се попродуктивни.

Честопати човековиот развој се перципира одделно од економскиот раст, додека за инклузивниот раст е од посебно значење, затоа што човековиот развој е битен фактор за растот, помеѓу нив постои нераскинлива врска. Растот обезбедува ресурси кои се неопходни за човековиот развој, а од друга страна, пак, подобрувањето на човековиот развој овозможува зголемување на капацитетите кои доведуваат до економски раст. Повторно тука се јавува потребата од инклузивен пристап и создавање услови за пристап до компонентите кои влијаат врз човековиот развој на маргинализираните групи граѓани. А, социјалните претпријатија преку своите иновативни пристапи може да придонесат во изнаоѓање модели за зголемување на приходите на сиромашното население. Со порастот на приходите на сиромашното население, се зголемува процентот на приходот за човеков развој (Behrman, J. R., 1996).

Во пазарните економии неуспесите на пазарот се чести, а со тоа се ограничува и вклученоста на сиромашното население во економскиот раст.

Традиционално, во улога на обезбедување социјална безбедност на сиромашното население се појавува владата преку примена на разни инклузивни мерки. Меѓутоа, во ситуации и на неуспеси на владата во обезбедување или во немањето доволно капацитети, или, пак, под влијание на неетичките влијанија на

политиката и ограничувањето на пристап до разните понудени инклузивни мерки, како можен актер, со чија улога ќе се влијае во обезбедувањето на социјалната безбедност, се нуди концептот социјално претприемништво. Посебно е значајна насочената помош за овозможување пристап до пазарните можности и на оние групи граѓани кои се најодалечени поради недостаток на образование, здравје, капитал, земја и сл.

Ако инклузивниот раст доведува до максимизирање на социјалната можност, преку овој труд ќе се испита колкав е придонесот на инцијативите на социјалните претпријатија во максимизирањето на социјалната можност, односно доведувањето до инклузивен раст.

Покрај човечкиот капитал, влијание врз инклузивниот развој има и социјалниот капитал. За многумина автори социјалниот капитал овозможува колективно дејствување и позитивно влијае врз инклузивниот раст. Развојот на човечкиот капитал креира основа за формирање социјален капитал преку социјалните норми, довербата, соработката, мрежите и сл.

Социјалните претпријарија придонесуваат за зајакнување на социјалната кохезија. Кога имаме силна социјална кохезија во општеството, имаме инклузивен раст. Недостатокот на доверба, соработка и граѓанско вклучување се пречка за инклузивен раст. Особено тоа е присутно кај ранливите групи граѓани во државите во развој. Социјалното претприемништво се јавува како солуција за придонес во зајакнувањето на социјалниот капитал, кој е услов за инклузивен раст.

За да ги постигнеме целите поставени во ова истражување, креиравме нулта хипотеза со којашто ќе се испитува влијанието на иницијативите за социјално претприемништво врз инклузивниот раст. Со оглед, пак, на веќе нотираниот факт за празнината во статистичките податоци и индикатори во мерењето на вредноста и на социјалните претпријатија, меѓутоа и во мерењето на инклузивниот раст, поставивме и посебни хипотези за коишто проценивме дека ќе бидат собрани веродостојни податоци и ќе бидат креирани мерливи величини со кои ќе се потврдат поставените претпоставки. Посебните хипотези се во суштина влијание на иницијативите за социјално претприемништво врз димензии на инклузивниот раст: вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи, интегрирање на обесправените групи, намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста.

<u>Нулта хипотеза:</u>

Хо: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат за постигнување инклузивен раст.

<u>Посебни хипотези</u>:

Х1: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи (како димензија на инклузивниот раст).

Х2: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на интегрирање на обесправените групи (како димензија на инклузивниот раст).

Х3: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат врз намалување на сиромаштијата и нееднаквоста (како димензии на инклузивниот раст).

Инклузувниот раст, како интегрален дел на одржливиот развој, станува општо прифатена глобална парадигма, наместо само типичните економски теории за растот и развојот. Улога во постигнувањето раст имаат сите општествени и економски актери во секоја национална економија, а посебен придонес може да има социјалното претприемништво преку намалување на сиромаштијата, создавање човечки и социјален капитал, интегрирање на обесправените групи и нивни пристап до пазарот на трудот.

Голем дел од милениумските цели на Обединетите Нации се примат на социјалното претприемништво, а со потврда на поставената теза на овој труд ќе се добие одговор за тоа колку реално придонесуваат овие иницијативи за инклузивен раст и која е најоптималната форма за суштински социјално-економски промени.

Во последните години се зголемува бројот на примери на организации или претпријатија кои во своето работење вклучуваат или воспоставуваат мултидимензионален систем кој подразбира генерирање тројни вредности – економски, социјални и еколошки.

Во науката се среќаваат неколку термини што ги дефинираат новите концепти што се презент на социјалната пазарна економија. Така, сѐ почесто се среќаваат термините: социјално претприемништво, одржливо претприемништво и екопретприемништво, социјален бизнис и сл. Сите се појавуваат како алтруистичка форма на капитализмот или како алтернативни форми на претприемништвото, кои во своето работење, покрај економската вклучуваат и социјална, односно и еколошка компонента. Се издвојуваат три пристапа во поглед на разбирањето на концептот социјално претприемништво (Alvord, Brown & Letts, 2002): како комбинација на комерцијалните претпријатија со социјални влијанија (Emerson & Twersky, 1996); како иновации за социјални влијанија (Dees, 1998a) и како катализатор за социјални трансформации. За некои автори социјалното претпријатие генерира тројни вредности (triple bottom line), а, за други, пак, фокусот е насочен кон социјалната мисија (double bottom line).

Фокусот на социјалното претприемништво е ставен на зачувувањето на природата, животот и заедницата, преку потрага по можности за производи, процеси и услуги за добивка којашто ќе вклучува економски и неекономски еднакви придобивки за поединците, економијата и општеството, што е основа за инклузивен раст.

Поради немањето општоприфатени методи за мерење на перформансите кај одржливите форми на социјалното претприемништво, утврдувањето на односот помеѓу овие претпријатија и инклузивниот раст ќе претставува огромен предизвик во рамките на овој труд.

## 1.4. Методологија на истражувањето

Во рамките на истражувањето во најголем дел се користени податоци од примарни извори што се собрани преку сопствени истражувања, како и секундарни податоци преку користење на податоците од овластените јавни институции чија основна дејност е статистичка анализа на податоци во државата и во странство.

Мерењето на перформансите кај социјалните претпријатија (вклучувајќи ги сите форми низ кои се пројавуваат), односно известувањето за резултатите, е еден од начините да им се обезбеди на заинтересираните страни увид во влијанието врз инклузивниот раст.

Во истражувањето се вклучени организации и претпријатија во Северна Македонија, кои во своето работење го применуваат концептот на социјално претприемништво во сите негови форми.

При собирањето на податоците се применети директни и индиректни извори. Најчесто користен метод се анкетните прашалници, потоа студиите на случаи, лични приказни и сл., со што се создава можност за квалитативна и за квантативна анализа, односно за проценка на степенот на поврзаност помеѓу социјалното претприемништво и инклузивниот раст.

Собирањето податоци има формален карактер, со што се добиени квалитетни, употребливи и релевантни податоци.

При теоретските елаборации во разјаснувањето на клучните поими во докторската дисертација се користени секундарни податоци коишто вклучуваат широк спектар на академски трудови, објавени книги и друг вид изданија, извештаи и анализи од релевантни институции на европско и на светско ниво, потоа веб-страници и друг вид интернет-податоци што се поврзани со предметот на истражувањето. Користени се бази на податоци, како што се: Scopus, Web of Science, Oxford Journals, Ebsco, Jstor, Science Direct, Google Scholar, ResearchGate и сл.[2] Клучните зборови како „социјално претприемништво", „социјални претпријатија", „инклузивен раст" „оцена на влијанието" и „економска одржливост" се користеа за да се идентификува релевантната литература. Собраните податоци вклучуваат студии на случаи, емпириски студии и теоретски анализи коишто обезбедуваат увид во тоа како иницијативите на социјалното претприемништво придонесуваат за инклузивниот раст. Во овој случај е применет квалитативен пристап, и тоа преку: аналитичко-дескриптивните методи, потоа компаративниот приод во истражувањето и сл. Индуктивно-дедуктивните методи се применети во рамките на целокупната обработка на поставените претпоставки, преку дескрипција на егзистирачки научни постулати, со кои од општите се изведуваат поединечни ставови (дедукција), или, пак, кога преку поединечни

---

[2] Поголемиот дел од базите на податоци, за коишто македонските универзитети немаа пристап во времето на подготовка на тоеретскиот дел од докторската дисертација, се користеше можноста за пристап преку South West University „Neofit Rilski" за време на реализацијата на мобилноста, но и во следниот период благодарение на нивната широка готовност за пристап до базите преку нив.

факти и податоци се доаѓа до општи заклучоци (индукција). Често се применува аналитичкиот метод преку расчленување на сложени судови на нивните составни елементи, со што се овозможува откривање и воочување на научните поставки во врска со социјалното претприемништво и инклузивниот раст. За оние појави што не можат егзактно да се мерат, се применува квалитативната анализа. Со помош на методот синтеза, пак, се врши систематизирање и изградба на теоретските знаења, преку спојување на одделните компоненти во целини, а во најголем дел се применети аналитичко-синтетичките методи, токму поради нивната природа на надополнување и испреплетеност. Преку примена на компаративните методи, со споредување на сродните појави и процеси, се овозможува да се дојде до разни воопштувања и нови заклучоци, кои претставуваат збогатување на научните сознанија што се непосредно поврзани со темата на докторскиот труд.

Во рамките на истражувањето спроведено за потврда на хипотезите поставени во докторската дисертација се применети комбинирани методи со цел сеопфатно испитување на влијанието што го имаат иницијативите за социјално претприемништво врз инклузивниот раст во Северна Македонија.

Истражувањето вклучува два вида методи или две фази, и тоа: квалитативна фаза и квантитативна фаза. Во рамките на квалитативната фаза се испитуваат стратегиите и практиките коишто се применуваат од страна на социјалните претприемачи, како и на засегнатите страни во процесот на остварувањето на социјалното влијание од страна на социјалните претпријатија. Но, квалитативната фаза вклучува и студии на случаи и обработка на лични искуства. Истражувањето во рамките на квалитативната фаза се спроведуваше преку структурирани и неструктирани интервјуа и анкетни прашалници со социјални претприемачи и други чинители на социјалното претприемништво. Исто така, во рамките на етичките доктрини и на дозволеното истражувачко ниво беа користени искуства и перцепции на социјалните претприемачи и на другите чинители коишто произлегуваат од дефинирањето на детерминантите на социјалното претприемништво и на инклузивниот раст. Во рамките на квантитативната фаза е направен обид емпириски да се оцени влијанието на социјалното претприемништво врз детерминанти на инклузивниот раст, преку обезбедување докази.

Податоците од овој дел беа собрани преку комбинирани методи, и тоа:

- анкетен прашалник со социјални претприемачи – дистрибуиран преку Gooogle Forms, е-адреси, Viber, WatsApp., Messenger и сл.;
- структуирани и неструктирани интервјуа со сопственици;
- податоци од Државниот завод за статистика на Северна Македонија;
- Регистар на социјални претпријатија;
- анкетен прашалник со заштитни друштва – дистрибуиран преку Gooogle Forms, е-адреси;
- интервју со претставници од Заедницата за заштитни друштва и сл.

Заеднички овие два метода (квалитативен и квантитативен) придонесуваат за подлабинско испитување на врската помеѓу социјалното претприемништво и инклузивниот раст во Северна Македонија.

Ограничувањата во текот на истражувањето од типот на пристрастност, генерализација на наодите и сл., се минимизираа со поставување јасни и недвосмислени прашања, користење канал *лице в лице* во ситуации кога се јавуваше потреба од дообјаснувања, триангулација на извори и други статистички техники коишто обезбедуваат поголема веројатност и валидност на наодите.

Етички согледувања – Почитувањето на етичките норми е фундаментален фактор во рамките на секое научно истражување. Така, во рамките на истражувањата што беа спроведени за потребите на оваа докторска дисертација беа применети етичките норми и правила, преку детални и јасни образложенија за намената и целта на испитувањата, беше користена можноста за собирање податоци врз основа на Законот за пристап до информации од јавен карактер. Во истражувањето не беа собирани лични податоци без согласност или јавно објавена содржина со лични податоци, и беше почитувана приватноста на испитаниците. За податоците за коишто се сметаше дека е потребно, се добиваше согласност, посебно кога станувaше збор за ранливи категории на лица. Докторската дисертација држи високо ниво на академски интегритет и ги штити учесниците во истражувањето од аспект на пласирањето лични информации што не треба да се искажат во јавноста или се спротивни на Законот за заштита на личните податоци.

При обработката на податоците, со оглед на поголемиот број посебни хипотези коишто се испитуваат, беа користени поголем број методолошки алатки за кои по повеќе обиди и грешки беше утврдено дека се соодветни за конкретните анализи. Во продолжение ги набројуваме поголемиот дел од алатките преку кои беа обработени податоците и методите кои беа применети во анализата: Microsoft Excel Worksheet, Microsoft Access Database, Python, Google Forms, Topsis, Entropy, Triangulation, Cross-contextual analysis, Most Significant Change и сл.

## 1.5. План за презентирање на материјата

Во рамките на *поглавјето* насловено како *Теоретски осврт на социјалното претприемништво* фокусот е насочен кон расфетлување на поимот социјално претприемништво преку презентирање на позначајните теоретски гледишта во врска со оваа проблематика, т. е. преку преглед на новата и релевантната литература од оваа област. Поради разновидните стојалишта во контекст на поимањето на социјалното претприемништво, како и за неговите подмножества и категории, се прави обид за нивно синтетизирање, со единствена цел поконцизно прикажување на концептот. Во таа насока, исто така, вредно е да се наспомене дека, како резултат на разните теории коишто се однесуваат на оваа појава, но и под влијание на контекстуалните фактори по одделните национални економии, се појавуваат повеќе типологизации на социјалните претпријатија што ќе бидат накратко елаборирани, како би се создале услови за давање соодветни препораки за прифатливи и оптимални форми на таков вид организации во Северна Македонија.

Сфаќајќи го социјалното претприемништво како мултидимензионална и динамична конструкција, помеѓу државниот, приватниот и социјалниот сектор (Nicholls, 2008), како дел од поширокиот концепт социјална економија, ќе се даде концизна претстава за влијанието на овој глобален феномен, резултирајќи со генерирање на севкупните мешани вредности преку остварување на тројната добивка (луѓе, планета, профит), како и на најчестите области на дејствувањата на социјалните претпријатија.

Евалуацијата и мерењето на перформансите обезбедува слика за тоа дали социјалното претпријатие е на добар пат и создава основа за мерење на неговото влијание врз инклузивниот раст, што е предмет на овој труд.

Во рамките на делот насловен како *Дефинирање на инклузивниот раст* се врши дефинирање на инклузивниот раст, кој е современ концепт во кој се опфатени економските и неекономските можности достапни за сите пори во општеството. Приказот на досегашните научни резултати е основа за презентирање на предметот на истражувањето поставен во рамките на овој труд. Кога се врши дефинирање на инклузивниот раст е неопходно да се нотираат клучните елементи, и тоа: вработувањето и продуктивноста, развојот на човечките способности и мрежите за социјална безбедност и насочена интервенција. Се посветува внимание на инклузивниот раст преку призмата на човечкиот и на социјалниот капитал, но и на релациите на инклузивниот раст како интегрален дел на одржливиот развој.

Во рамките на главата насловена како *Перспективи и предизвици на социјалното претприемништво и на инклузивниот раст во Северна Македонија,* фокусот е ставен на контекстуалните фактори коишто влијаат врз развојот на социјалното претприемништво, како и на состојбите на инклузивниот раст. Релационите фактори, всушност, го подразбираат социјалниот капитал, кој претставува спој од релациите на учесниците во неговото создавање (Coleman, 2003, as cited in Praszkier & Nowak, 2012, p. 81). Институционалниот или административниот контекст ги опфаќа политичките, административно-правните и институционалните сегменти од функционирањето на дадена општествена заедница. Навиките, верувањата, јазикот, вредностите, идентитетот, естетизмот – се едни од нормите коишто се вбројуваат во културните контекстуални фактори кои се специфични и се разликуваат од еден до друг општествен систем (A. P. Dacin, T. M. Dacin & Matear, 2010). Преку анализаата и студиите на случаи се отсликува состојбата на перспективите и предизвиците на социјалното претприемништво и инклузивниот раст во државата.

Во главата насловена како *Синергија на капиталите во функција на инклузивен раст* е презентиран соодносот помеѓу инклузивниот раст и човечкиот капитал, одделно место е посветено внимание на социјалниот капитал во корелација со социјалното претприемништво. Синергетскиот спој на двата капитала, човечкиот и социјалниот, низ посредничкиот механизам социјалните претпријатија, водат до клучни индивидуални и општествени промени кои го отсликуваат инклузивниот раст.

Во последните поглавја подробно се анализираат и се дискутираат резултатите од истражувањата на поставената нулта хипотеза и на посебните хипотези, се изнесуваат заклучните согледувања и се креираат соодветни препораки во насока на развојот на концептот на социјалното претприемништво во прилог на инклузивниот раст.

### 1.6. Очекуван придонес

Докторската дисертација треба да покаже дали иницијативите за социјалното претприемништво имаат позитивен придонес за инклузивниот раст, односно дали суштинските компоменти на овој вид инклузивни бизнис-модели доведуваат до исполнување на милениумските цели на национално ниво за инклузивен раст, како интегрален дел на одржливиот развој.

Истражувањето наменето за докторската дисертација се очекува да ги даде следниве придонеси:

1) Елаборација на состојбите во доменот на социјалното претприемништво во македонската економија, идентификување на основните причини за неговата недоволна застапеност и да сугерира мерки и политики за негов развој во македонската економија во контекст на инклузивниот раст, како интегрален дел на одржливиот развој.
2) Идентификација на влијанието на разните форми на социјалното претприемништво врз инклузивниот раст, односно нивното влијание врз економскиот раст и социјалната инклузија – преку постојните методи во досегашните истражувања.
3) Пионерски чекор во идентификација на методи со чија помош ќе се испитаат посебните хипотези во контекст на докажување на нултата хипотеза.

Инклузивниот раст станува сѐ повлијателен во академските кругови, а социјалното претприемништво се посочува како значајна алатка за инклузивни одржливи процеси. Ваквата проблематика е унапредена во некои релевантни списанија, како што се: Theory and Practice, Harvard Business Review, Journal of Business Venturing и MIT Sloan Management Review и др. (Dhahri, & Omri, 2018).

Ваквите заложби се составен дел на Стратегијата на Европската Унија (2030), една од главните цели на Организацијата на Обединетите Нации и сл.

Ова ја покажува потребата од вакво истражување и неговиот придонес во дисциплината којашто има актуелен карактер и очекувана примена.

# Глава II: ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

*„Некои луѓе ги гледаат работите онакви какви што се и прашуваат зошто.
Јас ги гледам работите какви што никогаш не биле и
прашувам зошто да не.“* – George Bernard Shaw

## 2.1. Дефинирање на социјалното претприемништво – преглед на литературата

Во рамките на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) со Акциски план 2021 – 2023, која е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија во септември 2021 година (108 седница на ВРСМ, одржана на 28 септември 2021 год.), социјалното претпријатие се дефинира на следниов начин: *„Оператор во социјалната економија чија главна цел е да има општествено влијание преку обезбедување широк спектар на социјални, економски, здравствени, образовни, културни, еколошки и други производи и услуги со општествена вредност коишто служат за решавање на социоекономски и еколошки предизвици; и да ја промовира социјалната благосостојба преку обезбедување добра и услуги на пазарот на иновативен и претприемачки начин, користејќи го својот профит, пред сè, за постигнување социјални или еколошки цели; и со кое се управува на транспарентен и одговорен начин, со вклучување на работниците, потрошувачите и страните засегнати од неговите активности во одлучувањето." (НСРСПРСМ,* 2021 – 2027, p. 5).

Во Предлог-законот за социјални претпријатија (2023) под социјално претприемништво се подразбира: *„активност којашто ја спроведуваат поединци или групи, без притоа да демонстрираат организациски карактеристики (модели за управување, забрана за дистрибуција на профитот и сл.), со главна цел остварување на општествени цели.*“, а социјалното претпријатие го опишува како: *„правно лице чијашто цел е преку претприемачка активност да оствари позитивно општествено и/или еколошко влијание наместо максимизирање на профитот за неговите сопственици или засегнати страни, преку својата работа да обезбедува производи и услуги на пазарот на претприемачки или иновативен начин и да го користи својот профит и средства првенствено за постигнување на општествените и/или еколошките цели и е управувано на транспарентен и одговорен начин што ги вклучува вработените, потрошувачите и засегнатите страни.*“.

Базично презентирано, социјалното претприемништво претставува спој на две компоненти: претприемништво и социјална компонента. Според Дракер (Drucker, 1985), специфичната алатка со којашто претприемачот можноста ја претвора во ресурс е иновацијата. Претприемачите имаат желба за достигнување, поседување капацитет за обемна работа, целосно завршување на активностите, морално и правно се одговорни, бараат соодветна награда за квалитетите и за

вложениот труд, оптимисти, перфекционисти, добри организатори, желба за остварување профит (Burch, 1986, as cited in Фити et al., 2007, p. 24).

Систематизирано, претприемништвото би го презентирале како процес кој го презема претприемачот, во кој вклучува иновативни елементи, презема ризици и очекува награда во вид за вложените ресурси (в. слика 2.1).




Слика 2.1. *Дефинирање и компоненти на претприемништвото*
Извор: Јованоска, 2017, p. 21

Од приложениот сликовит преглед јасно може да се види претприемачкиот процес на кој, како што истакнавме, социјалниот претприемач додава социјална компонента.

Во последните години, со појавата на разните организациски форми на социјалната економија во практиката, во економските кулоари почесто ги забележуваме теоретските елаборирања коишто се во прилог на разјаснување на овој релативно нов концепт во економската наука, но и давање јасни дефиниции што ќе им помогнат на носителите на политики во креирањето на стратегиските цели.

Еден од позначајните автори во врска со дефинирањето на социјалното претприемништво е Дис (Dees, 1998). Неговите поशироки елаборации се презентирани во табеларниот преглед што следува (в. 2.1).

Табеларен преглед 2.1. *Структурен опис на социјалните претприемачи*

| **Ред.бр.** | **Становишта за социјалното претприемништво и за социјалните претприемачи** | **Толкувања** |
|---|---|---|
| **1.** | **2.** | **3.** |
| **1.** | *Двигатели на промените во социјалниот сектор* | Социјалните претприемачи се реформатори и револуционери со главна социјална мисија; се насочени кон причините за проблемите; се обидуваат да создадат системски промени и одржливо подобрување; нивните локални дејствувања имаат потенцијал за стимулирање глобални промени во насока на решавање на социјалните проблеми од различен вид. |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | *Мисија за создавање и одржливост на социјалната вредност* | За социјалниот претприемач социјалната мисија е од фундаментално значење, тоа е и суштинската разлика на социјалните претприемачи од бизнис-претприемачите, како и од општествено одговорните бизниси. Создавањето профит и посветеноста на клиентите може да бидат само дел од моделот, но крајната цел е создавање социјална вредност. |
| **3.** | *Континуирано следење на новите можности* | Онаму каде што другите гледаат проблеми, социјалните претприемачи забележуваат можност. Тие имаат визија за како да се постигне подобрувањето. Нивната желба е комбинирана со упорност и на препреките реагираат со потрага по решенија. |
| **4.** | *Континуирани иновација, адаптација и учење* | Социјалните претприемачи се иновативни и креативни, со примена на континуиран процес на истражувањето, учењето и подобрувањето. Иновативноста не подразбира само создавање нешто ново, туку и примена на постоечка идеја на нов начин (Schumpeter). Со иновациите доаѓаат неизвесноста и ризикот, со кои тие умеат да управуваат, за нив неуспешниот проект е искуство и учење, а не личен неуспех. |
| **5.** | *Храбро дејствување* | Ограничените ресурси не се причина за остварување на визиите на социјалните претприемачи, напротив, нив ги користат на ефикасен начин. |
| **6.** | *Зголемена одговорност* | Социјалните претприемачи бараат разбирање од конституентите кои ги опслужуваат, за реални социјални подобрувања. Создаваат вклопување на вредноста и потребите на заедницата, како составен дел од промените. Нивните социјални, финансиски и менаџерски резултати не подразбираат само мерење на големината, успехот и развојот, туку тие информации се употребуваат за соодветни корекции, доколку се потребни. |

Извор: Dees, 1998b, pp. 3-5

Всушност, Дис ја дава и една од најпознатите дефиниции за социјалното претприемништво, којашто ги инкорпорира следниве сегменти: *дисциплина и одговорност, иновација и двигатели кон промени, потрага по можности, снаодливост. Тој истакнува дека, како што може да се види во табеларниот преглед, социјалните претприемачи се двигатели на промени, постигнувајќи го тоа преку повеќекратен процес во содејство на:* донесување мисија за создавање и одржливост на *социјалната вредност*, а не само на личната вредност; препознавање и неуморно следење на новите *можности* кои се во функција на таа мисија; учество во процесот на континуираните *иновација*, *адаптација* и *учење;* покажување *зголемена одговорност* кон конституентите на кои им служат и кон резултатите кои ги постигнуваат; *храбро дејствување* без ограничување од расположливите ресурси (Dees, 1998b, p. 3). Социјалното претприемништво, како алтруистичка форма на капитализмот, овозможува да се изгради мост помеѓу претпријатијата и добродушноста (Roberts & Woods, 2005, pp. 45-51). Ашока[3] социјалниот претприемач го опишуваат како амбициозен и упорен, кој има капацитет да се справува со суштински прашања за кои нудат нови идеи и

[3] Ашока е пионер на полето на социјалното претприемништво, идентификувајќи и поддржувајќи ги водечките социјални претприемачи во светот од 1980 година.

системски промени, некој кој моделира однесување на промените. *„Социјалните претприемачи се суштинската корективна сила. Тие се претприемачи што го менуваат системот. И длабоко во нив, а со тоа и нивната работа, се посветени на доброто на сите*." – Бил Дрејтон[4] (Bill Drayton). Дрејтон и неговите соработници од Ашока ги препорачуваат следниве пет критериуми за социјалниот претприемач: 1) нова идеја за решавање значајни социјални проблеми; 2) креативност; 3) претприемачки карактеристики; 4) етички особености; 5) социјално влијание (Ashoka, 2005). Според Боше (Boschee, 1995), социјалното претприемништво е акција на *„раководители на непрофитни организации кои обрнуваат зголемено внимание на пазарните сили без да ја изгубат од вид нивната основна мисија, некако да ги балансираат моралните императиви и мотивите за профит – и тој балансирачки 'чин е срцето и душата на движењето'*."

Социјалното претприемништво, иако навидум едноставен концепт, во суштина зборуваме за област за којашто не постои унифицирана дефиниција. Во тој контекст, Прашкиер и Новак (Praszkier & Nowak, 2012, p. 15), прават систематизација на димензиите што се специфични за социјалното претприемништво, заснована на поголемиот број автори кои ја обработуваат оваа проблематика (Dees, 1998; Nichkols, 2008; Bornstein, 1998), и тоа: 1) социјална мисија; 2) социјална иновација; 3) социјална промена; 4) претприемачки дух; 5) личност.

Определени автори на социјалното претприемништво гледаат како на коректив на пропустите на државата во обезбдувањето помош (Leadbeater, 1997) или атрактивен пристап за промовирање социјални програми без предлагање целосно приватизирање на државата; други, пак, како можност за граѓанските организации за нови хибридни партнерства (Austin et al., 2006) или нов прилив од активности кои ги порамнуваат целите за постигнување системски промени, а целта е зајакнување на поединците како „создавачи на промените"; потоа како модел за политичка трансформација и зајакнување (Alvord et al., 2004), или како поттикнувач на системските социјални промени (Nicholls, 2006); за приватниот сектор како модел за пристап до непристапните можности на пазарот, потоа пристап до државниот социјален буџет, како и пораст на етичките потрошувачи (Nicholls & Opal, 2005).

S. Bacq & F. Janssen (2011, p. 382) ги систематизираат следниве дефинирања за социјалните претприемачи:

– Во согласност со наративот на Шумпетер за претприемништвото, социјалните претприемачи се во суштина „социјални иноватори" (Nicholls & Cho, 2008);
– Се карактеризираат со силни етички вредности (Catford, 1998; Bornstein, 1998);
– Покажуваат посебна способност за откривање можности (Catford, 1998; Dees, 1998a, b; Thompson, Alvy, & Lees, 2000; Sullivan, Weerawardena & Carnegie, 2003);
– Играат клучна улога како „агенти на промените во општеството" (Dees, 1998a, b; Schuyler, 1998; Thompson, Alvy & Lees, 2000; Skoll, 2008; Sharir & Lerner, 2006; Chell, 2007).

[4] Основач и извршен директор на Ашока (Ashoka).

Шумпетеровата дефиниција за претприемач дефинитивно е во основата на концепцијата на оваа школа: социјалните претприемачи се сметаат за поединци кои ги реформираат или револуционизираат традиционалните производствени шеми за создавање општествена вредност со преместување на ресурсите кон места кои нудат супериорен принос за општеството (Anderson & Dees, 2006).
– Без да бидат ограничени од ресурсите коишто се моментално достапни; инаку, тие ги собираат и ги користат за да „направат разлика" (Dees, 1998a, b; Peredo & McLean, 2006; Schuyler, 1998; Sharir & Lerner, 2006; Thompson, Alvy & Lees, 2000).

Табеларен преглед 2.2. *Дефинирање на социјалниот претприемач*

| **Автор** | **Година, страница** | **Дефиниција** |
|---|---|---|
| Bornstein (citing Drayton) | 1998, p. 37 | Социјалниот претприемач на Ашока е иницијатор со моќна нова идеја, кој комбинира визионерска и креативна работа во решавањето проблеми од реалниот свет, кој има силна етичка основа и кој е „тотално опседнат" со својата визија за промена. |
| Catford | 1998, p. 96 | Социјалните претприемачи комбинираат уличен активизам со професионални вештини, визионерски увиди со прагматизам и етички вредности со тактичка доверба. Тие гледаат можности таму каде што другите гледаат само празни згради, невработени луѓе и неценети ресурси. |
| Dees | 1998, pp. 3-4 | Социјалните претприемачи ја играат улогата на агенти за промени во социјалниот сектор, преку: усвојување мисија за создавање и одржување општествена вредност (не само приватна вредност); препознавање и неуморно барање нови можности за да се служи на таа мисија; вклучување во процес на континуирана иновација, адаптација и учење; дејствување храбро без да бидат ограничени од ресурсите што моментално се достапни; и покажување зголемена одговорност кон опслужените избирачи и за создадените резултати. |
| Schuyler | 1998, p. 1 | Поединци кои имаат визија за општествени промени и кои имаат финансиски ресурси да ги поддржат своите идеи […], ги покажуваат сите вештини на успешни бизнисмени, како и силна желба за општествени промени. |
| De Leeuw | 1999, p. 261 | Ретки поединци со способност да анализираат, да замислуваат, да комуницираат, да емпатизираат, да воодушевуваат, да се залагаат, да посредуваат, да овозможуваат и да овластуваат широк спектар на различни поединци и организации. |
| Thompson, Alvy, and Lees | 2000, p. 328 | Луѓе кои сфаќаат каде постои можност да задоволат некоја незадоволена потреба што |

| | | |
|---|---|---|
| | | државниот систем за социјална помош нема или не може да ја задоволи, и кои ги собираат потребните ресурси (генерално луѓе, честопати волонтери, пари и простории) и ги користат за да „направат разлика". |
| Guclu, Dees, & Battle Anderson | 2008, p. 14 | Социјалните претприемачи мора да бидат способни да артикулираат убедлива теорија за социјално влијание и веродостоен бизнис-модел. |
| Weerawardena & Sullivan Mort | 2006 | Социјалните претприемачи прво се водени од социјалната мисија за создавање подобра социјална вредност од нивните конкуренти, што резултира со тоа што тие покажуваат претприемачки доблесно однесување.<br>Второ, тие покажуваат избалансирана проценка, кохерентно единство на целта и дејствувањето во услови на сложеност.<br>Трето, социјалните претприемачи истражуваат и препознаваат можности за создавање подобра социјална вредност за своите клиенти. Конечно, социјалните претприемачи покажуваат иновативност, проактивност и склоност кон преземање ризици во нивното донесување клучни одлуки. |
| Roberts & Woods | 2005, p. 49 | Визионерски, страсно посветени поединци. |
| Sharir & Lerner | 2006, p. 7 | Социјалниот претприемач дејствува како агент на промени за создавање и одржување општествена вредност без да биде ограничен на ресурсите што моментално се достапни. |
| Nicholls | 2008, p. 20 | За социјалните претприемачи, секогаш постои „социоморална мотивација" или фокус на социјална мисија во нивната претприемачка активност и амбиција. |
| Boschee & McClurg | 2003, p. 3 | Социјален претприемач е секое лице, во кој било сектор, кое користи стратегии за заработен приход за да постигне социјална цел. |
| Tracey & Phillips | 2007, p. 264 | Поединци кои комбинираат социјални и комерцијални цели преку развивање економски одржливи решенија за социјалните проблеми. Ова бара од социјалните претприемачи да идентификуваат и искористат пазарни можности со цел да развијат производи и услуги што постигнуваат социјални цели или да генерираат вишоци што можат да се реинвестираат во социјален проект. |

Извор: Избрано според Bacq & Janssen (2011, pp. 397-398)

Табеларен преглед 2.3. *Дефинирање на социјалното претприемништво*

| **Автор** | **Година, страница** | **Дефиниција** |
|---|---|---|
| Dees | 1998, p. 1 | Ја комбинира страста на социјалната мисија со слика на деловна дисциплина, иновација и решителност. |
| Alvord, Brown & Letts | 2004, p. 262 | Социјалното претприемништво создава иновативни решенија за непосредни социјални проблеми и ги мобилизира идеите, капацитетите, ресурсите и социјалните аранжмани потребни за одржливи социјални трансформации. |
| Mair & Martı | 2004, p. 3 | Процес што се состои од иновативна употреба и комбинација на ресурси за истражување и искористување на можностите, чија цел е катализирање на општествените промени преку задоволување на основните човечки потреби на одржлив начин. |
| Roberts &Woods | 2005, p. 49 | Социјалното претприемништво ги опфаќа поимите „градење, евалуација и потрага по можности‟, како средства за „социјална трансформација‟ спроведена од визионерски, страсно посветени поединци. |
| Seelos & Mair | 2005, p. 243 | Социјалното претприемништво создава нови модели за обезбедување производи и услуги кои директно ги задоволуваат основните човечки потреби кои остануваат незадоволени од тековните економски или социјални институции. |
| Austin, Stevenson, & Wei-Skillern | 2006, p. 1 | Иновативна активност што создава општествена вредност што може да се случи во или низ непрофитните, деловните и/или јавните/владините сектори. |
| Mair & Martı | 2006, p. 37 | Прво, го гледаме социјалното претприемништво како процес на создавање вредност преку комбинирање ресурси на нови начини. Второ, овие комбинации на ресурси се наменети првенствено за истражување и искористување на можностите за создавање социјална вредност преку стимулирање на општествени промени или задоволување на општествените потреби. И трето, кога се гледа како процес, социјалното претприемништво вклучува понуда на услуги и производи, но може да се однесува и на создавање нови организации. |
| Mair & Noboa | 2006, p. 122 | Иновативна употреба на комбинации на ресурси за остварување можности насочени кон создавање организации и/или практики што даваат и одржуваат социјални придобивки. Намерно не ја ограничуваме дефиницијата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | иницијативи во непрофитниот сектор и подразбираме поим за помагачко однесување. |
| Nicholls | 2008, p. 23 | Социјалното претприемништво е збир на иновативни и ефикасни активности кои стратешки се фокусираат на решавање на неуспесите на социјалниот пазар и создавање нови можности за системско додавање социјална вредност користејќи низа ресурси и организациски формати за максимизирање на општественото влијание и донесување промени. Едноставно кажано, социјалното претприемништво е дефинирано од неговите два составни елемента: главен стратешки фокус на општественото влијание и иновативен пристап кон постигнување на неговата мисија. |

Извор: Извор: Избрано според Bacq & Janssen (2011, pp. 399 – 400)

Табеларен преглед 2.4. *Дефинирање организација за социјално претприемништво*

| **Автор** | **Година, страница** | **Дефиниција** |
|---|---|---|
| Smallbone et al. | 2001, p. 5 | Социјалните претпријатија нудат низа придонеси за локалниот економски развој, вклучувајќи обезбедување стоки и услуги што пазарот или јавниот сектор не се подготвени или не можат да ги обезбедат, развивање вештини, создавање работни места (фокусирајќи се особено на потребите на социјално исклучените лица), создавање и управување со работен простор, обезбедување нискобуџетни лични заеми и зголемување на граѓанското учество преку бројот на вклучени волонтери. Поширокиот општествен придонес може да вклучува и охрабрување еколошки практики и нудење работно и образовно искуство на младите луѓе. |
| Thompson | 2002, p. 413 | Претпријатија основани за социјална цел, но кои работат како бизниси и во доброволниот или непрофитниот сектор. Сепак, според него, главниот свет на социјалниот претприемач е доброволниот сектор. |
| Dart | 2004, p. 415 | Социјалните претпријатија воведуваат хибридни непрофитни и профитни активности. |
| Mair & Martı | 2004, p. 7 | Социјалното претприемништво може да се смета за многу различни организациски форми: профитна, непрофитна или хибридна. |
| Austin, Stevenson & Wei-Skillern | 2006, p. 2 | Примери за социјално претприемништво може да се најдат во или да ги опфаќаат непрофитните, деловните или владините сектори. |

| | | |
|---|---|---|
| Dees & Battle Anderson | 2006, p. 51 | Целосен спектар на бизнис-модели достапни за социјалните претприемачи, од чисто филантропски до чисто комерцијални, со многу варијации помеѓу нив. |
| Dorado | 2006, p. 327 | Непрофитните, профитните или меѓусекторските социјални претприемачки потфати се социјални бидејќи имаат цел да решат проблем што приватниот сектор не го решил соодветно; тие се претприемачки бидејќи нивните основачи имаат квалитети идентификувани со претприемачите. |
| Robinson | 2006, p. 95 | Процес што вклучува: идентификување специфичен општествен проблем и специфично решение (или збир на решенија) за негово решавање; евалуација на општественото влијание, деловниот модел и одржливоста на потфатот; и создавање општествено ориентиран профитен или бизнис-ориентиран непрофитен субјект што се стреми кон двоен (или троен) профит. |
| Thompson & Doherty | 2006, p. 362 | Социјалните претпријатија имаат социјална намена; средствата и богатството се користат за создавање корист за заедницата; тие го остваруваат ова преку трговија на пазар; профитот и вишоците не се распределуваат на акционерите; „членовите" или вработените имаат одредена улога во донесувањето одлуки и/или управувањето; претпријатието се смета за одговорно и пред своите членови и пред пошироката заедница; постои парадигма со двоен или троен резултат: најефикасните социјални претпријатија покажуваат здрави финансиски и социјални приноси. |
| Weerawardena & Sullivan Mort | 2006, p. 21 | Организациите за социјално претприемништво мора јасно да се справат со стратегиите за позиционирање на вредноста и да заземат проактивен став, како и да обезбедат супериорна услуга што го максимизира создавањето општествена вредност. |
| Mair & Schoen | 2007, pp. 55, 66 | Социјален потфат е иницијатива што се однесува на социјалните потреби и/или катализира социјална трансформација [. . .] самоодржлива организација што создава социјална и економска вредност [. . .], нејзината примарна цел е создавање социјална вредност, додека создавањето економска вредност претставува неопходен, но не и доволен услов. |
| Seelos & Mair | 2007, p. 60 | Организации коишто надминуваат значајни пречки со цел да им служат на сиромашните и да градат ресурси и капацитети за постигнување, првенствено, социјални цели. |

| | | |
|---|---|---|
| Boschee | 1995, p. 2 | Потфатите започнати од социјалните претприемачи обично спаѓаат во една од двете категории: од една страна, „афирмативен бизнис" се создава за да обезбедат реални работни места, конкурентни плати и можности за кариера и сопственост за луѓето кои се во неповолна положба, без разлика дали се работи за физички, ментално, економски или образовно (делот на вработените кои се во неповолна положба е обично 60 % или повисок); од друга страна, „бизнис со директна услуга" се деца, малтретирани жени итн. [. . .] скоро сите од нив произлегуваат на некаков начин од непрофитниот сектор. |
| Boschee & McClurg | 2003, p. 5 | Непрофитни организации коишто нагласуваат заработен приход, одржливост и самоодржливост, наместо добротворни прилози, владини субвенции и вечна зависност. |
| Alter | 2004, p. 5 | Социјално претпријатие е секој бизнис потфат создаден за социјална цел – ублажување/намалување на социјален проблем или пазарен неуспех – и за генерирање социјална вредност додека работи со финансиската дисциплина, иновацијата и решителноста на бизнис од приватниот сектор. |
| Haugh | 2005, p. 3 | [. . .] низа организации коишто тргуваат за социјална цел. Тие усвојуваат еден од различните правни формати, но имаат заедничко, принципите на барање решенија водени од бизнисот за постигнување социјални цели и реинвестирање на вишокот за добробит на заедницата. Нивните цели се фокусираат на општествено посакуваните, нефинансиски цели, а нивните резултати се нефинансиски мерки на имплицитната побарувачка и понуда на услуги. |
| Cooney | 2006, p. 143 | Организации позиционирани во две различни организациски полиња – секое од нив бара различни внатрешни организациски технологии – за да се разјаснат структурните тензии што можат да се појават во рамките на овие нови хибридни модели. |
| EMES network | 2006 | Организации со експлицитна цел да ѝ користат на заедницата, иницирани од група граѓани и во кои материјалниот интерес на капиталните инвеститори е предмет на ограничувања. |

Извор: Избрано според Bacq & Janssen (2011, pp. 401 – 403)

Според сопствено видување социјалните претпријатија можеме да ги опишеме како:

– комбинација на комерцијални дејности со вклучени иновации за социјални влијанија;

– социјални трансформации со вклучени економски економски активности за самоодржливост.




Слика 2.2. *Визуелен преглед – дефинирање на социјалното претприемништво*
Извор: Јованоска, 2017, p. 24

Сликата 2.2 визуелно ни го презентира социјалното претприемништво со вклучените компоненти во процесот, поаѓајќи од субјектите кои се јавуваат или можат да се јават во улога на социјален претприемач, потоа процесот пропратен со социјална иновација и ризик, профитот како средство за самоодржливост и социјалната вредност што е цел на социјалната мисија.

Од повеќето дефиниции на социјалното претприемништво можеме да креираме свое видување како сумирано гледиште, а тоа е следново: *Социјалното претприемништво е процес којшто вклучува претприемачки принципи со цел поставување и решавање на социјални/еколошки проблеми. Се карактеризираат финансиска самоодржливост, но профитот се користи за остварување социјална мисија и креирање социјални промени. Се засноваат на социјални иновации*.

## 2. 2. Корелациска анализа на социјалното претприемништво со поврзани концепти

Социјалното претприемништво можеме да го споредиме со неколку поврзани концепти со кои имаат заеднички фокус (социјален), но со различен пристап. Како форма на социјалната економија социјалното претприемништво корените ги влече уште од стариот и од средниот век. Пример, во текот на 16 век во Италија постоела банка – Monte di Pieta, со социјален фокус на ниската класа, односно остварување социјална цел преку давање заеми за припадниците на пониските слоеви со ниски или без каматни стапки, користејќи ги и заштедите од богатите слоеви. Во економијата, покрај социјалната економија, го среќаваме и

терминот социјална пазарна економија. Приоритет на социјалната економија се потребите на заедницата, а на социјалната пазарна економија создавање баланс помеѓу слободниот пазар и социјалната благосостојба. Повеќето теоретичари социјалните претпријатија ги вбројуваат како форма на социјалната економија, иако повеќе би кажале дека се јавува како потреба за корекција на деформитетите на пазарната економија, посебно за оние држави во кои нема воспоставено систем кој ќе ги интегрира социјалните размисли во пазарно ориентиран контекст, што, во суштина е карактеристика на социјалната пазарна економија.

*Паралела со традиционално претприемништво* – Социјалното претприемништво и традиционалното претприемништво имаат своевидни сличности, но и разлики. Сличностите кои им се преклопуваат се: иновациите (и двата пристапа вклучуваат во своето работење иновативни пристапи во креирање нови производи, услуги или деловни модели), користење на пазарните механизми (и социјалните претпријатија, како и традиционалните, користат пазарни алатки и техники во постигнувањето економска одржливост), како и одредени карактеристики на носителите на процесот, односно на претприемачот и на социјалниот претриемач (способноста за идентификација на можности, управување со ризици, мобилизирање ресурси и сл.).

Разликите на социјалното претприемништво, во однос на традиционалното, се огледаат во: двојната/тројната мисија (создавање социјална/еколошка вредност, а воедно и обезбедување финансиска одржливост), приоритет на социјалното влијание (традиционалните претпријатија ја имаат општествената одговорност, но приоритетот на социјалните претпријатија се социјалните цели, дури и за сметка на понизок профит, што не е случај кај традиционалните кај кои е присутен стремежот кон максимизација на профитот). Нобеловецот Јунус разликата помеѓу целите на традиционалното и социјалното претприемништво ја изразува вака: „*Не им прави лошо на луѓето и на планетата, сè додека тоа не подразбира жртвување на профитот*“, или: „*Прави им добро на луѓето и на планетата, сè додека тоа може да се прави без жртвување на профитот.*“ (Yunus, 2009, pp. 3-21). Пример, корпорација со општествена одговорност ќе постави филтри за прочистување на воздухот, а социјалното претпријатие ќе воведе одржливи производствени процеси.

*Паралела со непрофитниот сектор* – Голем број социјални претпријатија работат како непрофитни организации, но тие се разликуваат од другите по тоа што користат бизнис практики за да ја постигнат својата економска одржливост со чијашто помош ќе ги остварат социјалните цели. Традиционалните непрофитни организации во голема мера се потпираат на донации и грантови. За разлика од социјалниот активизам, социјалните претпријатија се способни сами да ги решаваат зацртаните социјални цели, со оглед на нивната економска самоодржливост (Defourny & Nyssens, 2008).

*Филантропија низ социјално претпремништво* – Во рамките на социјалното претприемништво филантропијата се користи низ пазарни принципи и се

разликува од само чиста филантропија којашто подразбира донирање средства со цел привремено подобрување на благосостојбата на луѓето.

*Социјален бизнис* – Социјалниот бизнис е форма на социјалното претприемништво. Неговата цел е да го реинвестира профитот назад во бизнисот или поврзаните социјални иницијативи, наместо да ја дистрибуира до сопствениците или акционерите. Основната цел е да се генерира општествено добро, а воедно да се одржи финансиската одржливост. Социјалното претприемништво е поширок поим, а социјалниот бизнис е негово подмножество (Yunus, 2009, pp. 21-40).

Една од посеопфатните дефиниции на социјалниот бизнис, и воедно и отсликување на вистинската форма низ којашто треба да се реализира социјалното претприемништво, ја дава нобеловецот Мухамед Јунус, кој и самиот го применува овој концепт. Според него социјалниот бизнис не е добротворна работа, туку е самоодржлив бизнис со социјална мисија. Принципите врз кои се заснова социјалниот бизнис според Јунус се:

- бизнис-цели за надминување на сиромаштијата, како и на многу други проблеми коишто му се закануваат на човештвото (образованието, здравството, технолошкиот пристап и животната средина), меѓутоа не за максимизација на профитот;
- финансиска и економска одржливост;
- инвеститорите ги враќаат само инвестираните пари и нема дивиденда;
- профитот на компанијата служи за проширување и развој;
- еколошка свест и родова еднаквост;
- работна сила добива на пазарот и обезбедува добри услови за работа;
- работа со голема страст и радост.

*Корелација со концептот праведна трговија* – Социјалното претприемништво и фер-трговијата, иако се поврзани концепти што наликуваат еден на друг, сепак помеѓу нив постојат разлики. Социјалното претприемништво обезбедува поширок пристап во решавање социјални, односно еколошки проблеми, применувајќи бизнис-практики во своето работење. Фер-трговијата (англ. fair-trade), пак, е специфичен модел на трговија со главен фокус на обезбедување фер цени и подобри услови за производителите во земјите во развој. [5]. Како принципи на фер-трговијата се издвојуваат: 1) создавање можности за економски маргинализирани производители; 2) транспаретност и отчетност; 3) практики на праведна трговија; 4) фер цени; 5) заштита на детскиот труд и на присилната работа; 6) посветеност кон недискриминација, родова еднаквост и економско зајакнување на жените и слобода на здружување; 7) обезбедување

[5] Светската организација за фер-трговија (World Fair Trade Organization – WFTO ) е глобална заедница за верификација на претпријатија што применуваат фер-трговија. Потоа се присутни и други организации кои го промовираат/поддржуваат концептот фер-трговија: FLO (Fairtrade International), IFAT (International Fair Trade Association), EFTA (European Fair Trade Association).

добри услови за работа; 8) градење капацитети; 9) промовирање на праведната трговија; 10) климатски акции и заштита на животната средина[6].

На крајот, може да се констатира дека социјалното претприемништво е специфична и посебна форма на претприемништвото, којашто прави спој на традиционалното претприемачко работење со значителен фокус на креирањето социјална, односно еколошка вредност. Како форма често има преклопување или позајмување со/од други корелативни концепти, а се издвојува по својот интегриран пристап на финансиска самоодржливост и социјално влијание.

*Социјалното претприемништво и одржливото претприемништво* – Одржливиот развој во извештајот на Организацијата на обединетите нации (ООН), т.н. „Нашата заедничка иднина", го дефинира како концепт кој „ги задоволува потребите на сегашноста без да се компромитира способноста на идните генерации да ги задоволуваат своите потреби" (Report of the WCED, 1987, pp. 16-17). Иако ваквото дефинирање навидум остава впечаток на непрецизност и поетичност, сепак тоа алудира на справување со негативните состојби за животната средина кои произлегуваат од традиционалниот концепт на пазарната економија.

Покрај одржливиот развој, во литературата и во практиката се среќава и терминот одржливо претприемништво.

Фокусот на одржливото претприемништво е ставен на зачувувањето на природата, животот и заедницата, преку потрага по можности за производи, процеси и услуги за добивка којашто ќе вклучува економски и неекономски придобивки за поединците, економијата и општеството (Shepherd & Patzelt, 2011, p. 142).

Целите на одржливото претприемништво се насочени кон создавање т.н. заедничка (споделена) вредност, и за општеството и за бизнисот (Дебралиев, p. 95). Концептот заедничка вредност се среќава и кај мултидимензионалните концепти на социјалното претприемништво, но и кај еколошкото претприемништво.

А, според Емерсон (Emerson) и Бонини (Bonini) е неможно да се издвојат само економски или само социјални цели, односно еколошки цели, затоа е неопходно да се зборува за концептот *мешана вредност* која обезбедува поголема ефективност (Bonini & Emerson, 2005, p.1).

Иако на прв план фокусот на *социјалното претрпиемништво* е социјалната инклузија во општествата, односно социјалните цели, на *еколошкото претприемништво* – грижа за животната средина, а на *одржливото претприемништво* – создавање бизнис, општествена и еколошка вредност, сепак е тешко да се направи јасна дистинкција на овие концепти, токму поради големиот број примери на организации, претпријатија и иницијативи кои во своето работење ги вклучуваат трите компоненти и се залагаат за заедничка вредност.

[6] https://wfto.com/our-fair-trade-system/our-10-principles-of-fair-trade/

Заедничката вредност на овој вид организации/претпријатија вклучува: економска, односно финансиска одржливост, грижа за животната средина и за заедницата преку решавање на социјалните проблеми.

Иако се разликуваат, социјалното и одржливото претприемништво делат некои клучни сличности. И двете даваат приоритет на создавањето вредност над чистиот профит, се фокусираат на долгорочна одржливост (иако со различен акцент) и често вклучуваат иновативни пристапи кон решавањето проблеми.

## 2.3. Хибридната природа на социјалните претпријатија

Во рамките на погорните подглавја посочивме дека социјалните претпријатија што во своето работење применуваат деловни стратегии за решавање социјални или еколошки проблеми, формите низ коишто ги реализираат своите активности се од различен вид. Во достапната литература во однос на типологијата на социјалните претпријатија, се среќават различни типологизации и сите се во директна зависност од локациските специфики во кои функционираат социјалните претпријатија, врз чија анализа се дошло до тоеретските дефинирања и класификации. Една од попознатите класификации е на EMES[7]. Па така, кај Дефорни се среќаваат следниве *EMES–критериуми за класификација на социјалните претпријатија: 1) Економски критериуми* (континуирана активност на препознавање стоки и/или услуги, високо ниво на автономија, присуство на економски ризик, минимален број платени работници)*; 2) Социјални критериуми* (јасна цел на заедницата, иницијативи од граѓаните, моќта на донесување не зависи од сопствениците на капиталот, партиципативна улога ограничена распределба на профитот (Defourny & Nyssens, 2012)*.*

Од приложената класифијација можеме да утврдиме дека станува збор за хибриден спој кај социјалните претпријатија од економска и од социјална компонента. Економските критериуми подразбираат економска самоодржливост преку производство на стоки и/или услуги, што придонесува до повисоко ниво на автономија, за разлика од традиционалниот непрофитен сектор кој е зависен од донации. Примената на бизнис-стратегиите само по себе подразбира преземање економски ризици. Во нотираната класификација е присутен и критериумот минимален број платени работници. Ова прашање повлекува поголема елаборација, а најверојатно произлегува од фактот што концептот во најголем дел се применува од страна на традиционалните непрофитни организации коишто во своето работење вклучуваат помал број работници, а значителен дел од работите ги извршуваат и преку волонтирање. Причините лежат во немањето доволен обем на економски активности.

Социјалните критериуми се јасни и тие произлегуваат токму од главната цел на овој вид претпријатија, тие имаат јасна цел кон заедницата, реагираат на иницијативи за реалните проблеми со кои се соочуваат граѓаните, во своето

[7] EMES е истражувачка мрежа на универзитетски истражувачки центри и индивидуални истражувачи за социјално претпријатие.

работење применуваат партиципативен менаџмент, што има допирна точка со социјалната цел, и, секако, ограничена распределба на профитот, односно тој се реинвестира во претпријатието со цел обезбедување одржливост за остварување социјалните цели.

Едни од најчестите типови или модели на социјални претпријатија се оние чиј фокус е на работната интеграција. Borzaga, Defourny (2001) издвојуваат четири модели на социјални претпријатија според критериумот работна интеграција: социјални претпријатија за реинтегрирање на работниците кои имаат проблем со наоѓање работа; социјални претпријатија коишто ги вработуваат оние категории невработени кои имаат потешкотии во пронаоѓањето работа на пазарот; социјални претпријатија коишто вработуваат лица со хендикеп; социјални претпријатија како центри за помагање при прилагодување за работа, за реасоцијализација на лицата со ментални и со физички потешкотии (пример: зависници од разни опојни средства).

Во овој контекст, во Предлог-законот за социјални претпријатија (2023) се дефинирани следниве видови посебни социјални претпријатија: социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјално претпријатие за работна интеграција. Овој вид социјални претпријатија се класифициирани врз основа на нивната мисија. Во оваа насока е позната класификацијата на Алтер, којашто ги класифицира социјалните претпријатија според:

- порзаноста со мисијата (централна мисија, поврзани со мисијата и неповрзани со мисијата) и
- поврзаноста меѓу социјалните програми и бизнис-активностите (вградени, интегрирани и екстерни социјални претпријатија) (Alter & Dawans, 2009).

Организациите што имаат и профитна и непрофитна природа на дејствување се вбројуваат во претпријатија со хибриден спектар, а се настанати како резултат на диверзификацијата на финансиските извори кај непрофитните организации (Alter & Dawans, 2009). А, тука би додале и како резултат на диверзификација на мисијата на профитните претпријатија, односно на инкорпорирањето на социјалната мисија во рамките на своето деловно стратегиско работење. Овие автори нотираат и ваков вид поделба со кој го нагласуваат хибридниот спектар кај социјалните претпријатија: традиционални непрофитни – мотивирани од мисијата, непрофитни со активности кои остваруваат профит – одговорност на стејкхолдерите, социјални претпријатија – добивката се реинвестира во социјални програми или оперативни активности, социјално одговорни бизниси – мотивот е насочен кон правење профит, корпорации коишто практикуваат социјална одговорност – одговорност на акционерите, традиционални профитни – профитот го дистрибуираат на акционерите. Тие систематизираат неколку модели на социјални претпријатија: а) *фундаментални методи* (претприемничка поддршка, посредништво на пазарот, вработување, членарини како надоместок за услугите, клиенти со ниски примања, кооперативи – задруги, поврзување на пазарот, субвенционирање на услугите, организациска поддршка); б) *комбинирани*

*модели*; в) *вградени модели* (франшиза-модел, приватно-непрофитно партнерство) (Alter & Dawans, 2009).

Доста значајно внимание има социјално-претприемачкиот матрикс на Масети, во однос на типологизацијата на социјалните претпријатија: традиционален непрофитен (непрофитни организации со социјална мисија); праг на општествени промени (профитни организации со социјална мисија); транзициски организации (непрофитни организации коишто се финансираат од донации, со социјална мисија); традиционален бизнис (профитабилни претпријатија со социјална одговорност) (Masseti, 2008, as cited in Masseti, 2011).

Нек и останатите приложуваат свој квадрант за видови социјални претпријатија: потфат со социјална цел (ориентираност кон профит, со ветување за решавање социјалните проблеми); потфат со традиционална цел (традиционална бизнис-ориентираност без присуство на јасно издиференцирана социјална мисија); потфат со социјални последици (претпријатија со бизнис-ориентираност, а социјалните чекори се последица на постигнатите резултати); непрофитно претпријатие (организации со социјални цели, каде што економската одржливост се постигнува преку донации); хибриден модел (комбинација од белези карактеристични за погоре наведените видови организации) (Neck, Brush & Allen, 2009, p. 15).

Анализирајќи ја состојбата во Северна Македонија при истражувањето спроведено за докторската дисертација, се дојде до заклучок дека во македонскиот социјално-претприемачки екосистем функционираат следниве видови социјални претпријатија:

- Трговски друштва кои вработуваат маргинализирани група граѓани – тука ги идентификувавме заштитните друштва што се основаат во согласност со Законот за трговски друштва, а вработуваат лица со инвалидитет во согласност со пропишани закони за овој вид работна интеграција (Закон за вработување инвалидни лица и сл.). Беа идентификувани и трговски друштва што не се со статус на заштитни друштва, но коишто тврдат дека се препознаваат како социјални претпријатија со социјална мисија: работна интеграција, изделување дел од добивката за социјално ранливи категории, заштита на животната средина и сл.
- Традиционални непрофитни организации коишто основаат социјални претпријатија. Мисијата нивна е од различен вид.
- Задруги – заштита на животната средина, поддршка на локални фармери и сл.

Повеќе податоци за социјаните претријатија во Северна Македонија изнесуваме во понатамошните поглавја, каде што ги приложуваме и резултатите од истражувањето.

## 2.4. Дефинирање на социјалните претпријатија од компаративна перспектива

Европа во последните години се соочува со големи предизвици предизвикани од последиците од Ковид 19, потоа и од војната во Украина. Се чини/наликува како никогаш порано да не постоела поголема потреба од трансформации во општествата и економиите во правец на поголема праведност и одржливост, што повлекува потреба од значителни инвестиции и социјални иновации.

Во Извештајот на Euclid Network[8] (2021-2022) е нотирано: „*Светските економски, социјални и еколошки предизвици се меѓусебно поврзани и мора да се решат холистички. Но, ниту една организација или сектор не ги има сите одговори или го насочува пазарот на иновации. Само заедно може нашите колективни искуства, експертиза и поврзаните екосистеми да ги забрзаат решенијата за сиромаштија, зголемени нееднаквости и климатски промени.*“ (ESEM[9], 2021-2022, p. 11).

Во продолжение се нотирани дефиниции на социјалното претприемништво/социјалните претпријатија во повеќе европски држави според Извештајот на Euclid Network (2021-2022), дополнувајќи ги податоците и за Северна Македонија, како земја-фокус на истражувањето во оваа докторска дисертација.

Табеларен преглед 2.5. *Дефинирање на социјалното претприемништво – европски контекст*

| Земја | Дефиниција | Извор |
|---|---|---|
| Северна Македонија | Оператор во социјалната економија чијашто главна цел е да има општествено влијание преку обезбедување широк спектар на социјални, економски, здравствени, образовни, културни, еколошки и други производи и услуги со општествена вредност коишто служат за решавање социоекономски и еколошки предизвици; и да ја промовира социјалната благосостојба преку обезбедување добра и услуги на пазарот на иновативен и претприемачки начин, користејќи го својот профит, пред сè, за постигнување социјални или еколошки цели; и со кое се управува на транспарентен и одговорен начин, со вклучување на работниците, потрошувачите и страните засегнати од неговите активности во одлучувањето. | Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027, p. 4) |

[8] Мрежа за поддршка на социјалните претпријатија и социјалните иновации во Европа. Претставуваат околу 100.000 организации, со присуство во 27 и активности во 62 земји.

[9] Е двегодишна студија базирана на анкети за социјалните претпријатија (СП) низ Европа. Ова трето издание, кое се одржува во периодот 2023 – 2024 година, се надоградува на изданијата од 2020/‘21 и 2021/‘22 година.

| | | |
|---|---|---|
| Австрија | Организации коишто користат претприемачки пристап и нудат производи и услуги на клиентите кои плаќаат, создаваат социјална и еколошка вредност во центарот на нивниот бизнис-модел, реинвестираат значителен дел од нивниот профит во активности кои генерираат влијание и работат на општествено одговорен начин. Други дефиниции коегзистираат во рамките на научната работа. | Social Entrepreneurship Network Austria's (2022) https://sena.or.at/socent/ (ESEM, 2021-2022, p. 22) |
| Бугарија | Според „Законот за претпријатија од социјална и солидарна економија" (2019) СП е правно лице од различни правни форми (здружение, фондација, соработка или друштво) и е опишано на следниов начин:<br>• Има профитна (комерцијална) дејност;<br>• Вработува лица од социјално ранливи групи и/или го реинвестира најголемиот дел од профитот за остварување на неговата социјална цел;<br>• Комбинира економски резултати со општествени цели;<br>• Право на учество на вработените во одлуките на раководството. | Law on Social and Solidarity Economy Enterprises (last revised 25 February, 2020). https://lex.bg/bg/laws/ldoc/2137187968 (ESEM, 2021-2022, p. 22) |
| Хрватска | СПР се бизниси засновани на принципите на социјална, еколошка и на економска одржливост, во кои генерираниот профит или вишок целосно или во голема мера се реинвестира за доброто на заедницата. | Strategy for Social Entrepreneurship Development (2015-2020). https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/9789264268500-7-en.pdf (ESEM, 2021-2022, p. 22) |
| Германија | СПР се приватна сопственост и преку нивниот бизнис и профит, имаат цел да промовираат специфични општествени цели. | Act on Registered Social Economic Enterprises. https://base.socioeco.org/docs/a20140071130.pdf (ESEM, 2021-2022, p. 22) |
| Естонија | СПР се општествени организации коишто го користат претприемништвото за да ја постигнат својата цел.<br>Едноставно кажано, SE ги продаваат своите производи или услуги за да го направат светот подобро место.<br>Општествената цел на СП се однесува на нивниот директен придонес за егзистенција и благосостојба на луѓето и за одржување на посакуваната состојба на природната и животната средина. | Social Enterprise Estonia. https://sev.ee/en/useful-materials/social-entrepreneurship (ESEM, 2021-2022, p. 22) |
| Франција | СПР се правни лица регулирани со приватно право коишто ги исполнуваат следниве кумулативни услови:<br>• цел којашто не е делење на профитот;<br>•демократско владеење, статутарно дефинирано и | Article 1 of Law No. 2014-856 on the social and solidarity economy (from 31 July 2014). https://www.legifrance.gouv.fr/loda/article_lc/LEGIARTI000029314926 |

| | | |
|---|---|---|
| | организирано, обезбедувајќи информации и учество.<br>• Управување во согласност со следниве принципи:<br>–Најголем дел од добивката се користи за одржување или за развој на активноста на компанијата.<br>–Утврдените задолжителни резерви, коишто не можат да се делат, не можат да се дистрибуираат.<br>Овие правни лица можат да бидат:<br>• задруги, заеднички друштва или здруженија, компании за заемно осигурување, фондации или здруженија;<br>• комерцијални друштва кои, според нивните статути, ги исполнуваат следниве услови:<br>– се во согласност со условите наведени погоре,<br>– извршуваат социјална цел,<br>–применуваат специфични принципи на управување, како што е дефинирано во членот 1 –<br>Закон бр. 2014-856 од 31 јули 2014 година за социјална и за солидарна економија. | (ESEM, 2021-2022, p. 23) |
| Германија | Примарната цел на социјалното претприемништво е да ги реши општествените предизвици. Ова се постигнува преку континуирано користење на претприемачките ресурси и резултира со нови и иновативни решенија. Управувачките и контролните механизми обезбедуваат општествените цели да се остварат внатрешно и надворешно. | Social Entrepreneurship Network Deutschland's (2019).<br>https://www.send-ev.de/social-entrepreneurship<br>(ESEM, 2021-2022, p. 23) |
| Унгарија | Не постои официјална национална дефиниција за СП.<br>Коалицијата СП е вклучена во сертификација на пилот-проект за воведување на критериумите на Светскиот форум на социјални претпријатија во Унгарија. | https://sewfonline.com/about/about-social-enterprise/sewf-verification<br>(ESEM, 2021-2022, p. 23) |
| Ирска | СПР е претпријатие:<br>• чијашто цел е да постигне социјално, општествено или еколошко влијание, наместо максимизирање на профитот за неговите сопственици или акционери;<br>• коешто ги следи своите цели преку тргување на тековна основа преку обезбедување стоки и/или услуги;<br>• што ги реинвестира вишоците во постигнување општествените цели;<br>• коешто е управувано на целосно одговорен и транспарентен начин и е независно од јавниот сектор;<br>• коешто, ако се распушти, треба да ги пренесе своите средства на друга организација со слична мисија. | National Social Enterprise Policy for Ireland 2019-2022.<br>https://ildn.ie/themes/enterprise-and-social-enterprise-development<br>(ESEM, 2021-2022, p. 23) |
| Италија | Во согласност со членот 1 од Законодавната уредба 112/'17, сите приватни субјекти, вклучително и оние наведени во Книгата V од Граѓанскиот законик | Legislative Decree 112/17. (ESEM, 2021-2022, p. 23) |

| | | |
|---|---|---|
| | коишто вршат, на стабилна и главна основа, деловна активност од општ интерес, со непрофитни и граѓански, солидарни и општествено-корисни цели, усвојување одговорни и транспарентни методи на управување и фаворизирање на нивните најшироки методи на управување и фаворизирање на нивните работници. | |
| Латвија | Според законот за СП, СПР е друштво со ограничена одговорност на коешто му е доделен статус на социјално претпријатие коешто врши економска активност што создава благотворно и значајно социјално влијание преку вработување целни групи или подобрување на квалитетот на животот на групи од општеството чиишто животи се засегнати од значителни социјални прашања (на пример, обезбедување социјални, здравствени или образовни услуги, како и производство на специјализирани добра), или со вршење други општествено значајни активности коишто создаваат трајно позитивно општествено влијание (на пример, градење инклузивно граѓанско општество, поддршка на науката, заштита и зачувување на животната средина, заштита на животните или обезбедување културна разновидност). | Social enterprise law (2018). https://likumi.lv/ta/en/en/id/294484-social-enterprise-law (ESEM, 2021-2022, p. 24) |
| Полска | Статусот на СПР може да се додели на единиците за социјална економија, како што се: социјални задруги, работнички задруги, НВО, клубови за социјална интеграција, центри за социјална интеграција, работилници за стручни активности или работилници за работна терапија. Овие единици треба да спроведуваат една од следниве форми на економски активности: деловна активност, активност поврзана со платена мисија или друг вид платена активност. Главната цел на СПР е социјална и економска интеграција на луѓето во опасност од социјална исклученост или обезбедување социјални услуги (вклучувајќи, на пример, семејна поддршка, социјална грижа, грижа за деца, здравствена заштита, поддршка за лицата со попреченост, образование, културен развој, заштита на животната средина, спречување невработеност, социјална и економска реинтеграција и друго). | Act on Social Economy (2022) https://isap.sejm.gov.pl/isap.nsf/download.xsp/WDU20220001812/T/D20221812L.pdf (ESEM, 2021-2022, p. 24) |
| Португалија | Социјалното претприемништво е имплементација и развој на иновативни идеи за решавање на проблемите во заедницата, со социјална и, често, економска цел.<br>Португалската СП-дефиниција го става фокусот на процесот, овозможувајќи поширока перспектива на феноменот за тоа како оживуваат потфатите за социјално претприемништво. Сепак, тој сè уште е усогласен со оперативната дефиниција за | https://inovacaosocial.portugal2020.pt/en/about-us/portugal-inovacao-social (ESEM, 2021-2022, p. 24) |

| | | |
|---|---|---|
| | „социјално претпријатие" што ја користи Европската Комисија. Тоа е и затоа што во Португалија нема досегашната дефиниција на СП и, исто така, недостига специфична правна рамка. | |
| Србија | Социјалното претприемништво е извршување активности од општ интерес, со цел создавање нови и иновативни можности за решавање социјални проблеми, проблеми на поединци или општествено чувствителни групи и спречување појава и отстранување на последиците од социјалната исклученост, зајакнување на социјалната кохезија и решавање други проблеми во локалните заедници и општеството во целина. | Law on Social Entrepreneurship (2022). http://www.parlament.gov.rs/upload/archive/files/cir/pdf/predlozi_zakona/2021/2505-21.pdf (ESEM, 2021-2022, p. 24) |
| Словенија | Членот 2 од Законот за социјално претприемништво го дефинира СПР како „непрофитно правно лице, коешто стекнува статус на СПР и може да биде здружение, институт, фондација, компанија, задруга, европска задруга или друго правно лице од приватно право, што не е основано со единствена цел да генерира добивка и не ги распределува средствата или остварената добивка или вишокот приход над расходите." | Social Enterprises and Their Ecosystems in Europe (2019). https://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=21575&langId=en (ESEM, 2021-2022, p. 24) |
| Шпанија | Организации коишто се обидуваат да решат социјален проблем преку методите и алатките на комерцијалните компании, вклучувајќи ги и двете организации од социјалната економија:<br>- фондации, инсерт-компании, специјални центри за вработување и задруги и<br>- оние коишто работат во правната и даночната рамка на комерцијалните компании, но чијашто главна мисија е да постигнат позитивно општествено влијание. | https://spainnab.org/images/pdfs_conocimiento/Hacia_una_economia_de_impacto_SpainNAB.pdf (ESEM, 2021-2022, p. 24) |
| Шветска | Нема официјална дефиниција, но следниве критериуми се споменати во владината стратегија за СП:<br>Социјалното претприемништво опфаќа хетерогена група на актери и активности коишто често функционираат на границата помеѓу јавниот сектор, приватниот сектор и граѓанското општество. По дефиниција, тешко е да се разликува социјалното претприемништво од другите видови претприемништво. Општо земено, СП прикажува голем број карактеристики, што може да помогне да се дефинира оваа група:<br>• Тие се компании, без оглед на правната форма, каде што деловното работење е средство за постигнување на една или на повеќе специфични цели од јавен интерес, како што се намалување на исклученоста, подобрување на климата и животната средина или придонесување за побезбедна животна средина.<br>• Успешноста на компанијата се мери во однос на | Swedish Government's (2018) https://www.regeringen.se/regeringsuppdrag/2018/02/uppdrag-att-stodjautveckling-av-sociala-foretag/ (ESEM, 2021-2022, p. 25) |

| | | |
|---|---|---|
| | целите од јавен интерес, наведени како нејзина цел за постигнување.<br>• Финансискиот суфицит на компанијата првенствено се инвестира во нејзиното работење. Алтернативно, тој се инвестира во нов проект од јавен интерес, наместо првенствено да се зема како добивка во форма на заработка за сопствениците. | |
| Швајцарија | Не постои „официјална" дефиниција, иако постојат пет принципи што ги користи социјалното претпријатие:<br>• Целта на бизнисот е позитивно социјално, еколошко или културно влијание.<br>• Најмалку 50 % од приходите произлегуваат од продажба на услуги или производи.<br>• Овластувањето и одговорноста за донесување одлуки лежи во компанијата.<br>• Вишокот приход во голема мера се реинвестира за социјалното влијание.<br>• На засегнатите страни им се даваат можности да учествуваат. | SENS' definition of SE: https://sens-suisse.ch/was-ist-soziales-unternehmertum/#prinzipien (ESEM, 2021-2022, p. 25) |
| Холандија | Не постои „официјална" дефиниција, иако постои дефиниција што ја користи Social Enterprise NL врз основа на дефиницијата што ја користат и Европската комисија и Социјално-економскиот совет (СЕР). Оваа европска дефиниција за „социјално обновување" ги вклучува следните критериуми:<br>• прво влијание;<br>• има влијание со снабдување услуги и/или стоки како независна компанија;<br>• има модел на приходи;<br>• го гледа профитот како средство, а не како цел;<br>• е транспарентно и праведно;<br>• е социјално во начинот на кој компанијата е структурирана и водена;<br>• го заснова своето управување и политики на подеднакво влијание на засегнатите страни. | SE NL's definition of SE: https://www.social-enterprise.nl/over-sociaal-ondernemen/wat-zijn-het (ESEM, 2021-2022, p. 25) |
| Турција | Турција нема официјална дефиниција за СП. Во последното истражување спроведено од страна на Мрежата за социјално претприемништво на Турција (TSEN) и користејќи ги податоците на ESEM, СПР се дефинирани како организации што:<br>• даваат приоритет на социјалното/еколошкото влијание;<br>• имаат најмалку 50 % од нивниот приход преку тргување;<br>• применуваат реинвестирање на најголемиот дел од нивниот вишок во нивната мисија;<br>• воспоставуваат практики за добро владеење или адаптирање на партиципативни пристапи кон управувањето. | British Council's 2019 report 'The State of Social Enterprise in Turkey': https://www.britishcouncil.org.tr/sites/default/files/20190702_se_research_report_ the_state_of_social_enterprise_in_turkey_eng_single_page.pdf TSEN's 2020 'Social Entrepreneurship Ecosystem in Turkey: Baseline Report': https://drive.google.com/file/d/1DiN9i8XVl8m1VMhkRyWSuRawCXxpSGnt/view (ESEM, 2021-2022, p. 25) |

| | | |
|---|---|---|
| Обединето Кралство | Бизнис со првенствено социјални цели чиишто вишоци главно се реинвестираат за таа цел во бизнисот или во заедницата, наместо да се водат од потребата да се максимизира профитот за акционерите и за сопствениците. | Закон за компании донесен во 2005 г. (ESEM, 2021-2022, p. 25) |

Во однос на бројот на социјални претпријатија во Европа, поради недоволниот капацитет во развивање посебни институции што го евидентираат работењето на овој посебен сегмент, сѐ уште не е познат. Постојат податоци, според одредени проценки на Европската комисија во 2017 година, дека во Европа имало 2,8 милиони социјални претпријатија или 10 % од вкупниот бизнис (ESEM, 2021-2022, p. 25)

2.5. Мисија на социјалните претпријатија

Мисијата на социјалните претпријатија е насочена кон создавање позитивно социјално или еколошко влијание, а воедно да генерираат и приходи. Тие даваат приоритет на решавањето специфични социјални или еколошки прашања, како што се сиромаштијата, нееднаквоста или еколошки прашања и користат деловни стратегии за да ги постигнат своите цели. За разлика од традиционалните бизниси коишто првенствено се фокусираат на профит, социјалните претпријатија ги реинвестираат своите профити назад во остварување на нивната социјална мисија.

Создавањето економска вредност како модел се позајмува од традиционалниот бизнис, меѓутоа работите се усложнуваат кога ќе се премине во фазата на создавање на социјалната вредност (Austin at al., 2006, pp. 251-274). Социјалната вредност се огледа во отстранувањето на бариерите коишто оневозможуваат социјална инклузија, и за разлика од создавањето економска вредност каде што корисниците сами учествуваат со сопствени ресурси во трговската размена, кај социјалните претпријатија на корисниците им се овозможува да примаат вредност за којашто од различни причини до тогаш биле спречени (Austin at al., 2006, pp. 251-274). При сочинувањето на стратегијата на социјалното претпријатие се утврдува мисијата, потоа кои се корисниците/потрошувачите, како и која е социјалната вредност што ќе се создаде за нив. Социјалната и економската димензија треба да бидат интегрирани во една целина којашто ќе доведе до остварување двојни, односно тројни вредности (Austin at al., 2006, pp. 251-274).
Социјалното влијание во Предлог-законот за социјални претпријатија (2023) во Северна Македонија е дефинирано на следниов начин: *„Исполнување интерес на заедницата и обезбедување социјално корисни услуги на лицата од социјално ранливи групи, намалување на сиромаштијата или делување на еден или на повеќе општествени проблеми (образование, здравство, култура, уметност, заштита на животната средина и заштита на здравјето на населението, социјална заштита и сл.), поттикнување на одржлив локален развој, праведна транзиција, истражувања, развој, научни и технички услуги и информациски услуги.*".




Графички преглед 2.1. Социјална мисија на социјални претпријатија во СМ
Извор: Сопствено истражување спроведено во 2025 г.

Од графичкиот преглед 2.1 може да се утврди дека според податоците за резултатите од спроведеното истражување, најголем дел (62.5 %) одговориле дека се насочени кон мисија за работна интеграција на маргинализирани групи; потоа дел од нив (31.3 %) одговориле дека нивната мисија е заштита на животната средина; подеднакво се фокусирани (25 %) на создавање продуктивни работни места и на пристап до квалитетно образование за деца од социјално ранливи категории; 18,8 % одговориле дека нивната дејност е грижа за стари лица од социјално ранливи категории; 12.5 % припаѓаат на категоријата пристап до квалитетни здравствени услуги за социјално ранливи категории, и исто толку категорија што не е предвидена со истражувањето. Само 6.3 % или еден субјект ја избрале категоријата мали земјоделци од рурални средини. Подетални податоци ќе бидат приложени во делот за прикажување на резултатите.

## 2.6. Мерење на интегрираните вредности кај социјалните претпријатија

Во рамките на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), е содржан податок дека во периодот на 2009 година, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија учествувал во пилот-студијата на Европската комисија за воспоставување сателитски сметки за задруги, како и за други припадници на социјалната економија. Станува збор за комбинација на официјалните статистички податоци на системот на национални сметки со податоци од регистри, истражувања на пазарот на трудот и макро-истражувања (како на пример за волонтирање) и со други валидни и информативни групи на податоци. Комбинацијата од овие два начина за собирање податоци (истражувања и официјални статистички податоци), стои дека, може да генерира солидни докази

за обемот и опсегот на постоечките и потенцијалните социјални претпријатија, што ќе им овозможи на креаторите на политиките и на засегнатите страни да донесат информирани одлуки за потребната поддршка за искористување на потенцијалот и поттикнување на развојот на социјалните претпријатија. (НСРСПРСМ, p. 11). Во Северна Македонија не постои посебна методогија врз основа на којашто може да се измери влијанието што го постигнуваат социјалните претпријатија. Во рамките на меѓународната економија се среќаваат низа од методи за мерење на социјалното влијание, какво што е примерот со SROI (Social Return on Investment) или во превод СПИ (Социјалниот повраток на инвестицијата), што во суштина претставува рамка за квантифицирање на вредностите на социјалните, еколошките и економските резултати генерирани од активностите на организацијата. Државниот завод за статистика на Северна Македонија има реализирано Проект за сателитски сметки за задругите и единиците од заемен интерес. Проектот е имплементиран од март до декември 2010 година. Преку лицата за односи со јавност и во согласност со Законот за пристап до информации од јавен карактер, беше спроведено интервју за нотираниот проект, исто така, беше консултиран и Извештајот подготвен од реализираниот проект. Целите на проектот се изготвување сателитски сметки за задругите и за единиците од заемен интерес што би помогнале за нивната институционална видливост, имајќи го предвид фактот што во досегашната база на податоци на Државниот завод за статистика не се собираат и не се обработуваат податоци за овој вид организации.

Постигнати резултати од Проектот: собирање податоци; составена производна сметка, сметка за создавање доход, сметка за распределување на примарниот доход, сметка за секундарна дистрибуција на доходот, сметка за употреба на доходот и капитална сметка; составена листа на задруги; спроведено пилот-истражување за задругите и единиците од заемен интерес и е извршена анализа на добиените одговори. Ваквиот проект е солиден чекор во мерењето на социјалното влијание, меѓутоа е потребно обезбедување дополнителни податоци за сите субјекти коишто вршат дејност од овој вид, секако, со вклученост и на другите ресорни институции. Мерењето на социјалното влијание не е едноставен процес од причина што станува збор за апстрактни поими, како на пример: „намалување на човечкото страдање" или „заштита на биолошката разновидност" (Austin at al., 2006, pp. 227-250). Мерењето на перформансите во социјалните иницијативи ги вклучува следниве компоненти: влезови, активности и процеси, излези и резултати. Во таа насока, групата автори истакнуваат дека интегрираниот систем за мерење на перформансите јавува потреба од идентификација и мерење на информациите што се неопходни за сите нотирани компоненти, со фокус на оперативните индикатори, како и на резултатите што ќе изградат основа за добивање генерална слика за работењето на социјалното претпријатие, како и за степенот на остварувањето на мисијата (Austin at al., 2006, pp. 227-250). Процесот на мерење на перформансите е во зависност од правилно дефинирање на инпутите, активностите, аутпутите, резултатите и влијанието што го остваруваат социјалните претпријатија. Влезовите или инпутите се сите влезни

средства и сите ресурси коишто социјалниот претприемач ги инвестира во остварувањето на активностите на социјалните претпријатија (парични средства, знаење, време, опрема, човечки и други видови ресурси). Активностите (activities) претставуваат конкретни активности што се преземаат за остварување на целите на социјалното претпријатие. Излезите или аутпутите се мерливи или опипливи производи или услуги (број на продадени производи, одржани обуки и сл.). Резултатите водат кон постигнување промени (краткорочни или дологорочни) коишто произлегуваат од активностите на социјалното претпријатие. Разликата помеѓу аутпутите (излезите или директни резултати) и резултатите (индиректни резултати) е во тоа што првите се мерливи и полесни за контролирање, а вторите потешко. Влијанието се резултатите (или дел од резултатите) што произлегуваат од активностите на социјалното претпријатие, до степен до кое тоа е одговорно (Clark et al. 2004, p. 13-14). Во тој контекст, процесот на постигнување влијание визуелно е презентиран на графичкиот преглед со бр. 2.2, каде што јасно се забележува дека со помош на потребните влезови (инпути) се остваруваат излези (аутпути) кои доведуваат до дефинираните резултати со целите на социјалното претпријатие.




Графички преглед бр. 2.2. *Процес на постигнување влијание*
Извор: Adapted from Clark et al., 2004, p. 7

Мерењето на социјалното влијание е процес што ги опфаќа следниве фази:

- идентификување на целите – најдобар начин за препознавање на компонентите на теоријата за промени;
- идентификување на стејкхолдерите – тие се основни елементи кои се разгледуваат во мерењето, било тоа да станува збор за придонесувачи или корисници;
- воспоставување индикатори за мерење – треба да бидат индикатор за постигнувањето на целите;
- мерење, валидација и оценување – дали се постигнати резултатите и дали тие имаат влијание на засегнатите страни и дали е добиена саканата промена;
- известување, учење и подобрување – увид во постигнатото, подобрување и усовршување на процесите (EVPA, 2013, p. 35-36).

Развиени се повеќе модели и техники за мерење на резултатите кај социјалните претпријатија, дел од нив се користат од страна на профитните претпријатија коишто применуваат концепти на социјално претприемништво, а дел од непрофитните организации коишто во своето работење применуваат економски активности. Меѓутоа, сè уште не постојат унифицирани модели како што е тоа случај со традиционалниот профитабилен бизнис.  Мерењето на резултатите се врши со разновидни методолошки техники, меѓу кои се и:  методот за истражување – го оценува задоволството на стејкхолдерите; компаративниот метод „бенчмаркинг" (benchmarking) – преку воспоставување периодична споредба со компании што применуваат слична дејност; и проценка според прифатеноста од надворешните стејкхолдери (Austin at al., 2006).  Голем број техники, алатки и методолошки пристапи се присутни на TRASI (Tools and Resources for Assessing Social Impact)[10]. Примери за техники: Benefit-Cost Analysis (ги изразува трошоците и социјалните влијанија на инвестицијата во монетарна смисла, во мерењето се применуваат нето-сегашна вредност (НСВ), соодност на придобивките – трошоците и интерна стапка на повратот – може да се користи за проценка на новите инвестиции, Benefit-Cost Ratio (го пресметува односот на придобивките и трошоците за програмите од Robin Hood Foundation, која има цел да ја намали сиромаштијата во градот Њу Јорк), Building Future Leaders Diagnostic Survey, Cost Effectiveness Analysis и многу други. Примери за методи: Building a Performance Measurement System (сеопфатна, флексибилна, приспособлива рамка за мерење на перформансите), Logic Model Builder (водич за артикулација и поврзување на организациските или програмските цели, ресурси, активности и резултати).[11]

Како што нотиравме погоре, еден од првите методи за проценка на социјалните влијанија е креиран во деведесеттите години од минатиот век, во вид на социјален поврат на инвестицијата (social return on investment). Целта на концептот била да се доделат монетарни вредности на социјалните и на еколошките резултати.

Некои автори немањето универзален систем за мерење на интегрираните вредности го сметаат како предност, со образложение дека нехомогеноста ќе овозможи слобода во креирање специфични модели коишто ќе произлезат и ќе бидат детерминирани според специфичностите и видот на дејноста.

Џон Елкингтон (John Elkington), пак, со објавувањето на книгата Cannibals with forks. The triple bottom line of 21st century business,[12]во 1997 г.,  каде што, меѓу другото, зборува за одржлив капитализам и за одржливото сметководство, го промовира концептот на тројната долна линија (triple bottom line), како нов јазик за изразување на веќе постоечката агенда за заштита на животната средина

[10] Интернет-база на која може да се најдат над 150 техники за мерење на влијанието на социјалните програми. Проектот  TRASI е креиран во 2010 година од Foundation Center, во соработка со McKinsey & Co. и експерти од областа.

[11]Други примери за техники и методи, како и за најдобрите практики  се достапни на веб-страницата: http://trasi.foundationcenter.org/browse.php.

[12]http://appli6.hec.fr/amo/Public/Files/Docs/148_en.pdf.

(Elkington, 2004, p. 1), како и на исполнувањето на социјалните перформанси. Станува збор за сметководствена алатка што овозможува одржливо известување за постигнатите резултати и за социјалното влијание. Тројната долна линија (triple bottom line – TBL) е сметководствена рамка во која се содржани димензиите на трите перформанси: социјални, еколошки и финансиски, или: луѓе, планета и профит. Овие мерки го отсликуваат одржливото влијание на социјалните претпријатија, меѓутоа посебен предизвик претставува како сите три компоненти би ги измериле со една единица мерка, имајќи предвид дека со паричните единици, како што е тоа случај со традиционалното сметководство, не можеме да ги мериме вредностите (или дел од нив) кои произлегуваат од социјалното и од еколошкото влијание. Во тој правец во науката се предлагаат универзални мерила со индексни показатели кои ќе го отсликуваат тројството ТДЛ (TBL). Како пристап ТДЛ е присутен и во рамките на традиционалниот бизнис во делот на нивната општествена одговорност.

Истражувањето спроведено за овој дел од трудот покажа дека во Северна Македонија не постојат компании или организации кои го применуваат концептот ТДЛ. Концептот го користат и некои држави, како што е Мериленд, сојузна држава во Соединетите Американски Држави, која користи комбинација од GPI[13] и TBL, а резултатите ги употребува за носење одлуки од значајност на државата.[14]

Во контекст на мерењето на резултатите и влијанието на социјалните претпријатија, може да се спомене и концептот на мешана вредност на Емерсон, кој, за разлика од ТДЛ, треба да придонесе за поцелосна опфатеност на вредностите и тој смета дека овој концепт води кон поголема ефикасност (Bonini & Emerson, 2005, p.1). Разликата на овие два концепта е што вториот се заснова на сеопфатност и интегрираност на вредностите, и тој според Емерсон и Бонини опфаќа пет димензии: корпоративна социјална вредност, социјално претпријатие, социјална инвестиција, стратегиска/ефективна филантропија и одржлив развој (Bonini & Emerson, 2005, p. 7). сепак, е неопходно утврдување на индикаторите што би придонеле за правилно мерење на мешаната вредност.

Вредно е да се потенцира дека социјалното сметководство, социјалниот поврат на инвестицијата и извештаите за одржливост, во суштина се засноваат на принципите коишто произлегуваат од вредностите што се значајни за стејкхолдерите.

Историски погледнато, во мерењето на влијанието кај социјалните претпријатија, зборуваме за два тренда, и тоа: а) социјално сметководство и б) проценка на влијанието. Мерењето на социјалното влијание се среќава и како „корпоративно социјално влијание‟ или „сметководство за општествена одговорност‟. Социјалното сметководство се заснова на три главни пристапа

[13]Genuine Progress Indicator – оригинален индикатор за прогрес, кој содржи 25 варијабли коишто вклучуваат економски, социјални и еколошки фактори. Овие варијабли се конвертираат во една парична единица.
[14]http://www.maryland.gov/Pages/default.aspx.

(Manetti, 2014; Nicholls, 2008; Mook et al., 2003; Palmer & Vinten, 1998; SIAA, 2014 in OECD, 2015, p. 5):

- позитивистички: сметководството гради слика за реалниот свет преку објективно мерење на вредноста (Whittington, 1986; Watts & Zimmerman, 1979);
- критички: сметководството се заснова врз принципите на демократија и одговорност и ја игра улогата помеѓу (во) организациите и општеството (Lehman, 1992);
- интерпретативен: сметководството служи како симболичен посредник помеѓу компаниите и нивните засегнати страни со цел стимулирање промени (Ryan et al., 1992; Gray, 2002).

Социјалното сметководство содржи, покрај финансиски информации, и квантифицирани нефинансиски информации. За разлика од традиционалното сметководство, кај социјалното се присутни и т.н. социјални трошоци, коишто, во суштина, ја модофицираат структурата на билансот на успехот. Во традиционалната економија е дефиниран т.н. општествен трошок (social cost), еден вид на пандан на социјалните трошоци, кој го претставува износот за екстерналиите што ги изразуваат ефектите (позитивни или негативни) од производството или потрошувачката на економските субјекти (Фити, 2016, pp. 234-235). Со оглед на фактот што се развиени поголем број пристапи за мерење на социјалната вредност, а не постои универзален систем, може да се прави анализа за силните и за слабите страни на избран примерок од постоечките техники. Меѓутоа, во овој дел од докторската дисертација правиме воопштена анализа за влијанието на системот за мерење врз ефективноста и ефикасноста на социјалните претпријатија коишто не функционираат во изолиран вакуум надвор од пазарната економија. Е направена категоризација на методите за мерење по функција на следниов начин:

- процесни методи – за следење на излезните индикатори;
- методи на влијание – прават паралела помеѓу аутпутите и резултатите и обид за приказ на поединечните резултати;
- монетаризирачки методи – доделување парични вредности на резултатите (Clark et al., 2004, p. 8).

Пристапите за мерење на мешаната вредност имаат тенденција да се сконцентрираат на инволвирање на заинтересираните страни (стејкхолдери) со цел зајакнување на легитимноста и кредибилитетот на организацијата (интерпретативна теорија) и на стратегиските и организациските контролни механизми со кои може да се подобрат ефективноста и ефикасноста (критичка теорија) (Maneti, 2014). Мерењето на перформансите овозможува да се следат оперативните активности и резултатите што се постигнуваат (Mair & Sharma, 2012). Мерењето на резултатите треба да придонесе до рационално управување со перформансите и поголема ефективност и ефикасност на целокупноте процеси на социјалното претпријатие. Мерењето на влијанието е посебно значајно за воспоставување прагматичен легитимитет (Nicholls & Cho, 2006, p. 113). Тоа овозможува зајакнување на односите со заинтересираните страни.

Проценката на вредноста кај социјалните влијанија е значајна за:

- поставување реални цели;
- баланс (еквилибриум) меѓу економската и социјалната компонента на претпријатието;
- постигнување маркетинг-цели;
- привлекување инвеститори;
- пристап до пазарите на капиталот и поголема конкурентност;
- најдобра искористеност на расположливите ресурси;
- подобро планирање;
- увид во инвестициите што не водат до резултати;
- следење и подобрување на перформансите;
- приоретизирање на значајните одлуки;
- зголемување на одговорноста на социјалните претпријатија и намалување на манипулативните нереални прикази на социјални влијанија;
- одговорност кај заинтересирсните страни;
- поддршка на процесот на донесување одлуки;
- стратегијата на претпријатието преку утврдување на степенот на исполнетоста на социјалните цели.

Како фактори коишто влијаат на потребата од мерење на социјалното влијание се издвојуваат: општествена потреба, ефективно и ефикасно користење на финансиските ресурси, законска обврска, развивање на културата за мерење и за поголема транспарентност и сл. (Clifford, Markey & Malpani, 2013, pp. 11-13).

Ефективното мерење на интегрираните вредности треба да придонесе кон: поддржувачко однесување од заинтересираните страни; избегнување разни стимулации и кратења само за обезбедување индикатори за исполнување на целите; избегнување манипулации; избегнување преголем фокус на директните резултати кои се средство за целите; флексибилност, односно избегнување неприлагодување на промените; премногу квантификација на сметка на толкување; одржување пропорционалност; да не се пристапува кон ограничени ресурси и кон побавно донесување на одлуките. Што се однесува, пак, за потребата од системот за мерење на социјалното влијание од аспект на заинтересираните страни (stakeholders), таа е придвижена од нивниот интерес, а најчесто тоа е: ефективност и фокус на внатрешните услуги, фокус на поддршка од инвеститорите, контрола во договорите за испорака, политика на ефективност (вклучувајќи ја и поддршката, грантовите и сл.), приоритет во примената на ресурсите, во јавниот надзор и сл. (Jim, 2014, pp. 37-39). Мерењето, односно објавувањето на резултатите треба да придонесе во поквалитетно донесување на одлуките на заинтересираните страни на социјалното претпријатие.

**Студија на случај за примена на прилагоден систем за мерење на интегрираните вредности** – Во фокусот на истражувањето беше Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанции „Избор“[15] од Струмица, кое има создадено терапевтска

[15] http://izborstrumica.com/?lang=mk

заедница „Покров" и функционира според моделот на социјално претпријатие. Средствата во проектот во голем дел се донирани од Швајцарската агенција за развој, Општината Струмица, Струмичката епархија, како и други партнери. Процесот е потпомогнат и воден и реализиран од страна на Центарот за институционален развој. Тие се рехабилитациона програма за долгорочно одвикнување од зависности (дрога, алкохол и сл.). „Покров" функционира според модел на социјално претпријатие со инкорпорирање економска компонетна во своето работење со цел создавање финансиска самоодржливост, но и реинтеграција на корисниците на нивните програми. Економската активност се состои од производство на органски земјоделски производи. Лицата кои се корисници на нивните услуги во последната фаза од рехабилитацијата преку програмата за интеграција имаат можност да стекнат работни вештини, а и да се вработат. Здружението „Избор" во февруари 2019 г. ја отвора и пекарницата „Бејгел", којашто е планирано да функционира според моделот на социјално претпријатие. Во истражувањето беше применет пристапот за поглед од повеќе страни, односно за испитување на предметната материја низ погледот на заинтересираните страни (стејкхолдерите), во случајов, на здружението „Избор". Беа избрани дел од заинтересираните страни со кои здружението има воспоставено одредени односи во текот на своето работење, и тоа по еден претставник од јавниот сектор (локална и централна власт), од непрофитниот и од профитниот сектор. Идентификувањето на заинтересираните страни на здружението беше откриено низ сопствените истражувања, а потврдата беше направена за време на спроведувањето на интервјуата. Субјект А – јавен сектор – централна власт (Министерство за труд и социјална политика[16]), субјект Б – јавен сектор – локална власт (Општина Струмица), субјект В – непрофитен сектор (Македонски центар за меѓународна соработка Цивика мобилитас), субјект Г – непрофитен сектор (Конект), субјект Д – профитен сектор (Тинекс).

Табеларен преглед бр. 2.6. *Мерење резултати – фокус на заинтересирани страни*

| Фокус на стејкхолдерите | Субјект А – јавен сектор (финансиски поддржувач) | Субјект Б – јавен сектор (финансиски и организациски поддржувач) | Субјект В – непрофитен сектор (финансиски поддржувач) | Субјект Г – непрофитен сектор (мрежна поддршка) | Субјект Д – профитен сектор (пласман на производите од економската активност) |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење на излезните индикатори | Да | Да | Да | Да | Да (делумно) |
| Применет метод за мерење за добивање повратна информација | Официјални извештаи пропишани со закон за непрофитните | Официјални извештаи пропишани со закон за непрофитните | Поднесување редовни извештаи од страна на Здружението | Јавно достапни официјални извештаи и следење на работењето на Здружението преку | Податоци од официјалните извештаи и од субјектот посредник во |

[16] Ова истражување е направено во 2019 г. и тогаш денешното Министерство за социјална политика, демографија и млади, имаше назив: Министерство за труд и социјална политика.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | организации | организации | во формат пропишан од субјектот В, како и задолжително спроведување на годишни, независни, надворешни финансиски ревизии за целокупното работење на грантистот за времетраењето на договорот | мерни инструменти достапни на субјектот Г | мрежното поврзување |
| Паралела помеѓу аутпутите и влијанието | Приказ на директните резултати поврзани со социјалната цел | Приказ на социјалното влијание за локалната заедница | Издвојување на социјални, економски, политички и од друг аспект позитивни општествени промени | Акцент на социјалното влијание | Податоци за понудените производи (органски производи) |
| Постигната цел преку примена на системот за мерење | Следење на реализацијата на грантот и повратна информација за резултатите од мерките на субјектот А (контрола на договорите) | Следење на реализацијата на поддршката и добивање повратна информација за резултатите од поддршката (контрола на договорите) | Следење на реализацијата на договорот, соодветното спроведување на работниот план и употребата на буџетот, како и повратна информација за крајното влијание на грантовите преку системски промени за општеството (контрола на договорите) | Добивање повратна информација за резултатите од мисијата на субјектот Г за мрежно поврзување на компаниите/организациите што вложуваат во одржлив развој | Донесување одлука за соработка |

*Извор: Сопствено истражување*

Здружението „Избор" објавува годишни извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, а во текот на своето работење има спроведено ревизија од независни ревизорски субјекти, при што се објавени и ревизорски извештаи. Во двата случаја станува збор за финансиски извештаи поткрепени со соодветни текстуални забелешки. Здружението доставува и други видови извештаи според концепт сочинет од субјектите со кои соработува, најчесто тоа се финансиските поддржувачи. Издвојување на финансиските од социјалните резултати прават за потребите на поддржувачите, како и за информирање на јавноста за постигнатите социјални цели, во вид на наративни прикази во кои се содржани мерливи показатели за постигнатите резултати. Мерењето на резултатите за нив е особено значајно поради: привлекување инвеститори, исполнување законска обврска, следење на работењето, донесување одлуки и сл. Ја чувствуваат потребата од систем којшто ќе ги мери интегрираните вредности, односно заедно економските и социјалните, или, како што тие се изјаснуваат, модел којшто ќе им овозможи приказ на остварените социјални резултати со цел запознавање на стејкхолдерите со нивото на оствареност на целите и добивање доверба и легитимитет.

Во продолжение е направен приказ на резултатите на социјалното претпријатие „Покров" според матрицата на Хелен Хог (Haugh, 2006, pp. 181-201), а тоа се: директни економски резултати, директни социјални резултати, директни резултати врз околината, индиректни економски резултати, индиректни социјални резултати, индиректни резултати врз околината (види табеларен преглед бр. 2.7).

Табеларен преглед 2.7. *Приказ на резултати според матрицата на Хелен Хог*

| **Резултати на социјалното претпријатие „Покров"** | **Индивидуално ниво** | **Ниво на социјалното претпријатие** | **Ниво на заедницата** | **Ниво на регион** |
|---|---|---|---|---|
| Директни економски | Обезбедување финансиски надоместоци | Обезбедување финансиски средства за реинвестирање и за развој | Обезбедување работа за припадници на маргинализираната заедница лекувани зависници (14 вработени и 14 хонорарно ангажирани) | Обезбедување работа за маргинализирани групи во Југоисточниот регион во РМ (14 вработени и 14 хонорарно ангажирани) |
| Директни социјални | Лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависници од психоактивни супстанци | Креирање културен идентитет на Претпријатието | Придонес во социјалниот капитал преку решавање значајни животни проблеми и подобрување на квалитетот на | Придонес во социјалниот капитал преку подобрување на квалитетот на живеење во Југоисточниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | живеење | регион во РМ |
| Директни еколошки | Обезбедување услови за здрав живот (чист воздух, органски производи и сл.) | Креирање културен идентитет на Претпријатието | Заштита на животната средина преку произведување органски производи | Заштита на животната средина преку произведување органски производи |
| Индиректни економски | Индивидуална економска стабилност | Финансиска самодржливост | Обезбедување работа за вклучените страни во вршењето на дејноста (добавувачи и сл.) | Подобрување на економскиот развој во Југоисточниот регион |
| Индиректни социјални | Промена на негативниот идентитет и стил на живеење на индивидуата | Можности за креирање социјален капитал преку вмрежување | Поттикнување социјална инклузија | Општествени промени преку поттикнување социјална инклузија |
| Индиректни еколошки | Придонес во креирањето свест за заштита на животната средина | Креирање културен идентитет на Претпријатието | Подобрување на животната средина | Промовирање на Југоисточниот регион како здрава животна средина |

Извор: Сопствени истражувања и приказ врз основа матрицата на Хелен Хог (Haugh, 2006, pp. 181-201)

Од табеларниот преглед 2.7 може да се види улогата на социјалното претпријатие „Покров", според модел-матрицата на резултатите на Хелен Хог (Haugh, 2006, pp. 181-201), врз ревитализацијата на општествено-економскиот развој, гледана преку индивидуално ниво, ниво на претпријатието, ниво на локалната заедница и регионално ниво.

# Глава III: ДЕФИНИРАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНИОТ РАСТ

## 3.1. Дефинирање на инклузивниот раст – преглед на литература

Според OECD инклузивен раст имаме кога јазот помеѓу богатите и сиромашните е помалку изразен и кога добивката од растот се дели на поправеден начин, што, пак, ќе резултира во подобрување на животниот стандард и на квалитетот на животот на луѓето (добро здравје, работни места и вештини, чиста животна средина, поддршка во заедницата и сл.) (OECD, 2014).

Инклузивниот раст поаѓа од идејата дека економскиот раст е важен, но не и доволен за подобрување на благосостојбата (OECD, 2014).

Според дефиницијата на OECD, инклузивниот раст е економски раст кој создава можности за луѓето во сите сегменти на општеството и гарантира дека овие можности се распределуваат подеднакво (OECD, 2017).

Според Светска банка инклузивниот раст е растот што овозможува да се направи доволно поместување од сиромаштијата и раст што го вклучува најголемиот дел од работната сила во одредена економија. Според Светска Банка инклузивниот раст се фокусира на продуктивно вработување, наместо само на вработување или редистрибуција на доходот. Растот на вработеноста генерира нови работни места и приходи, додека растот на продуктивноста има потенцијал да ги подигне платите на вработените и повратот на самовработените.

Азиската развојна банка, исто така, во своите стратегиски цели го инкорпорира инклузивниот раст.

Растот се смета за инклузивен ако:

- овозможува учество на сите членови на општеството, со посебен фокус на сиромашните и обесправените кои често имаат ограничен пристап до растот;
- намалување на нееднаквоста во пристапот до неприходните димензии на нееднаквоста: образование, здравство, исхрана и социјална интеграција.

Инклузивниот раст се дефинира како раст кој создава поголем број економски можности и еднаков пристап до можностите (Ali & Son, 2007).

УНДП (UNDP) на инклузивниот раст гледа како на раст чиишто придобивки се споделуваат правично.

На инклузивниот раст се гледа како на економски раст во кој сите членови на општеството имаат корист од изобилството и можностите коишто произлегуваат од зголемувањето на националниот доход.

Врз основа на дефинициите за инклузивниот раст, слободно можеме да кажеме дека тој има две димензии:

- првата е економскиот раст,
- втората е споделување на придобивките од економскиот раст.

Меѓународниот политички центар за инклузивен раст (International Policy Centre for Inclusive Growth) својот акцент го става, покрај на учеството, и на споделувањето на придобивките од растот, каде што луѓето имаат активно учество во процесот на богатството и имаат свое мислење во ориентацијата на тој процес.

За некои автори инклузивниот раст опфаќа справување со дискриминацијата на маргинализираните групи граѓани. Помагањето на овие луѓе да имаат користи од економските активности е темел на инклузивниот раст.

Повеќе од веројатно е дека психологијата на солидарноста се јавува во состојба на изобилство (Fromm, 1956), меѓутоа непобитен е фактот за нееднаквоста, што, за голем број автори е резултат на нерамномерна распределба на доходот.

Нобеловецот Јозеф Штиглиц (Joseph Stiglitz) во својата книга *The Great Divide: Unequal societies and what we can do about them* зборува за нееднаквоста за која тврди дека не станува збор за природно случување, туку за резултат на осмислените општествено-економски системи, најверојатно мислејќи на неолибералниот капитализам (Stiglitz, 2011).

Нобеловецот Мухамед Јунус се заложува за создавање свет без сиромаштва, при што во својата книга *Creating a world without poverty* (Yunus, 2009) тврди дека преку социјалните бизниси значително може да се влијае врз намалувањето на сиромаштијата.

Во таа насока тој ќе истакне: *„Не треба да ги обвинуваме судбината, природата или Бога за нашите проблеми. Вистинскиот проблем не се природните катастрофи, туку раширеното сиромаштво, а тоа го предизвикува човекот.*"(Yunus, 2009).

Мухамед Јунус, покрај другото, наведува и податоци што зборуваат за моќта на концептот социјален бизнис во намалувањето на сиромаштијата. Имено, се тврди дека сиромаштијата во Бангладеш од 74 % во 1973 г., се намалила на 40 % во 2005 година; потоа просечниот приход на најзагрозената група граѓани се зголемил за 10 %; економијата во Бангладеш доживеала пораст дури и до 50 % и сл. (Yunus, 2009).

Мухамед Јунус застапува мислење дека луѓето по природа не се мрзеливи и дека сиромаштијата не доаѓа поради нивната неактивност, туку затоа што општеството не им понудило можност да ги искористат своите потенцијали. Слични становишта се среќаваат и кај Ерих Фром. Во таа насока Јунус ќе истакне: *„Сиромашните се како дрвјата бонсаи. Ако насадите од најдоброто семе на најголемото дрво бонсаи во вазна од 15 сантиметри, ќе добиете одговор, но тоа ќе биде бонсаи високо само неколку сантиметри. Така е и со сиромашните, не е проблемот во нивното 'семе', туку во тоа што општеството никогаш не им дало никаква основа да се развијат.*" (Yunus, 2009, p. 247).

Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, е ревидирана за периодот 2010 – 2020 година, којашто кореспондира со Стратегијата на ЕУ 2020 и главната стратегиска цел, како што кажува и самиот наслов, е намалувањето на сиромаштијата и на

социјалната исклученост. Беа предвидени следниве мерки за остварување на поставените цели: 1. вработување и јакнење на претприемништвото; 2. прилагодување на образованието со пазарот на трудот; 3. социјална и детска заштита и градење нов социјален модел; 4. унапредување на здравствената заштита и долготрајна нега; 5. транспорт, комуникации и домување; 6. активација и зајакнување на локалните власти; 7. поддршка на ранливите групи (НСНССИРМ, 2013). Новата власт пропагира потреба од носење нова стратегија за справување со сиромаштијата во Северна Македонија.

Ова толку повеќе што носечките заложби за развојот на социјалното претприемништво се во насока на справувањето со горчливиот проблем на капиталистичкиот систем, а тоа е зголемувањето на сиромаштијата. Во тој контекст, според одредени статистички податоци се тврди дека 94 % од светскиот приход оди за 40 % од луѓето, додека другите 60 % треба да живеат само со 6 % од приходот (Yunus, 2006). Според податоците содржани во Извештајот на интернационалната конфедерација Oxfam[17], најбогатите 1 % располагаат со материјално богатство колку останатото население во светот (OXFAM Briefing Paper, 2016) или богатството на петте најбогати луѓе се зголемило за 114 отсто од 2020 година, односно петте најбогати луѓе во светот го удвоиле своето богатство од 405 на 869 милијарди долари од 2020 година — со стапка од 14 милиони долари на час — додека речиси пет милијарди луѓе станале посиромашни, открива новиот извештај на Оксфам за нееднаквоста и глобалната корпоративна моќ (OXFAM, 15th Januari 2024).

Инклузивниот раст подразбира обезбедување услови за економските можности да станат достапни за сите, посебно за сиромашното население. Економските можности коишто резултираат од растот се нерамномерно распределени. Владите можат да формираат политики и програми коишто ќе го олеснат учеството во економските можности на оние кои се помалку богати. Оттука, растот се дефинира како раст што создава нови економски можности и услови за пристап до можностите што се создаваат за сите сегменти во општеството. Растот е инклузивен кога им дозволува на сите членови на едно општество да учествуваат во процесот на растот во еднакви услови, без оглед на индивидуалните околности (Ali & Son, 2007).

Како крајни резултати на инклузивниот раст се јавуваат:

- одржлив и правичен раст (Економскиот раст е суштински услов за инклузивен раст. За растот да биде брз и одржлив, тој треба да биде широко заснован во различни сектори и вклучително и голем дел од работната сила, вклучувајќи ги сиромашните и ранливите групи на население.);
- социјално вклучување (Социјалното вклучување подразбира отстранување на институционалните бариери и стимулации за зголемување на пристапот до сите сегменти на општеството до можностите за развој.);

---

[17]Oxfam е меѓународна конфедерација од 18 организации којашто дејствува во повеќе од 90 држави и нејзината основна мисија е намалувањето на сиромаштијата.

- зајакнување (Зајакнувањето подразбира подобрување на средствата и способностите на различните поединци и групи со цел да функционираат и учествуваат во процесот на раст.);
- безбедност (Безбедноста опфаќа подобрено управување на социјалните ризици што произлегуваат од интервенциите за развој.) (Ali & Son, 2007).

**Клучни елементи на инклузивниот раст**

Врз основа на достапната литература за инклузивниот раст се разликуваат три клучни елементи на инклузивниот раст:

- вработување и продуктивност,
- развој на човечките способности и
- мрежи за социјална безбедност и насочена интервенција (Ali & Son, 2007).

**Вработување и продуктивност**

Вработувањето и продуктивноста подразбира создавање можности за вработување и промовирање поголема продуктивност. Зголемувањето на продуктивноста и вработеноста за долгорочен одржлив раст бара во исто време стратегија за инвестирање во динамично растечки сектори, а во исто време градење капацитети во сектори каде што е вработен најголемиот дел од работната сила. Инвестирањето само во динамичните сектори може да биде доволно да се забрза растот, иако ова можеби не е инклузивно за сите – особено за сиромашните, главно затоа што најбрзо растечките сектори честопати не се таму каде што се мнозинството ранливи или сиромашни вработени и може да бараат вештини и обуки што овие луѓе веројатно нема да ги поседуваат. Во Националната стратегија за вработување (2021-2027 година) со Акциски план за вработување (2021-2023 година) е посветен посебен дел на Сиромаштија, социјална инклузија и еднаквост, во која е нотирано следново: *„Позитивниот економски раст поткрепен со растечките можности за вработување, растечките плати и социјалните трошоци придонесоа за намалувањето на сиромаштијата од 27 % во 2010 година на 21,5 % во 2015 година. Од 2015 година, уделот на населението што живее во сиромаштија остана стабилен и изнесуваше околу 22 %. Групите што се најмногу изложени на ризик се семејствата со деца (45,3 %), домаќинствата со самохрани родители (42,8 %) и невработените лица (41,7 %). Вработените лица и пензионерите имаат најниска стапка на сиромаштија (околу 10 %), иако процентот на вработени сиромашни лица (односно, уделот на работници што заработуваат под линијата на сиромаштијата) беше околу 8,3 проценти во 2019 година, поради високиот број работници ангажирани на слабо платени и ниско продуктивни работни места.*"

Табелата (3.1) и сликата (3.1) подолу ја прикажуваат состојбата на динамичните сектори во Северна Македонија во 2020 година во кои најмногу има вработени, а тоа се преработувачката индустрија и трговијата на големо и трговијата на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли. Од овој тренд произлегува и императивот кој покажува во која област треба да се обучуваат работниците, како би се зголемила продуктивноста.

Табеларен преглед 3.1. *Вработени според секторите на дејност, по тримесечја, 2020 година*

| **Сектори на дејности** | | **I тримесечје** | **II тримесечје** | **III тримесечје** | **IV тримесечје** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **717 212** | **702 251** | **700 010** | **703 733** |
| **А.** | Земјоделство, шумарство и рибарство | 88 742 | 93 697 | 94 616 | 91 150 |
| **Б.** | Рударство и вадење на камен | 6 450 | 6 510 | 5 202 | 5 688 |
| **В.** | Преработувачка индустрија | 141 068 | 131 002 | 126 963 | 134 395 |
| **Г.** | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 9 295 | 7 909 | 7 823 | 7 901 |
| **Д.** | Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 13 396 | 13 223 | 17 151 | 15 301 |
| **Ѓ.** | Градежништво | 44 660 | 48 360 | 46 708 | 46 030 |
| **Е.** | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 103 934 | 102 149 | 95 152 | 98 416 |
| **Ж.** | Транспорт и складирање | 42 280 | 31 597 | 35 442 | 37 435 |
| **З.** | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 29 720 | 30 228 | 28 843 | 28 438 |
| **Ѕ.** | Информации и комуникации | 18 250 | 18 957 | 19 210 | 18 431 |
| **И.** | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11 486 | 12 361 | 12 282 | 11 435 |
| **Ј.** | Дејности во врска со недвижен имот | (2 870) | (1 924) | : | 2 051 |
| **К.** | Стручни, научни и технички дејности | 16 963 | 20 852 | 19 189 | 18 422 |
| **Л.** | Административни и помошни услужни дејности | 18 030 | 19 975 | 17 366 | 18 351 |
| **Љ.** | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 47 270 | 46 831 | 52 378 | 49 648 |
| **М.** | Образование | 44 735 | 43 611 | 44 913 | 43 837 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н.** | Дејности на здравствена и социјална заштита | 48 182 | 42 426 | 43 968 | 45 903 |
| **Њ.** | Уметност, забава и рекреација | 15 471 | 16 622 | 16 466 | 16 250 |
| **О.** | Други услужни дејности | 12 442 | 12 272 | 14 270 | 13 129 |
| **П.** | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата што произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | : | : | : | : |
| **Р.** | Дејности на екстратериторијални организации и тела | : | : | : | 1 114 |
| **- нема појава** | | | | | |
| **: мала појавност за да биде објавен податокот** | | | | | |
| **() помалку прецизна процена - се користи со претпазливост** | | | | | |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98. Пристапено на 11 август 2024 г.




Слика 3.1. *Соодност на бројот на вработени во првото тромесечие од 2020 година по сектори на дејности во Северна Македонија*

Извор: Сопствен приказ врз основа на податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98 Пристапено на 11.8.2024 г.




Слика 3.2. Број на активно население во РСМ во периодот 2011 – 2024 г.
Извор: Сопствен приказ врз основа на податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98 Пристапено на 11.8.2024 г.

Доста значајна димензија при анализата на пазарот на трудот, покрај вработеноста, е продуктивноста, односно квалитетот на работните места и создавањето продуктивни работни места. Зборуваме за работа којашто обезбедува доволно приходи што ќе гарантираат социјална сигурност и добри услови за работа. Ова тврдење ја застапува тезата дека значителен дел од сиромашното население работат, односно немаме отсуство на економски активности. Или, изворот на нивната сиромаштија е непродуктивноста во работата што ја извршуваат. Тука се зборува за врската меѓу сиромаштијата и ниската продуктивност.




Слика 3.3. Движење на стапката на сиромаштија РСМ во периодот 2010 – 2020 г.
Извор: Сопствен приказ врз основа на податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98 Пристапено на 17.8.2024 г.

Обично линијата на сиромаштија го подразбира прагот на благосостојба што треба да биде исполнет од основните потреби.  Дефинирањето на основните потреби варира од земја во земја, но, во суштина, подразбира задоволување со храна, домување и комунални услуги. Светска банка и Меѓународниот монетарен фонд се фокусираат на глобален стандард кој се пресметува како просек на националните линии на сиромаштија во сите земји во развој.

Сегашната линија на екстремна сиромаштија е поставена на 2,15 долари дневно, што ја претставува средната вредност на националните линии на сиромаштија пронајдени во 28 земји со ниски приходи (WB, 2022).

Според податоците на Државниот завод за статистика на Северна Македонија, анализирано по типови на домаќинства, стапката на сиромаштија на домаќинствата составени од двајца возрасни со две издржувани деца е 20.7 %. Додека, пак, според најфреквентниот статус на економската активност, стапката на сиромашни лица е 7.9 %, на сиромашни пензионери – 7.0 %. Коефициентот на Џини (мерка според која се пресметува нееднаквоста во распределбата на приходите) е 31.4 %.

Податоците покажуваат дека продуктивноста е главна детерминанта на доходот. Добивките во продуктивноста подразбираат дека има повеќе реални приходи во стопанството што може да се распределат на работниците во вид на зголемени плати. Така, во развиените земји не е неопходно само да се зголеми вработувањето, туку и продуктивно вработување што води до зголемени плати и ќе им овозможи на работниците да го поминат прагот на сиромаштијата и да го остават позади себе.

Продуктивниот раст и намалувањето на сиромаштијата се движат во надополнувачка кружна линија. Имено, кога растот на продуктивноста ги зголемува приходите и ја намалува сиромаштијата, тоа може да доведе до подобрување на продуктивноста, затоа што сиромашните (кои се со полошо здравје и со потежок пристап до образование) се движат до подобар статус (подобро здравје и поквалитетно образование), што ќе го подобри растот на продуктивноста (Ali & Son, 2007).

### Развој на човечките способности

Развојот на човечките способности подразбира развој на човечките способности преку соодветни инвестиии во основните социјални услуги за образование и здравје.

Обеденетите Нации (УНДП) го дефинираат човековиот развој како проширување на богатството на човековиот живот, наместо едноставно богатство на економијата во која живеат. Пристап кој е фокусиран на луѓето и на нивните можности и избори.

При инклузивен раст човековиот развој се гледа како крајна цел на развој надвор од економскиот раст. Човековиот развој сам по себе е значаен и придонесува за растот. Несомнено е дека постои силна  врска помеѓу растот и човековиот развој. Растот обезбедува ресурси за да се овозможат одржливи

подобрувања во човековиот развој. Од друга страна, пак, подобрувањето на човековиот развој предизивкува подигање на капацитетите на економските субјекти кои имаат придонес за економски раст. Растот може да го поттикне човековиот развој. На пример, склоноста на домаќинствата да ги трошат своите приходи за предмети кои најдиректно придонесуваат за унапредување на човековиот развој (образование, здравје, храна и сл.) најдиректно придонесуваат за унапредување на човековиот развој.

Човечкиот развој предизвикува економски раст. Многу докази потврдуваат дека како што луѓето стануваат поздрави, подобро хранети и образовани, тие повеќе придонесуваат за економски раст преку поголема продуктивност на трудот, подобрена технологија, привлекување повеќе странски капитал и поголем извоз.

**Мрежи за социјална безбедност и насочена интервенција**

Мрежите за социјална безбедност и насочена интервенција подразбираат обезбедување мрежи за социјална сигурност и фокус кон ранливите категории граѓани (Ali & Son, 2007).

Во земјите во развој неуспесите на пазарот се вообичаени, при што се засегнати сиромашните слоеви, во смисла дека се спречени да учествуваат во економските активности. Вообичаено во такви ситуации се вклучуваат разни социјални програми за социјална инклузија за оваа маргинализирана група граѓани. Програмите за заштита имаат два неповолни исхода: хронична неспособност за работа и заработка (хронична сиромаштија) и пад на капацитетите за обезбедување минимални средства за преживување (минимална сиромаштија) (Ali & Son, 2007).

## 3.2. Детерминанти на инклузивен раст

Азиската развојна банка (2018) во својата Стратегија 2030 за постигнување на просперитетна, инклузивна, издржлива и одржлива Азија и Пацификот, ги дефинира следниве седум приоритети: 1) справување со преостаната сиромаштија и намалување на нееднаквостите; 2) забрзување на напредокот за родова еднаквост; 3) справување со климатските промени, градење отпорност на климатските катастрофи и подобрување на одржливоста на животната средина; 4) градовите да се направат попогодни за живеење; 5) промовирање на руралниот развој и безбедноста на храната; 6) зајакнување на владеењето и институционалните капацитети; 7) поттикнување на регионалната соработка и интеграција.

За првиот приоритет, справувањето со сиромаштијата и намалувањето на нееднаквостите ги предлага следниве цели:

– зголемување на акцентот за човечки развој и социјалната инклузија – преку намалување на нееднаквоста во пристапот на можностите, создавање квалитетни работни места, проширување на програмите за образование, здравствена и социјална заштита;

- генерирање квалитетни работни места – преку поддршка на инклузивните бизниси и создавањето инклузивни финансии;
- подобрување на образованието – преку нудење решенија за квалитетно образование за секого и создавање релации со индустријата за подобра вработливост;
- постигнување подобро здравје за сите – подобрување на пристапот до квалитетни здравствени услуги за сиромашните;
- обезбедување социјална заштита онаму каде што е потребна – преку разни форми на социјална вклученост.

За постигнување родова еднаквост во Стратегијата се содржани следниве мерки:

– зголемување на поддршката за родова еднаквост – преку разни форми на поддршка на девојчињата и жените;

– родови зацртани цели и области на фокус: економско зајакнување на жените, еднаквост во човековиот развој, еднаковост во одлучувањето и лидерството, намалување на сиромаштијата на жените и нивна отпорност на флуктуации;

– промовирање на економското зајакнување на жените – преку генерирање можности за вработување и поттикнување на женското претприемништво;

– следење на родовата еднаквост во човековиот развој – преку разни форми на поддршка во различните фази од животот;

– зајакнување на родовата еднаквост во одлучувањето и лидерството – преку разни реформи за отстранување на дискриминаторските политики;

– намалување на временската сиромаштија кај жените – преку разни форми на мерки за обезбедување услови за соодветна рурална и урбана инфраструктура, како и за неплатената домашна работа на жените;

– зголемување на отпорноста на жените од надворешните флуктуации – заштита на домаќинствата со ниски приходи од економски, прехранбени и други видови кризи.

Справувањето со климатските промени, градењето отпорност на климатските катастрофи и подобрување на одржливоста на животната средина, се цели што се вбројуваат во одржлив развој. Во мерката за градовите да се направат подобро место за живеење, исто така, меѓу другото, е вклучена и инклузивноста.

За промовирање на руралниот развој и безбедноста на храната се предложени мерките за поврзување на пазарот со земјоделието, зголемување на приходите во руралните подрачја, зголемување на земјоделската продуктивност, намалување на сиромаштијата преку зајакнувањето на земјоделието, подобрување на капацитите за безбедност на храната и сл.

Зајакнување на владеењето и институционалните капацитети преку изградба на системи со социјални и еколошки мерки, антидискриминаторски политики, намалувањето на трошоците за живот, поттикнување на регионалната соработка и интеграција и сл.

Од презентираното, на некој начин, може да се почувствуваат изворите кои би довеле до инклузивен раст, имајќи ги предвид погорните дефиниции дека тој претставува поширок контекст од само економски раст.

Науката е едногласна во врска со потребата од намалување на сиромаштијта и неспорно е дека брзиот раст придонесува кон тоа намалување. Меѓутоа, што е она што е потребно за континуиран раст и за правилна распределба на растот, бидејќи значаен дел од клучните елементи на растот (образование, здравје, финансии) подлежат на нееднаквост?

### 3.3. Мерење и индикатори на инклузивниот раст

Мерењето на инклузивноста може да се фокусира на благосостојбата на најсиромашните групи во општеството и може да вклучува парични и непарични индикатори. Сиромаштијата е апсолутна мерка за инклузија, а нееднаквоста е релативна мерка за благосостојбата во едно општество. Непаричните мерки вклучуваат пристап до основни добра и услуги – образованието, здравството и инфраструктурата (Cerra, 2021).

Моделот за испитување на инклузивниот раст ќе произлезе токму од дефиницијата за инклузивен раст, а дефинициите се секогаш во директна зависност од приоритетните политики во земјите и токму затоа не постои единствена дефиниција за инклузивниот раст. Тоа подразбира дека варијаблите што се испитуваат зависат од земјите коишто се земени како примерок за истражување. Како најпреферирани методи во постојната литература за мерење на инклузивниот раст се инклузивните индекси и кривите на социјалните можности на Али и Сан (Ali & Son, 2007).

Инклузивниот раст води кон максимизирање на социјалните можности и во тој правец Али и Сан предлагаат методологија за мерење на социјалните можности, која зависи од два фактора:

- просечни можности достапни за населението;
- дистрибуирани можности меѓу населението.

Тие се носат со став дека функцијата на социјална можност дава поголема тежина на можностите во кои уживаат сиромашните, односно колку е посиромашен човек – толку е поголема тежината. Можностите создадени за сиромашните се поважни од можностите за несиромашните. Или, ако можностите што ги ужива некое лице се пренесат на посиромашно лице во општеството, тогаш социјалните можности мора да се зголемат и во тој случај растот станува поинклузивен.

Тие тоа го елаборираат на начин што под претпоставка дека n-лица во населението со приходи X1, X2… Xn, каде што X1 е најсиромашниот човек и Xn е најбогатиот, и ја дефинираат функцијата на социјалната благосостојба, како:

$$W = W(x1, x2\dots xn)$$

Сметаат дека слично на оваа идеја за функционирање на социјалната благосостојба, може да се дефинира и функцијата на социјалната можност:

$$O = O(Y1, Y2\dots Yn)$$

каде што Yi е можноста што ја ужива таа личност која има приход Xi. Велат дека можноста може да биде дефинирана во смисла на различни услуги, на пр.,

пристап до здравствена или образовна услуга, пристап до работа, можност на пазарот на трудот итн.

Математички тоа го изразуваат на начин што велат дека Yi може да земе бинарни вредности 0 и 100. Ја земаат вредноста 0 ако истото лице е лишено од одредена можност и ја земаат вредноста 100 кога таа личност ја има таа можност. Просекот можност за населението тогаш го дефинираат како:

$$y = \frac{1}{n}\sum_{i=1}^{n} \mathrm{Yi},$$

што е процентот на населението кое ужива дадена можност. Просечната y е еднаква на процентот на населението кое има пристап до одредена можност.

Тврдат дека економскиот раст придонесува за просечните можности што му се достапни на населението. Велат дека тоа е неопходно, но, во никој случај, доволен услов за да се постигне инклузивен раст. Сиромашните се генерално ограничени во искористувањето на овие можности. Затоа, според нив, инклузивниот раст не само што треба да ги прошири просечните можности, туку, исто така, да ја подобри распределбата, односно дистрибуцијата на можностите низ населението.

Во однос на дистрибуцијата на можностите, тврдат дека секое пренесување можности од посиромашна личност на побогата ја намалува функцијата на социјалните можности. Претпоставуваат дека износот на можности се пренесува од посиромашна личност со приход X1 на побогата личност со приход X2. По трансферот посиромашниот ќе има Y1 – t-можности, а побогатиот Y2 + t-можности. Тврдат дека ваквите трансфери треба да ја намалат функцијата на социјалните можности.

Во однос на кривите на социјалните можности, тие тврдат дека инклузивен раст се постигнува кога кривите на социјалните можности ќе достигнат максимално ниво. Следствено, растот ќе биде инклузивен ако ја помести кривата на можности нагоре во сите точки. Ако целата крива на можности се помести нагоре, тоа значи дека сите во општеството, вклучувајќи ги и сиромашните, уживаат зголемување на можностите, и тие тој раст го нарекуваат недвосмислено инклузивен. Подвлекуваат дека, сепак, степенот на инклузивност ќе зависи од тоа колку кривата се поместува нагоре и во кој дел од распределбата се случува смена. Односно, ако кривата на можности е наклонета надолу, тогаш можностите за сиромашните се повеќе достапни отколку за несиромашните (т. е. можностите се распределени правично). Ако, пак, кривата е наклонета нагоре, можностите се распределуваат неправедно (антисиромашни).

Али и Сан тврдат дека кривата на можностите може да биде корисна за да се процени моделот на раст за еднаквост на можностите достапни за населението, без да се специфицира функцијата за социјална можност. Односно, дека не е во состојба да ја квантифицира прецизната големина на промената, т. е. не може да се биде убедлив во однос на тоа колку промени во можностите се случиле со текот на времето. Во во овој поглед, тие подвлекуваат дека кривата на

можностите обезбедува само делумно рангирање на распределбата на можностите.

Со цел интеграција на еднаквоста и растот во унифицирана мерка, Рахул, Саураб и Шанака предлагаат мерка за инклузивен раст заснован на утилитарна функција на социјалната благосостојба, каде што инклузивниот раст зависи од два фактора: а) раст на приходот и б) дистрибуција на приходот. Според нив, основната функција на социјалната благосостојба мора да задоволува две својства за да се доловат овие карактеристики: димензија на раст и дистрибутивна димензија (Anand, Mishra & Peiris, 2013).

Тери Мекинли препорачува сет од индикатори за мерење на напредокот во постигнувањето економски раст, создавање вработувања и проширување на пристапот до економската инфраструктура. За економскиот раст ги препорачува следниве индикатори: а) реална стапка на раст на бруто домашниот производ по глава на жител (овде станува збор за лесно достапни податоци); б) учество на индустријата, услугите и земјоделството во вкупната додадена вредност (со цел проценка на степенот на структурни промени кон економските сектори со повисока продуктивност). За мерење на продуктивното вработување Мекенли ги предлага следниве индикатори: а) учество на вработени во индустријата; б) учество на вработени во производство; в) учество на работници на сопствена сметка и формално неплатени семејни работници во вкупниот работен однос; г) дополнителен индикатор (пример, учество на работниците кои се дел од домаќинствата со дневен приход помал од 2,5 долари на ден по лице.). Во контекст на пристапот до економската структура ги предлага следниве индикатори:  а) процент на население со пристап до електрична енергија; б) број на претплатници на мобилни телефони (примерок на сто лица). За мерење на сиромаштијата Мекенли ги предлага индикаторите: а) процентот на население што живее под определено ниво на сиромаштија; б) процентот на население што живее под линијата на 2,5 долари на ден по лице и сл.  За мерење на нееднаквоста, хоризонтално: а) Џини-коефициентот; б) уделот на доходот на 60 % од најсиромашното население.  За мерење на нееднаквоста, вертикално: а) јазот во приходите и расходите помеѓу рурално и урбано население; б) јазот меѓу приходите во региони или етнички групи (онаму каде што е изводливо вакво мерење). За родова нееднаквост: а) односот на писмени мажи и жени на возраст 15 – 24; б) односот на бројот на девојчиња и момчиња во средното образование (заб. на авторот: Овој индикатор нема да е веродостоен за Северна Македонија поради фактот што средното образование е задолжително.); в) процентот на породувања на кои присуствувал квалификуван здравствен персонал; г) уделот на жените во неземјоделското вработување за плата. Индикатори за мерење и подобрување на човечките способности: а) стапка на смртност под 5 години; б) стапка на смртност за помлади од 40 г.; в) процент од оние под 5 години кои се со недоволна тежина; г) нето-соодност на примарен упис; д) нето-стапка на запишување во средно образование; ѓ) пристап до вода; е) пристап до соодветни санитарни услови (McKinley, 2010).

Група автори во едно истражување на Меѓународниот монетарен фонд велат дека макроекономската стабилност, човечкиот капитал и структурните промени се темелите за постигнување инклузивен раст. Се со став дека глобализацијата може да биде позитивна преку странските инвестиции и трговската отвореност, но (изненадувачки) велат дека финансиската продлабоченост и технолошките промени немаат забележителен ефект (Anand at al., 2013). Во врска со мерењето на инклузивниот раст, тие го применуваат моделот на Али и Сан кој го презентиравме во рамките на погорниот текст.

Раниери и Алмеида Рамос, во студија за инклузивен раст ги идентификуваат следниве инклузивни индикатори: сиромаштија, нееднаквост, раст, продуктивност на вработувањето, права, родова нееднаквост, пристап до инфраструктура, социјална сигурност, учество, насочени политики, основни социјални услуги, добро владеење, можности, бариери за инвестиции и придобивки од растот (Ranieri & Ramos, 2013).

Една студија (Stawska & Jabłonska, 2022), што го испитува влијанието на детерминантите на инклузивниот раст во земјите од Европската Унија, врз основа на податоците од Евростат (Eurostat data), ги предлагаат следниве променливи со цел креирање индикатор за раст:

1) Економски – *расположлив приход по глава на жител* (Индексот ја одразува куповната моќ на домаќинствата и нивната способност да инвестираат во стоки и услуги или да штедат за иднината.); *ГВ-дефицит/суфицит како % од БДП* (Генерална или општа влада: дефицитот/суфицитот е дефиниран како дефицит/вишок на општата влада на владините и локалните владини институции вклучени во Договорот од Мастрихт како нето-кредит на општата влада [+]/нето-задолжување [*] според Европскиот систем на сметки [ESA]. Генералната влада ги вклучува централната власт, државната власт, локалната власт и фондовите за социјално осигурување); *Џини индекс* (Индексот Џини ја покажува нееднаквоста на приходите на дадено општество – таа треба да се толкува на начин што колку е поголема, толку е поголема нееднаквоста на приходите во дадена земја. Кога вредноста на индексот е 0 %, тоа значи дека сите луѓе добиваат ист приход.); *бруто фиксна формација* (удел на инвестиции по институционални сектори како учество во БДП) (Овој показател ги покажува инвестициите за економијата во целина, државните, деловните и домаќинствата. Индикаторот го дава учеството на БДП што се користи за бруто-инвестиции); *стапка на бруто-заштеда на домаќинствата* (стапка на бруто-заштеди на домаќинствата) (Заштедата е дел од расположливиот приход на домаќинството што не се троши на потрошувачка во одреден временски период. Скалата за штедење може да се мери со стапката на штедење на домаќинствата, која се дефинира како заштеди на домаќинствата пропорционално на нивниот расположлив приход.); *инфлација* (Забележливи ефекти за граѓаните: пораст на цените, потежок пристап до кредити, поскапи хипотекарни заеми, потешкотии во работата и сл.); *потрошувачка по глава на жител* (Тоа е мерка за материјалната благосостојба на домаќинствата заснована на ревидираниот паритет на куповната моќ, како и на БДП и населението.); *инвестициска позиција* (нето меѓународна инвестициска позиција – MPI дава

збирна слика за нето финансиската позиција на земјата [средства минус пасива] во споредба со остатокот од светот.); *БДП по глава на жител прилагоден на куповната моќ* (БДП по глава на жител се пресметува како однос на БДП со просечното население во дадена година); *реална ефективна размена* (Реалниот ефективен девизен курс [РЕДК] има цел да ја процени конкурентноста на цената или трошоците на една земја во однос на нејзините главни конкуренти на меѓународните пазари.); *краткорочни каматни стапки* (Станува збор за каматни стапки на депозити и кредити на меѓубанкарскиот пазар за период не подолг од една година; краткорочните каматни стапки на меѓубанкарскиот пазар се значително под влијание на одлуките на централните банки за нивото на основните каматни стапки.); *трговска отвореност* (Трговската отвореност се однесува на ориентацијата на економијата на една земја во контекст на меѓународната трговија. Степенот на отвореност се мери со реалниот обем на регистриран увоз и извоз на економијата.).

2) Финансиски – *платен биланс како % од БДП* (Капиталната сметка ги опфаќа сите трансакции што вклучуваат прием или плаќање на капитална сметка.);*СДИ како % од БДП* (Странските директни инвестиции се категорија на инвестиции што ја одразува целта за воспоставување трајно учество на резидентно претпријатие во една економија [директен инвеститор] во претпријатие [претпријатие за директни инвестиции] што е резидентно во економија различна од директниот инвеститор.); *пензиите во евра по глава на жител* (Месечен паричен надоместок што се должи на осигуреник кој престанал со професионална дејност за работа на определен број години и по навршување на одредена возраст. Изразено во евра по глава на жител по постојани цени.); *домаќинства со високо финансиско оптоварување поради трошоците за живот во %* (Трошоците за домување се една од карактеристиките на економскиот и социјалниот живот. Мерката се изразува како % од расположливиот приход по глава на жител што е достапен по плаќањето на трошоците за домување.); *% од домаќинствата со заостанати кредитни обврски* (Мерката покажува процент на домаќинства со заостанати долгови.); *трошоци за истражување и развој како % од БДП* (Мерката е изразена како учество на расходите за истражување и развој во БДП.); *владините трошоци за здравствена заштита како % од БДП* (Мерката го покажува учеството на државните расходи за здравствена заштита во однос на БДП.); *трошоци за образование како % од БДП* (Мерката го покажува учеството на државните расходи за наука и образование во однос на БДП.); *социјални трошоци како % од БДП* (Социјалните трошоци се реализираат преку државни наменски фондови, повеќегодишни програми и европски фондови. Мерката е изразена како % од БДП.); *долгот на приватниот сектор како % од БДП* (Инструменти што се земаат предвид при составувањето на долгот на приватниот сектор се должничките хартии од вредност и заемите. Индикативниот праг за долгот на приватниот сектор е 133 %.); *обврските на финансискиот сектор како % од БДП* (Вкупните обврски на секторот на финансиските институции ја мери еволуцијата на вкупните обврски [вклучувајќи готовина и депозити, должнички хартии од вредност, заеми, акции и акции на заеднички фондови, осигурување, пензии и стандардни

гаранции, деривати на вработените и опции за акции и обврски на други финансиски корпорации]. Податоците се претставени како % од БДП и во милиони национални валутни единици.).

3) <u>Неплатни</u> (англ. non-wage) – *индекс на цените на куќите* (Индексот на цените на куќите ги опфаќа промените на цените на сите станбени имоти купени од домаќинствата [станови, одвоени куќи, градски куќи итн.] и нови или постоечки, без оглед на нивната крајна дестинација и претходните сопственици.); *км автопатишта на 1.000 квадратни километри* (Мерката го изразува нивото на транспортна пристапност на земјите на ЕУ, изразено како број на километри автопатишта на 1.000 квадратни километри од површината на земјата.); *број на самовработени лица на возраст од 15 – 64 во %* (Мерката изразува степен на претприемништво на земја од ЕУ. Тоа се изразува со процентот на луѓе на возраст од 15 – 64 години кои водат сопствен бизнис [самовработени]); *број на патенти по глава на жител* (Индикаторот го мери бројот на барања за патентна заштита на пронајдок поднесени до Европскиот патентен завод [ЕПО], без разлика дали тие биле одобрени или не. Податоците го покажуваат вкупниот број апликации по земја по глава на жител.); *очекуван животен век во години* (Просечниот број на години од животот што остануваат за граѓанин на одредена возраст и група.); *% од домаќинствата што користат широкопојасен интернет* (Пресметано како % од домаќинства кои користат брз интернет.); *% од луѓето на возраст од 25 – 64 години со повисоко образование* (Пресметано како % од населението на возраст од 25 – 64 години кое има завршено високо образование.); *% од луѓето изложени на ризик од социјална исклученост* (Социјалната исклученост има негативно влијание врз квалитетот на човечкиот капитал, ги ограничува активностите, претприемништвото и иновациите и ги зголемува трошоците за функционирање на државата. Се изразува во %.); *% на криминал, насилство и вандализам* (Мерката го изразува процентот на дела поврзани со насилство/вандализам од вкупните кривични дела во една земја на ЕУ.); *стапка на невработеност на возраст од 15 – 74 години* (Најчесто, стапката на невработеност се дефинира како однос на бројот на невработени со бројот на економски активни луѓе [работната сила на дадена популација]. Изразено во %.); *просечен број на станови на 1 лице во домаќинство* (Пресметано како број на станови на 1 лице во домаќинство.); *глас и одговорност* (Перцепција за степенот до кој државјаните на една земја можат да учествуваат на владините избори, како и слободата на изразување, здружување и слободни медиуми.); *политичка стабилност и отсуство на насилство/тероризам* (Индекс кој ги мапира перцепциите за веројатноста дека владата ќе биде дестабилизирана или соборена со неуставни мерки или насилство, вклучително и политички мотивирано насилство и тероризам.); *ефективност на владата* (Перцепција за квалитетот на јавните услуги, квалитетот на државната служба и нејзиниот степен на независност од политички притисоци, квалитетот на формулирањето и спроведувањето на политиките и кредибилитетот на вклученоста на владата во таквите политики.); *регулаторен квалитет* (Перцепција за способноста на владата да формулира и имплементира здрави политики и регулативи што овозможуваат и промовираат развој на приватниот сектор.);

*владеење на правото* (Перцепции за степенот до кој агентите веруваат и се придржуваат до правилата на општеството, особено квалитетот на извршувањето на договорите, имотните права, полицијата и судовите, како и веројатноста за криминал и насилство.); *контрола на корупцијата* (Перцепција за степенот до кој јавната моќ се практикува за приватни придобивки, вклучувајќи ги и помалите и големите облици на корупција, како и елитното „заземање" на државните и приватните интереси.).

## Индекс на инклузивен развој

Индекс на инклузивен развој (Inclusive Development Index), метрика развиена од Светскиот економски форум (The World Economic Forum). На него се гледа како на алтернатива на БДП.
Кај инклузивниот раст зборуваме за висок и одржлив раст, односно за алатка што ќе овозможи еднаков пристап до него, без оглед на социјалната група, односно еднаков пристап до неговата распределба, во смисла на здравство, образование и инфраструктура.
Со оглед на фактот што инклузивноста е релативно нов концепт, методите за нејзиното мерење се во фаза на предлози и на разработка. Се среќаваат предлози за методи за мерење од Европската комисија, од OECD (ОЕСР) и од страна на Светскиот економски форум. Европската комисија го промовира таканареченото активно вклучување, т. е. „овозможување на секој граѓанин, особено на најзагрозените, целосно да учествува во општеството, вклучително и да има работа", а алатките за тоа се: соодветна поддршка на приходите, инклузивни пазари на труд и пристап до квалитетни услуги (European Commission, 2025). Европскиот столб за социјални права дефинира 20 принципи за Европската Унија да стане поинклузивна и поправедна и да го подобри животот на сите европски граѓани. Тие се поделени во три столба: 1) еднакви можности и пристап до пазарот на трудот; 2) фер услови за работа и 3) социјална заштита и инклузија.
На табеларниот преглед бр. 3.2 се прикажани група индикатори и нивни подинтекси со чие мерење би се оформила слика за колку изнесува ИИР.

Табеларен преглед 3.2. *Конструкција на Индексот за инклузивен развој*

| **Индекс за инклузивен развој (ИИР)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Раст и развој** | | **2. Вклучување** | | **3. Меѓугенерациски капитал и одржливост** | |
| **1.1.** | БДП по глава на жител | 2.1. | Нето приход Џини | 3.1. | Прилагодени нето-заштеди |
| **1.2.** | Продуктивност на трудот | 2.2. | Стапка на сиромаштија | 3.2. | Јаглероден интензитет |
| **1.3.** | Здрав животен век | 2.3. | Богатство Џини | 3.3. | Јавен долг |
| **1.4.** | Вработување | 2.4. | Просечен приход | 3.4. | Коефициент на зависност |

Извор: (WEF, 2018, p. 2)

## 3.4. Врските на релација инклузивен раст – одржлив развој

Инклузивниот раст и одржливиот развој, иако се поврзани, имаат различни фокуси. Инклузивниот раст нагласува правична распределба на економските придобивки низ сите сегменти на општеството, осигурувајќи дека секој има пристап до можности и ресурси. Од друга страна, одржливиот развој се фокусира на задоволување на потребите на сегашноста без да се загрози способноста на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, опфаќајќи ги еколошките, социјалните и економските аспекти.

Како клучни аспекти на инклузивниот раст се: заштита на ранливи групи преку нивно интегрирање во пристапот до можностите, продуктивно вработување, обезбедување пристап до можностите и ресурсите за сите, справување со нееднаквоста и социјална правда и сл. Целите на инклузивниот раст се обезбедување правична распределна на придобивките од економскиот напредок.

А, како клучни аспекти на одржливиот развој се издвојуваат: заштита на природните ресурси и животната средина, задоволување на потребите на сегашните генерации без компромитирање на идните генерации, промовирање на социјална еднаквост и благсостојба, фокус на долгорочните влијанија на активностите.

Инклузивниот раст не само што го зголемува економското производство, туку обезбедува и правична распределба на економските можности и ресурси.

Она што го поврзува со одржливиот развој е фактот што ги има предвид социјалните и еколошките придобивки, заедно со економскиот развој.

Инклузивниот раст нашироко се смета за клучна состојка за одржлив развој.

Инклузивниот раст често се смета за неопходна компонента на одржливиот развој, бидејќи обезбедува придобивките од економскиот раст да се распределуваат праведно и без никој да биде исклучен на маргините.

Одржливиот развој ја обезбедува рамката за инклузивен раст со тоа што обезбедува економските активности да се спроведуваат на начин што е еколошки здрав и општествено одговорен.

На пример, социјално претпријатие со инвестирањето во обновлива енергија може да создаде работни места за маргинализирана група од недоволно развиени подрачја (инклузивен раст), а воедно да ја намали зависноста од фосилни горива и да ги ублажи климатските промени (одржлив развој).

## 3.5. Дистинкција меѓу инклузивен и економски раст

Економскиот раст се фокусира на зголемување на вкупното производство на стоки и услуги на нацијата, честопати мерено според БДП. Инклузивниот раст, од друга страна, нагласува дека економскиот раст треба да им користи на сите сегменти од општеството, особено на сиромашните и маргинализираните, обезбедувајќи правична распределба на богатството и можностите. Фокусот на

економскиот раст е зголемување на вкупната големина на економијата, со цели насочени кон проширување на производството на стоки и услуги.  Придобивките од економскиот раст се во тоа што со повисок економски раст може да дојде до зголемен национален доход, до создавање работни места и повисок животен стандард. Негативните страни од екомскиот раст се во тоа што може да доведе до нееднаквост ако има нееднаквост во распределбата на придобивките од растот.
Инклузивниот раст се јавува како коректив на недостатоците од економскиот раст со цели насочени кон намалување на сиромаштијата, намалување на нееднаквоста, подобрување на животниот стандард без создавање маргинализирани групи на поединци, промовирање социјална правда.  Кога имаме само економски раст, пристапот до квалитетно образование, здравство, можностите за вработување и сл., се привилегија за повисоките слоеви од социјалната пирамида, а инклузивниот раст се залага за еднаков пристап за сите.

Табеларен преглед 3.3. *Клучни разлики меѓу економски раст и инклузивен раст*

| **Карактеристики** | **Економски раст** | **Инклузивен раст** |
|---|---|---|
| Основен фокус | Зголемување на вкупното економско производство | Правична распределба на придобивките од растот |
| Мерење | БДП | Намалување на сиромаштијата, намалување на нееднаквоста, индикатори за социјална инклузија |
| Потенцијални проблеми | Зголемување на нееднаквоста | Неможност за спроведување на политиките |

Извор: Сопствен приказ

# Глава IV: ПЕРСПЕКТИВИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНКЛУЗИВНИОТ РАСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 4.1. Контекстуална поврзаност

Во литературата за социјалното претприемништво повеќе внимание е посветено на индивидуалните фактори, отколку на контекстуалните фактори, кои и те како имаат влијание во неговото ставање во социоекономскиот контекст. Во тој контекст, во економската литература можат да се сретнат следниве контекстуални фактори: релационалните, културните и институционалните (Dacin, Dacin & Matear, 2010).

*Релациони фактори*

Како репрезент на релационите фактори го вбројуваме социјалниот капитал, на кој во рамките на докторскиот труд му беше посветено значително внимание. Рековме дека него го креираат учесниците, во случајов, во социоекономскиот дискурс, кои креираат спoеви или релации, кои ги користат во креирањето инклузивен раст (авторски интенции). Неспорен е фактот дека социјалниот претприемач, како и само претприемачот, создава индивидуален капитал, меѓутоа создавањето социјален капитал е еден од факторите што тоа го овозможуваат.

Во Северна Македонија, во истражувањето што беше спроведено за оваа намена и што е подетално елаборирано во рамките на погорниот текст, се дава до одреден степен значење на релационите фактори, односно на креирањето социјален капитал, меѓутоа не се во доволна мера изразени состојбите кај маргинализираните групи граѓани. Една од формите на организации што можат да придонесат во поттикнувањето на групите кои во општествените заедници остануваат на маргините, се токму социјалните претпријатија, преку разни обуки и преку директно вклучување во мрежи што ќе придонесат за остварување на целите што ќе доведат до нивна инклузија.

*Институционален или административен контекст*

Во рамките на институционалниот (или уште т.н. административен) контекст се вбројуваат општествено-економските, политичките и институционалните сегменти во дејствувањето на одредена заедница. Северна Македонија е земја која се наоѓа во својот развоен период и во негови рамки се среќаваат негативни осцилации што подразбираат неконзистентност и неусогласеност на законската регулатива, вклученост на политиката во институциите и неможност за објективност во вршењето на дејноста (случајот со судскиот систем и сл.), присутност на

корупцијата и многу други негативни состојби кои креираат недоверба во институциите.

Сите тие неповолни услови креираат состојба на потреба од дополнителни решенија од независни институции/организации. А, како една од формите што можат да имаат ефект во овој контекст и што можат да доведат до придвижување во позитивна насока на одредени општествено-економски деформитети што се јавуваат, се токму социјалните претпријатија, меѓутоа поставени во таква форма во која не би се создале услови за надворешни влијанија кои би ги настраниле основните социјални (и економски и еколошки) цели.

*Културни контекстуални фактори*

Со оглед на фактот што социјалните претпријатија, во најголем дел случаи, се фокусирани на изнаоѓање решенија за локални проблеми (иако со универзален предзнак), неизоставно е да се споменат и културните контексутални фактори. Тие се поврзани со културата на еден народ, во која можеме да вброиме: верувања, навики, јазик, идентитет, вредности и сл.

## 4.2. Социоекономски контекст во Северна Македонија

Социоекономската состојба за време и по пандемијата со Ковид-19 е доволен показател дека целокупно во светската економија, а посебно во државите во развој, каква што е и Северна Македонија, се неопходни иновации за решенија онаму каде што традиционалните актери во социоекономски контекст помалку или повеќе или воопшто не успеале.

Негативните економски шокови најмногу ги погодија мергинализираните, ранливите категории граѓани. Бизнисите, посебно микро и малите, се соочуваат со проблеми поради помала побарувачка на нивните производи и услуги и неможноста да ги задржат вработените. Владините мерки, на сите ни е добро познато, не стигнуваат до секого или не секогаш стигнуваат до оние на кои им е најпотребно. Второто можеме да го потврдиме со пример од оглас за финансиска поддршка преку грант наменет за микро и мали претпријатија, со услов да имаат најмалку двајца вработени (во оваа група не можат да влезат микро претпријатијата основани со самовработување, на кои, непобитен факт е дека им е најмногу неопходна поддршка). Сите тие проблеми ја влошуваат и социоекономската и еколошката состојба на маргинализираните групи субјекти во државата. Во тој контекст, управувањето со предизвиците со кои се соочува Северна Македонија, од проблеми со капацитетите на јавните институции, корупцијата, недоволната општествена одговорност на големите компании, нефунцкионалноста на НВО поради зависноста од донаторите кои во многу ситуации се надворешни и не секогаш имаат или имаат  ограничено разбирање за локалните предизвици... сето тоа претставува основа за потребата од вклучување на приватниот сектор во форми кои ќе придонесат за инклузивен раст.

Во погорниот текст посочивме за какви видови социјални претпријатија постојат, а во трудот ја застапуваме тезата за социјални претпријатија кои користат бизнис-модели за унапредување на нивната општествена мисија и тоа на финансиски одржлив начин. Нивниот фокус е на максимизирање на јавното добро наспроти максимизирање на профитите на акционерите и другите видови приватни сопственици. Ваквите претпријатија се со локална дејност и тие можат најдобро да допрат до предизвиците со кои се соочуваат локалните заедници, и тоа преку иновативни решенија. Покрај економски раст и богатство за сопствениците, овие претпријатија можат да создадат значителни социјални придобивки за маргинализираните групи.

### 4.3. Институционалниот изоморфизам наспроти хибридниот карактер кај социјалните претпријатија

Социјалните претпријатија се релативно нови форми на организации кои немаат добиено целосен институционален легитимет во општествата. Социјалните претпријатија, поради големиот број на засегнати страни (стејкхолдери) со кои остваруваат релации се дефинираат и како „мултиресурсни организации" (Gardin, 2006 & Young, 2007, as citated in Huybrechts, B. at al., 2014).

Во овој контекст, во литературата се разликуваат две теории кои имаат цел идентификација на заинтересираните страни (стејкхолдерите): а) теорија на зависноста на ресурсите и б) институционална теорија (Huybrechts at al., 2014). Теоријата на зависноста од ресурсите зборува за тоа дека организациите се зависни и воспоставуваат релации во процесот на создавање ресурси: финансиски ресурси, материјални ресурси, човечки ресурси, пристап до информации и општествена легитимација (Pfeffer & Salancik, 1978, as citated in Huybrechts at al., 2014, pp. 157-176). Меѓутоа, во процесот на интеракции со стејкхолдерите се создаваат релации на зависност и контрола (тоа најчесто се случува кај непрофитните организации кои стануваат зависни од донаторите и неретко се ограничени во слободата во остварувањето на своите цели), па тука би истакнале дека оној кој ги поседува ресурсите го контролира оној на кој му се потребни (Huybrechts at al., 2014).

Кај институционалната теорија зборуваме за пристап погледнат низ легитимитетот кој одредена организација го стекнува во општествено-економсата заедница. Во овој поглед релациите со стејкхолдерите можат да зависат од ирационалните процеси на легитимизација и на доминација (Huybrechts at al., 2014).

Таквите ирационални процеси (митови, институционални притисоци) можат да придонесат формите за кои се залагаат застапниците за социјалното претприемништво, да бидат модулирани врз основа на веќе воспоставените институционални организациски форми кои егзистираат. Во овој случај зборуваме за изоморфизам, процес во кој се случува тенденција на хомогенизација со тенденција за идентичности/сличности во организациските структури. Во рамките

на тој хомогенизациски процес можат да се случат три вида изоморфни притисока: коерцивен, миметички и нормативен. Кога зборуваме за коерцивен притисок можеме да го дефинираме од формален (формалните стејкхолдери од кои зависи функционирањето на, во случајов, социјалното претпријатие) и од неформален аспект (тука зборуваме за културна призма, во смисла на развиена свест, очекувања, помоќни организации и сл.). Миметички притисок имаме кога се случуваат имитација и прифаќање постоечки концепти. Тој произлегува поради немањето легитимит и отсуство на доверба кај заедницата наспроти веќе докажаните организациски форми. Нормативниот легитимитет е поврзан со нормативните пропишани вредности, најчесто од државата и во такви ситуации најчесто се случува прифаќање пропишана форма со веќе стекнат легитимитет DiMaggio & Powell, 1983, as cited in Huybrechts at al., 2014, pp. 157-176). Во овој контекст, во литературата се среќаваат три вида легитимитет прагматичен, морален и когнитивен (Suchman, 1995; Scott, 2000, as cited in Huybrechts at al., 2014, pp. 157-176). Постигнувањето прагматичен легитимитет имаме кога постои мотивираност за прифаќање од одредени стејкхолдери од прагматични причини (Larner & Mason 2010, pp. 3-4) и тој зависи од степенот на интерес на стејкхолдерите при обезбедувањето ресурси (Huybrechts at al., 2014). Ваквите прагматични мотиви можат да доведат до нерамнотежа во релациите (како што се случајот со контролната средина, на пример на финансиерите, што кај социјалниот бизнис се надминува со вклучувањето на економската компонента во своето работење). Процесот на прифаќање на нормите од заедницата (Huybrechts at al., 2014) се дефинира како миметички притисок, кој, во суштина, е усогласување со веќе воспоставениот легитимитет во општествено-економската заедница. Во овој контекст, доаѓаме до моментот кога зборуваме за судирот на хибридниот карактер на социјалните претпријатија, од една страна, и изоморфните тенденции, од друга страна. Когнитивниот легитимитет зборува за културните вредности кои секое едно социјално претпријатие ги промовира.

Некои автори, пак, сметаат дека не можеме целосно да зборуваме за изморфен притисок кај социјалните претпријатија (Nicholls & Cho, 2006, p. 111-115).

На табеларниот преглед со бр. 4.1 е прикажано влијанието на изморфичните притисоци кај две различни форми на организации во Северна Македонија, едното непрофитна организација (здружение), а другата профитно претпријатие (трговско друштво). Коерцивниот притисок кај нив има различно влијание, што не е случај со нормативниот. Кај миметичкиот притисок, пак, се јавуваат притисоците за функционирање во рамките на формите во кои се основани, а таквите тенденции се поради отсуство на посебен закон за социјално претприемништво. И кај двета субјекта се јавува потребата од посебен закон за социјално претприемништво кој ќе претставува можност за развивање на иновативните идеи за постигнување еквилибриум помеѓу социјалната и економската компонента.

Табеларен прегед 4.1. Влијание на институционалниот притисок (кај два субјекта со различна организациска форма кои применуваат модел на социјално претремништво)

| **Субјекти** → / **Институционален изоморфизам** ↓ | Покров (терапевска заедница, преку модел на социјално претпријатие функционира во рамките на здружението Извор) Организациска форма: непрофитна организација | Фрешис (трговско друштво, со интерна одлука применува модел на социјално претприемништво) Организациска форма: трговско друштво |
|---|---|---|
| Коерцивен притисок | – Позитивно влијание при достапноста во обезбедувањето донации<br>– Негативно влијание при достапноста до традиционалните финансиски извори (банкарски кредити) | – Негативно влијание при достапноста во обезбедувањето донации<br>– Позитивно влијание при достапноста до традиционалните финансиски извори (банкарски кредити) |
| Нормативен притисок | – Превладување на воспоставените норми за непрофитни организации<br>– Отсуство на легитимитет за социјално претпријатие | – Превладување на воспоставени норми за профитни претпријатија<br>– Отсуство на легитимитет за социјално претпријатие |
| Миметички притисок | Принуда за движење во рамките на воспоставеното организациско поле за непрофитните организации | Принуда за движење во рамките на воспоставеното организациско поле за профитните претпријатија |

Извор: Сопствен приказ заснован на моделот на DiMaggio и Powell за поделбата на институционалниот изоморфизам

**Заклучни согледувања за влијанието на институционалниот изоморфизам и хибридниот карактер кај социјалните претпријатија** – Социјалното претприемништво и институционалниот изоморфизам се отворено поле за истражување. Институционалниот изоморфизам е резултат на хомогенизирачкиот процес на организациите во дадено организациско поле и во интеракциите со разните стејкхолдери. Социјалните претпријатија се карактеризираат со хибриден карактер на нивното организирање, тие се агенси на промени чии организациски форми произлегуваат од иновативниот концепт кој се применува. Хомогенизацијата на организациите е во спротивност со интенциите на социјалното претприемништво за промени на дисфункционалните системи во општествата. Хомогенизациите би биле во спротивност со иновациите.

Во најголем процент од организациите што применуваат социјално претприемништво во Северна Македонија е застапен кај непрофитните организации. Тие се основаат и функционираат според нормите утврдени со

Законот за здруженија и фондации. Имено, со овој закон се овозможува организациите да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот. Ова им овозможува да спроведуваат модели на социјално претприемништво, кое се карактеризира со хибриден спој на бизнис и на социјална компонента.

Постои можност социјалните претпријатија да добијат легимитет кој ќе биде сличен со непрофитните организации, односно со т.н. трет сектор, иако тенденциите на овој релативно нов концепт во светот се за нов четврти сектор, покрај, непрофитниот, профитниот и јавниот сектор.

Немањето посебен закон, од кој, всушност, претставува и рамка која ќе го исцрта формалниот легитимитет на овој концепт, и покрај спротивставените сили со самата нивна природа, сепак, се јавува како неопходност, поради неможноста за спроведување на иницијативите и иновациите низ постоечките форми на организации: здруженија и фондации, трговски друштва, задруги и сл. Меѓутоа, колку што постоењето нов закон може да биде придобивка, толку може и негативно да влијае доколку тој не соодвествува со потребите и доколку не произлезе од практиката.

Препораката што произлегува од ова истражување е да се донесе посебен закон за социјално претприемништво, кој ќе претставува можност за развој на социјалното претприемништво како четврти сектор во општеството, а не ограничување или еден вид надополнување на третиот непрофитен сектор.

### 4.4. Приказ на правно-нормативните аспекти

Во рамките на претходниот дел од ова поглавје донесовме заклучок дека социјалното претприемништво не е нормативно уредено, односно моменталното законодавство не ги препознава социјалните претпријатија, но и дадовме препорака дека треба да се уреди, со акцент на тоа законот да произлегува од реалните потреби и интенции на овој релативно нов концепт во рамките на пазарната економија.

Анализата во овој конткест ќе ја започнеме од Уставот на Република Северна Македонија, како највисок и основен закон во секоја една држава. Во Уставот на РСМ со ченовите 1, 34, 35 и 55 е создадена основа за креирање законска рамка специфична токму за социјалното претприемништво.

Во Северна Македонија не постои посебен закон за социјално претприемништво, иако уште во подалечната 2015 година е донесен Предлог-закон за социјално претприемништво, исто и во 2023 година на веб-страницата на Министерството за труд и социјална работа е поставен Предлог-закон за социјалните претпријатија, меѓутоа и двата не се донесени од страна на Собранието на РСМ.

За потребите на докторскиот труд беа анализирани двата текста, при што во продолжение ќе бидат изнесени одредени мислења и сугестии, како што се:

- проширување на дефиницијата за социјално претприемништво која нема да создаде ограничувачка рамка и оневозможување за развој на иновативните идеи на социјалните претприемачи;
- креирање листа со корисници на социјалното претприемништво, во насока да бидат опфатени објективните групи на маргинализирани лица;
- дефинирање услови за основање социјално претпријатие, не само во форма на стекнување статус на социјално претпријатие од страна на постојно трговско друштво или здружение (таквиот начин ќе го издигне социјалното претпријетие со легитимитет еднаков на постојните форми на организации/трговски друштва што се основаат во државата);
- вклученост на засегнатите страни во креирањето програмата за социјалното претприемништво;
- формирање стручно ресорно тело за институционална поддршка на социјалното претприемништво;
- состав на советот за социјално претприемништво врз принципот на еднаквост, со цел да не продуцира услови за сегрегација и притисоци што ќе ги засенат остварувањето на целите на овој вид претприемништво;
- креирање организациска форма што ќе биде адекватна за остварувањето на целите на овој релативно нов концепт, но и ќе оневозможи нивно претопување и злоупотреба од страна на веќе постоечките организациски форми поради чие функциоирање и се појавува овој вид социјален бизнис, имајќи го предвид фактот дека социјалното претприемништво не се појавува со цел да ги покрие недостатоците во остварувањето на целите на постојните форми на организации и институции, туку да изнајде решенија за деформитетите што тие ги создаваат итн.

Поставената рамка за реализација на Предлог-законот е февруари 2021 година до април 2023 година.[18]

Социјалната сигурност и заштита, како и човековите права, во Северна Македонија, исто и во светот, се уредени со поголем број повелби и меѓународни договори (Универзалната декларација за човекови права на Организацијата на Обединетите нации [ООН], Милениумските развојни цели на ООН, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Ревидираната европска социјална повелба на Советот на Европа и сл.).

Во рамките на стратегиските развојни цели што се поставуваат од страна на Европската Унија, се нотира дека намалувањето на сиромаштијата и социјалната инклузија се едни од носечките развојни цели. А, исто така, и иницијативите за

[18] Тоа подразбира дека не е реализирана.

социјален бизнис во Европската Унија се присутни во програмите за борба против сиромаштијата и против социјалната исклученост.

Во Северна Македонија се донесени повеќе законски и подзаконски акти што го дефинираат опфатот на мисиите кон кои целат социјалните претпријатија, и тоа: Законот за вработување инвалидни лица, Законот за инвалидски организации, Законот за социјална заштита, Нацрт-национална развојна стратегија (2024 – 2044), Национална програма за достоинствена работа во Северна Македонија (2023 – 2025), Стратегија за развој и управување со човечките ресурси, Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика, Стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027), Национална стратегија за еднаквост и недискриминација (2022 – 2026), Национална стратегија за вработување (2021 – 2027), Стратегија за безбедност и здравје при работа (2021 – 2025), Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) итн.

***Заклучни согледувања за правно-нормативните аспекти*** – Немањето посебен закон, којшто, всушност, претставува и рамка што ќе го исцрта формалниот легитимитет на овој концепт, и покрај спротивставените сили со самата нивна природа, сепак, се јавува како неопходност, поради неможноста за целосно спроведување на иницијативите и иновациите низ постоечките форми на организации: здруженија и фондации, трговски друштва, задруги и сл. Меѓутоа, колку што постоењето нов закон може да биде придобивка, толку може и негативно да влијае доколку тој не соодвествува со потребите и доколку не произлезе од практиката. Позитивен чекор во овој контекст е направен со креирањето Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), која ќе биде анализира во следните делови од овој труд. Исто така, позитивен чекор е тоа што со новиот *Закон за јавни набавки* (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 24/2019) е воведена можноста за резервирани набавки. Што тоа значи? Во суштина тоа се еден вид социјални набавки, односно договорниот орган (државни институции) има право да го резервира правото на учество при постапката за јавни набавки за економски оператори што во своето работење за основна цел ја имаат професионалната интеграција на лицата со пречки во развојот или на лица од социјално ранливи групи. Практиката зборува дека ваквите можности засега остануваат неискористени поради отсуство на капацитети кај јавните институции да ги спроведуваат овој вид резервни договори, но, исто така, и отсуство на капацитети кај постоечките социјални претпријатија во Северна Македонија, да ги задоволат останатите потреби за јавни набавки. Во контекст на социјалното претприемништво позитивни чекори има направено и во рамките на новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104 од 23.5.2019 година), во кој се предвидени унапредувања и развој на социјалните услуги, како оние што ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, така и во заедницата и во семејството, меѓутоа и можоста за создавање иновативни и интервентни социјални услуги. Како субјекти за обезбедување и за давање социјалните услуги, покрај локалната самоуправа, се нотираат и здруженијата на

граѓани, физичките лица и приватниот сектор. Меѓутоа, со оглед на фактот дека зборуваме за период во отсуство на специјален закон за социјално претприемништво, вистинските форми за кои се залагаме во рамките на овој труд за социјален бизнис, не доаѓаат до израз за искористување и на оваа мерка.

### 4.5. Социјалното претприемништво во Северна Македонија

Во рамките на Националната стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), во однос на мапирање на состојбата со социјалното претприемништво е нотирано следново:

- *„Повеќето од социјалните претпријатија се во фаза на зародиш или ран развој во однос на значајни и континуирани економски активности. Активноста на социјалните претпријатија често се организира како проект или работа на нова организација, која сè уште не е независна. Постојат само неколку социјални претпријатија кои ги зголемија своите економски активности до одредено ниво на одржливост што може да го покаже потенцијалот за раст на социјалните претпријатија во земјата*.
- *Иако одредени форми на социјално претприемништво веќе постоеја во претходниот социјалистички систем, повеќето од оние што денес се сметаат за социјални претпријатија се основани во последните три до четири години; но сепак, има и пионери што работат речиси десет години*.
- *Најчести се социјалните претпријатија за работна интеграција кои претставуваат независни економски субјекти, чија главна цел е професионална интеграција на лица кои се соочуваат со тешкотии за вклучување на пазарот на трудот. Интеграцијата се постигнува преку продуктивна активност, или преку обуки и образование за развој на вештини на корисникот. Другите сектори во кои постојат социјални претпријатија се образование, рехабилитација и ресоцијализација, домашна нега и помош, лична помош за лица со попреченост, како и продажба на локални производи, занаетчиство, производство на органска храна, еко-туризам, здравствена заштита и унапредување на здравјето, спорт и рекреација, развој на локалната заедница, промоција и заштита на традиционалните уметности и занаети. Сè уште нема социјални претпријатија што работат на циркуларна економија, обновлива енергија или финансии.*
- *Социјалните задруги кои се доминантна форма на социјални претпријатија во многу земји на ЕУ речиси и не постојат во Северна Македонија. Една од причините за ваквата состојба е што задругите во земјата се во опаѓање, но и поради тоа што постои тесно правно толкување на целта на задругата во*

*македонските закони за задруги, вклучувајќи ги и земјоделските задруги, каде што стои дека задругите треба да следат заемни (т. е. само на членовите), а не општи интереси (на заедницата/општеството/животната средина).*

- *Постоечките социјални претпријатија опслужуваат разновидна група корисници, најчесто ранливи групи, како што се жени, лица со попреченост, Роми, ранлива младина, рурални заедници итн.*
- *Заедницата на социјални претпријатија полека расте и се шири во различни области. Повеќето социјални претпријатија се микро или мали претпријатија со 3 – 4 вработени и неколку волонтери. Постојат ретки случаи на социјални претпријатија со повеќе од 10 вработени и повеќе од 10 волонтери.*
- *Граѓанските организации први започнаа со развој на социјални претпријатија. Поради тоа, повеќето социјални претпријатија се регистрирани како здруженија, по што следат правни форми како што се друштвата со ограничена одговорност или занаетчии, додека повеќето од задругите и заштитните друштва не се идентификуваат како социјални претпријатија.*
- *За да се премости ограниченоста во понудата на јавна финансиска помош, достапна за граѓанските организации од една страна и на трговските друштва од другата страна, неколку социјални претпријатија формираа две организациски и финансиски поврзани организации во согласност со постоечките законски форми и со тоа усвоија хибридна организациска форма или модел*.
- *Со текот на годините, социјалните претпријатија покажаа голема издржливост и посветеност да им служат на своите групи корисници и заедници и да придонесат за нивниот развој. Некои беа успешни и во трансферот и пилотирањето на нови иновативни пристапи од други европски земји прилагодени на националниот контекст*." (НСРСПРСМ, pp. 8-9).

Во рамките на *Националната стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027*) е нотирано дека во Северна Македонија не постои регистар на социјални претпријатија (НСРСПРСМ, p. 14), меѓутоа за потребите на трудот при анализата и набљудувањето на интернет-изворите кои се достапни во државата, беше утврдено дека е направен *Регистар на социјални претпријатија во Северна Македонија* од страна на платформата *Социјално претприемништво за млади претприемачи*. Од анализата на Регистарот можат да се донесат следниве заклучоци:

- Форми на организации во кои се регистрирани социјалните претпријатија се: невладина организација, мало трговско

друштво (ДОО или трговец-поединец), занаетчија, земјоделско стопанство, задруга и сл.

– Корисниците кои се опфатени со социјалните претпријатија содржани во Регистарот (како вработени и/или како корисници на социјалните цели) се: млади Роми, млади со попреченост, млади без родителска грижа, млади поранешни зависници од дрога, млади жени, млади од маргинализирани групи, самохрани мајки од маргинализирани средини, жени кои претрпеле траума и/или се жртви на семејно насилство и сл.
– Дел од нотираните субјекти се со неактивна дејност, кај дел може да се забележи нејасна социјална цел.

Во рамките на Регистарот можат самите субјекти да се додадат во листата со пополнување формулар со податоци што ја отсликуваат природата на социјално претпријатие. Во мометот на последниот пристап (18 август 2025 г.) регистарот брои 57 субјекти.

Во Северна Македонија во последните години се забележуваат граѓански организации, мали претпријатија и разни видови центри, акцелератори, хабови кои нудат поддршка за градење капацитети на социјалните претпријатија.

**Студија на случај 1** – Како пример во овој контекст може да се спомене случајот на *„Арно*" – здружение за социјални иновации, основано е во 2013 година, и себеси се смета за пионер во полето на социјалното претприемништво. Тие преку натпреварот „Зелени идеи‟ стануваат препознатливи во поглед на подигнување на свеста во полето на зеленото претприемништво. Нивната визија се огледа во развивањето и поддршката на социјалните иновации преку дизајнирање нови опции и различни социјални иницијативи, кои развиваат активни, независни граѓани кои дејствуваат заедно и придонесуваат кон развој на заедницата и позитивните општествени промени. Клучни области на фокус им се: социјални иновации, социјално претприемништво, зелена економија, стручно образование за младинско вработување, филантропија и општествена одговорност на претпријатијата, агенда за развој, пост-2015, застапување, млади.

**Студија на случај 2** – Мрежа на социјални претпријатија во Северна Македонија, основана во 2019 година, која имплементира цели во смисла на промовирање на јавниот имиџ на секторот, обезбедување соработка и мулти-секторски партнерства со други суштински фактори на национално/регионално и на европско ниво. Во јануари 2020 година, мрежата броела вкупно 44 члена, од кои 24 се социјални претпријатија и 20 се членови за поддршка (НСРСПРСМ: 14).

**Студија на случај 3** – Асоцијација за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК (издавач на уличното списание „Лице в лице‟) – Врши социјални менторства за вработувања и други активности кои придонесуваат до инклузија на маргинализирани групи граѓани. Социјалните менторства се одржуваат и со потенцијални вработени и со работодавачи, но и се вршат обуки за социјални ментори.

## 4.6. Инклузивен раст во Северна Македонија

Инклузивниот раст во Северна Македонија во најголем дел од случаите го среќаваме терминолошки во документите што ја дефинираат проблематиката за стратегиските цели кон кои се движи државата, меѓутоа во истражувањето спроведено за докторската дисертација, до самото нејзино финализирање не се сретнаа посебни документи кои во целост го дефинираат и го оцртуваат инклузивниот раст во земјата.

Имено, на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика се среќаваат повеќе категории документи, кои, поаѓајќи од детерминантите на инклузивниот раст, можеме да ги категоризираме дека опфаќаат област која е фокусирана токму во тој правец, и тоа:

- *Документи од областа на работните односи и вработувањето*: Национална стратегија за вработување (2021 – 2027) и Акциски планови; Стратегија за безбедност и здравје при работа (2021 – 2025) со Акциски план за безбедност и здравје при работа за период (2021 – 2023); Стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2021 – 2025) и Акциски план за спроведување на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството; Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) и Акциски план (2021 – 2023) за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија и др.
- *Документи од областа на социјалната заштита*: Национална стратегија (2020 – 2025) и Акциски план (2020 – 2022) за превенција и заштита на децата од насилство; Национална стратегија за деинституционализација во Република Македонија (2018 –2027) „Тимјаник"; Национална стратегија за правата на лицата со попреченост (2023 – 2030) со Акциски план на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2026; Национална програма за развој на социјалната заштита (2022 – 2032); Програма за остварување социјална заштита за 2025 година; Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2024 година; Програма за рефундирање средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година; Програма за спроведување мерки за располагање со имотот кој центарот за социјална работа го стекнал врз основа на склучен договор за доживотно издржување со корисници на постојана парична помош; Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2024 година и др.
- *Документи од областа на заштита на децата*: Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2025 година; Програма за развој на дејноста на заштитата на децата за 2021 година; Програма за изградба, опремување и

одржување на објекти за детска заштита за 2024 година; Протокол за постапување со деца со дијабетес во училишта и детски градинки.

- *Документи од областа на млади*: Национална стратегија за млади 2023 – 2027 (204/23) со Акциски план за 2023 – 2025 и др.
- *Документи од областа на родовата рамноправност и недискриминација*: Стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027) со Национален акциски план за родова еднаквост (2022 – 2024) и Оперативен план за спроведување на активностите во надлежност на МТСП од НАПРЕ за 2024 година; Национална стратегија за еднаквост и недискриминација (2022 – 2026) со Акциски план (2022 – 2024) година со проценка на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2022 – 2026) година и Оперативен план за 2024 година за реализирање на активностите од Акциски план (2022 – 2024 година) со проценка на трошоци за спроведувањена Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2022-2026 година); Акциски план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство на Република Македонија (2018 – 2023); Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година; Програма за реинтеграција на жртви на насилство и др.
- *Стратегиски документи од областа на инклузија на Роми:* Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 со Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – „Антициганизам, Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – Вработување и социјална инклузија, Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – Граѓанска регистрација, Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – Домување, Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – Здравство, Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – Култура, Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми (2023 – 2025) – приоритетна област – Образование итн.

Врз основа на достапните податоци за реализацијата на стратегиите, акциските планови и разните програми од нотираните дефинирани области, јасно може да се увиди дека станува збор за мала стапка на остварливост. Имено, достапни се извештаи за: реализација на годишните програми за развој на дејноста за заштита на децата (за периодот од 2017 до 2024 г.); потоа годишни извештаи за реализација на програмите за остварување на социјална заштита (за периодот од 2017 до 2024 г.), за реализација на годишните програми за изградба, опрема и

одржување објекти за социјална заштита и домови за стари лица (за периодот од 2018 до 2024 г.); реализација на програмите за изградба, опрема и одржување објекти за детска заштита (за периодот од 2018 до 2024 г.).

За значителен број од достапните документи, за кои немаше јавно достапни извештајни податоци, беше спроведено истражување за степенот на нивната реализација во согласност со Законот за информации од јавен карактер, а резултатите се презентирани во рамките на одделните поглавја во понатамошниот текст од докторската дисертација.

На веб-страницата на Агенцијата за вработување е достапен следниов документ – Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година. Анализирајќи ја неговата содржина се забележуваат инклузивни мерки и програми, како што се: поддршка за самовработување преку претприемништво, поддршка за креирање нови работни места, субвенционирање вработување, поддршка за вработување лица со попреченост, разни обуки за продуктивни работни места, поддршка за креирање нови работни места преку зелени инвестиции, исплата на младински додаток, гаранција за млади, професионална рехабилитација и вклучување на пазарот на трудот на лица со попреченост и сл. Во рамките на Планот стои дека со него: „се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат креирање нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на гарантирана минимална помош", притоа почитувајќи ги принципите на: а) „диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор во согласност со принципите на правична и адекватна застапеност на етничка, полова, религиозна, расна или која било друга ранлива категорија на граѓани, во согласност со стандардите и практиките на Обединетите нации и Меѓународната организација на трудот" и б) „ поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија, притоа земајќи ги предвид и бројот на евидентирани невработени лица во центри за вработување кои припаѓаат во регионот."

Понатаму стои дека: *„Правото за учество е определно врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја поодделна програма, односно мерка и услуга за вработување, а како општо правило ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажи и жени, во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и учество на младите лица до 29 години од најмалку 40 % секоја од програмите и мерките и услугите за вработување. [...] Во согласност со Програмата на Владата на Република Северна Македонија, 2022 – 2024 година, ќе се настојува да се постигне зголемување на опфатот на Роми во активните мерки за вработување и услуги со воведување на квота од 5 % за опфатеност на Роми*."

При селекцијата на кандидатите стои дека како дополнителен критериум ќе биде применет принципот „прв дојден – прв услужен" – што остава простор за неможност за пристап и опфаќање на маргинализираните на кои мерките им се

најнеопходни. Овој принцип остава простор и за влијание на субјективност под дејство на пристапот на информации кои се најдостапни за вработените во институциите и лицата со кои имаат блиски релациски контакти и кои имаат потреба од користењето на ваквите мерки (заб. на авторот).

На веб-страницата на Агенцијата за вработување, исто така, се присутни податоци за Посебен фонд за инвалидни лица за 2025 година. Условите за вработување инвалидни лица се утврдени со Законот за вработување инвалидни лица, Правилникот за критериумите и начинот на доделување неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, како и други законски и подзаконски акти со кои е уредена оваа материја. Во согласност со членот 6 од Законот, средствата за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, адаптација на работно место и набавка на опрема, се обезбедуваат од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица. Со овој закон се дефинирани и заштитни друштва како трговски друштва, кои можат да се основаат и да работат како заштитни друштва ако вработуват најмлаку 10 лица на неопределено време и од кои најмалку 40 % да се инвалидни лица од вкупниот број вработени.  Во Законот се дефинирани и дополнителни услови кои треба да ги исполнува едно друштво за да може да го стекне и да го зачува статусот на заштитно друштво. Заштитните друштва може да се каже дека се еден вид социјални претпријатија. Заштитното друштво користи финансиска поддршка од Посебниот фонд.

Во Северна Македонија во 1972 година е формирана Заедница на заштитни друштва (ЗАПОВИП). Овие друштва вработуваат 5.100 вработени, од кои 2.200 се лица со попреченост[19].

Табеларен преглед 4.2. *Прописи врз основа на кои заштитните друштва ја остваруваат својата дејност и социјалната цел*

| **Р.бр.** | **Пропис** | **Број** |
|---|---|---|
| 1. | Закон за вработување инвалидни лица | Службен весник на РМ, бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 13/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 29/2015, 147/2015, 27/2016 и 99/2018 |
| 2. | Правилник за критериумите и начинот на доделување неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица | Службен веесник на РМ, бр. 156/2008 и 163/2015 |
| 3. | Правилник за начинот на вршење увид на наменското користење на доделените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица | Службен весник на РМ, бр. 159/2018 |

[19] Податоците се добиени од сопствено истражување.

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Правилник за поблиските услови и начинот на обезбедување на работниот асистент на инвалидни лица и финансискиот надоместок за работниот асистент на инвалидно лице | Службен весник на РМ, бр. 159/2018 |
| 5. | Правилник за начинот на спроведување на надзорот над одредбите од Законот за вработување инвалидни лица | Службен весник на РМ, бр. 159/2018 |
| 6. | Правилник за работно оспособување инвалидни лица | Службен весник на РМ, бр 54/2004 |
| 7. | Правилник за составот на комисијата и начинот на донесување наод и мислење за определување работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место | Службен весник на РМ, бр. 15/2006, 124/2007 |
| 8. | Правилник за оценка на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој | Службен весник на РМ, бр. 172/2016 |
| 9. | Упатство за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во заштитни друштва, инвалидните лица кои самостојно вршат дејност на трговци поединци и другите работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице | 10-211/3 од 13.1.201 г. од Министерството за труд и социјална политика |
| 10. | Закон за даноците на имот | Службен весник на РМ, бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016 |

*Извор:* ЗАПОВИМ (2018). *Преглед на прописи кои го регулираат работењето на заштитните трговски друштва и вработувањето на инвалидните лица во Република Македонија.* Седмо и дополнето издание, Скопје.

Своја улога во придонес за лицата со попреченост се наведува дека имаат и Стопанската комора на Северна Македонија, кои учествувале во проектот „Центар за вработување лица со хендикепт", спроведен во 2017 и во 2018 година. Проектот се реализирал во соработка со движењето против хендикепт „Полио плус". Целта на Проектот била јакнење на капацитетите на бизнис-секторот за интегрирање на лицата со попреченост во работниот процес на компаниите. Проектот е реализиран со финансиска поддршка од ЕУ.

Во Извештајот од 2022 година на Партнерството на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (UNPRPD) за Северна Македонија, во делот на критични празнини и можности за дејствување, е нотирано дека механизмите и координацијата меѓу сите засегнати страни на национално и на локално ниво се многу слаби, и дека постои недостаток на координација помеѓу владата, меѓународните донатори, агенциите на ОН и ОПД. Потоа, се наведува дека лицата со попреченост не се перципираат како еднакви со другите и се систематски дискриминирани; има нејасна визија за начинот на воспоставување на вистинскиот систем за проценка на попреченоста врз основа на потребите на лицата со попреченост. Исто така, дека не постојат интегрирани услуги за поддршка на лицата со попреченост во нивните локални заедници. Лицата со попреченост се соочуваат со многу бариери за учество во политичкиот и јавниот

живот, вклучувајќи недостаток на општествена поддршка, празнини во образованието, рестриктивни законски рамки и недостапни физички средини и методи на комуникација, ниски приходи и невработеност и повеќеслојни слоеви на дискриминација. Пример, за време на пандемијата Ковид-19 најголем дел од мерките кои ги донела државата ги прекршиле правата на лицата со попреченост итн. (UNPRPD, 2021, pp. 39-40).

Во Извештајот на Европската комисија за 2024 годија, се дадени насоки во кои треба да се фокусира развојот на Северна Македонија, опфаќајќи маргинализирани групи на граѓани, меѓу кои се младите (кои имаат ограничен пристап на пазарот на трудот), потоа долгорочно невработените (кои, исто така, имаат ограничен пристап до работни места), нискоквалификуваните лица, жените, лицата со попреченост, наведени се и Ромите итн.

Со цел да се утврди придонесот на заштитните друштва, како една од формите кои може да се каже дека спроведуваат социјално претприемништво, е спроведено истражување со заштитните друштва во Северна Македонија, кои се членови во Заедницата на заштитни друштва во Северна Македонија. Се опфатени вкупно 205 испитаници.

Податоците се добиени преку комбиниран пристап, и тоа:

- Анкетен прашалник доставуван преку Google Forms на електронски адреси;
- Интервјуа со сопственици на заштитни друштва;
- Интервјуа со вработени во Заедницата за заштитни друштва – Скопје,
- Интернет-извори, како: веб-страницата на ЗАПОВИМ, CompanyWall Businesss и сл.

Проблемите со кои се соочуваат овие заштитни друштва, во најголем дел се од институционален карактер, посебно во делот за доцнење на финансиската поддршка од Посебниот фонд за придонесите за лицата со инвалидитет, посочувајќи период дури *ca.* една година, што остава последица на ликвидноста на претпријатијата. Запрашани во однос на формата на заштитните друштва за остварување на целите, одговорите беа насочени кон тоа дека е потребно дополнување во смисла на поцврста институционална поддршка поради фактот што продуктивноста на лицата со попреченост е мала и се јавува континуирана потреба од поддршка (обуки, психолошка и сл.).

Резултатите во однос на работната интеграција, што беше и главен фокус на истражувањето, ќе бидат презентирани во рамките на поглавјето за анализа на резултатите.

## 4.7. Стратегии за развој на социјалното претприемништво и инклузивниот раст

**А)** *Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027)*

Носител на Стратегијата е Министерството за труд и социјална политика[20]. Од содржински аспект е посветено внимание на сегашната состојба и развојот на социјалните претпријатија; потоа на прегледот на екосистемот во кој функционираат социјалните претпријатија во РСМ (ресурси за развивање култура за социјално претприемништво; ресурси за заемна поддршка, учење и градење капацитети; ресурси за пристап до социјалните претпријатија; ресурси за пристап до надворешни финансии); политики за поддршка на развојот на социјалните претпријатија; дефинирање на стратегиските приоритети и акциски план.

Во рамките на Стратегијата е нотирано дека процесот на мониторинг во остварувањето на стратегиските цели ќе се одвива преку изготвување двегодишни извештаи за состојбата и развојот на социјалните претпријатија. МТСП има одговорност за систематизација на информациите за мониторинг и да ги презентира пред Владата.

Приоритетите нотирани во Стратегијата се групирани во пет групи:

1) воспоставување поволна правна рамка која обезбедува еднаков правен статус и придобивки за сите видови социјални претпријатија;
2) создавање култура за социјално претприемништво и јавно препознавање на социјалните претпријатија;
3) организирање меѓусебна поддршка, учење и градење капацитети за социјалните претпријатија и клучните чинители во екосистемот;
4) влез и развој на пазари за социјални претпријатија;
5) стекнување пристап до надворешни финансии (НСРСПРСМ, р. 4).

Дефинирани приоритетни резултати во Стратегијата се следниве:

1) Стратегиски приоритет 1 – Воспоставување правна рамка за социјално претприемништво

- *„Воспоставување правна дефиниција за социјално претпријатие во закон за социјални претпријатија.*
- *Утврдување критериуми за доделување статус на социјално претпријатие со закон за социјални претпријатија.*
- *Отворање регистар на законски признати социјални претпријатија.*
- *Воспоставување правна рамка за социјалните претпријатија преку подготовка и усвојување закон за социјални претпријатија.*

[20] Во 2024/2025 г. е преименувано во Министерство за социјална политика, демографија и млади.

- *Воспоставување усогласена правна рамка за социјалните претпријатија преку ревидирање на законите што содржат пречки за развој на социјалните претпријатија или што може да обезбедат придобивки за развој на социјалните претпријатија.*
- *Создавање база на податоци и онлајн платформа за промовирање и јавно препознавање на заедницата на социјални претпријатија и нивните карактеристики.*" (НСРСПРСМ, pp. 25-26).

2) Стратегиски приоритет 2 – Развивање култура за социјално претприемништво и за препознавање социјални претпријатија

- *„Стекнување статус на социјалните претпријатија како призната целна група во секторските политики и стратегии на Владата.*
- *Зголемен капацитет на институциите да ги препознаваат социјалните претпријатија во рамките на постоечките стратегии и програми.*
- *Зголемување на обемот и квалитетот на образовните институции за нивните образовни активности за развој на социјални претприемачки вештини.*
- *Подигната свест на јавноста за улогата на социјалните претпријатија за одржлив развој на заедницата.*
- *Воспоставување партнерства за учење со соодветни организации во соседните земји или во земјите на ЕУ*" (НСРСПРСМ, p. 30).

3) Стратегиски приоритет 3 – Потпомагање меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитетите на социјалните претпријатија и на клучните чинители во екосистемот за поддршка на социјални претпријатија

- *„Стекнување професионални компетенции за помош и обезбедување ресурси за развој на социјалните претпријатија.*
- *Подобрување на ефективноста и квалитетот на своите услуги и соработката помеѓу давателите на финансиски услуги и давателите на услуги за градење капацитети.*
- *Нудење поддршка на социјалните претпријатија да се подготват да склучуваат договори, земаат заеми или инвестираат.*
- *Нудење специјализирани услуги за развој на социјални претпријатија со регионален, тематски или секторски фокус.*
- *Учествување во процес на трајно учење: учење преку работа, учење од европски колеги и учење преку искуство.*
- *Обезбедување финансиска одржливост*.
- *Подобреност на перформансите преку учество во меѓусебна и трансакционална размена на знаење и преку можностите за соработка со други социјални претпријатија.*

- *Развој и зголемена подготвеност да склучуваат договори, земаат заеми и да инвестираат.*" (НСРСПРСМ, pp. 32-33).

4) Стратегиски приоритет 4 – Овозможување пристап до и развој на пазари за социјални претпријатија

- *„Развиен пазар на обезбедување јавни добра и услуги кој ја поттикнува употребата на механизмот за резервирани јавни набавки.*
- *Развиен приватен пазар кој создава мрежи и ја олеснува соработката помеѓу бизнис-секторот и социјалните претпријатија.*
- *Зголемено признавање на социјалните претпријатија на пазарот, што ги прави редовен партнер/постојан чинител во деловното работење.*
- *Изградена свест кај граѓаните за етичка потрошувачка.*" (НСРСПРСМ, p. 34).

5) Стратегиски приоритет 5 – Олеснување на пристапот до надворешни финансии

- *„Банките и другите финансиски институции да нудат широк спектар на квалитетни финансиски инструменти базирани на потребите на потенцијалните и постојните социјални претпријатија.*
- *Банките и финансиските институции да воведат процедури за учење и управување со квалитетот на нивните услуги.*
- *Социјалните претпријатија да имаат капацитет и можност да пристапат до програми за јавни грантови и програми за социјални финансии.*
- *Воспоставување еднакви услови за сите чинители на пазарот за добивање јавна поддршка.*" (НСРСПРСМ, pp. 35-36).

Стратегиското планирање е еден од базичните услови и насока во остварување на поставените цели. Поради честата практика во македонските јавни институции во неспроведување на стратегиите, а поради потребата од носење јасна слика за состојбите на институционалната поддршка на социјалното претприемништво, беше спроведено истражување во согласност со Законот за информации од јавен карактер, односно беа доставени прашалници преку барања за информации од јавен карактер. Беа испитани 12 носители или задолжени за реализација на Стратегијата, и тоа: Министерство социјална политика, демографија и млади, Централен регистар, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Центар за социјални претпријатија, Биро за јавни набавки, Министерството за економија, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Развојна банка, Агенција за вработување, Фонд за иновации и технолошки развој и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Табеларен приказ бр. 4.3. *Степен на реализација на Националната стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027)*

| **Приоритет** | **Мерка** | **Опис** | **Носител** | **Степен на реализација** | **Реализирани активности** | **Извор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1** | Мерка 1 | Подготовка и усвојување на Закон за социјално претприемништво | МСПДМ | 2 | Завршена е јавна расправа | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 2 | Усогласување на правната рамка | МСПДМ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 3 | Создавање механизми за систематско прибирање податоци | МСПДМ; ЦР | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговори бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 03-731/2 од 13.05.2025 |
| | Мерка 4 | Подобрување на даночниот третман | МФ; БЈН | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| **Приоритет 2** | Мерка 1 | Интеграција во секторски политики | МСПДМ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 2 | Подигнување на свеста и промоција на СП | МСПДМ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 3 | Интеграција на СП во формалното образование | МОН | 2 | Се планира да се вметнат теми за СП во наставните програми за втора, трета и четрта година, гимназиско образование. | Одговор со бр. 03-6720/2 од 14.05.2025 |
| | Мерка 4 | Истражување, анализа, статистички податоци за СП | МСПДМ; НРРЦСП | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 5 | Поддршка за мерење на влијанието на СП | МСПДМ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 6 | Усогласување со европски политики и програми | МСПДМ | 3 | Имплементирани во предлог-закон, а реализацијата треба да се следи 4 години по неговото донесување | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| **Приоритет 3** | Мерка 1 | Воспоставување ресурсни центри | МСПДМ | 4 | Има Центар за СП, односно јавните овластувања се доверуват на правно лице | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 2 | Подобрување на обемот и квалитетот на услугите | МСПДМ; НРРЦСП | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 3 | Градење на капацитетите на СП | МСПДМ; НРРЦСП | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| **Приоритет 4** | Мерка 1 | Развој на пазарот за јавни услуги за СП | МФ; БЈН | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 2 | Развивање на приватниот пазар на СП | МСПДМ; МЕ; МФ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 и 15-2353/2 од 16.05.2025 |
| | Мерка 3 | Зголемување на видливоста на СП на пазарот | МСПДМ; МЕ; МФ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 и 15-2353/2 од 16.05.2025 |
| **Приоритет 5** | Мерка 1 | Пилотирање финансиски инструменти за СП | МФ; МСПДМ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 2 | Активирање јавни средства преку социјални финансии | МСПДМ; МЕ; РБ; АВ; ФИТР | 3 | Инкорпорирано во предлог-закон; - Инкорпорирање во предлог-закон, но не се реализира поради пренамена на буџетот поради енергетска криза; Национална стратегија за вработување (2021-2027) со интеграција на маргинализирани групи Поддршка на женско претприемништво; Спроведен проект „Поттик на социјално претприемништво" | Одговори бр.: 14-3650/1 од 01.07.2025; 03-1223/2 од 23.05.2025; 03-1246/2 од 07.05.2025; 02-1234/2 од 09.05.2025 |
| | Мерка 3 | Поттик на компаниите за инвестирање во СП | МЕ; МФ; МСПДМ; МП | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |
| | Мерка 4 | Воспоставување програми за СП за граѓанските организации | МСПДМ | 2 | Инкорпорирано во предлог-закон | Одговор бр. 14-3650/1 од 01.07.2025 |

Извор: Сопствено истражување

*Степен на реализација: 1 – не е започнато; 2 – во тек; 3 – делумно реализирано; 4 – целосно реализирано.

Табеларен приказ 4.4. *Просеци по приоритети за степенот на реализација*

| **Приоритет** | **Просек** |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 2 | 2.16 |
| 3 | 2.6 |
| 4 | 2 |
| 5 | 2.2 |

Извор: Сопствени пресметки

Интерпретација:

- Сите приоритети имаат ниска средна вредност. Највисока средна вредност има приоритетот 3 – Потпомагање на меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитетите на социјалните претпријатија и на

клучните чинители во екосистемот (2.6), што ја отсликува состојбата на делумна реализација, односно дека се спроведуваат активности кои се во насока на остварување на поединечните мерки во овој приоритет. Она што го зголемува просекот во приоритетот 3 е мерката 1 – Воспоставување ресурсни центри. Кај Министерството за социјална политика, демографија и млади, за поголемиот дел од мерките е предвидено реализирање по донесување на Предлог-законот за социјални претпријатија (2023), но има развиено Центар за социјални претпријатија. „Центарот за социјални претпријатија е дизајниран да функционира како инкубатор за поддршка на постојните и на новите социјални претпријатија, како и на граѓанските организации кои имаат економска дејност. Моментално, користењето на просториите во Центарот е бесплатно за социјалните претпријатија и за граѓанските организации."[21] Во согласност со членот 45 од Предлог-законот за социјални претпријатија е предвидено формирање национален ресурсен центар за СП, на кое од страна на МСПДМ на правно лице ќе се делегираат јавни овластувања во доменот на поддршка на СП.

- Мерката 2 (Активирање јавни средства преку социјални финансии) од приоритетот 5 (Олеснување на пристапот до надворешни финансии) отскокнува и го создава просекот на овој приоритет од 2.2, освен инкорпорирањето на мерката во предлог-закон, направени се и неколку други чекори кои покажуваат институционално разбирање на потребата од генерирање социјални финансии, почнувајќи со користењето на јавните средства за овој вид намена. Од страна на Министерството за економија во неколку наврати од донесувањето на Стратегијата се предвидени финансиски и нефинасиски поддршки на фондации, здруженија, занаетчии и други правни лица што спроведуваат зелена и циркуларна економија, меѓутоа во нивниот одговор е нотирано дека средствата се пренаменети поради енергетската криза. Развојната банка на Северна Македонија спроведува кредитна линија за поддршка на женското претприемништво. Фондот за иновации и технолошки развој спроведува проект „Поттик на социјално претприемништво". Агенцијата за вработување предлага донесување Национална стратегија за вработување (2021-2027) со интеграција на маргинализирани групи, со акционен план. Во овој дел се потребни понатамошни истражувања во однос на реализацијата на споменатите активности со цел да се потврди целосната веродостојност на остварувањето на оваа мерка.
- Мерката 6 (Усогласување со европски политики и програми) од приоритетот 2 (Развивање култура за социјално претприемништво и

[21] https://centarsp.mk/za-centarot-za-socijalni-pretprijatija/

за препознавање на социјални претпријатија) е делумно реализирана на начин што европски практики се вметнати во креирањето на Предлог-законот за социјални претпријатија, меѓутоа целосно спроведување на мерката е возможно по донесување на Предлог-законот по негово следење од 4 години.

- Останатите мерки се во тек на реализација, односно не е постигната нивната реализација во согласност со Акцискиот план содржан во Стратегијата.

Заклучоци:

- Одредени институции, носители на активностите за реализација на одделните мерки од петте приоритети, се заложиле за остварување на нивните обврски.
- Поголемиот дел од мерките кои се во директна зависност со Предлог-законот за социјални претпријатија, за кој се потврди дека не е донесен, се ставени само како планска активност.
- Од страна на носителот на најголемиот број мерки, Министерството за социјална политика, демографија и млади, е потребна поголема ажурност и координација со другите чинители во однос на спроведување на мерките, дури и во ситуации на недонесување на Предлог-законот, како што е направено со Центарот за социјални претпријатија.[22]

Препораки:

- Инстистуциите што имаат преземено активности за остварување на мерките треба да се земат како пример од институциите коишто активностите ги свеле на само „ставање на хартија".
- Донесување на Законот за социјални претпријатија, имајќи ја предвид неговата веќе јасно искажана потреба. Меѓутоа, тука е потребна огромна внимателност со цел да бидат опфатени сите чинители кои остваруваат иницијативи за социјално претприемништво.
- Подобрување на капацитетите и обезбедување ресурси за остварување на мерките од страна на 12-те ресорни сектори.
- Посветување посериозно внимание при донесување на стратегиските документи, како што е и Националната стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), посебно кога се содржани акциски планови со конкретни приоритети и мерки, и надминување на практиката „мртво слово на хартија".

Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) со Акциски план 2021 – 2023 е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија во септември 2021 година (108 седница на ВРСМ, одржана на 28 септември 2021 год.).

---

[22] Тука се потребни дополнителни истражувања за начинот на формирање на постојниот центар. Во спроведеното истражување од Центарот не се добиени одговори, иако се очекуваше од нив најголема заинтересираност за истражување од овој вид.

На веб-страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади е достапна и Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2024), со близок концепт, но различна содржина. Ова остава простор за ставање под знак прашалник на сериозноста при креирањето на еден ваков вид документи и прашањето за нивната реализација.
Во рамките на оваа стратегија се дефинирани и критериуми за доделување статус на социјално претпријатие, дадена е оперативна дефиниција на социјалните претпријатија, исто, се формирани четири стратегиски приоритети, со дефинирани мерки и нивни носители.

### Б) Стратегија за инклузивен раст

Во Северна Македонија не е донесена специјална стратегија за инклузивен раст. Присутни се стратегии и друг вид стратегиски документи кои упатуваат во правец на постигнување инклузивен раст во општеството. Една од тие е претходно елаборираната Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија. Потоа, достапна е *Нацрт-национална развојна стратегија на Република Северна Македонија (2024 – 2044).* Постои Национална стратегија за намалување на сиромаштијата (2010 – 2020), но не е ревидирана. Се среќаваат, исто така, национални стратегии за посебни маргинализирани групи за кои е проценето дека е потребна инклузија, како што е Стратегија за инклузија на Ромите (2022 – 2030) итн.

Неспорен е фактот дека е неопходно да се донесе посебна стратегија за инклузивен раст.

## 4.8. Контекстуални бариери

Предизвиците и слабостите со кои се соочуваат социјалните претпријатија, нотирани во Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), се:

- „недоволно разбирање и познавање на концептот, импликациите врз управувањето и факторите на успех на социјалното претприемништво и развојот на социјалните претпријатија;
- недостаток на капацитети за управување (финансиски менаџмент, социјално влијание, управување со човечки ресурси, итн.);
- недостаток на транспарентност за тоа кои се социјалните претпријатија во земјата, што прават, и кои придобивки ги создаваат, како и недостаток на податоци за потенцијалните социјални претпријатија;

- недостаток на инспиративни примери, сопствено искуство, алатки, професионално водство и помош при дизајнирање и развој на одржливо социјално претпријатие;
- недостаток на заеднички идентитет и солидарност на социјалните претпријатија;
- ниско ниво на приходи од економски активности и зависност од проекти;
- недостаток на капацитети за аплицирање и за спроведување на поголеми тендери за јавни набавки;
- стратегиите за финансирање се претежно фокусирани на грантови и донации;
- низок капацитет на апсорпција за повратни извори на финансирање (заеми, капитал, итн.);
- потреба да се прилагодат активностите за да се исполнат барањата на донаторите и финансиерите, а не за развој на самото претпријатие;
- недостаток на стратешко социјално влијание и мерење на перформансите што ќе обезбеди споредливи податоци;
- ниска видливост и ниско ниво на јавно препознавање на социјалните претпријатија;
- ниско ниво на политичко и правно признавање;
- недостаток на можности за учење од искусни социјални претпријатија;
- конфузија меѓу донаторите и засегнатите страни за тоа како да се проценат и справат со хибридните организациски форми.‟ (НСРСПРСМ, pp. 8-9).

## 4.9. Мерки и препораки за развој на социјалното претприемништво и за инклузивен раст

Во рамките на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) се нотирани следиве мерки за развој на социјалното претприемништво во земјата:

- зголемувањето на видливоста и препознавањето на социјалните претпријатија и зајакнувањето на нивниот идентитет (можности за зголемување на продажбата и склучување договори со државните органи, како и привлекување ресурси, таленти, финансии и добивање поддршка за градење капацитети.
- *координирана комуникација со клучните чинители во екосистемот (Во овој контекст, универзитетите и медиумите се важни за подигање на свеста и видливоста и за јавно препознавање на социјалните претпријатија.*" (НСРСПРСМ, p. 12).

- *јавна поддршка (на национално и на локално ниво) во поглед на финансиско-инвестициска поддршка, преку:* 1) купување добра и услуги од социјалните претпријатија; 2) развој на механизми за намалување на ризикот (шеми за гаранција) и 3) олеснување на пристапот на социјалните претпријатија до финансии и финансиски инструменти. (НСРСПРСМ, р. 17).

Социјалното претприемништво поради немањето капацитети и негово непрепознавање, најчесто се соочува со бариера за пристап до финансиски средства, односно имаат ограничен пристап до средства за финансирање. Оваа состојба се појавува и кај микропретпријатијата, посебно кај претпријатијата основани од поединци кои се самовработуваат. Ваквите форми на организации и претпријатија најчесто не се препознаени во националните програми за финансирање кои би можеле да бидат извор за финансирање. Дури и кога постојат одредени можности за пристап, обично станува збор за незначителни финансиски износи кои не би направиле значителна промена во работењето и остварувањето на целите на едни вакви организации. Најчести извори за финансирање до сега се странски донатори, но повторно зборуваме за форма што е поблиска за невладините организации, но не ги опфаќа оние кои се регистрирани како трговски друштва.

Развивањето посебни финансиски инструменти (социјални финансии) кај комерцијалните банки за овој вид претпријатија и препознавање на социјалното претприемништво во рамките на националните програми, би претставувале позитивен исчекор во развојот на овој концепт.

# Глава V: СОЦИЈАЛЕН И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ НИЗ ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ФУНКЦИЈА НА ИНКЛУЗИВНИОТ РАСТ

Анализата на социјалното претприемништво и неговите релации со инклузивниот раст не би биле целосни ако не ја погледнеме структурата на социјалното претприемништво низ призма на социјалниот и на човечкиот капитал, во функција на инклузивниот раст.

## 5.1. Дефинирање на социјалниот капитал

Капиталот од конвенционалната економија се смета за еден од четирите фактори на производство, покрај трудот, земјата и претприемништвото (Фити, 2016). Под капитал долго време економската теорија дефинирала и подразбирала само физички капитал создаден од човекот. Поновата експертиза го проширува поимот капитал со други димензии, опфаќајќи ги човечкиот капитал и социјалниот капитал.

Историски социјалниот капитал се поврзува со средината на 19-от век и почетокот на 20-от век.

Ханифан во 1920 г. во својата книга „Центарот на заедницата" (The community center) посветува посебно поглавје на социјалниот капитал, неговиот развој и употреба. Тој истакнува дека: „Во употребата на фразата 'социјален капитал' не се наведува вообичаеното прифаќање на терминот 'капитал', освен во преносна смисла.". Потоа додава: „Ние не се осврнуваме на недвижен имот или на лична сопственост или на готовина, туку на она што во животот има тенденција да ги направи овие материјални материи да бидат најпогодни во секојдневниот живот на еден народ; имено, добра волја, дружење, сочувство и социјални односи меѓу поединците и семејствата кои сочинуваат општествена единица – руралната заедница, чиј логичен центар во повеќето случаи е училиштето.". Впечатлива е неговата едноставност во дефинирањето на социјалниот капитал кога вели: „Сега можеме лесно да преминеме од деловната корпорација на социјалната корпорација, заедницата и да најдеме многу точки на сличност. Индивидуата е беспомошна социјално, ако се остави сама на себе. Дури и здружувањето на членовите на сопственото семејство не успева да ја задоволи желбата што ја има секој нормален поединец да биде со своите ближни, да биде дел од поголема група од семејството. Доколку дојде во контакт со своите соседи, ќе дојде до акумулација на социјален капитал, кој може веднаш да ги задоволи неговите социјални потреби и кој може да носи општествен потенцијал доволен за суштинско подобрување на животот во целата заедница. Заедницата како целина ќе има корист од соработката на сите нејзини делови, додека поединецот во своите здруженија ќе ги најде предностите на помошта, сочувството и

заедништвото на своите соседи. Прво, тогаш, мора да има акумулација на социјалниот капитал на заедницата. Таквото акумулирање може да се изврши преку јавни забави, излети и разни други собири во заедницата. Кога луѓето од определена заедница ќе се запознаат едни со други и ќе формираат навика повремено да се собираат за забава, социјални односи и лично уживање, тогаш со вешто раководство овој општествен капитал може лесно да се насочи кон општо подобрување на комуникацијата и благосостојбата." (Hanifan, L. J., 1920, pp. 78-80). Тој, исто така, посочува дека посебен интерес треба да пробуди социјалниот капитал во руралните средини кој не е на завидно ниво.

Ќе ја прераскажеме приказната презентирана во нотираната книга на Ханифан којашто, всушност, претставува приказ на начинот на кој рурална заедница во Западна Вирџинија во една година, всушност, го развила социјалниот капитал и потоа го користела овој капитал за подобрување на своите рекреативни, интелектуални, морални и економски услови. Заедницата за која се дискутира во книгата е рурална област од триесет и три квадратни милји, која опфаќа петнаесет училишни заедници. Три од тие училишни заедници биле села со присутни училишта; а во дванаесет рурални заедници имало училишта со еден наставник. Вкупното население на областа било 2.180, од кои 771 биле на училишна возраст, од шест до дваесет и една година. Училишната организација се состоела од образовен одбор, окружен надзорник и дваесет и три наставници. Тој окружен надзорник, г-дин Лојд Т. Тастин, од Хандред, Западна Вирџинија, бил од соседната област. Тој дошол во областа две недели пред датумот што го определил образовниот одбор за отворање на училиштата. Тие две недели ги поминал шетајќи низ областа, разговарајќи со локалните доверители, запознавајќи се со луѓето и уредувајќи ги училишните куќи за почетокот на училишниот мандат. Непосредно пред да започнат училиштата, тој го одржал својот прв учителски состанок. Присутен бил и просветниот одбор. На таа прва средба биле направени дефинитивни планови за годишното работење. Меѓу направените планови, во книгата се наведени следниве: песни предводени од училишниот хор, посветеност, обраќање на наставникот, читања од страна на учениците, есеи, дебати и сл. Програмата поминала со успех и со барања да се повтори. Во училиштето била организирана програма и за повозрасното население, насловена како „Училишни денови од старото време". Повозрасните со задоволство одговориле на овие активности кои преминале во традиција. На тие средби се разговарало на сериозни теми значајни за заедницата, како: Дали треба да има мал данок за нафтата и гасот за поддршка на училиштата и патиштата?, Дали е попрофитабилно да се одгледуваат свињи отколку да се одгледува говеда во оваа заедница?, Дали момчињата и девојчињата имаат подобри можности во градот отколку во земјата? и сл. Таквите средби со тек на времето поминале низ следниве фази: забава – дискусија – акција. Самите учесници барале да се преземат определени мерки за темите кои биле дискутирани на средбите, како би можеле лично да придонесат за заедницата.

Социјалниот капитал развиен преку состаноците во центарот на заедницата требало да ги испорача резултатите. Така, бил организиран земјоделски саем и

училишна изложба (Тоа било „здружување" на социјалниот капитал развиен во локалните центри на заедницата, прва средба на луѓето од целата област.); во училиштата биле воведени теми за историјата на заедницата (Од тоа резултирала манифестација насловена како Вечер на историјата, каде што од страна на учениците биле презентирани историски настани поврзани со заедницата, исто така, биле споменувани значајни личности од заедницата и на тој начин се воздигнала гордоста на заедницата.); зголемена присутност на училиште (Како резултат на запознавањето на наставниците со членовите на заедницата и дури и посета на семејства чии деца не оделе на училиште, оваа активност придонела за зголемување на присутноста во училиште дури за 40 %.); предавања со членовите на заедницата на теми за подобрување на земјоделството, патиштата, училиштата, санитарните услови, моралот; училишни библиотеки (На јавните собири биле собрани донации за училишните библиотеки.); добри патишта (На средбите на тие т.н. центри на заедницата чести теми биле патиштата. Резултатот бил изнаоѓање начини за обезбедување средства за изградба на патиштата.) и многу други бенефити (Hanifan, 1920, pp. 80-90).

Пандан на приказната на Ханифан за улогата на социјалниот капитал, посебно во руралните средини, ќе прикажеме студија на случај за руралната заедница во областа Порече, етнографска област во западниот дел од Северна Македонија, со административен град Македонски Брод (во периодот 1996 – 2004 г. поделена меѓу општините Македонски Брод и Самоков), со околу 52 населени места. Според пописот од 2002 година Порече брои 7.141 жител. Од стопанските дејности најзастапени се земјоделството и сточарството. Низ историјата чести се миграциските процеси на населението од областа Порече. Причините најчесто се лоцираат во недоволните услови и можности за егзистенција во оваа област. Инфраструктурната неповрзаност со главниот град Скопје, со кого граничи, се смета за една од суштинските причини за осиромашување на оваа област. Населението кое е останато да живее во населените места во областа Порече, воглавно, се занимава со земјоделска дејност или е вработено во малкуте трговски друштва што ја остваруваат својата дејност во тој крај. За потребите на овој труд беше направено истражување со жители од сите активни села во областа Порече, на тема за влијанието на социјалниот капитал врз благостојбата на земјоделците од овој крај. Беше спроведена анкета, потоа полуструктуирани интервјуа, како и примена на методот на набљудување преку достапните етички извори за истражување. Поконкретно, беше анализирано влијанието на двете манифестации: Поречки фармер (во организација на здружението „Поречка матица") и Фестивал на костенот (во организација на општина Македонски Брод). На двете манифестации се присутни програми со забавна, едукативна и промотивна содржина. Во забавниот дел се вклучени ученици, локални културни дејци и сл.; во едукативниот дел се вклучени предавачи од локалната и централната администрација со теми од областа на земјоделието; во промотивниот дел, пак, им се овозможува на локалното население да презентираат свои домашни производи. За двете манифестации организаторите обезбедуваат медиумска поврзаност со цел поголема посетеност. На двете

манифестации се присутни гости и од други краеви во Северна Македонија. Истражувањето покажува дека изградениот социјален капитал со овие две манифестации преку вклученост на членовите на руралната заедница кај земјоделците обезбедува можност за продажба на своите локални производи, кај членовите на заедницата се поттикнува претприемачката дејност, кај учениците се создава поттик за поврзаност со заедницата. Социјалните контакти на локалното население на тие манифестации им обезбедуваат можности за учество и на други манифестации, како и обезбедување контакти за продажба по принципот на „продажба на куќен праг". Од резултатите на ова истражување можат да се дефинираат и недостатоците, а тие воглавно се гледаат во недостатокот на организирани мрежни капацитети кои би ја овозможиле реализацијата на можностите кои ги поттикнуваат ваквите социјални активности, или неможноста за пристап до неопходните ресурси кои им се потребни на земјоделците со цел да можат да остварат производство и продажба на своите производи (недостаток на финансиски ресурси, административна поддршка, продажен капацитет и сл.).

Во суштина, историските корени на социјалниот капитал можеме да ги лоцираме уште во времето на Аристотел кој јасно посочува дека човекот по природа е социјално суштество. Социјалните интеракции на човекот ги среќаваме уште во неговите исконски карактеристики за разни видови општествени релации. Дури и ден денес, во време на пазарна економија, забележуваме дека она што ја одржува општествената кохезија, и во време на економски неповолности, е токму чувството на припадност кое се олицетворува преку разни заеднички норми на заедницата.

Концептот социјален капитал од новото време можеме да го одбележиме со 70-те години кога Лури (Loury, 1976) го употребува изразот социјален капитал во контекст на критиката на пристапот на православната неокласична теорија кон проблемот нееднаквост во распределбата на доходот, предизвикан од расните разлики во американското општество (Golubovic, 2009).

Социјалниот капитал се дефинира според неговата функција. Тој не е единствен ентитет, туку е разновидност на различни ентитети. Социјалниот капитал е продуктивен, овозможувајќи постигнување на одредени цели кои во негово отсуство не би биле возможни. Социјалната кохезија, како димензија на социјалниот капитал, ги опфаќа елементите како што се: довербата, нормите, реципроцитетот и соработката, и кога тие се вградени во општествените односи и интеракции, ја олеснуваат координираната акција за давање заемна корист; таквите општествени односи се гледаат како ресурс во една социјална структура или организација. На овој начин, општествениот капитал создава предност за оние кои се стремат кон него. Социјалните односи и интеракции, почнувајќи од блиските кругови на семејството и поширокото семејство, а потоа круговите на пријателите и познаниците до членовите во група, заедница, здружение, мрежа и во организацијата се содржината и суштината за остварување или искористување на предноста на општествениот капитал како ресурс. (Coleman, 1988).

Табеларен преглед 5.1. *Преглед на дефинирања на социјалниот капитал*

| **Автор** | **Дефинирање на социјалниот капитал** | **Извор** |
|---|---|---|
| Baker | Ресурс што актерите го црпат од специфични општествени структури и потоа го користат за да ги остварат своите интереси, тој е создаден од промените во односот меѓу актерите. | (Baker, 1990, p. 619) |
| Belliveau, O'Reilly & Wade | Лична мрежа на поединецот и елитни институционални припадности. | (Belliveau et al. 1996, p. 1572). |
| Bourdieu | –Збир на вистински или потенцијални ресурси кои се поврзани со поседување трајна мрежа на повеќе или помалку институционализирани односи на меѓусебно запознавање или признавање.<br>– Составен од општествени обврски („врски"), кој е конвертибилен, во одредени услови, во економски капитал и може да се институционализира во форма на титула на благородништво. | (Bourdieu, 1986, p. 248)<br>(Bourdieu, 1986, p. 243) |
| Bourdieu & Wacquant | Бројот на луѓе од кои може да се очекува да обезбедат поддршка и ресурсите што тие луѓе ги имаат на располагање. | (Boxman, E. A. W. et al. 1991, p. 52) |
| Brehm & Rahn | Мрежа на кооперативни односи меѓу граѓаните кои го олеснуваат решавањето на проблемите со колективната акција. | (Brehm & Rahn, 1997, p. 999) |
| Burt | Пријатели, колеги и поопшти контакти преку кои добивате можности да го искористите вашиот финансиски и човечки капитал.<br>Можностите за посредување во мрежата. | (Burt, 1992, p. 9)<br>(Burt 1997, p. 355) |
| Coleman | Социјалниот капитал се дефинира според неговата функција. Тоа не е единствен ентитет, туку разновидни различни ентитети кои имаат две заеднички карактеристики: сите тие се состојат од некој аспект на општествената структура и тие олеснуваат одредени дејства на поединците кои се во структурата. | (Coleman, 1990, p. 302) |
| Fukuyama | Способноста на луѓето да работат заедно за заеднички цели во групи и организации.<br>Социјалниот капитал може да се дефинира едноставно како постоење на одреден сет на неформални вредности или норми споделени меѓу членовите на групата што дозволуваат соработка меѓу нив. | (Fukuyama, 1995, p. 10)<br>(Fukuyama, 1997) |
| Inglehart | Култура на доверба и толеранција, во која се појавуваат широки мрежи на доброволни здруженија. | (Inglehart, 1997, p. 188) |
| Knoke | Процес со кој социјалните актери ги создаваат и мобилизираат своите мрежни врски во и помеѓу организациите за да добијат пристап до ресурсите на другите општествени чинители. | (Knoke, 1999, p. 18) |
| Loury | Природни општествени односи меѓу лицата кои промовираат или помагаат за стекнување на | (Loury,G., 1992, p. 100) |

| | | |
|---|---|---|
| | вештини и особини ценети на пазарот. | |
| Nahapiet & Ghoshal | Збир на реалните и потенцијалните ресурси вградени, достапни преку и изведени од мрежата на односи што ги поседува поединец или општествена единица. Социјалниот капитал на тој начин ја опфаќа и мрежата и средствата што може да се мобилизираат преку таа мрежа. | (Nahapiet & Ghoshal, 1998, p. 243) |
| Pennar | Мрежа на општествените односи што влијае на индивидуалното однесување и со тоа влијае на економските раст. | (Pennar, 1997, p. 154) |
| Portes | Способност на актерите да обезбедат бенефиции врз основа на членството во социјалните мрежи или други социјални структури. | (Portes, 1998, p. 6) |
| Portes & Sensenbrenner | Очекувања за дејствување во рамките на колективитетот, кои влијаат на економските цели и однесувањето на неговите членови, дури и ако овие очекувања не се ориентирани кон економската сфера. | (Portes & Sensenbrenner, 1993, p. 1323) |
| Putnam | Карактеристики на социјалната организација како што се мрежи, норми и социјална доверба кои ја олеснуваат координацијата и соработката за заедничка корист. | (Putnam, 1995, p. 67) |
| Schiff | Збир на елементи на општествената структура што влијае на односите меѓу луѓето и се инпути или аргументи на производната и/или корисноста функција. | (Schiff, 1992, p. 160). |
| Thomas | Оние доброволни средства и процеси развиени во граѓанското општество кои промовираат развој за колективната целина. | (Thomas, 1996, p. 11) |
| Woolcock | Информациите, довербата и нормите на реципроцитет што се наследуваат во социјалните мрежи. | (Woolcock, 1998, p. 153) |

Извор: Прилагодено според Адлер и Квон (Adler & Kwon, 2002, p. 20)

Социјалниот капитал, во суштина, претставува спој од релациите на учесниците во неговото создавање (Coleman, 2003 as cited in Praszkier & Nowak, 2012, p. 81). Во социолошката литература, во концептуализацијата на социјалниот капитал акцентот е ставен на организациите на локално ниво, како што се локалните здруженија, групи на граѓани и неформални мрежи, кои поттикнуваат развивање доверба и реципроцитет, со што се поттикнуваат активности од заеднички интерес. Во политичките науки се истакнува улогата на институциите и политичките и општествените норми кои го обликуваат однесувањето на поединците. Социјалниот капитал се однесува на сврзното ткиво кое ги држи групите и општество заедно — заеднички вредности, норми и институции (Narayan, 1999). Во социологијата и политичките науки социјалниот капитал се дефинира како атрибут на општеството, како квалитетот на мрежите и односите што им овозможуваат на поединците да соработуваат и да дејствуваат колективно. Така, слободно може да се заклучи дека општествениот капитал има карактеристики на јавно добро, со што се обезбедува постигнување на повисоки

нивоа на ефикасност и продуктивност. Разликата помеѓу социолошката дефиниција на социјалниот капитал и соодветното дефинирање во политичките науки е во различните нивоа на анализа. Социолозите, со оглед на тоа што главно се занимаваат со мали групи, тие се фокусираат на социјалниот капитал во рамките на тие групи. Спротивно на тоа, во политичките науки, каде што се анализираат пошироките заедници и нациите, природниот фокус е на нивото на социјален капитал помеѓу групите. Во економијата социјалниот капитал генерално се дефинира како потенцијал на поединецот да се активира и ефективно да се мобилизира мрежа на социјални врски засновани на блискост (во социјален простор), кои се одржуваат преку симболична и материјална размена. Во овој контекст социјалниот капитал има карактеристики на приватно добро, кое поединецот го акумулира и го користи за да ги постигне своите цели. Поединецот може да го користи социјалниот капитал преку намерна активност и да се трансформира општествениот капитал во економска добивка. Оваа можност, сепак, зависи од карактеристиките на постојните општествени структури. Степенот до кој поединецот има пристап до ресурси преку социјалниот капитал зависи од социјалните врски, нивната сила и количината на ресурси достапни преку тие врски. Индивидуалниот избор може во одредена мерка да биде одреден од силата и степенот на тие врски, но не сите општествени врски се предмет на избор. Можеме да зборуваме за инструментални и функционални пристапи на социјалниот капитал во економската наука. Инструменталниот пристап на социјалнот капитал се однесува на поимање на социјалниот капитал како индивидуални преференции, при што акулумацијата на социјалниот капитал се набљудува низ cost benefit-анализа, поаѓајќи од претпоставката дека поединци акумулираат социјален капитал сè додека граничните приходи од нивните инвестиции се позитивни. Од перспектива на теоријата на рационален избор можно е социјалниот капитал да се опише како *input во функција на корисност и производна функција. Функционалниот пристап на социјалниот капитал ја одразува идејата за социјален капитал како ресурс или механизам за релативизирање на пазарните неуспеси, при што вниманието е насочено само кон ефектите од социјалниот капитал, без да се објасни како се акумулира. Овој пристап го игнорира причинскиот механизам кој резултира со економски придобивки.* Во исто време го игнорира фактот дека социјалниот капитал понекогаш има спротивни ефекти и не секогаш води кон економски придобивки. Се игнорира социјалната конструкција на индивидуалниот избор итн. (Golubovic, 2009).

Нобеловецот Џорџ Стиглер се смета за пионер во придонесот во испитувањето на информациите, нивното значење за функционирањето на пазарните структури, како и за севкупната економска активност (Фити, 2016).

На економистите им е познато дека во реалниот економски свет информациите се асиметрични (ситуација во која продавачите и купувачит поседуваат различни информации за добрата и услугите кои се предмет на купување, односно продавање). Во вој контекст, социјалниот капитал како збир од непазарни релации може да има компензирачка улога за нецелосните, односно асиметричните информации на пазарот. Довербата, вредносните норми и сличните димензии на социјалниот капитал можат да претставуваат надополнување или одговор на несовршеностите кои, во случајов, произлегуваат како резултат на асиметричните информации.

Неокапиталните теории на социјалниот капитал воглавно потекнуваат од тројцата автори Бурдје (Bourdieu), Колман (Coleman) и Путнам (Putnam). Путнам спровел истражувања во сиромашни заедници во Италија. Истражувањето му покажало дека во тие области каде што имало силен социјален капитал овозможува поефикасно остварување на целите.

Мрежите и групите може да се издвојат како  димензии на социјалниот капитал (Grootaer, C., 2004 as cited in Praszkier & Nowak, 2012, p. 83).

Премисата преку која можеме да го дефинираме социјалниот капитал вели дека тој претставува инвестирање во релациски односи со очекувани резултати, тој е презент на нематеријалната вредност.

Адлер (Adler) и Кван (Kwon) во својот труд го поставуваат прашањето во која смисла овој ресурс е облик на капитал. Тие прво го разгледуваат како средство со чија помош  се обезбедуваат придобивки во форма на супериорен пристап до информации, моќ и солидарност. Пример, преку инвестирање во внатрешните односи колективот го зајакнува својот колективен идентитет. Помеѓу неколкуте форми на капитал идентификувани од Бурдје (Bourdieu) економскиот капитал е најликвиден, затоа што тој лесно се претвора во човечки, културен и социјален капитал. Во споредба со него, стапката на конвертибилност на социјалниот капитал во економски е пониска, затоа што социјалниот капитал е помалку ликвиден. Социјалниот капитал може да биде замена или да се надополни со други ресурси, некогаш може да компензира недостаток на финансиски или човечки капитал со супериорни односи. Социјалниот капитал има потреба од одржување, веќе создадените релации треба да се обновуваат (Adler & Kwon, 2002). Дефиницијата што ја даваат овие двајца автори за социјалниот капитал е следна: *„Социјалниот капитал е добрата волја на располагање на поединци или групи. Неговите извори лежат во структурата и содржината на социјалните односи на учесниците. Ефектите произлегуваат од протокот на информации, влијанието и солидарноста дадена на располагање од учесниците*." (Adler & Kwon, 2002).

Во однос на изворите на социјалниот капитал постојат повеќе размислувања, некои тоа го гледаат во формата на овој капитал, други, пак, во содржината. Некои автори мотивацијата за социјален капитал ја гледаат во меѓусебните интереси на учесниците. Кај други ќе се сретне размислување за поистоветување на довербата и на социјалниот капитал. Некои, пак, довербата ја гледаат како средство на социјалниот капитал, други на нејзе гледаат како извор на социјален

капитал. Воглавно довербата ја перцепираме како мотивациски извор на социјален капитал (Adler & Kwon, 2002).

Способноста, исто така, се смета како извор на социјалниот капитал. И околу нејзе има различни гледишта во однос на тоа дали способноста е извор на социјалниот капитал, нагласувајќи дека за човечкиот капитал е значајна способноста, а за социјалниот капитал можностите.

Адлер (Adler) и Кван (Kwon) го поставуваат прашањето: Што всушност се социјални односи? Секој од трите димензии на социјалната структура е вкоренет во различен вид односи: 1) пазарни односи – во кои производите и услугите се заменуваат/разменуваат за пари; 2) хиерархиски односи – послушноста кон авторитетот се разменува за материјална и духовна безбедност; 3) општествени односи – во кои се разменуваат поволностите и подароците. Блау (Blau, 1964) ја презентира разликата помеѓу економската размена и социјалната размена (види табела).

Табеларен преглед 5.2. *Видови релации*

| **Димензии** | **Пазарни односи** | **Хиерархиски односи** | **Социјални односи** |
|---|---|---|---|
| Што се разменува | Стоки и услуги (во пари или размена) | Послушност кон авторитетот за материјална и духовна сигурност | Поволности и подароци |
| Дали условите за размена се специфични или дифузни? | Специфични | Дифузни (хиерархиските односи подразбираат почитување на наредбите и законите, дури и на оние кои допрва ќе бидат определени) | Дифузни (услугата што се прави денес е во замена за услуги кои допрва треба да бидат определени) |
| Дали условите за размена се експлицитни? | Експлицитни | Експлицитни (Договорот за вработување е експлицитен во неговите одредби и услови, дури и да не е специфичен. Истото е и за другите видови хиерархиски односи.) | Премолчени (Денес е услуга за вас направена во премолчено разбирање дека ќе биде се вратена еден ден.) |
| Дали размената е симетрична? | Симетрична | Асиметрична (Хиерархијата е форма на доминација.) | Симетрична (Временскиот хоризонт не е наведен ниту експлицитен, но услугите на крајот се враќаат.) |

Извор: Adler, 2002, p. 19

Блау во својот труд за размената и моќта во општествениот живот ќе го сублимира следново: „...Интегративните врски засилени со заеднички интереси откриени во процесот на нивното воспоставување и со заеднички цели или идеали што ги зближуваат членовите на групата, се основата на групната кохезија. Потоа тој зборува за парадоксите во групната кофезија што произлегуваат од некомпатибилните услови.

Посебно значење во дефиницијата на социјалниот капитал имаат ставовите на социологот Путнам (Putnam) и на Колман (Coleman). Социологот Путнам (Putnam) во тој поглед, како одлики на социјалниот капитал, ги вброува довербата, нормите и мрежите. Колман (Coleman), во овој контекст, на социјалниот капитал гледа како на ресурс кој е потребен од развоен аспект на младите, за когнитивен и за социјален развој, преку градењето релации во семејствата и во социјалната средина, и тој како ресурс е потребен за заедницата со чија помош треба да создаде резултати (Blau, 1964).

Од економската теорија знаеме дека ресурсите стануваат фактори на производство во моментот кога тие стануваат дел од производствениот процес. Во тој контекст и на социјалниот капитал можеме да гледаме како на ресурс кога се вклучува во производствениот процес со цел создавање економска вредност.

Адлер (Adler) и Кван (Kwon) сметаат дека хиерархијата е важна димензија на социјалната структура која индиректно влијае на социјалниот капитал преку обликување на структурата на општествените односи.

Подолни и Барон (Podolny & Baron) тврдат дека хиерархијата во рамките на организациите може да влијае на можностите, со оглед на тоа што многу врски доаѓаат со формалните позиции и не се доброволно избрани (Adler & Kwon, 2002). Адлер и Кван сметаат дека хиерархијата може да влијае на мотивацијата, преку ефектите врз стимулациите и нормите – и способностите – преку ефектите врз авторитетот, ресурсите, вештините и верувањата. На крајот потенцираат дека хиерархијата е моќен, иако индиректен, извор на социјален капитал (Adler & Kwon, 2002). Во однос, пак, на придобивките од социјалниот капитал Адлер и Кван велат дека тоа се информациите. Социјалниот капитал го олеснува пристапот до поширки извори на информации и го подобрува квалитетот и релевантноста на информациите, како и нивната навременост. Колман оваа придобивка ја потврдува со примерот на научникот кој е во тек со најновите истражувања во сродните полиња поради секојдневните контакти со колегите. Влијанието, контролата и моќта, исто така, се споменуваат како придобивка од социјалниот капитал. Акумулираната моќ води кон побрзо завршување на работите, на пример. Како трета придобивка од социјалниот капитал се нотира солидарноста. Пример, силни општествени норми и верувања, поврзани со кохезивна социјална мрежа поттикнуваат усогласеност со локалните правила и обичаи и намалување на потребата од формалните контроли. Меѓутоа, социјалниот капитал може да има ризици кои можат да ги надминат неговите придобивки (Gabbay & Leenders, 2002). Градењето социјален капитал бара значителни инвестиции во воспоставувањето и одржувањето на односите (Adler & Kwon, 2002). Адлер и Кван тврдат дека придобивките од социјалниот капитал може да имаат контра ефект за фокусниот

актер, во смисла дека силната солидарност со членовите на групата може да го надгради актерот во врската, при што таквото прекумерно надградување го намалува протокот на нови идеи во групата, што доведува до парохијализам и инерција (Gargiulo & Bernassi, 1999). Во тој контекст Пауел и Смит истакнуваат дека релациите што врзуваат можат да се претворат и во релации што заслепуваат (Powell & Smith-Doerr, 1994). Во однос на ефектите на социјалниот капитал, постојат сѐ поголеми докази дека општествениот капитал може да има влијание врз развојните резултати, вклучувајќи го растот, правичноста и ублажувањето на сиромаштијата (Grootaert, 1996).

### 5.2. Гледишта на Светската банка за влијанието на социјалниот капитал врз економскиот развој

*"It's not what you know, it's who you know." („Не е важно што знаеш, туку кого познаваш"*

Во деведесеттите години, концептот социјален капитал дефиниран како норми и мрежи кои им овозможуваат на луѓето да дејствуваат колективно, доживеал пораст на интересот во рамките на општествените науки. Во контекст на социјалниот капитал гледан низ призмата на неговиот однос за економскиот развој, од страна на авторите Вулкок и Нарајан се идентификувани следниве пристапи: комунитарен, мрежен, институционален и синергија (Woolcock & Narayan, 2000).

*Комунитарно гледиште* – Ова гледиште го поистоветува социјалниот капитал со локалните организации (клубови, здруженија и граѓански групи). Според ова гледиште социјалниот капитал позитивно влијае на благосостојбата на заедницата. Ова гледиште, исто така, има свој придонес во однос на анализите на сиромаштијата, од аспект дека социјалните врски им помагаат на сиромашните да управуваат со ризикот и ранливоста. Меѓутоа, неспорно е дека не треба да се негираат и недостатоците на социјалниот капитал во овој поглед. На пример ако зборуваме за изолирани групи (какви што се наркокартелите кои работат исклучиво во изолирани кохезивни групи), тогаш веќе можеме слободно да кажеме дека „продуктивниот социјален капитал" се заменува со „перверзен социјален капитал", кој, место да го унапредува, го попречува развојот. Многуте придобивки кои се поврзани со членството на високоинтегрирана заедница имаат значителни трошоци. Некогаш трошоците може да ги надминат придобивките (изгубени животи, потрошени ресурси и големи неизвесности). Комунитарното гледиште претпоставува дека заедниците се хомогени ентитети во кои имаат корист сите членови. Меѓутоа, нееднаквоста во т.н. касти, етничката исклученост и родовата дискриминација, често со мрачни исходи произведени од притисоците на заедницата, сугерира нешто поинаку. Во трудот на Вулкок и Нарајан се посочува дека доказите од светот во развој покажуваат зошто самото постоење на високи нивоа на социјална солидарност или неформални групи не мора да води кон економски просперитет. Наведен е податок дека во Кенија, партиципативната проценка на сиромаштијата забележува повеќе од 200.000 групи на заедници

активни во руралните области, но повеќето не биле поврзани со надворешни ресурси и не биле во можност да ја подобрат состојбата на сиромашните. Исто така, Извештајот на Светската банка (1989) за Руанда има нотирано повеќе од 3.000 регистрирани задруги и групи земјоделци и околу 30.000 неформални групи, но сепак овие групи не биле во можност да спречат една од најстрашните граѓански војни во историјата. На многу латински американски земји, домородните групи често се обележани со високи нивоа на социјална солидарност, но тие остануваат економски исклучени затоа што немаат ресурси и пристап до моќ кои се неопходни за да се префрлат правилата на игра во нивна полза (Woolcock & Narayan, 2000, pp. 229-230).

*Мрежно гледиште* – Ова гледиште ги перципира хоризонталните и вертикалните односи помеѓу луѓето. Кај ова гледиште ќе ги сретнеме добрите и лошите страни на социјалниот капитал. Се нагласува дека без слаби меѓузаеднички врски, како што се оние кои се вкрстуваат во различни општествени поделби врз основа на религијата, класата, етничката припадност, полот и социоекономскиот статус, силните хоризонтални врски можат да станат основа за остварување тесни интереси. Во трудот на Вулкок и Нарајан се среќава ставот дека социјалниот капитал е меч со две острици, во смисла дека може да обезбеди низа вредни услуги за членовите на заедницата, но во исто време тие создаваат и трошоци. Тие врски можат да поставaт значителни неекономски побарувања врз чувството на членовите за обврска и посветеност, со негативни економски последици. Групните лојалности можат да бидат толку силни што ги изолираат членовите од информации значајни за нив. Овие автори посочуваат, исто така, дека треба да се разликуваат изворите на социјалниот капитал од последиците кои произлегуваат од нив. Припишување само на посакуваните резултати на социјалниот капитал, ја игнорира можноста дека дадените резултати може да бидат неоптимални, или дека посакуваните резултати постигнати денес доаѓаат по цена на значителни трошоци утре.

Во тој контекст, како што благосостојбата на членовите на заедницата се менува со текот на времето, така се менува и оптималната пресметка на трошоците и придобивките поврзани со одредени комбинации на релации и мостови. Сиромашните претприемачи, на пример, првично зависат од нивните непосредни соседи и пријатели (нивниот поврзан социјален капитал) за кредити, осигурување, и поддршка, потоа бараат пристап до пообемни пазари на производи и фактори како што се прошируваат нивните бизниси (Woolcock & Narayan, 2000, pp. 230-234). Грановетер (Granovetter, 1973) тврди дека економскиот развој се одвива преку механизам кој им овозможува на поединците првично да ги искористат придобивките од блиското членство во заедницата, но кој, исто така, им овозможува да стекнат вештини и ресурси за да учествуваат во мрежи кои ја надминуваат нивната заедница, а со тоа постепено да се приклучуваат на економскиот мејнстрим.

*Студија на случај – Grameen bank* – Според мрежната теорија на социјалниот капитал е основана и функционира банката на сиромашните (Grameen bank) во Бангладеш, која ја основал универзитетскиот професор Мухамед Јунус.

Тој предавал економија на Универзитетот во Читагонг (University of Chittagong) во периодот додека во Бангладеш владеел глад. Генезата на банката се поврзува со неговото прво одење во селото Џобра, во близина на универзитетот каде што предавал. Забележал сиромашна жена која прави столици од бамбус. Бил вчудоневиден кога дознал дека жената за тоа столче заработува многу малку, поради тоа што немала пари да купи бамбус, па морала да позајмни пари од позајмувач кој за возврат барал готов производ по многу поволна цена. Со обиколката во селото собрал податок дека 42 се соочуваат со сличен проблем. Тој ден тој го направил првиот заем од 27 долари, лични негови средства. Следните чекори биле разговор со комерцијалните банки за да им се доделуваат на сиромашните микрокрокредити, меѓутоа безуспешно, со образложение дека не веруваат дека сиромашните ќе ги вратат долговите.  Во 1976 година тој го започнал „Проектот на банката Грамин‟ (Grameen значи „рурално‟ или „село‟ на бенгалски), со следниве цели: да се прошират банкарските капацитети за сиромашните мажи и жени во селото; да се елиминира експлоатацијата на сиромашните од страна на позајмувачите на пари; да се создадат можности за самовработување кај огромниот број невработени лица во рурален Бангладеш; да се доведат обесправените, главно жени од најсиромашните домаќинства, во рамките на организациски формат што можат да го разберат и да го работат; и да се смени вековниот маѓепсан круг на „ниски приходи, ниски заштеди, ниски инвестиции, низок приход‟ во проширен и прогресивен систем на „ниски приходи, кредити, инвестиции, повеќе приходи, повеќе заштеди, повеќе инвестиции, повеќе приходи‟. Системот на Грамин банка се фокусира на обезбедување финансиски и други услуги, претежно за руралните жители сиромашни, со приоритет на жените. Заемопримачите се безземни (или речиси без земја) жени и мажи кои формираат групи од пет за да се квалификуваат за заеми. Не е потребен колатерал. Се прават напори да се обезбеди дека членовите на групата се истомисленици и имаат слично економско и социјално потекло. Било која личност во група чие семејство поседува помалку од половина хектар обработливо земјиште и чии вкупни семејни средства не ја надминуваат пазарната вредност на еден хектар среден квалитет земјиште во околината може да стане член на групата и позајмува од банката за каква било активност што генерира приход по негов или нејзин избор. Без земја: Семејството кое поседува не повеќе од половина хектар земја се смета за безземјено. Без имот: Семејството чиишто материјални поседи вредат помалку од пазарната вредност на просечен хектар локално земјиште се смета за без имот. Според Грамин Банката групите извршуваат различни суштински функции. Членовите на групата меѓусебно си обезбедуваат силна мрежа за поддршка и форум за размена на идеи. Членовите можат да бараат помош и совет од групата. А за институцијата групата е многу важна во намалување на оперативните трошоци и минимизирање на ризиците од заемот. Критериуми за формирање на групите:

- Групата мора да се состои од пет самоизбрани и истомисленици од ист пол. Самоизборот значи дека членовите на групата сами избираат кој ќе се приклучи на групата, а не на персоналот.

- Членовите на групата треба да доаѓаат од сиромашни домаќинства кога се приклучуваат на програмата.
- Сите членови на групата треба да живеат во иста заедница и да имаат слична возраст, социоекономско и образовно потекло.
- Не смее да има повеќе од еден член од исто домаќинство во група. Ниту, пак, блиските роднини треба да бидат во иста група.
- Членовите на групата треба да се познаваат и да имаат заемна доверба еден во друг.
- Групата има претседател и секретар, секој избран од членовите.
- Членовите на групата мора да поминат минимум седум дена континуирана обука и да поминат тест за групно препознавање. Само тогаш тие можат да бидат препознаени од назначениот персонал од повисоко ниво.
- Членовите на групата мора да имаат 18 години и постари. Секој треба да може да го потпише своето име.

Пред да се започне со групна обука, се организира краток состанок со целната група. Ова осигурува дека потенцијалните членови се добро информирани за правилата и политиките на програмата од самиот почеток. Со тоа се избегнуваат одложувања во формирањето на групата. За време на овој состанок, се дискутираат следниве теми: заслуги/недостатоци од земање заеми, критериуми за формирање група, задолжително присуство на состаноците, предлог-заем, процеси на исплата и отплата, обврска за искористување на кредитот, одговорности на членовите на групата, каматна стапка, прашања поврзани со штедењето. Иако секој заемопримач мора да припаѓа на петчлена група, групата нема потреба да дава никаква гаранција за заем на својот член. Одговорноста за отплата почива исклучиво на индивидуалниот заемопримач, додека групата и Центарот надгледуваат секој да се однесува одговорно. Не постои форма на заедничка одговорност, т. е. членови на групата не се одговорни да платат во име на член кој не исполнува обврски. Работата на Грамин Банката се заснова на филозофијата: Сиромашните имаат вештини кои не се искористени или се недоволно искористени. Многу повеќе им недостасуваат можности отколку способност. Обезбедувањето пристап до капитал – дури и мали суми помали од 50 американски долари – може да ослободи доволно енергија и креативност за да им овозможи на луѓето да работат на својот пат кон надминување на сиромаштијата. Сиромаштијата не ја создаваат сиромашните, туку политиките и институциите кои ги исклучуваат од можностите. Добротворноста не е решение за сиромаштијата, таа создава зависност наместо самодоверба. Грамин верува дека давањето пари и добра на сиромашните семејства ги продолжува условите на сиромаштијата. Тоа сигнализира дека сиромашните немаат способност да се грижат за себе. Самовработувањето е најбрзиот и најлесниот начин да се создаде вработување за сиромашните. Кредитот може да создаде самовработување. Жените имаат најголема инциденца на сиромаштија и најмногу страдаат од нејзините последици, но имаат и најдиректно влијание врз нивните семејства. Искуството на Грамин илустрирало дека сиромашните жени можат подобро да се борат против

сиромаштијата отколку мажите – ако им се даде шанса да се борат сами. Сиромашните жени имаат многу поограничен пристап до финансиски и други услуги отколку мажите. Зајакнувањето на жените преку микрокредитирање може да има најзначајно влијание врз квалитетот на животот на сиромашните домаќинства, како и аспектите на социјалната интеграција и подигање на свеста на програмата. Сиромашните жени во Бангладеш (можеби и во други земји) имаат повеќе од оние позитивни квалитети кои го одржуваат и зајакнуваат развојниот процес. Тие имаат интензивен нагон да се движат нагоре, тие се исклучително вредни, загрижени за нивните деца, сегашноста и иднината, спремни да направат секаква жртва за благосостојбата на децата и тие продолжуваат на систематски начин да ги постигнат своите цели. Меѓутоа, важно е да се забележи дека Грамин Банката, иако нејзините програми се насочени кон жени, не ги исклучуваат мажите. Политиката на Грамин Банката е дека мажите можат да се приклучат на програмата, но мора да формираат свои групи од само мажи. Во политиката на Грамин е дека ако целта е намалување на сиромаштијата, тогаш не треба да се дозволи да „истекуваат" ресурси наменети за сиромашните на несиромашните (Ваков случај се појавува во Северна Македонија во институциите формирани со цел намалување на сиромаштијата – заб. од авторот). Тие истакнуваат дека: „Не смееме да заборавиме дека немањето пристап до кредити го инспирираше обезбедувањето микрокредити исклучиво за сиромашните.". Искуството покажа дека кредитните програми наменети за сиромашните кои не ги таргетираат исклучиво сиромашните ја зголемуваат веројатноста првобитната целна популација ниту да учествува ниту да има корист од програмата. Парадоксално, стапките на отплата кај несиромашните жени имаат тенденција да бидат пониски отколку кај сиромашните жени. Сиромашните имаат малку алтернативи – дури и нивниот пристап до лихварите е ограничен – и тие обично цврсто се држат до можноста да заработат и да ги зголемат своите парични приходи. Денес, Grameen Bank е најголемата банка во Бангладеш, опслужува повеќе од 8,3 милиони членови, 98 % од нив жени. Обезбедувањето на Банката за заемите било ниско, а еден од најзначајните аспекти на Банката е нејзината сопственичка структура, заемопримачите поседуваат 95 % од Банката, а владата ги држи останатите 5 %. Секој член на Грамин е потребно е да купи најмалку 1 акција. 24.000 вработени во Банката обезбедуваат услуги на повеќе од 95 % од на националната територија, во околу 81.000 села, преку повеќе од 2.500 подружници. Од 1982 година, Банката исплатила повеќе од 9,7 милијарди американски долари, со стапка на отплата од речиси 98 %. Заклучно со октомври 2010 година, кредитното портфолио на Банката вреди повеќе од 900 милиони американски долари. Банката од 1995 година финансира 100 % од своето работење со заштеди депонирани од членовите и јавноста (Alam & Getubig, 2010, pp. 3-56). Неспорен е фактот дека социјалните мрежи од овој тип придонесуваат за излегувањето од кругот на сиромаштијата на поединците преку програмите за давање кредит за самовработување. Феномен кој не е за занемарување во овој поглед на ваквиот вид групни мрежи е моментот кога доаѓа до еден вид преоптоварување на мрежите, посебно за постарите членови на групата, посебно кај оние

поамбициозните за кои е потребен социјален капитал кој ќе ги следи нивните амбиции и имаат аспирации за поголеми економски можности. Оттука, можеме да заклучиме дека социјалниот капитал може да создаде, но и да спречи економски развој, доколку не се земе предвид второто гледиште. Еве за ваквите размислувања како гледаат Вулкок и Нарајан:

А) На сиромашните селски жени без материјален колатерал (вид на имот) им се даваат заеми врз основа на нивното членство во мала група врсници, што им помага да започнат или прошират мал бизнис и со тоа да ја подобрат благосостојбата на нивните семејства.

Б) Но, економските приноси за која било група наскоро достигнуваат граница.

В) Особено кога се потпираат на високи донации на „врзувачкиот" социјален капитал. Ако групата продолжи да се шири – на пример, преку доаѓањето на следните групи од селото – нејзините ресурси може да се преоптоварат, а со тоа да се намали благосостојбата на одамна воспоставените членови.

Г) Слично на тоа, долгорочните членови на групните кредитни програми може да откријат дека обврските кон нивните колеги претставуваат пречки за понатамошен напредок, особено за поамбициозните.

Д) Во овие околности, многу сиромашни луѓе делумно се ослободуваат од нивните непосредни врски со заедницата.

Ѓ) И наоѓаат потенцијално поразновидна мрежа каде што „премостувањето" на социјалниот капитал е пообилен и економските можности поперспективни (Woolcock & Narayan, 2000, pp. 232-233).

Со оглед на сложеноста на системот, според мрежното гледиште, со цел постигнување социоекономски развој, е потребно создавање социјален капитал кој ќе им овозможи пристап до формалните институции и ќе помогне на сиромашните да го преминат прагот на сиромаштијата, меѓутоа многу е битен фактор да се размислува и за т.н. премостувачки социјален капитал.

Можеме да сумираме дека предизвикот на социјалниот капитал од мрежна перспектива (теоретски, истражувачки и политички) претставува идентификација на условите под кои може да се искористат многуте позитивни аспекти на социјалниот капитал во сиромашните заедници и да се задржи нивниот интегритет, секако, со уништување на евентуалните аспекти, на начин кој подразбира помагање на сиромашните да добијат пристап до формални институции и поразновидна залиха на премостувачки капитал. Меѓутоа, од друга страна, велиме дека кај овој пристап се јавуваат дилеми, посебно во делот на функционирањето на надворешните невладини организации, разните услуги за проширување и развојните агенции, бидејќи може да повлече промена на социјалните системи кои се производ на долгодишни културни традиции или, пак, превалдување на моќните сопствени интереси. (Woolcock & Narayan, 2000, p. 233).

Ова гледиште, според Портер, сепак, ја минимизира природата на „јавното добро" на општествените групи, сметајќи ги сите придобивки од групната активност како првенствено сопственост на конкретните вклучени поединци. Оттука, неговите поборници се многу скептични во однос на аргументите дека општествениот капитал може (или треба) да се мери преку поголеми општествени агрегати, како

што се општествата или нациите. Според Портер, прво, множеството процеси опфатени со концептот не се нови и биле проучувани под други етикети во минатото. Нарекувањето социјален капитал е, во голема мера, само средство за нивно прикажување во попривлечна концептуална облека. Второ, според него, има малку основа да се верува дека општествениот капитал ќе обезбеди подготвен лек за големите социјални проблеми, како што ветиле неговите похрабри поддржувачи. Тој смета дека на индивидуално ниво, процесите на кои алудира концептот се пресекуваат на два начина. Социјалните врски можат да доведат до поголема контрола врз своеволното однесување и да обезбедат привилегиран пристап до ресурсите; тие, исто така, можат да ги ограничат индивидуалните слободи и да им забранат на надворешни лица да добијат пристап до истите ресурси преку партикуларистички преференции. Неговиот став дека позитивните ефекти од социјалниот капитал се возможни и има место за него во теоријата и истражувањето под услов различните извори и ефекти да бидат испитани и да бидат препознати негативните страни (Portes, 1998, pp. 1-24).

*Институционално гледиште* – Третата перспектива на општествениот капитал, која ја нарекуваме институционален поглед, тврди дека виталноста на мрежите на заедницата и граѓанското општество во голема мера е производ на политичкото, правното и институционалното опкружување. Онаму каде што комунитарното и мрежното гледиште во голема мера го третираат социјалниот капитал како независна променлива што доведува до различни исходи, добри и лоши, институционалното гледиште, наместо тоа, го гледа социјалниот капитал како зависна променлива (Woolcock & Narayan, 2000, p. 234).

Овој пристап тврди дека самиот капацитет на социјалните групи да дејствуваат во нивниот колективен интерес зависи од квалитетот на формалните институции под кои живеат. Даглас Норт го поставува прашањето Зошто некои земји се многу побогати од другите? и во својот труд во првиот дел ги идентификува неефикасните институции како основната причина за економските разлики меѓу општествата. Тој тврди дека економската теорија не може да ја објасни разликата помеѓу богатите и сиромашните бидејќи во најголем дел овие теории претпоставуваат ефикасни институции. Тој истакнува дека една од претпоставките е дека ефикасни институции значат трансакции без трошоци. Во реалноста, трансакциските трошоци се значителни. Втората претпоставка според него е дека ефикасните институции водат кон правилни ментални модели. Менталните модели се начини на кои луѓето ги анализираат податоците за да донесат одлуки. Оние организации кои користат точни модели донесуваат правилни одлуки и се економски наградени. Оние кои користат погрешни модели се казнети. Доколку институциите се ефикасни, ќе има ефективни повратни информации кои ќе им помогнат на организациите да ги исправат погрешните модели. Во реалноста тоа не се случува и многу организации продолжуваат да донесуваат одлуки врз основа на модели кои се погрешни. Третата претпоставка според Далгас е дека ефикасните институции ефективно собираат и споделуваат информации. Во реалноста, многу ситуации се многу сложени што го отежнува и го чини скапо собирањето информации. Оние страни кои посветуваат ресурси за

собирање на информациите честопати не сакаат да ги споделат. Четврта претпоставка за ефикасни институции е дека целта на организациите е да го максимизираат профитот. Иако профитот може да претставува значителен дел од мотивацијата на луѓето, тоа не е целосната слика. Други работи што ги мотивираат луѓето и организациите вклучуваат идеологија, вредности и религија. Неефикасните институции резултираат со скапи трансакции, субјективни модели, слаби информации и непрофитни цели за максимизирање. Овие неефикасности ги наведуваат организациите да донесуваат одлуки кои не ги максимизираат економските придобивки. Основната причина за економската дивергенција помеѓу богатите и сиромашните земји е тоа што нивните институции се разликуваат во нивните нивоа на ефикасност. Овие разлики доведуваат до донесување различни одлуки и на крајот доведуваат до различни економски резултати (North, 1990).
Одредени студии покажуваат дека „генерализирана доверба", „владеењето на правото", „граѓанските слободи" и „бирократскиот квалитет" се позитивно поврзани со широкиот економски раст. Во тој контекст Knack (1999, p. 28) заклучува дека „социјалниот капитал ги намалува стапките на сиромаштија и ја подобрува, или барем не ја влошува, нееднаквоста во приходите".

*Синергетско гледиште* – Поради одредените недостатоци на погоре нотираните гледишта, постојат студии кои гледаат синергетски на значењето на социјалниот капитал. Во тој поглед се изнесуваат следниве заклучоци:

- Ниту државата, ниту општествата не се по природа добри или лоши; владите, корпорациите и граѓанските групи се променливи во влијанието што можат да го имаат врз постигнувањето на колективните цели.
- Државите, фирмите и заедниците сами по себе не ги поседуваат ресурсите потребни за промовирање на широк, одржлив развој. Потребни се комплементарности и партнерства кои се формираат и во и низ овие различни сектори. Оттука, идентификувањето на условите под кои овие синергии се појавуваат (или не успеваат да се појават) е централна задача на развојното истражување и практика.
- Од овие различни сектори, улогата на државата во олеснувањето на позитивните развојни резултати е најважна и најпроблематична. Ова е така затоа што државата не само што е крајниот обезбедувач на јавни добра (стабилни валути, јавно здравје, универзално образование) и последниот арбитер и спроведувач на владеењето на правото (имотни права, правилен процес, слобода на говор и здружување), таа најдобро може да ги олесни трајните сојузи преку границите на класата, етничката припадност, расата, полот, политиката и религијата. Заедниците и фирмите, исто така, имаат значајна улога во создавањето  услови кои создаваат, препознаваат и наградуваат добро владеење.

Во општества (или заедници) со добро владеење и високо нивоа на премостување на социјалниот капитал, постои комплементарност помеѓу државата и општеството, исто, и економски просперитет и социјален поредок. Но, кога општествениот капитал на едно општество се наследува главно во примарни општествени групи кои се исклучени една од друга, помоќните групи доминираат

во државата, со исклучување на другите групи. Синергетското гледиште предлага три централни задачи за теоретичарите, истражувачите и креаторите на политики:

- да се идентификуваат природата и обемот на општествените односи и формалните институции на заедницата и интеракцијата меѓу нив;
- да се развијат институционални стратегии врз основа на овие општествени односи, особено за степенот на поврзување и премостување на социјалниот капитал и
- да се утврди како позитивните манифестации на социјалниот капитал – соработката, довербата и институционалната ефикасност – можат да ги неутрализираат секташтвото, изолационизмот и корупцијата. Поинаку кажано, предизвикот е да се трансформираат ситуациите каде што социјалниот капитал на заедницата ги заменува слабите, непријателските или рамнодушните формални институции во такви во кои двете области се надополнуваат (Woolcock & Narayan, 2000, pp. 236-238).

## 5.3. Мерење на социјалниот капитал

Во рамките на погорниот текст истакнавме дека социјалниот капитал, за разлика од физичкиот и човечкиот капитал, ја отсликува нематеријалната вредност која ги одразува релациите, регулативата, правилата, обичаите, мрежите кои ја дефинираат и поврзуваат колективната матрица.

Во Грамин Банката секоја година вработените ја оценуваат социоекономската состојба на членовите користејќи 10 индикатори:

1) Семејството живее во куќа во вредност од најмалку 25.000 бангладешки таки (са. 370 американски долари) или во куќа со лимен покрив, и секој член од семејството може да спие во кревет.
2) Членовите на семејството пијат чиста вода извадена од бунари од цевки без арсен, или која е варена или прочистена со помош на алум, прашок за белење, таблети или филтри.
3) Сите деца во семејството над шест години посетуваат училиште или имаат завршено основно училиште.
4) Минималната неделна рата за заем на заемопримачот е 200 бангладешки таки.
5) Семејството користи санитарен тоалет.
6) Членовите на семејството имаат соодветна облека за секојдневна употреба (вклучувајќи топла облека за зима, како што се шалови, џемпери, ќебиња итн.) и мрежи против комарци.
7) Семејството има извори на дополнителен приход, како што се зеленчукова градина или овошни дрвја, на кои семејството може да се врати кога ќе им требаат дополнителни пари.
8) Заемопримачот одржува просечно годишно салдо од 5.000 бангладешки таки на своите штедни сметки.

9) Членовите на семејството можат да си дозволат три избалансирани оброци дневно во текот на годината. Тоа значи дека ниту еден член од семејството не останува гладен во ниту еден период од годината.
10) Семејството може да се грижи за своето здравје. Ако некој член од семејството се разболе, семејството може да си дозволи да ги преземе сите неопходни чекори за лекување на пациентот (Alam & Getubig, 2010, p. 86).

Според истражувањето спроведено за Guidelines for establishing and operating grameen-style microcredit programs, 68 % од семејствата заемопримачи на Грамин ја поминале границата на сиромаштијата (Alam & Getubig, 2010, p. 87).

Ова ни покажува дека со зголемување на социјалните мрежи се зголемува и можноста за подобрување на благосостојбата и поминувањето на прагот на сиромаштијата.

Социјалниот капитал е една од немерливите величини. Во тој контекст Woolcock и Narayan (2000, pp. 239-241) истакнуваат дека веројатноста за немерливоста на социјалниот капитал лежи во следново:

- Најсеопфатните дефиниции за општествениот капитал се повеќедимензионални, инкорпорирајќи различни нивоа и единици на анализа.
- Природата и формите на социјалниот капитал се менуваат со текот на времето, како што се менува рамнотежата помеѓу неформалните организации и формалните институции.
- Бидејќи не беа првично дизајнирани долгогодишни истражувања меѓу земјите за мерење на социјалниот капитал, современите истражувачи мораа да составуваат индекси од низа приближни ставки (мерки за доверба, доверба во владата, трендови на гласање, социјална мобилност и слично).

Сепак, како што истакнуваат тие, неколку одлични студии имаат идентификувано корисни мерки и показатели за социјалниот капитал. Како една од мерките го презентираат членството во неформални и формални здруженија и мрежи, посебно во земјите во развој во руралните области, односно градењето социјални врски преку разни саеми, фестивали и слични настани, и тие мерки се важен показател за влијанието на социјалниот капитал. Вакво истражување е направено и за потребите на овој труд, а резултатите се презентирани во погорниот текст. За мерењето на влијанието беше креирана сопствена скала на димензии со кои се мереше учеството на целна група на испитаници на настаните од овој тип кои се организираат во руралните подрачја во Северна Македонија, а кои се показател за влијанието на социјалниот капитал врз руралниот развој.

Во овој контекст Narayan и Pritchett (1999) имаат развиени индекс на социјален капитал на ниво на домаќинство и заедница, кој вклучува густина и карактеристики на неформални и формални групи и мрежи во истражување кое го спровеле во Танзанија.

Како најважни варијабли во студиите се посочуваат густината на асоцијациите, хетерогеноста на членството во асоцијациите и степените на активно учество во нив.

Друга манифестација на општествениот капитал вклучува норми и вредности кои ја олеснуваат размената, ги намалуваат трансакциските трошоци, ги намалуваат трошоците за информации, дозволуваат трговија во отсуство на договори и поттикнуваат одговорно граѓанство и колективно управување со ресурсите (Fukuyama [1995] as cited in Woolcock & Narayan, 2000).

Во Соединетите Американски Држави, на пример, е развиен Национален индекс на граѓански ангажман (National Civic League's Civic Index), за мерење на нивниот граѓански капитал – формалните и неформалните односи, мрежите и капацитетите кои им овозможуваат на заедниците да решаваат проблеми и да напредуваат. Овој индекс вклучува пет димензии: клима на давање, ангажман во заедницата, добротворна вклученост, дух на волонтаризам и активно граѓанство. Овие податоци се достапни на активната онлајн страница на Националната граѓанска лига[23], каде што е достапна четвртата едиција од тој индекс, каде што се среќава следниов заклучок од нивната работа: „Заедниците со инклузивен граѓански ангажман – каде што секој има место на масата да ги дефинира, насочи и имплементира јавните услуги и удобности – искусуваат поголема правичност, покажуваат поголема граѓанска гордост и покажуваат посилна граѓанска одговорност.".

За да го проценат социјалниот капитал на ниво на заедницата Onyx и Bullen (1998) развија прашалник за државата Нов Јужен Велс, Австралија, од кој изолираа осум основни фактори кои го сочинуваат социјалниот капитал на поединецот: учество во локалната заедница, активност во социјален контекст, чувство на доверба и безбедност, врски со соседството, врски со семејството и пријателите, толеранција на различноста, вредност на животот и работни врски.

Во студија на Иницијативата за социјален капитал на Светска банка (World Bank's Social Capital Initiative) се среќаваат следниве индикатори за мерење на социјалниот капитал: *хоризонтални асоцијации* (број и вид на здруженија или локални институции, степенот на доверба во синдикатите, обемот на членство, перцепција на степенот на организација на заедницата, обемот на партиципативно одлучување, потпирање на мрежи за поддршка, степенот на хомогеност на родниините во рамките на здружението, процент од приходите на домаќинствата од дознаки, степенот на приходите и хомогеноста на занимањата во рамките на здружението, процент од расходите на домаќинствата за подароци и трансфери, степенот на доверба во членовите на селото и во домаќинствата, соодност на зависност од старост, степенот на доверба во владата); *граѓанско и политичко општество* (индекс на граѓански слободи [Гастил, Фридом Хаус], индекс на демократија, процент на население кое се соочува со политичка дискриминација, индекс на корупција, индекс на неефикасност на владата, индекс на интензитет на политичка дискриминација, јачина на демократските институции, процент на население кое се соочува со економска дискриминација, мерка „човечка слобода", мерка за политичка стабилност, индекс на интензитет на економска дискриминација, степен на децентрализација на власта, процент од

[23] https://www.nationalcivicleague.org/civic-engagement-matters/

населението вклучено во сепаратистички движења, излезноста на гласачите, политички убиства, индекс на политички права на Гастил, промени на уставната влада, индекс на политички слободи на Фридом Хаус, преврати);*социјална интеграција* (индикатор за социјална мобилност, други стапки на криминал, мерка на сила на „социјални тензии", затвореници на 100.000 луѓе, етнолингвистичка фрагментација, стапки на нелегитимност, немири и протестни демонстрации, процент на домови со еден родител, штрајкови, стапката на разводи, стапка на убиства, стапка на невработеност кај младите, стапка на самоубиства); *правни и управувачки аспекти* (квалитет на бирократијата, отфрлање на договорите од страна на владата, независност на судскиот систем, спроведливост на договор, ризик од експропријација и национализација, пари со интензивни договори [валута/М2]).

Индикаторите за хоризонтални асоцијации имаат микроперспектива и обично се собираат за анализа во една земја. Останатите групи на индикатори се пресметани на национално ниво и се користени во меѓусемни истражувања (Grootaert, 1998, p. 15).

## 5.4. Социјалниот капитал низ призма на социјалното претприемништво во функција на инклузивен раст

Претпоставката во овој дел од докторскиот труд е дека меѓусебната врска помеѓу социјалниот капитал и човечкиот капитал имплицира создавање социјално влијание, што, пак е една од суштинските цели на инклузивниот раст. Во овој дел се прави обид за потврда на хипотезата преку студии на случаи кои ги постигнуваат своите цели во насока на инкузивен раст со помош на изградба на социјален капитал.

*Случајот со Грамин Банката*, кој се дефинира како социјален бизнис, и преку создавање социјален капитал (социјални мрежи) овозможува креирање социјални позитивни влијанија во Бангладеш, е само еден своевиден пример кој ја потврдува оваа претпоставка.

*Студија на случај „Избор"* – За потврдување на оваа претпоставка е направена анализа на состојбите во Северна Македонија, односно преку примена на методот студија на случај се анализираше и се потврди претпоставката дека креирањето социјален капитал од страна на социјалните претпријатија води до креирање социјално влијание, во корелација со економската компонентна која обезбедува самоодржливост. На сликата со број 5.1 е прикажан пример за создавање социјален капитал од страна на социјално претпријатие во Северна Македонија.




Слика 5.1. Создавање социјален капитал на социјално претпријатие
Извор: *Сопствена презентација врз основа на податоци собрани од формални извори на засегнатите субјекти*

Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанции „Избор" од Струмица, кое ја има создадено терапевтска заедница „Покров", креира социјален капитал, во конкретнава презентирана студија на случај со:

- субјект А – јавен сектор – централна власт (Министерство за труд и социјална политика) – пристап до ресурси и до легитимитет;
- субјект Б – јавен сектор – локална власт (општина Струмица) – пристап до ресурси,
- субјект В – непрофитен сектор (Македонски центар за меѓународна соработка Цивика мобилитас) – пристап до ресурси,
- субјект Г – непрофитен сектор (Конект) – пристап до ресурси,
- субјект Д – профитен сектор (Тинекс) – пласман на производите;

и создава:

- социјална цел: третман, рехабилитација и ресоцијализација на лица со проблем на зависност од дрога, алкохол, и хазард во терапевтската заедница (ТЗ) Покров.
- економска цел: органско производство на земјоделски производи.

Социјалната и економската цел во организацијата се во синергија, односно економската компонента интегрирана во делот на реинтеграција, односно социјална вклученост. Исто така, на лицата кои успешно ја завршуваат реинтеграцијата им се нуди да се вработат во организацијата.

Сите нотирани субјекти на некој начин формираат директни или индиректни мрежи. Директните мрежи ги остварува здружението Избор, а индиректно создава релации и помеѓу другите субјекти, дали тоа станува збор во набљудување на остварувањето на договорите или некој друг вид трансакција, но во суштина релациите во оваа студија на случај се темелат врз создавањето мрежи.

Во теоретското мапирање на литературата која ја испитува врската помеѓу социјалниот капитал и социјалното претприемништво, од страна на Daskalopoulou, Karakitsiou & Thomakis (2023, pp. 14-16) се идентификувани три патеки на создавање општествена вредност кои се поттикнати од меѓусебната врска СП – СК: продуктивност, отпорност на заедницата и институционален развој. Мрежите со добро работење поттикнуваат продуктивност, што, пак, е од суштинско значење за постигнување економска одржливост и за обезбедување социјални влијанија, дури кои го надминуваат предвидениот резултат на СП (на пр. обезбедување јавно добро), и овде можеме да зборуваме за пошироки социоекономски придобивки, како што се: работна интеграција, ублажување на сиромаштијата, социјална кохезија итн. Од институционален аспект, Daskalopoulou et al. (2023, pp. 14-16) од направената анализа на истражувањата за оваа цел, доаѓаат до заклучок дека квалитетот на регулаторната рамка е тој што треба да се подобри за социјалните добра да се рефлектираат во агендата за преферирање на граѓаните (јакнење на граѓанското општество). Во сите овие случаи, посредничките/ублажувачките ефекти на социјалниот капитал се присутни во хоризонталните и вертикалните врски меѓу и помеѓу фирмите, членовите на заедницата и државните институции.
Една студија ја испитува врската помеѓу СК и СП од аспект на лидерството. Имено, тврди дека лидерите на социјалните претприемачи во организациите на заедницата играа улога на лидер на „овозможувач". Тие ги едуцирале и им помогнале на селаните да бидат самостојни работници за да можат да преземат одговорност за решавање на сопствените проблеми без да зависат од владините програми. Во тој процес тие им помогнале на селаните да ги генерираат своите организациски способности; им бил потребен водач чија мисија била да им помогне на сиромашните да се потпираат на себе. Студијата, исто така, идентификува и друг тип на лидери, т.н. добронамерниот диктатор, кој генерирал зависност меѓу сиромашните наместо да ја развиваат својата социјална мисија. Заклучокот е дека социјалните претприемачи можат да го репродуцираат социјалниот капитал и да ја одржат организацијата доколку го следат стилот на „лидерство што овозможува". Селаните развиле самодоверба под овозможувачкото водство (Basu, 2012, p. 400).

Една од карактеристиките на претприемништвото е внесувањето иновации, така претприемачот го перцепираме како човек кој презема иницијатива за здружување ресурси со внесување иновации и оној кој е подготвен да сноси ризик од неизвесните ситуации (Hisrich et al., 2010, p. 6), тој има страст за бизнис, се фокусира врз производот/корисникот, истраен е и не отстапува пред неуспесите, поседува изведбена интелигенција (Barringer & Duane, 2012, p. 10), тој е личност којашто ја организира и управува со компанијата, при што презема ризик за потенцијалниот принос (Marioti & Glackin, 2012, p. 3).

Кај социјалните претприемачи фокусот е насочен кон социјалните иновации преку кои ја остварува дефинираната социјална мисија. Во тој контекст, социјалниот капитал со неговите димензии овозможуваат олеснување или претставува еден вид двигател во иновативното однесување на социјалните претприемачи (пропратено со намалување на ризиците).

Студијата на случај која ќе ја нотираме во продолжение покажува остварување на социјална иновација од страна на СП токму преку градење социјален капитал.

*Студија на случај: „Лице в лице"* – Станува збор за улично списание во издание на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик". Нивната социјална иновација е токму во продажбата на списанието во кое вклучува маргинализирани групи граѓани, односно вршење интеграција на социјалната мисија и правење спој со економската компонента. Продажбата ја реализира со помош на изградба на мрежи со своите партнерски организации: Црвен крст на град Скопје, Здружение за заштита на правата на детето – Дневен центар за деца на улица Шуто Оризари, Порака Неготино – Волково, Младински културен центар Битола, Порака Неготино – Неготино, Порака Наша – Куманово (Центар за рехабилитација и реинтеграција на лица со умерена и тешка интелектуална попреченост) и Здружение на граѓани ГРИТ. Асоцијацијата ја координира мрежата, ја креира содржината на списанието и на веб платформата, а во соработка со партнерските организации создава стратегија за личен и професионален развој на продавачите на списанието. Партнерксите организации се тие кои ја координираат и ја поддржуваат работата на своите продавачи на терен и вршат менторирање во нивниот развој. На веб-страницата на списанието се среќава, исто така, податок дека уличната продажба на списанието и работата на продавачите е одговорност на мрежата на партнерските организации.

Доказите го поддржуваат аргументот дека социјалниот капитал може да се користи за промовирање или за поткопување на јавното добро. Ова размислување сугерира дека еден од најважните примери на социјален капитал во отсуство на формални механизми за осигурување и финансиски инструменти е употребата од страна на сиромашните на социјалните врски за да се заштитат од ризик и ранливост (Woolcock & Narayan, 2000, p. 243).

Како димензии на социјалниот капитал се јавуваат групите и мрежите. Солидарноста и довербата се сметаат, исто така, како посебни димензии на социјалниот капитал (Grootaer, 2004, as cited in Praszkier & Nowak, 2012, pp. 82 - 83).

Како што споменавме, одредени теоретичари се скептични во формирањето социјален капитал во економиите во развој. Сепак, социјалниот капитал преку социјалната кохезија овозможува пристап до тешко достапните ресурси (Praszkier & Nowak, 2012, p. 83).

Не се исклучува создавањето и учествувањето во интернационални мрежи, а се смета дека во заедниците со јак социјален капитал поголема е можноста за намалување на сиромаштијата (Praszkier & Nowak, 2012, p. 89).

## 5.5. Улогата на социјалниот капитал за инклузивен раст во рурални подрачја

Со цел да се испита влијанието на социјалниот капитал врз креирањето инклузивен рурален развој, беше спроведено истражување за кое беше применета анкета со понудени одговори креирани според Ликерт-скалата. Структурата на испитаници се состоеше од: 1) самовработени во сопствено претпријатие; 2) вработени во друго претпријатие/организација кои во слободното време се занимаваат со земјоделска дејност; 3) земјоделци кои се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност/собирање диворастечки плодови; 4) сопственици на непрофитна организација; 5) друг вид. Целната група испитаници беа од рурални населени места помали од 30 илјади жители, како што е руралното подрачје Порече (општина Македонски Брод). Примерокот не беше дефиниран со максимален број испитаници, а вкупно беа добиени 87 одговори, од кои 7 (8 %) самовработени, 30 (34.5%), 23 (26.4%) вработени во друго претпријатие/организација кои во слободното време се занимаваат со земјоделска дејност, 3 (3.4%) непрофитна организација и 25 (28.7%) од друг вид (в. графички преглед 5.1).

Облиците на здружување овој пат беа дефинирани според формите за кои се сметаше дека можат да придонесат со директна корисност за целната група испитаници во постигнувањето на нивната цел, односно продажбата на нивните производи/услуги.

Прашањата се креирани врз основа на користената научна литература која го анализира социјалниот капитал и неговото влијание. Анкетата беше спроведена преку онлајн-каналите (креирана во Google Forms, а дистрибуирана преку е-адреси и слични канали), но со одредени групи испитаници (земјоделците), кои немаат пристап до интернет, таа беше спроведена преку каналот *лице в лице (*во овој случај во испитувањето се користеа и дополнителни термини со цел појаснување на поставените прашања, а во трудот се користи академска терминологија со цел појасно презентирање на резултатите).

Формата на прашањата беше креирана според Ликерт, и тоа од следниов вид: 1) Воопшто не, Не, Сосема малку, Да, Секогаш да; 2) Воопшто не учествувам, Не учествувам, Сосема малку учествувам, Учествувам, Секогаш учествувам; 3) Воопшто нема, Нема, Сосема малку, Има, Секогаш има.

Одговорите се обработени преку Google Forms и Microsoft Excel.

Одговорите преку изразот на личните искуства и субјективноста во одредена мера, во научните истражувања имаат значителен удел во доаѓањето на решението на поставениот истражувачки проблем.




Графички преглед 5.1. *Структура на испитаници*
Извор: *Сопствено истражување*

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали сметате дека, ако припаѓате на одредена група/здружение на луѓе со слична дејност, полесно ќе ги продадете Вашите производи/услуги*? покажуваат дека најголем дел од испитаниците одговориле потврдно (66.3%), потоа 19.8% одговориле со „Сосема малку“, 8.1% одговориле негативно, само 3.5% одговориле со „Секогаш да“ и „Воопшто не“ (в. графички преглед 5.2). Овие резултати покажуваат дека свеста за потребата од припадност кон одреден колективитет (како детерминанта на социјалниот капитал) и неговото позитивно влијание е на високо ниво.




Графички преглед 5.2. *Однос кон здружувањето*
Извор: *Сопствено истражување*

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали учествувате на саеми/панаѓури/фармерски и слични собири*? покажуваат дека одговорите Учествувам (32.6 %), Сосема малку учествувам (30.2 %) и Не учествувам (27.9 %) се со највисоки вредности, а Воопшто не учествувам (8.1 %) и Секогаш да (1.2 %) со помали вредности. Оваа анализа покажува дека испитаниот примерок повеќе учествува, отколку што не учествува, имајќи предвид дека Учествувам со

32.6 % и оние со Сосема малку учествувам со 30.2 % и Секогаш да со 1.2 %, збирно даваат повеќе од оние кои не учествуваат (27.9 % и 8.%) (в. графички преглед 5.3).




Графички преглед 5.3. Состојба за примена на социјалниот капитал
Извор: Сопствено истражување

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали во Вашата општина/град/држава има доволно организирано саеми/панаѓури/фармерски и слични собири на кои можете да учествувате?* покажуваат дека надлежните актери во општествено-економскиот систем сосема малку организираат настани кои го поддржуваат социјалниот капитал (од испитаниот примерок 59 % одговориле со Сосема малку), 18.6 % одговориле дека не се организираат, а само 10.5 % одговориле позитивно со „Има". Одговорите од видот „Воопшто нема" од само 2.3 % се надежната вредност дека сепак свесноста за потребата од овие форми на социјален капитал е во подем (в. графички преглед 5.4).




Графички преглед 5.4. Услови за примена на социјалниот капитал
Извор: Сопствени истражувања

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали сте доволно информирани за саеми/панаѓури/фармерски и слични собири на кои можете да учествувате*? покажуваат дека недостасуваат информации во врска со реализираните настани, а причините ќе ги анализираме во понатамошниот текст при анализата на индивидуалниот пристап од резултатите. Најголем дел или 50 % одговориле дека се сосема малку информирани, 27.9 % одговориле потврдно, 22.10 % се изјасниле негативно (в. графички преглед 5.5).




Графички преглед 5.5. *Информациите како сегмент од социјалниот капитал*
Извор: Сопствени истражувања

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали се чувствувате дека припаѓате на заедницата со оние кои ги организираат саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири*? покажуваат дека чувството за припадност (како детерминанта на социјалниот капитал) не е на завидно ниво. Најголем дел од испитаниците (47.7 %) одговориле со „Сосема малку", исто дури

27.9 % одговориле негативно, а 20.9 % одговориле потврдно. Повторно остава простор за подобрување одговорот од испитаниците од само 3.5 % кои одговориле со „Воопшто не‟ (в. графички преглед 5.6).




Графички преглед 5.6. *Припадност кон организаторите (вертикален поглед)*
Извор: Сопствени истражувања

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали се чувствувате дека припаѓате на заедницата со другите учесници на саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири*? се со приближна вредност како одговорите од претходното прашање, во најголем дел (47.7 %) одговориле со „Сосема малку‟, 25.6 % одговориле негативно, 24.4 % одговориле потврдно, а само 2.3 % одговориле со „Воопшто не‟ (в. графички преглед 5.7). Резултатите покажуваат отсуство на чувство на припадност без оглед дали станува збор за хиерархиски надредени или за еднаквите на себе.




Графички преглед 5.7. *Припадност кон другите (хоризонтален поглед)*
Извор: Сопствени истражувања

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали верувате на заедницата/оние кои ги организираат саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири*? покажуваат дека довербата (како детерминанта на социјалниот капитал) не е на завидно ниво, но и дека е тука некаде присутна во одредени мали размери. Најголем дел (50.6 %) одговориле со „Сосема малку", 27.1 % одговориле потврдно, значително или 17 % одговориле негативно, а само 2.4 % дека сосема отсуствува или „Воопшто не" (в. графички преглед 5.8).




Графички преглед 5.8. *Состојба на довербата*
Извор: Сопствени истражувања

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали имате бенефит од учеството на саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири*? се доказ дека здружувањето, со сите негови компоненти, како детерминанта на социјалниот капитал, има позитивно влијание врз елемементите кои влијаат на одржливиот рурален развој. Од испитаниците најголем дел (41.9 %) одговориле потврдно, 29.1 % одговориле со „Сосема малку", а, исто, значителен процент (26.7 %) одговориле негативно (причините ќе ги анализираме во следните прикази), а само 2.3 % се изјасниле со „Воопшто не" (в. графички преглед 5.9).




Графички преглед 5.9. *Влијание*
Извор: Сопствени истражувања

Одговорите на истражувачкото прашање *Дали ги сметате за значајни соработката и поддршката на локални здружувања/организации/претпријатија*? покажуваат дека испитаниците имаат позитивен став во врска со влијанието и потребата од соработка и поддршка (детерминанти на социјалниот капитал), во случајов од локалните здруженија, организации или претпријатија, вклучувајќи ја и локалната власт, како и единиците на централната власт (доколку ги има). Најголем дел (57 %) одговориле потврдно, значителен процент или 29.1 % одговориле со „Сосема малку", 5.8 % со „Секогаш да", но исто и „Не", а 2.3 % со „Воопшто не" (в. графички преглед 5.10).




Графички преглед 5.10. *Ставови за соработката и поддршката*
Извор: Сопствени истражувања

Со цел добивање поцелосна слика и подлабинска анализа на погоре прикажаните состојби од добиените резултати, е направена и анализа на индивидуално ниво, односно приказ на состојбите за тоа како одговориле испитаниците групирани во групи. Првенствено беа анализирани ставовите за влијанието на здружувањето, при што резултатите покажуваат дека во најголем број (55) се изјасниле потврдно, вкупно 17 одговориле со „Сосема малку", 7 – негативно, 5 – „Воопшто не" и 3 – „Секогаш да" (в. графички преглед 5.11).
Од нив, вработените во друго претпријатие/организација кои своето слободно време го користат за земјоделска дејност имаат во најголем број (19 од испитаниците) позитивен став во однос на влијанието од здружувањето, односно дека учеството/припадноста кон одредени групи/здруженија со слична дејност ќе придонесе за позитивен ефект (подобра продажба на производите/услугите). Лицата кои се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност/собираат диворастечки плодови, исто така, значително, во најголем дел (13) од нив се изјасниле позитивно (Ова е своевиден доказ дека на земјоделците им е неопходна поддршка од здружување во продажбата на своите производи). При креирањето

на структурата на испитаниците, за оние кои не можеа да бидат опфатени со дефинираните категории, беше дефинирана категоријата „Друго". Во овој случај, и тие одговори со значителен број (18) се во најголем дел изјаснети позитивно. Кај самовработените во сопствено претпријатие може да се каже дека се поделени мислењата, но со оглед на фактот што во тој дел имаме одговор од вкупно 7 испитаници, примерокот е мал за да се извлече воопштен заклучок. Иако, поставени во релациски однос во предметното истражување, во однос на другите групи испитаници, кај нив е најмала потребата од здружување.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 3 | 3 | 2 | 19 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | | 2 | 8 | 13 | 1 |
| Имам непрофитна организација | | | 1 | 3 | |
| Друго | 1 | 1 | 4 | 18 | 1 |

Графички преглед 5.11. *Влијание на здружувањето – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Идеалната форма за позитивен однос кон здружувањето, што е една од формите на социјалниот капитал, на Ликерт-скалата со можни одговори, е варијантата „Секогаш учествувам", во даденото истражување за конктретното истражувачко прашање немаме ниту еден одговор во тој дел. Анализирано на индивидуално ниво, кај категоријата „Друго" најголем дел од нив (11) одговориле потврдно, односно дека учествуваат на саеми/панаѓури/фармерски и слични собири. Земјоделците и собирачите на диви плодови во најголем дел (12) одговориле со „Не учествувам", 7 од нив се изјасниле дека малку учествуваат, а

помал број или 4 одговориле потврдно. Екстремите „Воопшто не учествувам" (1) и „Секогаш учествувам" (0) ни се своевиден доказ дека односот на оваа категорија испитаници кои живеат во руралните подрачја, оставаат простор за да донесеме заклучок дека односот кон здружувањето не е негативен и дека е потребно да се бараат причините за неучеството, имајќи го предвид добиениот резултат во претходното истражувачко прашање за оваа категорија дека е позитивен. Тука можеме причините само да ги начнеме и оставаме простор за поширoки елаборации за друго истражување со поставени цели токму во овој дел. Земјоделците/собирачите на диви плодови се маргинализирана група граѓани кои претежно живеат во рурални средини. Земјоделците кои беа испитани не се занимаваат со организирано земјоделско производство. Поради немањето доволно капацитети и ресурси, оваа категорија остануваат на маргините. Друга позначајна причина за неучеството е немањето доверба или недоволната информираност дека таков вид здружување може да придонесе за остварување на нивните цели.

Кај онаа категорија кои работат во друго претпријатие/организација и во слободното време се занимаваат со земјоделска дејност, сликата е малку поинаква од оние кои се занимаваат исклучиво само со земјоделие. Кај нив помалку (6) одговориле со „Не учествувам", а 12 со „Сосема малку учествувам" и 8 со „Учествувам". Екстремите „Воопшто не учествувам" (2) и „Секогаш учествувам" (0) и кај нив покажуваат дека дискусијата околу односот кон здружувањето на оваа категорија се одвива внатре помеѓу скалестите варијации. Причините за подобриот однос на оваа категорија кон здружувањето лежи во поголемата достапност до информациите и можноста за изградба на социјален капитал во рамките на првата дејност, односно работното место на кое се вработени, како и поголемата флексибилност од немањето зависност од само земјоделската дејност. Самовработените во сопствено претпријатие повеќе не учествуваат отколку што учествуваат (тука во голема мера има влијание дејноста и ставот на сопствениците кон ваквиот вид здружувања). Непрофитните организации, обратно, повеќе учествуваат околку што не учествуваат.

Приказот на резултатите околу односот кон здружувањето анализирано преку индивидуално ниво е содржан во графичкиот преглед 5.12.




| | Воопшто не учествувам | Не учествувам | Сосема малку учествувам | Учествувам | Секогаш учествувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | 3 | 1 | | 3 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 2 | 6 | 12 | 8 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 12 | 7 | 4 | |
| Имам непрофитна организација | 1 | | | 2 | |
| Друго | | 8 | 6 | 11 | |

Графички преглед 5.12. *Однос кон здружувањето – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Преку одговорите на дефинираните категории на групи испитаници за ова истражување беше испитан односот на здружувањето на локалната и на централната власт. Најголем дел од одговорите (62) се „Сосема малку", односно сите категории (анализирано преку индивидуално ниво) се изјасниле дека и она што се организира како форми на здружување не е доволно. Подеталниот приказ на оваа анализа е содржан во графичкиот преглед 5.13.

**Дали Вашата општина/град/држава има доволно организирано саеми/панаѓури/фармерски и слични собири на кои можете да учествувате?**




| | Воопшто нема | Нема | Сосема малку | Има | Секогаш има |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | | 6 | 1 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 1 | 7 | 15 | 6 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 5 | 19 | | |
| Имам непрофитна организација | | | 3 | | |
| Друго | | 4 | 19 | 2 | |

Графички преглед 5.13. *Однос кон здружувањето на локалната и централната власт*
Извор: Сопствени истражувања

Изградбата на социјалниот капитал е невозможна без правилна и навремена дистрибуција на информациите. Имајќи ја предвид значајноста на информациите беше креирано истражувачко прашање преку кое се добија одговори за состојбата во однос на достапноста на информациите. Најголем број (43) одговориле со „Сосема малку". Тоа е доказ дека постојат недостатоци во однос на комуницирањето со значајните информации за организираните форми на здружување. Категоријата испитаници кои работат во друго претпријатие/организација (10 одговориле со „Да", а 5 со „Не") предничат во однос на пристапот до информациите во однос на онаа категорија кои се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност (5 одговориле со „Да", а 6 со „Не"), но и едните и другите се соочуваат со пречки во достапноста. Подетален приказ е даден на графичкиот преглед 5.14.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | 1 | 5 | 1 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 1 | 5 | 12 | 10 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | | 6 | 13 | 5 | |
| Имам непрофитна организација | | | 2 | 1 | |
| Друго | | 6 | 11 | 8 | |

Графички преглед 5.14. *Достапност на информациите – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Чувството на припадност кон одреден колективитет е значајна компонента при изградбата на социјалниот капитал. Во рамките на истражувањето беа поставени две истражувачки прашања во овој контекст. Во вертикална линија испитаниците во најголем број (42) одговориле со „Сосема малку", односно дека чувството на припадност кон оние кои ги организираат разните форми на здружување е незначително. Вработените во друго претпријатие/организација (6 одговориле со „Да", а 5 со „Не") предничат во однос на оние кои се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност (2 одговориле со „Да", 8 со „Не") во однос на потврдниот одговор.  Подетелен приказ е содржан во рамките на графичкиот преглед 5.15.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | 2 | 4 | 1 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 2 | 5 | 15 | 6 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 8 | 13 | 2 | |
| Имам непрофитна организација | | | 2 | 1 | |
| Друго | | 9 | 8 | 8 | |

Графички преглед бр. 5.15. *Чувство на припадност (вертикална линија) – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Во однос на истражувачкото прашање поврзано со чувството на припадност во хоризонтална линија, односно со другите учесници на разните форми на здружување, најголем број од испитаниците (41) се одлучиле за можниот одговор од Ликерт-скалата „Сосема малку“. Ова е состојба која можеби зборува за начинот на пристап при нотираните форми на здружување. Погледнато на индивидуално ниво, кај работниците кои се вработени и во слободното време се занимаваат со земјоделска дејност, иако во најголем број (15) одговориле дека сосема малку имаат чувство на припадност со другите учесници на нотираните форми на здружување, 9 од испитаниците одговориле потврдно, а само 3 негативно. Разликата од нив, лицата кои се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност само 2 одговориле потврдно, а дури 10 одречно. Состојбата со другите групи испитаници е на слично ниво. Ваквите резултати покажуваат дека чувството на припадност, и покрај тоа што станува збор за хоризонтална линија, сепак, не е на завидно ниво. Резултатите за ова истражувачко прашање се прикажани на графичкиот преглед 5.16.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | 2 | 3 | 2 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 1 | 3 | 15 | 9 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 10 | 11 | 2 | |
| Имам непрофитна организација | | 1 | 1 | 1 | |
| Друго | | 7 | 11 | 7 | |

Графички преглед 5.16. *Чувство на припадност (хоризонтална линија) – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Во претходните две истражувачки прашања, анализирајќи ја состојбата со чувството на припадност, може да се каже дека една од причините за отсуството на тоа чувство лежат токму во отсуството на довербата. Меѓутоа, тоа се претпоставки кои не беа испитани со тие две истражувачки прашања и затоа оставаме да ја погледнеме состојбата со следното истражувачко прашање во однос на довербата. Во погорните презентации видовме дека најголем број од испитаниците (43) одговориле дека „Сосема малку" веруваат на заедницата во која припаѓаат организаторите на саемите и сличните форми на здружување. Од добиените резултати може да се види дека лицата кои се вработени и во слободното време се занимаваат со земјоделска дејност, во сооднос со другите испитаници, најмногу веруваат (10), лицата кои се занимаваат со земјоделска дејност многу малку веруваат (1), а лицата кои се изјасниле дека припаѓаат на недефинирата група под „Друго" имаат позитивен однос во врска со довербата со 8 позитивни одговори. Занимлив резултат за анализа е оној на земјоделците, кои, рековме, во најголем дел, ги сметаме за маргинализира група, и е показател дека лицата кои не ја уживаат рамномерно распределбата, кај нив довербата е на најниско ниво. Кај земјоделците се јавува чувството на „искористување" од страна на организаторите, за кои велат дека тоа го прават „за свои цели". Меѓутоа, одговорите во најголем број „Сосема малку", во случајов кај земјоделците (12) на скалата се движат кон позитива одејќи од негативната форма, не се потврдни, но не се ни одречни, се со доза на „надеж" за подобрување. За повеќе резултати од ова истражуачко прашање да се погледне графичкиот преглед 5.17.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | 1 | 4 | 2 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 1 | 2 | 15 | 10 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 9 | 12 | 1 | |
| Имам непрофитна организација | | | 1 | 2 | |
| Друго | | 5 | 11 | 8 | |

Графички преглед 5.17. *Доверба – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Она што е главна претпоставка на ова истражување е содржано во истражувачкото прашање за бенефитот кои го имаат групите испитаници од учеството на саемите и сличните форми на здружување, или, со поинаков речник искажано тоа би гласело вака: Какво е влијанието на социјалниот капитал врз руралниот одржлив развој? Да видиме дали социјалниот капитал презентиран преку разните форми на здружување (саеми, панаѓури и сл.) има влијание врз руралниот одржлив развој, прикажан преку групите испитаници кои беа дефинирани како најчести групи на население кои живеат во руралните средини. Свесноста или искуствениот приказ на испитаниците најголем број (37) потврдуваат позитивно влијание. Од групата именувана како „Друго" има најголем број (14) кои одговриле позитивно. По нив се работниците кои во слободно време се занимаваат со земјоделска дејност (13), а кај земјоделците преовладува негативниот став (10) во однос на позитивниот (6). Причините за таквата состојба повторно ги гледаме во немањето капацитет и ресурси за учество и ниското ниво на доверба. Повеќе податоци се содржани во рамките на графичкиот преглед 5.18.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | 2 | 2 | 3 | |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 1 | 6 | 8 | 13 | |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 10 | 7 | 6 | |
| Имам непрофитна организација | | 1 | 1 | 1 | |
| Друго | | 5 | 6 | 14 | |

Графички преглед 5.18. *Влијание на социјален капитал – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

Преку посебно истражување го испитавме и ставот во однос социјалниот капитал, во ова истражувачко прашање изразен преку соработката и поддршката од локалните здруженија, организации, претпријатија и сл., најголем број од испитаниците (51) се изјасниле со „Да", а 25 со „Сосема малку", само 5 се изјасниле со „Не" и само 3 со „Воопшто не". Најголем број (21) потврдни одговори дала групата на вработени лица кои во слободното време се занимаат со земјоделска дејност. Не е за занемарување и позитивниот став и кај другите групи на испитаници, за кои подеталните резултати се прикажани во рамките на графичкиот преглед 5.19.




| | Воопшто не | Не | Сосема малку | Да | Секогаш да |
|---|---|---|---|---|---|
| Самовработен во сопствено претпријатие | | | 1 | 4 | 2 |
| Работам во друго претпријатие/ организација и во слободното време се занимавам со земјоделие | 2 | 1 | 5 | 21 | 1 |
| Работам исклучиво земјоделие/ собирам диворастечки плодови | 1 | 3 | 10 | 9 | 1 |
| Имам непрофитна организација | | | 1 | 2 | |
| Друго | | 1 | 8 | 15 | 1 |

Графички преглед 5.19. *Ставови за социјален капитал – индивидуално ниво*
Извор: Сопствени истражувања

### ***Квантитативна анализа***

Квантитативната анализа вклучува нумеричко кодирање на одговорите од 1 до 5. Линеарната регресија го третира индексот на социјалниот капитал како независен, а индексот на руралниот развој како зависен. Просечен социјален индекс: 3.087; индекс на рурален развој: 3.092.

Пивот-табеларен преглед 5.3. *Просечна вредност на индекс на социјален капитал пресметан по групи на испитаници*

| **Групи на испитаници** | **Просечна вредност на Индекс на СК** |
|---|---|
| Вработени со земјоделска дејност | 3.208333333 |
| Друго | 3.161458333 |
| Земјоделци | 2.788043478 |
| Непрофитна организација | 3.333333333 |
| Самовработени | 3.178571429 |
| Вкупно | 3.086206897 |

Извор: Сопствени пресметки




Графички преглед 5.20. *Корелација на индексот на социјален капитал помеѓу групите испитаници*
Извор: Сопствен приказ

Пивот-табеларниот преглед 5.3 и графичкиот преглед 5.20 покажуваат највисок индекс на социјален капитал меѓу непрофитните организации, што ја одразува нивната свест за создавање социјален капитал. Кај земјоделците е присутен најнискиот индекс, што ја истакнува потребата од насочени препораки.




Y-оска: Индекс на социјален капитал, X-оска: Индекс на рурален развој

Графички преглед 21. *Позитивно влијание на социјалниот капитал врз руралниот развој*
Извор: Сопствен приказ

Резултатите презентирани со графичкиот преглед 21 покажуваат позитивно влијание, односно дека социјалниот капитал има значаен позитивен придонес врз руралниот одржлив развој (Y=1.266, X=0.81). На графичкиот преглед е прикажано и $R^2$, што укажува дека димензиите на социјалниот капитал се значаен фактор на влијание врз руралниот развој во испитаните рурални заедници.

Тестирање хипотези:

· Нулта хипотеза (Ho): Социјалниот капитал нема позитивен ефект врз руралниот одржлив развој ($\beta = 0$).

· Алтернативна хипотеза (H1): Социјалниот капитал има позитивен ефект врз руралниот одржлив развој ($\beta > 0$).

Добиените резултати се прикажани во рамките на табеларниот преглед 5.4.

Табеларен преглед 5.4. *Приказ на резултати*

| **Metric** | **Value** |
|---|---|
| Correlation (r) | 0.852069 |
| Slope (β) | 1.266466 |
| Intercept | -0.81662 |
| R² | 0.726021 |
| t-statistic | 2.719895 |
| p-value (2-tailed) | 0.007917 |
| Std. Error of Slope | 0.46563 |

Извор: Сопствени пресметки

Интерпретација на резултатите

- Корелација (r = 0.852) – силна позитивна корелација.
- Наклон ($\beta = 1.266$) – за секоја единица зголемување на социјалниот капитал, руралниот развој се зголемува за 1.266 единици.
- Интерцепт – ја покажува точката на пресек на Y-оската.
- $R^2 = 0.726$ – висока варијанса на руралниот развој од дури 73 %.
- t-статистика (2.72) – доволно за да се отфрли нултата хипотеза.
- p-вредност (двострано) – 0.0079 – статистички значајно ($p < 0.05$).
- Стандардна грешка на наклон (0.466) – ја мери варијабилноста на проценетиот наклон, со цел конструирање интервали на доверба за утврдување на статистичката значајност на наклонот.

Корелациските и регресионите анализи потврдуваат силна позитивна поврзаност и статистички значаен ефект на социјалниот капитал врз руралниот развој ($\beta = 1,266$, SE = 0,466, t (85) = 2,72, p = 0,0079), со интервал на доверба од 95 % за β (0,34, 2,19) над нула. $R^2 = 0,726$ укажува дека социјалниот капитал е значаен механизам што го движи одржливиот развој во руралните средини.

Квантитативната анализа покажа позитивна врска помеѓу социјалниот капитал и руралниот развој. Резултатите покажуваат дека социјалниот капитал има статистички значајно влијание врз одржливиот развој во руралните средини. Високата корелација (r = 0,852) и значителниот коефициент на детерминација ($R^2$

= 0,726) покажуваат дека социјалниот капитал е клучен фактор за постигнување одржлив развој во руралните средини. Квантитативната анализа, исто така, покажа дека ефективната комуникација меѓу групите го олеснува рационалното користење на ресурсите, правичниот пристап до можностите и градењето капацитети, а воедно ја истакнува моменталната слаба социјална структура и кохезија во руралните средини. Формите низ кои се постигнува ефектот врз руралниот развој на социјалниот капитал, претставуваат иницијативи на социјално претприемништво.

### ***Заклучно согледување***

Истражувањето за улогата на социјалниот капитал врз инклузивниот раст преку иницијативи на социјално претприемништво, со група испитаници дефинирани од население кое претежно живее во рурални македонски подрачја, и со избрани форми на организации кои врз основа на методот набљудување беше заклучено дека се присутни во одредена мера и се карактеристични за дејноста што е својствена за тие подрачја, ја потврди претпоставката дека *социјалниот капитал, низ иницијативи на социјално претприемништво, има позитивен придонес за инклузивен пристап во руралните подрачја*, но и ни ја покажа, исто така, состојбата со слабата досегашна изградена социјална структура и кохезија. Преку квалитетна комуникација помеѓу групите може да се дојде до рационално користење на ресурсите, еднаков пристап до можностите, но и до подобрување на капацитетите.

### ***Препораки***

Врз основа на потврдената претпоставка дека социјалниот капитал преку иницијативи за социјално претприемништво има позитивен придонес за инклузивен раст во рурални подрачја населени претежно со сиромашно земјоделско население и собирачи на диворастечки плодови, ги нотираме следниве препораки:

- За креаторите на политики
  - Потребно е да се воспостави и да се унапреди социјалното претприемништво со примена на социјалниот капитал во руралните подрачја.
  - Да се обезбеди таргетирана поддршка за социјалните претпријатија кои остваруваат дејност во рурални подрачја, кои овозможуваат вработување и стекнување приходи за маргинализираните групи во рурални подрачја.
  - Да се интегрира социјалното претприемништво со примена на социјален капитал во стратегиите за рурален развој и во стратегиите за намалување на сиромаштијата.
- За локалната заедница

   - Поттикнување на колективните форми на организации (задруги, здруженија), како средство за јакнење на социјалниот капитал и заедничко пазарно настапување.
   - Да се обезбедат програми за обука на локалното рурално население во одржливо искористување на ресурсите, но и во бенефитите од колективното здружување во зајакнување на социјалниот капитал.
   - Да се иницира и да се стимулира изградба на мрежи во руралните подрачја кои ќе се засноваат на доверба (еден од главните фактори поради кои руралното население не учествува во здружувањето).
- За економски и пазарни бенефити
   - Обука на руралното население за korиста од социјалниот капитал за економски и пазарни бенефити.
   - Обуки на руралното население за диверзификација на производите и создавање додадена вредност преку придобивките од социјалниот капитал.
- За социјални бенефити
   - Активна вклученост на земјоделците и другите маргинализирани групи од рурални подрачја во формите на социјално претприемништво.
   - Градење доверба помеѓу разните форми на здружување и поединците, како што се организаторите на панаѓурите и учесниците – локалните земјоделци и малите производители.
   - Создавање капацитети преку социјален капитал за обезбедување социјални права за руралното маргинализирано население.
- За идни истражувања
   - Спроведување подолгорочни истражувања за испитување на влијанието на социјалниот капитал и социјалните претпријатија врз инклузивниот раст во рурални подрачја.
   - Изработка на компаративни анализи.
   - Развивање методологии и индикатори за квантитативно и квалитативно мерење на улогата на социјалниот капитал и социјалните претпријатија врз инклузивниот раст во руралните подрачја.

Преку овие препораки го заокружуваме сознанието дека социјалниот капитал, преку иницијативите за социјално претприемништво, претставува значаен ресурс за поттикнување инклузивен раст во рурални заедници, посебно во оние каде што социјалната исклученост и сиромаштијата се најизразени.

## 5.6. Дефинирање на човечкиот капитал

Во рамките на Оксфордскиот англиски речник (Oxford English Dictionary[24]) човечкиот капитал се дефинира како „вештини што ги поседува работната сила и се сметаат за ресурс или предност", односно се однесува на инвестиции во луѓето, од аспект на образование, здравје и сл., кои ја зголемуваат продуктивноста на индивидуата. Клаудија Голдин истакнува дека терминот човечки капитал денес го користиме како да бил отсекогаш во нашата „лингва франка" (итал. lingua franca), меѓутоа, посочува дека, не било отсекогаш така. Во тој контекст Теодор Шулц (добитник на Нобеловата награда во 1979 г.), во неговото претседателско обраќање на Американската економска асоцијација во 1961 година, истакнал дека „многумина мислеа дека слободните луѓе не треба да се поистоветуваат со имотот и пазарните средства" (Schultz, 1961 as cited in Goldin, 2016, p. 2). Меѓутоа, слободно можеме да нотираме дека концептот човечки капитал се поврзува уште со Адам Смит, кој во неговото дело „Истражување во природата и причини за богатството на нацијата" ("An inquiry into the nature and causes of the wealth of nations"), давајќи ја четврта дефиниција за капиталот вели: „Стекнувањето таленти преку неговото образование, студирање или стажирање, секогаш чини вистински трошок, кој е капитал фиксиран и реализиран во неговата личност (Smith, 2003, 1776, p. 151). Во однос на историското движење на човечкиот капитал, професорката Клаудија Голдин ќе истакне: „Во поголемиот дел од запишаната историја, нивоата на приходи беа ниски, животите беа кратки и имаше мал или никаков економски раст. Сега имаме поздрави, подолги, побогати и се надеваме посреќни животи. Промената на режимот вклучуваше зголемено знаење и негово ширење, поголеми нивоа на обука и образование, подобрено здравје, поголема миграција, промени во плодноста и демографска транзиција. Накратко, процесот вклучува напредок во човечкиот капитал.". Без знаење отелотворено во луѓето, не може да има технолошка промена. Без зголемување на вредноста на секое дете, родителите ќе се одлучат за квантитетот наместо квалитетот (Goldin, 2016, p. 60).

Човечкиот капитал не се однесува само на вложувањето во образованието, туку, несомнено, и на здравјето. Зголемените ресурси им овозможуваат на луѓето да инвестираат повеќе во нивниот здравствен човечки капитал. Но, дополнително, повеќе здравствен човечки капитал им овозможува на луѓето да бидат попродуктивни (Goldin, 2016, p. 78). Поврзаноста помеѓу образованието и здравјето би ја презентирале на следниов начин – здравите поединци се способни да постигнат повисоко образование (поради можноста за вложување поголем напор во учење и стекнување вештини), а повисоко образованите поединци имаат основа да поседуваат подобро здравје (поради зголемените ресурси и знаење). Брајан Кили во овој поглед ќе истакне: *„Работникот чиј човечки капитал вклучува добро здравје ќе биде попродуктивен на своето работно место и на тој начин ќе може да заработува повеќе. А поголемата продуктивност е добра за пошироката заедница. Подигнувањето на нивото на здравјето на сите жители на една земја*

[24] https://www.oed.com/search/dictionary/?scope=Entries&q=human%20capital

*овозможува нејзин економски раст...земја во која очекуваниот животен век е зголемен за пет години, како одраз на постојаното подобрување на здравјето на луѓето, ќе има 0,5 % побрз економски раст од земјите каде што очекуваниот животен век е статичен*." (Keeley, 2007, p. 106).

## 5.7. Индекс на човечки капитал

Светска банка, во 2018 година, го има отпочнато проектот за човечки капитал (Human Capital Project – HCP) – програма за застапување, мерење и аналитичка работа за подигање на свеста и зголемување на побарувачката за интервенции за градење човечки капитал, со вклучени три компоненти: 1) индекс на човечки капитал; 2) програма за мерење и истражување за информирање на активностите на политиките и 3) програма за поддршка на стратегиите на земјата за забрзување на инвестициите во човечки капитал. Проектот вклучува меѓународна метрика за да се одредат клучните компоненти на човечкиот капитал низ земјите. Индексот на човечки капитал (Human Capital Index – HCI) ја мери количината на човечки капитал што детето родено денес може да очекува да го достигне до 18-годишна возраст, со оглед на ризиците од лошо здравје и лошо образование што преовладуваат во земјата каде што живее. HCI ги мери клучните точки долж траекторијата од раѓање до полнолетство на дете родено денес. Во најсиромашните земји во светот постои значителен ризик детето да не го преживее ни петтиот роденден. Дури и ако наполни училишна возраст, постои дополнителен ризик да не започне со училиште, а камоли да го заврши целосниот циклус од 14 години училиште од предучилишна до 12-то одделение, што е норма во богатите земји. Времето што тоа го поминува на училиште може нерамномерно да се претвори во учење, во зависност од квалитетот на наставниците и училиштата што ги доживува. Кога ќе наполни 18 години, тоа ги носи со себе трајните последици од лошото здравје и исхрана во детството кои ги ограничуваат неговите физички и когнитивни способности како возрасна личност. HCI ги квантифицира клучните фази во оваа траекторија и нивните последици за продуктивноста на следната генерација работници, со овие три компоненти: 1) Преживување од раѓање до училишна возраст, мерено со стапки на смртност под 5 години. 2) Очекувани години на учење, комбинирајќи информации за квантитетот и квалитетот на образованието. Количеството на образование се мери како очекуваниот број години на училиште што детето може да очекува да ги достигне до 18-годишна возраст со оглед на преовладувачката шема на стапки на запишување во одделенијата. Квалитетот на образованието ја одразува тековната работа во Светската банка за усогласување на резултатите од тестовите од главните меѓународни програми за тестирање на постигањата на учениците. Овие се комбинирани во мерка за училишни години приспособени за учење користејќи ја метриката за конверзија „приспособени за училишните години" предложена во Извештајот за светскиот развој за 2018 година. 3) Здравје. Во отсуство на една широко прифатена, директно измерена и широко достапна метрика, целокупната здравствена средина е опфатена со два показатела: а) стапки на преживување на

возрасни, дефинирани како дел од 15-годишници кои преживуваат до 60-годишна возраст и б) стапка на заостанување во раст кај деца под 5-годишна возраст. HCI се мери во однос на продуктивноста на следната генерација работници, во однос на одредницата за целосно образование и целосно здравје. Вредноста на X за одредена земја значи дека продуктивноста како иден работник на дете родено во дадена година во таа земја е само дел X од она што би можело да биде според одредницата на целосно образование и целосно здравје. Ова може да се разложи во придонесите на трите компоненти на HCI, од кои секоја е изразена во однос на продуктивноста поврзана со одредницата. Помножени заедно, тие стигнуваат до вкупниот HCI. Разликите во човечкиот капитал имаат големи импликации врз продуктивноста на следната генерација работници. Во земја околу 25-от перцентил од распределбата на здравствените установи, детето родено денес ќе биде само 45 проценти продуктивно колку што би било во реперот за целосно образование и целосно здравје.

ИЧК (HCI) дава дефиниција за човечкиот капитал која го квантифицира придонесот на здравството и на образованието во продуктивноста на следната генерација работници. Земјите можат да го искористат за да проценат колкав приход им припуштаат поради празнините во човечкиот капитал и колку побрзо можат да ги претворат овие загуби во добивки ако дејствуваат навремено[25].

Табеларен преглед 5.5. *Индекс на човечки капитал (2020) и компоненти во Северна Македонија: сумирана табела*

| **Индикатор** | **Најнова проценка** | | | **Година на најнова проценка** | | | **Извор** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки + женски | Само машки | Само женски | Машки + женски | Само машки | Само женски | |
| А. | Б. | В. | Г. | Д. | Ѓ. | Е. | Ж. |
| Компонента 1 на ИЧК: Опстанок | | | | | | | |
| Веројатност за преживување до 5-годишна возраст | 0.990 | 0.989 | 0.991 | 2018 | 2018 | 2018 | Меѓуагенциска група на ОН за проценки на детска смртност UN Interagency Group for Child Mortality Estimates |

[25] https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Компонента 1 на ИЧК: Училиште | | | | | | | |
| Очекувани години на школување | 11.0 | 11.1 | 11.0 | 2017 | 2017 | 2017 | Проценки на персоналот на Светска банка<br><br>World Bank Staff Estimates |
| Усогласени резултати од тестовите | 414 | 401 | 427 | 2018 | 2018 | 2018 | Patrinos and Angrist (2018), Ажурирање од 2020 година Patrinos and Angrist (2018), 2020 Update |
| Компонента 1 на ИЧК: Здравје | | | | | | | |
| Стапка на преживување на возраст 15 – 60 години | 0.909 | 0.881 | 0.937 | 2019 | 2019 | 2019 | Одделение за население на ОН, интерполирано UN Population Division, Interpolated |
| Дел од деца под 5 години кои не заостануваат во развојот | 0.951 | 0.944 | 0.957 | 2011 | 2011 | 2011 | Joint Malnutrition |
| Индекс на човечки капитал (ИЧК) 2020 | 0.56 | 0.54 | 0.57 | | | | Проценки на персоналот на Светска банка World Bank Staff Estimates |
| Интервал на несигурност | [0.55,0.56] | [0.53,0.55] | [0.57,0.58] | | | | Проценки на персоналот на Светска банка World Bank Staff Estimates |

Извор: Светска банка (https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital)

Табеларниот преглед со бр. 5.5 го прикажува индексот на човечкиот капитал (ИЧК) и неговите компоненти за 2020 година, за Северна Македонија. „Најнова проценка" го означува најновото достапно набљудување за секоја компонента, што се враќа до 10 години за да се пополнат забелешките што недостасуваат. „Година на најновата проценка" ја означува годината од која се земени најновите податоци што недостасуваат.

• „Веројатноста за преживување" ја мери веројатноста за преживување до 5-годишна возраст.

• „Очекуваните години на школување" го мери бројот на години на училиште што детето кое напредува според сегашната шема на стапки на запишување може да очекува да ги добие до 18-годишна возраст, до максимум 14 години.

• „Усогласените резултати од тестот" ги мерат перформансите на меѓународните програми за тестирање што се претворени во заеднички единици со средна вредност од 500 и стандардна девијација од 100 кај учениците.

• „Стапките на преживување на возрасни" ја мерат веројатноста за преживување од 15 до 60 години.

• „Дел од деца кои не се со заостанат раст" го мери делот на деца под 5 години кои не се две или повеќе стандардни отстапувања под нормалната висина за возраста (т. е. стапка на заостанување од 1).

„ИЧК (HCI)" ги комбинира горенаведените компоненти во мерка за продуктивност како иден работник на дете родено денес, во однос на реперот за целосно образование и целосно здравје. Индексот се движи од нула до еден, а вредноста на X значи дека работникот од следната генерација ќе биде само X×100 проценти како што би бил под одредницата за целосно образование и целосно здравје.

„Интервалите на несигурност" ја одразуваат непрецизноста во компонентите и вкупниот индекс. Тие се добиваат со повторно пресметување на ИЧК (HCI) со користење проценки на долните и на горните граници на секоја од компонентите на ИЧК (HCI), кои ја рефлектираат мерната грешка во компонентите. Иако интервалите на несигурност конструирани овде немаат ригорозна статистичка интерпретација, правило е дека ако за две земји тие суштински се преклопуваат, разликите помеѓу нивните вредности на HCI веројатно нема да бидат практично значајни.

Колоните В. и Г. ги прикажуваат компонентите на индексот и целокупниот ИЧК (HCI) по пол. Онаму каде што е наведено, родово распределени податоци за застојот се импутирани со цел да се пресмета родово разделениот ИЧК (HCI). Импутациите се пресметуваат или со а) користење коефициенти од најблиското истражување +/- 10 години во кое се пријавува застојот во раст поделени по пол или со б) доделување на комбинираната стапка на машки/женски на машките и женските серии.

Табеларен преглед 5.6. *Индекс на човечки капитал и компоненти: споредба во текот на една деценија – Северна Македонија*

| **Индикатор** | **ИЧК 2010 - Проценка во 2010 година** | | | **ИЧК 2010 - Изворна година** | | | **ИЧК 2020 - Проценка во 2020 година** | | | **ИЧК 2020 - Изворна година** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки + женски | Само машки | Само женски | Машки + женски | Само машки | Само женски | Машки + женски | Само машки | Само женски | Машки + женски | Само машки | Само женски |

| А. | Б. | В. | Г. | Д. | Ѓ. | Е. | Ж. | З. | Ѕ. | И. | Ј. | К. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Компонента 1 на ИЧК: Опстанок | | | | | | | | | | | | |
| Веројатност за преживување до 5-годишна возраст | 0.990 | 0.989 | 0.991 | 2010 | 2010 | 2010 | 0.990 | 0.989 | 0.991 | 2018 | 2018 | 2018 |
| ИЧК Компонента 2: Училиште | | | | | | | | | | | | |
| Очекувани години на школување | 10.6 | 10.6 | 10.5 | 2010 | 2010 | 2010 | 11.0 | 11.1 | 11.0 | 2017 | 2017 | 2017 |
| Усогласени резултати од тестовите | 417 | 411 | 423 | 2011 | 2011 | 2011 | 414 | 401 | 427 | 2018 | 2018 | 2018 |
| Компонента 3 на ИЧК: Здравје | | | | | | | | | | | | |
| Стапка на преживување 15 – 60 години | 0.894 | 0.863 | 0.926 | 2010 | 2010 | 2010 | 0.909 | 0.881 | 0.937 | 2019 | 2019 | 2019 |
| Дел од деца под 5 години кои не заостануваат во развојот | 0.887 | 0.867 | 0.908 | 2005 | 2005 | 2005 | 0.951 | 0.944 | 0.957 | 2011 | 2011 | 2011 |
| Индекс на човечки капитал (ИЧК) | **0.54** | **0.53** | **0.55** | | | | **0.56** | **0.54** | **0.57** | | | |
| Интервал на несигурност | [0.53, 0.55] | [0.52,0 .54] | [0.54,0 .56] | | | | [0.5 5,0. 56] | [0.53,0. 55] | [0.57, 0.58] | | | |

Извор: Светска банка (https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital)

Табеларниот преглед број 5.6 го прикажува индексот на човечкиот капитал (ИЧР) и неговите компоненти за 2010 година и за 2020 година. Колоната „Проценка во 2010 година" зборува за набљудување за секоја компонента во или во близина на 2010 година (околу 2010 година). Колоната „Изворна година" ја означува годината од која се земени овие набљудувања. Пресек од 2010 година за да се обезбеди споредливост со текот на времето.

„Веројатноста за преживување" ја мери веројатноста за преживување до 5-годишна возраст.

„Очекуваните години во школување" го мери бројот на години на училиште што детето кое напредува според сегашната шема на стапки на запишување може да очекува да ги добие до 18-годишна возраст, до максимум 14 години.

„Усогласените резултати од тестот" ги мерат перформансите на меѓународните програми за тестирање кои се претворени во заеднички единици со средна вредност од 500 и стандардна девијација од 100 кај учениците.

„Стапките на преживување на возрасни" ја мерат веројатноста за преживување од 15 до 60 години.

„Дел од деца кои не се со заостанат раст" го мери делот на деца под 5 години кои не се две или повеќе стандардни отстапувања под нормалната висина за возраста (т. е. стапка на заостанување од 1).

Последниот ред го прикажува „вкупниот резултат на ИЧК (HCI)" за годините 2010 и 2019 година. HCI ги комбинира горенаведените компоненти во мерка за продуктивност како иден работник на дете родено денес, во однос на реперот за целосно образование и целосно здравје. Индексот се движи од нула до еден, а вредноста на X значи дека работникот од следната генерација ќе биде само X×100 проценти како што би бил под одредницата за целосно образование и целосно здравје.

„Интервалите на несигурност" ја одразуваат непрецизноста во компонентите и вкупниот индекс. Тие се добиваат со повторно пресметување на ИЧК (HCI) со користење проценки на долните и горните граници на секоја од компонентите на ИЧК (HCI), кои ја рефлектираат мерната грешка во компонентите. Додека интервалите на несигурност конструирани овде немаат ригорозна статистичка интерпретација, правило е дека ако за две земји тие суштински се преклопуваат, разликите помеѓу нивните вредности на ИЧК (HCI) веројатно нема да бидат практично значајни.




Графички преглед бр. 5.22. *Индекс на човечки капитал во Северна Македонија (2010 VS 2020)*
Извор: Светска банка (https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital)

Графичкиот преглед 5.22 го прикажува индексот на човечки капитал за 2020 година (на вертикалната оска) наспроти индексот на човечкиот капитал за 2010 година (на хоризонталната оска). Испрекината линија ја означува линијата од 45 степени. Точките над (под) оваа линија одговараат на зголемување (намалување) на вредноста за 2020 година во однос на вредноста од 2010 година.

Резултатите покажуваат нагорна линија на човечкиот капитал, сметајќи ја временската рамка од 2010 до 2020 година (од 0,54  на 0,56), меѓутоа сепак зборуваме за вредносни показатели кои се далеку под посакуваниот праг (ова се потврдува со подолните компаративни анализи помеѓу референтни земји).

Табеларен преглед 5.7. *Индекс на човечки капитал (2020) и компоненти: регионални одредници (Северна Македонија)*

| **Индикатор** | **Северна Македонија** | **Источна Азија Пацифик** | **Европа и Централна Азија** | **Латинска Америка и Карибите** | **Блискиот Исток и Северна Африка** | **Северна Америка** | **Јужна Азија** | **Субсахарска Африка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски + машки | Женски + машки | Женски + машки | Женски + машки | Женски + машки | Женски + машки | Женски + машки | Женски + машки |
| Компонента 1 на ИЧК: Опстанок | | | | | | | | |
| Веројатност за преживување до 5-годишна возраст | 0.990 | 0.978 | 0.993 | 0.982 | 0.984 | 0.994 | 0.962 | 0.934 |
| ИЧК Компонента 2: Училиште | | | | | | | | |
| Очекувани години на школување | 11.0 | 11.9 | 13.1 | 12.1 | 11.6 | 13.3 | 10.8 | 8.3 |
| Усогласени резултати од тестовите | 414 | 432 | 479 | 405 | 407 | 523 | 374 | 374 |
| Компонента 3 на ИЧК: Здравје | | | | | | | | |
| Стапка на преживување 15 – 60 години | 0.909 | 0.864 | 0.904 | 0.862 | 0.912 | 0.915 | 0.841 | 0.735 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дел од деца под 5 години кои не заостануваат во развојот | 0.951 | 0.759 | 0.903 | 0.852 | 0.823 | | 0.692 | 0.688 |
| Индекс на човечки капитал (ИЧК) 2020 | **0.56** | **0.59** | **0.69** | **0.56** | **0.57** | **0.75** | **0.48** | **0.40** |

Извор: Светска банка (https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital)

Табеларен преглед 5.8. *Индекс на човечки капитал (2020) и компоненти: приходни одредници (Северна Македонија)*

| **Индикатор** | **Северна Македонија** | **Ниски приходи** | **Долен среден приход** | **Горен среден приход** | **Високи приходи** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Машки + Женски | Машки + Женски | Машки + Женски | Машки + Женски | Машки + Женски |
| Компонента 1 на ИЧК: Опстанок | | | | | |
| Веројатност за преживување до 5-годишна возраст | 0.990 | 0.928 | 0.959 | 0.983 | 0.994 |
| ИЧК Компонента 2: Училиште | | | | | |
| Очекувани години на школување | 11.0 | 7.6 | 10.4 | 11.8 | 13.2 |
| Усогласени резултати од тестовите | 414 | 356 | 392 | 411 | 487 |
| Компонента 3 на ИЧК: Здравје | | | | | |
| Стапка на преживување  15 – 60 години | 0.909 | 0.747 | 0.804 | 0.856 | 0.921 |
| Дел од деца под 5 години кои не заостануваат во развојот | 0.951 | 0.654 | 0.750 | 0.867 | 0.803 |
| Индекс на човечки капитал (ИЧК) 2020 | **0.56** | **0.37** | **0.48** | **0.56** | **0.71** |

Извор: Светска банка (https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital)

Горенаведените табели ги прикажуваат просеците на 5-те компоненти на индексот на човечкиот капитал и просекот на вкупниот индекс на човечки капитал 2020 година, а) по регион (в. табела 5.7)  и б) по група на приходи (в. табела 5.8). Просеците се пресметуваат врз основа на најновите достапни податоци за секоја земја. Втората колона од табелите ги прикажува вредностите за конкретната земја со цел да се олесни споредбата со нејзините одредници. Празните ќелии покажуваат дека недостасуваат податоци.




Графички преглед 5.23. *Стереограм – Индекс на човечки капитал на РСМ во споредба со ИЧК на референтни земји во 2020 година*
Извор: Светска банка (СЧКРСМ, 2024, p. 13)

Од графичкиот преглед бр. 5.23 може да се нотира дека РСМ е под просекот во европските и централно-азиските земји со низок и со среден приход (ca. 63 %, и далеку под просекот на ЕУ (ca. 74 %), а е во рамките на нивото со земјите со сличен развој (СЧКРСМ, 2024, p. 13). Што значи тоа? – Подразбира дека дете родено во 2020 година во РСМ кога ќе порасне ќе достигне 56 % од својот потенцијален капитал, доколку има квалитетно образование и добро здравје, во централно-азиските земји 63 %, а во европските земји 74 %.

Човечкиот капитал – знаењето, вештините и здравјето што луѓето ги акумулираат во текот на нивните животи – е централен двигател на одржливиот раст и намалувањето на сиромаштијата. Повеќе човечки капитал е поврзан со повисоки приходи за луѓето, повисоки приходи за земјите и посилна кохезија во општествата (Светска банка).

Табеларен преглед 5.9. *БДП по глава на жител за Северна Македонија, изразен во американски долари (временска серија 1990 – 2023)*

| Ред. бр. | Година | БДП по глава на жител изразен во долари |
|---|---|---|
| 1. | 1990 | 2277.303723 |
| 2. | 1991 | 2402.135177 |
| 3. | 1992 | 1198.928298 |
| 4. | 1993 | 1336.647756 |
| 5. | 1994 | 1786.354883 |
| 6. | 1995 | 2355.247054 |
| 7. | 1996 | 2306.53367 |
| 8. | 1997 | 1959.560738 |
| 9. | 1998 | 1875.816627 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | 1999 | 1915.392811 |
| 11. | 2000 | 1861.898998 |
| 12. | 2001 | 1823.022677 |
| 13. | 2002 | 1989.135373 |
| 14. | 2003 | 2445.362864 |
| 15. | 2004 | 2818.581456 |
| 16. | 2005 | 3120.984014 |
| 17. | 2006 | 3440.441106 |
| 18. | 2007 | 4204.113288 |
| 19. | 2008 | 5026.420299 |
| 20. | 2009 | 4799.787228 |
| 21. | 2010 | 4833.365868 |
| 22. | 2011 | 5416.866729 |
| 23. | 2012 | 5049.826539 |
| 24. | 2013 | 5626.261157 |
| 25. | 2014 | 5925.385922 |
| 26. | 2015 | 5262.686719 |
| 27. | 2016 | 5598.486226 |
| 28. | 2017 | 5955.297386 |
| 29. | 2018 | 6713.989254 |
| 30. | 2019 | 6718.858266 |
| 31. | 2020 | 6659.596511 |
| 32. | 2021 | 7620.80297 |
| 33. | 2022 | 7606.237525 |
| 34. | 2023 | 8624.293609 |

Извор: Индикатори за светски развој (WDI) https://data.worldbank.org/indicator/




Графички преглед 5.24. *БДП по глава на жител за Северна Македонија, изразен во американски долари (временска серија 1990 – 2023*)

Извор: Индикатори за светски развој (WDI) https://data.worldbank.org/indicator/

Република Северна Македонија се вбројува во земјите со средно-високо ниво на приходи.

Табеларниот преглед 5.9 и графичкиот преглед 5.24 презентираат податоци за БДП по глава на жител за РСМ во временска серија 1990 (2277.303723 долари) – 2023 (8624.293609 долари). Резултатите покажуваат тенденција на раст.

Меѓутоа, и покрај ваквите показатели македонскиот раст е исправен пред низа предизвици (висока стапка на невработеност кај младите, стареење на населението, висока стапка на емиграција), претставуваат доволен показател дека треба да се погледне пошироко од само чист економски раст.

Инвестирањето во човечки капитал е слично на инвестирањето во физички капитал: може да се инвестира во човечкиот фактор на производство со очекување на економски принос исто како што може да се инвестира во факторот на производствен физички капитал. Покрај тоа, бидејќи човечкиот капитал вклучува ‵образование, обука, медицинска нега и други додатоци на знаењето и здравјето′, секоја политика што влијае на овие области влијае на човечкиот капитал и, на крајот, на растот (Fabbi & Gatti, 2018, p. 3).

## 5.8. Стратегија за човечки капитал во Северна Македонија

Владата на Република Северна Македонија има донесено Стратегија за човечки капитал на Република Северна Македонија (2024 – 2030).

Како што е нотирано во самата стратегија, нејзините цели се „овозможување на Република Северна Македонија да постигне побрз, поинклузивен и поодржлив раст и овозможување за граѓаните поголеми можности за подобар живот.‟.

Во Стратегијата фокусот е ставен на следниве три подрачја: образование, здравство и социјална заштита, со потенцирање дека целите се за „да го зајакне и подобри човечкиот капитал за инклузивен развој‟.

Исто така, е посочено дека „зголемувањето на квалитетот на човечкиот капитал ќе биде од клучно значење за насочување на Република Северна Македонија кон поодржлив и поинклузивен економски раст и развој, како и справување со новите предизвици поврзани со продуктивноста, вклученоста на пазарот на трудот и стареењето на населението.‟. во Стратегијата е изнесен и следниов став „...подобрувањето на образованието, социјалната заштита и здравствените услуги ќе им помогне на граѓаните да најдат подобри работни места, да бидат попродуктивни на своите работни места, да работат подолго и да стареат поздраво.‟.

Во Стратегијата се посочени и предизвиците со кои се соочува Северна Македонија, вклучувајќи: млади со висока стапка на невработеност, стареење на населението, низок наталитет, миграција, недостаток на вештини, недоволно продуктивни работни места, сива економија, високо ниво на корупција во институциите итн.

Во второто поглавје се зборува воопшто за човечкиот капитал и за неговото значење во постигнувањето одржлив и инклузивен развој. Во рамките на третото

поглавје се анализирани досегашните аутпути од човечкиот капитал во Северна Македонија, со што се прави компарација со другите земји од регионот и од ЕУ. Четвртото поглавје зборува за образованието, здравството и за социјалната заштита во РСМ. Во петтото поглавје има осврт на стратегиските приоритети за зајакнување на човечкиот капитал до 2030 г., и во шестиот дел се изнесуваат заклучните согледувања за реформските приоритети.

Од целокупниот концепт на Стратегијата може да се изнесе заклучок дека станува збор за содржајна структура, правилен фокус и прикажување на состојбите во државата, и се нотирани реforските приоритети за: образование, здравство и социјална заштита (на краток и на среден рок).

Носители на активностите од Стратегијата, и покрај тоа што не се нотирани, се подразбира да се ресорите за образование, здравство и за социјална заштита, односно Министерството за образование, Министерството за здравство и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Меѓусекторски реформски приоритети: *Консолидирање и координирање на социјалната заштита на нивоа на министерствата и Владата; Поддржување на раниот детски развој; Подобрување на квалитетот на образовни програми за медицинско образование и образование за медицински сестри/техничари* (СЧКРСМ, pp. 61-71).

За потребите на докторската дисертација до Владата на Република Северна Македонија е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер со барање на следнава информација:

*„Досегашни реализирани активности во врска со дефинираните реформски приоритети нотирани во Стратегијата за човечки капитал во Република Северна Македонија (2024 – 2030).*"(СЧКРСМ, pp. 61-71).

Испитаници беа чинителите задолжени за остварување на реформските приоритети, односно: Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Табеларен преглед 5.10. *Степен на реализација на Стратегијата за човечки капитал во Република Северна Македонија (2024 – 2030)*

| **Приоритет** | **Мерка** | **Опис** | **Носител** | **Степен на реализација** | **Реализирани активности** | **Извор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1 - ОК** | Мерка 1 | Подобрување дигитални вештини за наставниците | МОН | 3 | Програма за стручно усовршување на наставниците за 2025 г. – Примена на дигитални алатки, интерактивна и персонализирана настава.<br>Мерка „Промовирање паметни училишта" – во 44 % од основните училишта.<br>Преку програма на БРО дигитално обучени 2001 наставник во средно.<br>Преку проект на ЕУ дигитално обучени 3550 наставници во средно.<br>29.4.2025 г. објавен е оглас за избор на понудувач за реализација на програмата „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава". Избран е понудвач и започната е обуката. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 2 | Зајакнување на квалитетот во високо образование | МОН | 2 | Присутност на институции за квалитет.<br>Подготовка на нов закон за високо образование. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 3 | Подобрување на кариерната ориентација на младите | МОН | 3 | Во Законот за средно образование е предвиден кариерен советник за секое училиште.<br>Преку ЕУ-проект е креирана апликација за следење на кариерата на младите.<br>Донесен е правилник за кариерни советници.<br>Потпишан меморандум за соработка меѓу МОН, БРО и АСК за обуки за кариерни советници.<br>На универзитетите се формирани центри за кариера. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| **Приоритет 2 - ОЕ** | Мерка 1 | Зголемување пристап до образование | МОН | 1 | | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 2 | Резултати во предучилишно образование | МОН | 1 | | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 3 | Намалување на загубите од учење кај ранливи групи ученици | МОН | 3 | Обезбедување образовни медијатори за работа со учениците Роми (35 во 2025, планирани 50 за наредна).<br>Обезбедување 1200 стипендии за учениците Роми.<br>Тутори за учениците со потешкотии во учењето.<br>Вклучување во настава на учениците кои го напуштиле основното образование преку тестирање.<br>Во измените на Законот за средно образование се воведени образовните медијатори за Роми и за ученици од социјално ранливи семејства, како и за ученици кои се подолго време надвор од образовниот систем. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 4 | Пристап до високо образование за социјално ранливи ученици | МОН | 2 | Националниот совет изготвил:<br>Уредба за правата на лицата со инвалидитет и други лица, за ослободување од партиципација за студирање (донесена од Владата)<br>Предлог-национална програма за високо образование (во собраниска процедура). | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| **Приоритет 3 - ОТ** | Мерка 1 | Воведување нова формула за финансирање | МОН | 3 | Креирањето е во напредна фаза, се очекува да биде донесена во декември 2025 г.<br>Националниот совет за ВО изготвил Предлог-уредба за мерила и критериуми за за финансирање на ВО | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 2 | Подобрување на трошењето за високо и воведување механизам на одговорност | МОН | 1 | | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 3 | Зголемување на отчетноста кај општините | МОН | 1 | | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 4 | Планови за оптимизација на училиштата на нивоата на задолжително образование | МОН | 3 | Со поддршка на Светска банка и УНИЦЕФ се изработени 57 оптимизациски планови за 5 општини, а предвидени се за 80 општини.<br>Доставен допис за спроведување на плановите.<br>Од БРО е подготвена програма за прифаќање новодојдени ученици при оптимизација. Процесот е предвиден да се реализира среднорочно. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 5 | Прогресивност во платите на наставниците за подобра мотивација за подобрување на перформансите | МОН | 3 | Почнувајќи од 2021 година на три јави повици се наградени 242 наставници во звањето наставник-ментор, односно земаат плата со повисок коефициент.<br>Се планира објавување оглас за наставник-ментор таму каде што нема, и за прв пат за унапредување во наставник-советник, како и за стручен соработник-ментор (на 86-седница на Владата е донесена одлука за согласност).<br>Донесен е Правилник за следење и вреднување на наставниците 18-9122/1 од 30.6.2025 г. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| **Приоритет 4 - ОКР** | Мерка 1 | Подобрување на капацитетите за управување | МОН | 1 | | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| | Мерка 2 | Зајакнување на капацитетите за управување во училиштата | МОН | 2 | Изготвена е програма за обуки на директорите, во тек е нејзина реализација. | Одговор: 03-6364/2 од 08.07.2025 г. |
| **Приоритет 5 - ЗК** | Мерка 1 | Подорбување на управувањето со ЧР | МЗ | 3 | Во согласност со Програмата за едукација на млади лекари и медицински персонал во 2023 г. се финансирани околу 85 специјализанти.<br>Со Програмата 2023 – 2026 зголемен е бројот за специјализации и супспецијализавии.<br>Секоја година се усвојуваат програми кои содржат сегменти поврзани со развојот на ЧР.<br>Проект во соработка со Словенија за усогласување на програмите за медицински сестри. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 2 | Зајакнување на услугите за здравствена заштита | МЗ | 2 | Во септември 2024 г. е донесен Национален план за безбедност на пациентите (2024-2030). | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| **Приоритет 6 - ЗИ** | Мерка 1 | Квалитетна нега на цела територија и за сите социокеномски групи | МЗ | 1 | | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| | Мерка 2 | Зголемување на достапноста на лекови и проширување на покриената листа од здравствениот фонд | МЗ | 2 | Позитивната листа е зголемена за 9 генерички лекови. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| **Приоритет 7 - ЗТ** | | Обезбедување финансирање на здравството и поголема искористеност на постоечките ресурси | МЗ | 1 | | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| **Приоритет 8 - ЗКР** | Мерка 1 | Зајакнување на капацитетите | МЗ | 2 | Мерки за зајакнување на капцитетот на Центарот за епидемиолошко следење и упрвување со здравствени кризи.<br>Подготвени акциски планови и за подготвеност на кадарот и на населението за заштита од идни пандемии. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| | Мерка 2 | Ревидирање на аранжманите за управување во ПЗЗ | МЗ | 2 | Матичните лекари препишуваат терапија за најчестите хронични болести. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| | Мерка 3 | Зголемување на управувањето со квалитетот | МЗ | 3 | Со помош на СЗО и ЕУ е донесен Национален план акциски план за здравствена безбедност (план за реализација јануари 2024 – декември 2025).<br>Во континуитет се носат клинички патеки. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 4 | Модернизирање на здравствениот систем преку дигитализација | МЗ | 3 | Подобрување на националниот систем за е-здравство и „Мој термин". Системот собира податоци за три здравствени области: здравствена заштита, превенција и јавно здравје. Развиена дигитална платформа „Мое здравје", веб-страница е-здравство и сл. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| | Мерка 5 | Зголемување на имунизацијата за превентивни болести | МЗ | 3 | Воведена ХПВ-вакцинација кај момчиња. 4 валентната ХПВ е заменета со 9 валентна. Зголемување на свеста за вакцинизација, со оглед на фактот што меѓу населението постои недоверба во вакцините. | Одговор: 5104/2 од 14.05.2025 г. |
| **Приоритет 9 - СЗК** | Мерка 1 | Подобрување на ефективноста на системот за социјална заштита | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 2 | Подобрување на ефективноста на социјалните работници | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 3 | Подобрување на ефективноста на програмите за пазарот на труд | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| **Приоритет 10 - СЗЕ** | Мерка 1 | Подобрување на условите за социјална помош | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 2 | Поддршка на сиромашните општини во испораката на локалните услуги за социјална заштита | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерка 3 | Проширување на покриеноста и понудата на програмите за пазарот за труд во помалку богатите региони | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| **Приоритет 11 - СЗТ** | Мерка 1 | Подобрување на потрошувачката и ефикасноста | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 2 | Фискално стабилизирање на пензискиот систем | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 3 | Подобрување на финансирањето на програмите за пазар на труд | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| **Приоритет 2 - СЗКР** | Мерка 1 | Следење на реформите и нивните перформанси | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 2 | Испитување на подготвеноста и одговорот при катастрофи | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |
| | Мерка 3 | Подобрување на одговорот на кризи на постоечките програми за социјална заштита | МСЗДМ | 1 | Дефинирани реформски приоритетни активности на краток и на среден рок, содржани во самата стратегија. | Одговор: 14-3591/1 од 29.4.2025 г. |

Извор: Сопствено истражување
*Степен на реализација: 1 – не е започнато;  2 – во тек;  3 – делумно реализирано; 4 – целосно реализирано.

Табеларен преглед 5.11. *Просеци по приоритети за степенот на реализација*

| **Приоритет** | **Просек** |
|---|---|
| Приоритет 1 - ОК | 2.67 |
| Приоритет 2 - ОЕ | 1.75 |
| Приоритет 3 - ОТ | 2.2 |
| Приоритет 4 - ОКР | 1.5 |
| Приоритет 5 - ЗК | 2.5 |
| Приоритет 6 - ЗИ | 1.5 |
| Приоритет 7 - ЗТ | 1 |
| Приоритет 8 - ЗКР | 2.6 |
| Приоритет 9 - СЗК | 1 |
| Приоритет 10 - СЗЕ | 1 |
| Приоритет 11 - СЗТ | 1 |
| Приоритет 12 - СЗКР | 1 |

Извор: Сопствено истражување

**Интерпретација со заклучоци:**

- Од табеларниот преглед бр. 5.11 може да се заклучи дека највисока средна вредност имаат приоритетите 1 – Образование – Квалитет и приориетот 8 – Здравство – Управување со кризи, потоа следува приоритет 5 – Здравство – Квалитет, приоритет 3 – Образование – Трошење и ефикасност итн.
- Средната вредност по чинители е највисока кај Министерството за образование и наука (2.029), потоа Министерство за здравство (1.9) и на крај Министерството за социјална политика, демографија и млади (1).
- Министерството за социјална политика, демографија и млади не прикажа реализирани активности, туку само издвоените плански реформи од Стратегијата, и покрај тоа што по втор пат беше упатено дополнително образложение дека станува збор за степен на реализација на приоритетните активности. Токму затоа нивните активности се оценети со 1, односно дека не се отпочнати со реализација.
- Министерството за образование и наука прикажува најголем дел од реализираните мерки, има значителен дел од нив оценети со 3. Тука треба да се има предвид дека станува збор за реформски приоритети со времнски плански период од краток и од среден рок.
- Во делот на реформскиот прироитет еднаквост кај трите сектора, што е во посебен фокус на овој труд, чекори во остварување на мерките има преземено единствено Министерството за образование и наука, и тоа во делот на *намалување на загубите од учење кај ранливите*

*групи ученици и идентификување на учениците кои се изложени на ризик од предвремено напуштање на образованието, потоа и за подобрување на пристапот до високо образование за студентите од ранливи социоекономски групи.*

- Обврска на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во однос на реформскиот приоритет постигнување еднаквост, со Стратегијата ги има предвидено следниве мерки: подобрување на покриеноста и соодветноста на услугите за социјална помош, поддршка на сиромашните општини во испораката на локалните услуги за социјална заштита, проширување на покриеноста и понудата на програмите за пазарот за труд во помалку богатите региони, меѓутоа податоците од истражувањето покажаа дека тие се во фаза на планирање.
- Инклузијата во здравството е предвидено да се постигне преку *обезбедување квалитетна нега на целата територија и сите социоекономските групи, како и зголемување на достапноста на лекови и проширување на покриеноста на лекови во рамките на програмата универзална здравствена покриеност.* Меѓутоа, активностите се во фаза на планирање.

**Препораки**

- Посветување посериозно внимание од страна на носителите на реформските приоритети, посебно од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во реализацијата на Националната стратегија за човечки капитал (2024 – 2030), имајќи го предвид нејзиното значење во целокупниот развој на македонската економија и македонското општество воопшто.
- Да се посвети исклучително посебно и посериозно внимание во остварувањето на мерките кои се во насока на постигнување инклузивен раст. Во Стратегијата е посветено сериозно внимание во криерирање на мерките, меѓутоа е неопходно да се посвети должно внимание на нивната реализација.
- Владата да воведе контролен механизам и барање повратен одговор, односно фидбек од реализацијата на активностите предвидени за секој носител. Контролниот механизам да се предвиди во најмалку квартални периоди.
- Да се воспостави координација помеѓу тројцата носители во однос на реализацијата на Стратегијата.

## 5.10. Релациите на човечкиот капитал и инклузивниот раст

Инклузивниот раст, нотиравме погоре дека, го дефиниравме како процес на создавање еднакви можности за сите, односно раст кој им овозможува на луѓето да придонесуваат, но и да имаат корист од економскиот раст. Најчесто патот на постигнување на овие цели го гледаме преку инклузивност во образовниот процес. Зошто велиме е потребно инклузивно образование? Овде зборуваме за инклузивност од социоекономски аспект, токму поради фактот што нееднаквиот пристап до квалитетно образование за голем број ученици, всушност, ја продлабочува сиромаштијата, а, обратно, пристапот до поквалитетно образование овозможува отскокнување од тој праг на сиромаштија, користење на бенефитите од економскиот раст, но, и реверзибилно, придонес на тие поединци врз економскиот раст. Зошто е значајна релацијата помеѓу човечкиот капитал и инклузивниот раст? Затоа што и во ситуации кога зборуваме за економски раст или дури и во економски експанзии, не можеме да кажеме дека сме се соочиле со пропорционалност во однос на намалувањето на сиромаштијата, невработеноста и нееднаквоста. Претпоставката на овој труд е дека е позитивна корелацијата помеѓу инклузивниот раст и човечкиот капитал. Човечкиот капитал најдобро го презентираме преку инвестициите во образованието и во зравствениот систем. Општ и неспорен е фактот дека образована и здрава личност е повеќе продуктивна и има поголем придонес за општеството, но во ситуации кога и социоекономски незавидните поединци ќе можат да имаат пристап до можностите за квалитетно образование и квалитетно здравство, или сумирано презентирано – квалитетен живот.

Dinda (2011) го испитува формирањето социјален капитал преку развој на човечкиот капитал кој се генерира преку продуктивна потрошувачка, исто, го испитува и придонесот кон економски развој. Дел од расходите што се користат за развој на човечкиот капитал (во здравствени и образовни услови) ја подобруваат продуктивноста на трудот на економијата. Овој тип на трошоци Steger (2002) ги нарекува продуктивна потрошувачка, како услов за зголемување на човечкиот капитал и зголемување на ефикасноста на трудот. Dinda (2011) тврди дека вкупниот економски раст расте со акумулација на социјалниот и човечкиот капитал. Во трудот се нагласува недостатокот на политиките од државата во креирање инклузивен раст, односно потребата од вклучување на сиромашните/маргинализираните да учествуваат во можностите.

Авторот понатаму тврди дека развојот на човечкиот капитал ја создава основата за формирање социјален капитал како што се општествените норми, довербата, соработката, мрежите итн., кои се формираат во школскиот систем, а образованите поединци се заинтересирани за дијалог и разговор и развиваат културна средина во која луѓето можат да работат во координација и да си веруваат едни на други. Dinda (2011), исто така, тврди дека физичкиот, човечкиот и социјалниот капитал се добро поврзани еден со друг и заеднички произведуваат аутпут во економијата. Продуктивната потрошувачка и социјалниот капитал придонесуваат за економски раст. Стапката на економски раст ќе биде повеќе во

споредба со конвенционалната стапка на раст поради придонесот на општествениот капитал во економијата (Dinda, 2011).

Друга студија, исто така, покажува дека човечкиот капитал е статистички значаен и има долгорочна врска со инклузивниот раст, преку квалитетно образование, стекнување вештини и развој на човечки капитал (Oluwadamilola, 2018, p. 4088).

Во рамките на третото поглавје истакнавме дека инклузивен раст имаме кога ја намалуваме нееднаквоста и сиромаштијата, кога се обезбедува продуктивно (профитабилно) вработување, а тоа е поверојатно можно преку вложување во квалитетно обазование и квалитетно здравство. Рековме дека квалитетно образование и квалитетно здравство ја подобруваат благосостојбата на поединците, а образовани и здрави поединци се попродуктивни. А, на обратните случаи, необразовани, сиромашни и нарушеното здравје, слободно можеме да гледаме како на сериозни бариери за постигнување инклузивен раст.

И развојот на човечкиот капитал и развојот на социјалниот капитал се значајни механизми за социоекономски развој на економиите, а посебен фокус на ова прашање треба да се посвети во економиите во развој. Кога зборуваме за развојот на човечкиот капитал не мислиме на интелектуалниот капацитет на поединците, туку на нивото на продуктивност кое тој може да го даде, истото се случува и кога зборуваме за квалитетното здравство. Кога имаме висок економски раст, обично во економската анализа велиме дека се очекува да бидат обезбедени продуктивни вработувања на сиромашните, односно вработувања кои ќе ги зголемат нивните приходи, аналогно на тоа се зголемуваат и расходите, посебно кога станува збор за здравство (повеќе приходи подразбира повеќе расходи за квалитетно лекување и за поздрава храна) и образование (повеќе приходи подразбираат зголемување на трошоците за повисоко и поквалитетно образование).

Инклузивниот раст како концепт е корисен затоа што промовира висок и одржлив раст за создавање продуктивни и пристојни можности за вработување за масите, ја промовира социјалната благосостојба и го забрзува остварувањето на човечките способности и потенцијали, подобрување на благосостојбата, зајакнување на економиите, поттикнува нагло намалување на сиромаштијата промовира создавање социоекономски пристап за сите (Oluwadamilola, 2018, pp. 4089-4090).

Токму во тој контекст се неопходни истражувања кои ја испитуваат врската помеѓу човечкиот/социјалниот капитал и инклузивниот раст. Досегашните истражувања во оваа насока се многу оскудни, присутни се истражувања за релациите на човечкиот капитал и економскиот раст, но не и за инклузивниот раст. Испитувањето на влијанието врз инклуизвниот раст се прави аналогно на варијаблите кои го презентираат економскиот раст. Сепак, постојат трудови кои анализираат како човечкиот капитал преку образованието може да помогне во постигнување поинклузивен раст (во смисла дека квалитетот на образованието е една од главните одредници на економскиот раст и дека високообразованите и квалитетно образованите поединци може да имаат поголемо влијание врз

економскиот резултат од оние со пониско и понеквалитетно образование). Слична е релацијата со здравјето како детерминанта, односно дека постои континуирана врска помеѓу здравството и економскиот раст (квалитетното здравство придонесува за економски раст, имајќи го предвид фактот дека здравите поединци се попродуктивни и имаат можност повеќе да придонесат за инлузивен раст).

Кога зборуваме за образованието како сегмент на човечкиот капитал, како начин на мерење може да се користи бруто вкупната стапка на запишување во високото образование.

Во тој поглед на табеларниот преглед бр. 5.12 ја презентираме состојбата на запишани студенти во високо образование (факултети и високи стручни школи) во академската 2023/2024 г.

Табеларен преглед 5.12. *Запишани студенти на факултетите и високите стручни школи во академската 2023/2024 г.*

| **Вкупно** | **Пол** | | **Години на студии** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | Жени | Мажи | I | II | III | IV | V | VI |
| **52 316** | **30 704** | **21 612** | **15 330** | **12 098** | **11 431** | **12 142** | **856** | **459** |

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=29

Според пописот во РСМ, спроведен во 2021 година, вкупно резистентно население по возрасти, од возраста кога по претпоставка се запишуваат најголем дел од населението (15 – 19), изнесува 104 035 (53 405 – мажи и 50 630 – жени).

Во Извештајот за Северна Македонија за 2024 година, Европската комисија, за поглавјето 26 – Образование и наука, во однос за запишувањето во високото образование е нотирано следново: „*Во високото образование, севкупниот број на запишани останува низок. Во академската 2022/2023 година биле запишани 69 227 студенти (од кои 33 825 женски). Главниот предизвик останува подобрувањето на квалитетот на високото образование преку развој на процесите за акредитација и обезбедување квалитет. Треба да се донесе нов модел за финансирање на високото образование.*".

Значајно за издвојување од нотираниот извештај во претходниот став, во однос на сегмент кој ја опфаќа темата на докторската дисертација, е податокот дека треба да се спречи дискриминација и да се осигура квалитетно образование за децата на работниците-мигранти, вклучително и од обесправените средини. Исто така, се истакнува дека: „*Стратегијата за образование 2018 – 2025 е главен документ за уредување на образовниот сектор, но нејзините механизми за следење не се добро дефинирани. Целите и индикаторите треба да се подобрат за да се овозможи соодветна евалуација на спроведувањето на реформите. Органите треба да ја зајакнат координацијата помеѓу институциите при изготвување на законодавството.*".

На табеларниот преглед со број 5.13 е прикажана состојбата на степенот на образование во РСМ во 2021 година. Податоците покажуваат дека од резидентното население во РСМ, сметано од 15 + па натаму, најголем процент се со средно образование (в. графички преглед 5.25).

Табеларен преглед 5.13. *Состојба на степенот на образование во РСМ во 2021 г.*

| **Ред .бр.** | **Степен на образование** | **Број на население 15 +** | **Вкупно население 15 +** | **Процентуален сооднос** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. (3. : 4.) |
| 1. | Без образование | 23192 | 1525366 | 2 % |
| 2. | Незавршено основно | 62129 | 1525366 | 4 % |
| 3. | Основно образование | 423456 | 1525366 | 28 % |
| 4. | Средно образование | 672375 | 1525366 | 44 % |
| 5. | Високо образование | 263349 | 1525366 | 17 % |
| 6. | Магистратура | 29654 | 1525366 | 2 % |
| 7. | Докторат | 6037 | 1525366 | 0 % |
| 8. | Непознато | 45174 | 1525366 | 3 % |

Извор: Сопствена анализа врз основа на статистички податоци од Државниот завод за статистика на РСМ од пописот на населението во Северна Македонија во 2021 година (https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf)




Графички преглед 5.25. *Соодноc на степенот на образование со бројот на население 15 + во РСМ во 2021 г.*
Извор: Сопствена анализа врз основа на статистички податоци од Државниот завод за статистика на РСМ од пописот на населението во Северна Македонија во 2021 година (https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf)

Состојбата со високото образование (вклучително и средното образование) погледната според возрасти и пол е прикажана на табеларниот преглед бр. 5.14, од каде што може да се утврди дека од вкупното резистенто население во РСМ на возраст од 15 + (1 525 366), 263 349 се со високо образование (122 958 – мажи, 140.391 – жени). Податоците зборуваат дека од вкупниот број високообразовани поголем број се жени, меѓутоа трендот на зголемување на овој соодноc почнува од возраста 55 – 59 (9 211 – мажи VS 9 760 – жени). Како показател на овој тренд ќе ги земеме крајните показатели или екстремите: на возраст 20 – 24 со високо образование вкупно се 11 592 (од кои 4 392 се мажи, а 7 200 жени). На возраст 85 + вкупно со високо образование се 2 452 (од кои 1 655 се мажи, а 797 се жени). Сликата за состојбата со средното образование е поинаква, ќе ги земеме само екстемите: на возраст 15 – 19 со средно образование вкупно се 23 836 (од кои 12 080 се мажи, 11 756 се жени), на возраст 85 + вкупно со средно образование се 4 326 (од кои 2 218 се мажи, 2 108 се жени). Податоците покажуваат дека трендот на завршување високо образование кај женската популација во минатото бил многу мал.

Табеларен преглед 5.14. *Население со средно и со високо образование во РСМ во 2021 г.*

| **Возраст** | **Средно образование** | | | **Високо образование** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | 672375 | 378949 | 293426 | 263349 | 122958 | 140391 |
| 15 – 19 | 23836 | 12080 | 11756 | | | |
| 20 – 24 | 77749 | 41858 | 35891 | 11592 | 4392 | 7200 |
| 25 – 29 | 55849 | 33683 | 22166 | 33502 | 13641 | 19861 |
| 30 – 34 | 48827 | 29891 | 18936 | 36.354 | 15894 | 20460 |
| 35 – 39 | 56559 | 32944 | 23615 | 33577 | 14517 | 19060 |
| 40 – 44 | 61514 | 35065 | 26449 | 25387 | 11060 | 14327 |
| 45 – 49 | 61305 | 34213 | 27092 | 19425 | 8389 | 11036 |
| 50 – 54 | 62593 | 35120 | 27473 | 17055 | 7648 | 9407 |
| 55 – 59 | 62864 | 35383 | 27481 | 18971 | 9211 | 9760 |
| 60 – 64 | 55120 | 30906 | 24214 | 19911 | 10634 | 9277 |
| 65 – 69 | 45759 | 25723 | 20036 | 17648 | 9730 | 7918 |
| 70 – 74 | 32208 | 17083 | 15125 | 15167 | 8461 | 6706 |
| 75 – 79 | 16090 | 8533 | 7557 | 7973 | 4949 | 3024 |
| 80 – 84 | 7776 | 4249 | 3527 | 4335 | 2777 | 1558 |
| 85 + | 4326 | 2218 | 2108 | 2452 | 1655 | 797 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021). „*Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021*", p. 87 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

Во македонскиот образовен систем, високото образование ги опфаќа и магистратурата и докторатот (како дел од европскиот кредит трансфер систем). Табеларниот преглед со бр. 5.15 ни покажува дека од вкупно резитентно население на возраст од 15 + (1 525 366), со магистратура се вкупно 29 654 (од кои 12 858 се мажи, а 16 796 се жени), а со докторат се вкупно 6 037 (од кои 3 114 се мажи, 2 923 се жени).

Табеларен преглед 5.15. *Население со магистратура и докторат во РСМ во 2021 г.*

| **Возраст** | **Средно образование** | | | **Високо образование** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | **29654** | **12858** | **16796** | **6037** | **3114** | **2923** |
| 15 – 19 | | | | | | |
| 20 – 24 | 403 | 144 | 259 | | | |
| 25 – 29 | 4639 | 1662 | 2977 | 58 | 26 | 32 |
| 30 – 34 | 7985 | 3152 | 4833 | 309 | 130 | 179 |
| 35 – 39 | 5414 | 2287 | 3127 | 700 | 309 | 391 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 – 44 | 3851 | 1759 | 2092 | 884 | 415 | 469 |
| 45 – 49 | 2646 | 1192 | 1454 | 765 | 358 | 407 |
| 50 – 54 | 1787 | 869 | 918 | 755 | 325 | 430 |
| 55 – 59 | 1118 | 612 | 506 | 718 | 358 | 360 |
| 60 – 64 | 704 | 408 | 296 | 555 | 326 | 229 |
| 65 – 69 | 384 | 239 | 145 | 374 | 239 | 135 |
| 70 – 74 | 338 | 230 | 108 | 433 | 269 | 164 |
| 75 – 79 | 204 | 154 | 50 | 249 | 179 | 70 |
| 80 – 84 | 111 | 92 | 19 | 142 | 104 | 38 |
| 85 + | 70 | 58 | 12 | 95 | 76 | 19 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021). „*Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021*", p. 87 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

Во однос на остварувањето на условот за минимална писменост во државата, можеме да ги анализираме бројките за населението во РСМ кое е без образование, врз основа податоците од пописот спроведен од Државниот завод за статистика во 2021 г. Од вкупното резистентно население на возраст 15 +, од 1 525 366 (750 340 – мажи, 775 026 – жени), без образование се 23 192 (6 988 – мажи, 16 204 – жени). Значајно за истакнување во овој контекст е што жените, како маргинализирана категорија во минатото за пристап до образование, на возраст од 15 до 19-годишна возраст се во позитивен пораст во однос на мажите, односно 374 девојки се евидентирани како неписмени, а 425 момчиња. Што не е случај со состојбата на возраст од 55 до 85 +, каде што бројот на неписмени жени е значително повисок во однос на мажите (пример на возраст 85 +, како неписмени се евидентирани 1 874 жени, а само 442 мажи, или со незавршено основно образование 3 455 жени, 1 416 мажи). Таквата состојба претежно е во руралните средини каде што улогата на жената се дефинирала за репродукција и за одржување на домаќинствата, без оглед на тоа дали станувало збор за природни афинитети и предиспозиции за образување на женската популација. Најверојатно (заб. на авторот) трендот на позитивно придвижување се должи најмногу на задолжителното основно и средно образование (в. табеларни прегледи 5.16 и 5.17).

Табеларен преглед 5.16. *Население без образование во РСМ во 2021 г.*

| **Возраст** | **Население на возраст 15 +** | | | **Без образование** | | | **Процент** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | 5./2. |
| **1.** | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. |
| **Вкупно** | **1525366** | **750340** | **775026** | **23192** | **6988** | **16204** | **2 %** |
| 15 – 19 | 104035 | 53405 | 50630 | 799 | 425 | 374 | 1 % |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 – 24 | 106553 | 54525 | 52028 | 750 | 364 | 386 | 1 % |
| 25 – 29 | 116145 | 59354 | 56791 | 1020 | 492 | 528 | 1 % |
| 30 – 34 | 123101 | 62688 | 60413 | 1154 | 477 | 677 | 1 % |
| 35 – 39 | 127381 | 64193 | 63188 | 1372 | 542 | 830 | 1 % |
| 40 – 44 | 128186 | 64558 | 63628 | 1328 | 531 | 797 | 1 % |
| 45 – 49 | 126444 | 62383 | 64061 | 1397 | 500 | 897 | 1 % |
| 50 – 54 | 125643 | 62.068 | 63575 | 1435 | 447 | 988 | 1 % |
| 55 – 59 | 127752 | 6928 | 64824 | 1770 | 477 | 1293 | 1 % |
| 60 – 64 | 124795 | 61019 | 63776 | 2165 | 559 | 1606 | 2 % |
| 65 – 69 | 114187 | 54852 | 59335 | 2154 | 562 | 1592 | 2 % |
| 70 – 74 | 89804 | 40767 | 49037 | 1835 | 426 | 1409 | 2 % |
| 75 – 79 | 55256 | 24180 | 31076 | 1876 | 395 | 1481 | 3 % |
| 80 – 84 | 35083 | 14918 | 20165 | 1821 | 349 | 1472 | 5 % |
| 85 + | 21001 | 8502 | 12499 | 2316 | 442 | 1874 | 11 % |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021). „*Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021*", р. 86 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

Табеларен преглед 5.17. Население без завршено основно образование во РСМ во 2021 г.

| **Возраст** | **Незавршено основно образование** | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | **62 129** | **20 009** | **42 120** |
| 15 – 19 | 2 362 | 1 222 | 1 140 |
| 20 – 24 | 951 | 411 | 540 |
| 25 – 29 | 1 154 | 514 | 640 |
| 30 – 34 | 1 527 | 604 | 923 |
| 35 – 39 | 1 756 | 714 | 1 042 |
| 40 – 44 | 2 213 | 885 | 1 328 |
| 45 – 49 | 2 354 | 930 | 1 424 |
| 50 – 54 | 2 589 | 885 | 1 704 |
| 55 – 59 | 3 645 | 1 133 | 2 512 |
| 60 – 64 | 6 203 | 1 926 | 4 277 |
| 65 – 69 | 8 070 | 2 561 | 5 509 |
| 70 – 74 | 8 350 | 2 367 | 5 983 |
| 75 – 79 | 8 759 | 2 383 | 6 376 |
| 80 – 84 | 7 325 | 2 058 | 5 267 |
| 85 + | 4 871 | 1 416 | 3 455 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021). „*Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021*", р. 86 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

Во врска, пак, со здравјето, како детерминанта на инклузивниот раст, со цел давање јасна слика за состојбите во РСМ, ќе го земеме извадокот од Извештајот за Северна Македонија за 2024 година, на Европската комисија, кој зборува за безбедноста и здравјето при работа, каде што се нотира: *„Во однос на безбедност и здравје при работа, допрва треба да се донесе новиот Закон за безбедност и здравје при работа. Од јануари до декември 2023 година, инспекторите на ДТР извршија вкупно 22.938 инспекциски надзори за утврдување недостатоци и неправилности, по кои беа донесени вкупно 5.543 одлуки. За прекршоци на одредби беа издадени вкупно 994 платни налози, беа поднесени 112 прекршочни пријави, како и 35 кривични пријави. По државната реорганизација во 2024 година, Државниот инспекторат за труд сега е под Министерството за економија и труд. Органите треба да донесат акциски план за безбедност и здравје при работа за периодот 2024 – 2025 година."*. Нотираното дава до знаење дека постојат големи пропусти во однос на почитување на законската регулатива во почитувањето на работничките права за обезбедување на условите за безбедност и здравје при работа, но и дека има недостатоци во однос на државните органи при спроведувањето на планските активности во оваа насока.

***Заклучни согледувања***:

- Анализирајќи го соодносот на инклузивниот раст и човечкиот раст, можеме да заклучиме дека постои позитивина врска на човечкиот капитал и на инклузивниот раст. Образовани и здрави поединци ја зголемуваат продуктивноста, а имајќи го предвид фактот дека економскиот раст во голема мера е условен од продуктивноста, државата која носи стратегии за инклузивен раст има поголеми предиспозиции за зголемување на економскиот раст.
- Ако се анализираат трошоците за квалитетно образование, во споредба со трошоците за социјални трансфери, ќе се дојде до заклучок дека и трошоците за образование се со значително поголем услов за принос во општеството. Истата констатација се однесува кога зборуваме и за здравствениот систем.
- Предизвици кои треба да се решаваат со цел постигнување инклузивен раст, како резултат на човечкиот капитал, се: подобрување на квалитетот во образованието (вклучувајќи ги трите сектори: ОО, СО и ВО) и зголемување на квалитетот на здравствените услуги.
- Предизвик, исто така, претставува потребата од реформи во делот на еднаквоста, односно обезбедување услови за можностите кои го зголемуваат човечкиот капитал да стигнат подеднакво и со еднаквост кај сите во општеството.

## 5.10. Синергија на капиталите низ иницијативи за социјално претприемништво во функција на инклузивен раст

Социјалното претприемништво создава уникатна средина каде што социјалниот и човечкиот капитал се акумулираат и меѓусебно се надополнуваат и засилуваат. Пример преку обезбедување пристап до вработување и обуки се зголемува човечкиот капитал на ранливите групи, и истовремено се градат мрежи на доверба, соработка и заедничко дејствување, што доведува до јакнење на социјалниот капитал. Тоа го видовме во резултатите добиени од истражувањето елаборирано во погорните потточки од ова поглавје. Двојната синергиска динамика овозможува не само индивидуална мобилизација и економска интеграција, туку и колективна отпорност и заеднички развој.
Синергијата на двата капитала го прави растот инклузивен: зголемените вештини и компетенции им овозможуваат на социјално исклучените поединци социјално и економски да се интегрираат, а создадените мрежи и релации обезбедуваат институционална и општествена поддршка за нивно трајно интегрирање. На тој начин иницијативите за социјално претприемништво претставуваат катализатор кој ги претвора индивидуалните придобивки во колективна добробит и благосостојба, придонесувајќи за порамноправно и одржливо општество.




Графички преглед 5.26. *Синергија на социјалниот и човечкиот капитал низ иницијативи на социјално претприемништво во функција на инклузивен раст*
Извор: Сопствен приказ

Графичкиот преглед 5.26 ја прикажува синергијата на социјалниот и човечкиот капитал преку иницијативи на социјално претприемништво во функција на инклузивен раст. Преку преклопување на двата капитала се создаваат услови за инклузивен раст, кој обезбедува економска интеграција, намалување на нееднаквоста и одржлив раст. Социјалниот капитал се презентира преку: создавање социјални мрежи, солидарност, доверба, колективна акција и сл. Човечкиот капитал се презентира преку: квалитетно образование, квалитетно здравство, професионални вештини, севкупен личен

развој и сл. Синергијата се презентира преку: обезбедување економска и социјална инклузија, како предуслов за инклузивен раст.
Изградбата на социјалниот капитал помага во изградбата на човечкиот капитал. Видовме во трудот успешни примери преку посредничкиот механизам на иницијативи на социјалното претприемништво, во насока на постигнување кон инклузивен раст.

# Глава VI: УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ИНТЕГРИРАЊЕ НА ОБЕСПРАВЕНИТЕ ГРУПИ

Суштинско прашање кое би го поставиле во рамките на оваа анализа е тоа е дали економскиот раст имплицира човеков развој, квалитет на живот, добар животен стандард и човеков развој.

Општо познат е фактот дека не секој раст подразбира намалување на невработеноста, социјална сигурност и правилна дистрибуција на доходот.

Статистичките податоци за нееднаквостите и појавата на сиромашни слоеви на население е доволна причина да зборуваме за потребата од еден поинаков раст, а како алтернатива се јавува инклузивниот раст, она што е и носечка тема на докторскиот труд.

Економски раст кој можеме да го дефинираме како квалитетен и кој имплицира економски развој е оној кој обезбедува:

- нови и продуктивни работни места;
- сигурност на населението (социјална, здравствена, лична, финансиска, безбедносна, еколошка итн.);
- правилна распределба на доходот;
- одржлив развој и сл.

Во современата економска развојна теорија се сретнуваме со поимот ruthless growth (безмилосен/немилосрден раст), каде што економскиот раст им користи само на богатите, односно раст во кој богатите уште повеќе се богатеат, а сиромашните уште повеќе осиромашуваат.

За правилна проценка на економскиот раст се користат мерења и на дистрибуцијата, правичноста, приходите по глава на жител и сл.

## 6.1. Индикатори

Индикаторите за мерење на резултатите во социјалната економија не се јасно дефинирани и во голем дел се поврзуваат со локалните специфики на економиите. Индикаторите можат да се применат на различни нивоа (резултати, исходи, влијанија) и се во директна зависност од видот на дејноста на субјектот (на пример, работна интеграција или обука на ранливи групи и сл.). Со табеларниот преглед 6.1 се прикажани потенцијално релевантни показатели за социјалната економија (резултати со примери за индикатори).

Целта на мерењето на резултатите е утврдување на нивото на постигнување во насока на максимизирање на влијанието.

Табеларен преглед 6.1. *Потенцијално релевантни показатели за социјалната економија*

| | **Резултати** | **Пример за индикатори** |
|---|---|---|
| **Економски просперитет и вработување** | Правична распределба на приходот | Олеснет пристап до можности за вработување; пристап до финансии; пристап до градење капацитети; намалување на нееднаквостите во приходите и работните позиции кај различни групи |
| | Благосостојба на домаќинството | Подобрување на инвестициите во домувањето, здравството, образованието и квантитетот и квалитетот на оброците за јадење |
| | Економско зајакнување на жените и обесправените групи | Подобрување на остварениот приход; активната улога на жените во важните одлуки во домаќинството |
| | Развој на вештини | Зголемена изложеност на ранливите групи во светот на работата; обука и стажирање; напредок на меките и на тврдите вештини |
| | Квалитет на работното место | Усогласеност со стандардите за пристојна работа; стабилна работа; намалено отсуство; согледани можности; рамнотежа помеѓу работата и животот; кариерни траектории; нови лидерски улоги; разновидност во една индустрија; презентирање лидерство |
| | Вклучување на пазарот на трудот | Нето-промената на вработеноста директно им се припишува на социјално-економските субјекти во рамките на обесправените групи; брзина на вработување на ранливи групи; самовработување |
| | Отпорност на економски шокови и ризици | Стапки на преживување на субјектите од социјалната економија; финансиска отпорност на жените и обесправените групи (на пр. пријавени подобрувања, способност за планирање финансии, способност за заштеда на пари) |
| | Развој на локалната трговија и производство | Потпирање на локални производители и добавувачи наспроти аутсорсинг (воспоставување локални мрежи, зголемен број на локални партнерства); мал еколошки отпечаток од стопанската дејност |
| | Менување на системите | Појавување или подобрување на национални или на локални политики за поддршка на социјалната економија и социјалното претприемништво; растечки број на претприемачи и организации од социјалната економија; воспоставување нови соработки со други општествени, ориентирани и јавни чинители; докази за мејнстрим бизнисите кои се движат кон одржливи корпоративни практики преку партнерство со социјалната економија |

| | | |
|---|---|---|
| **Социјална инклузија** | Постоење и обем на практики на демократско управување | Присуство и разновидност на групи на засегнати страни на одборите; покана и присуство на оперативни, раководни и евалуација |
| | Партиципативен менаџмент | Право на глас; учество во планирањето, мерењето, испораката итн.; практики на колективно договарање; можности да се изразат загрижености и идеи |
| | Искуство и придобивки од учеството на обесправените групи | Опсег и број на обесправени групи вклучени во практиките, активностите и интервенциите на партиципативно управување; чувство на зајакнување; перцепција на способност за учество; промена во довербата |
| | Организациска кохезија | Солидарност меѓу членовите; меѓусебна доверба и соработка; капацитет за самоуправување |
| | Сплотеност на заедницата | Социјална поврзаност; перцепции на групи на засегнати страни; толеранција на локални разлики |
| | Интеграција на обесправените групи | Пристапност и користење активности, услуги и производи развиени од субјектот на социјалната економија; официјално препознавање на неповолните фактори во јавниот систем; намалена зависност од трансфер на социјална помош; подобрен пристап до јавното здравство, образование и други основни услуги |
| **Благосостојба и заедницата** | Физичко и ментално здравје | Самопочит и мотивација, психолошки статус (намалување на симптомите на депресија, намалено чувство на анксиозност и изолација); активен животен стил; промена на однесувањето (на пр. одмор од уличниот живот); заштеди во расходите за јавно здравје |
| | Психосоцијална благосостојба | Подобрување на условите за живеење; подобрувања во квалитетот на животот, нивото на оптимизам и задоволството од животот и работата |
| | Вградливост во заедницата | Нов однос создаден на локално ниво; поголема интеракција на обесправените групи со заедницата; чувство на припадност; чувство на гордост во заедницата; општествено признание; соработка и партнерство со други субјекти од социјалната економија |
| | Политичко учество, наречено и демократско влијание | Пристап до креаторите на политиките; доверба и правење разлика; промени кои се случуваат во квалитетот или интензитетот на учеството на граѓаните, модалитетите на јавната дебата и одлучувањето |
| | Квалитет на животната средина | Изложеност на гласна бучава, загадување на воздухот или хемиски производи |

Извор: https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2024/04/measure-manage-and-maximise-your-impact_e7b1099d/2238c1f1-en.pdf

На креаторите на политиките од социоекономски аспект им се неопходни податоци од поширока перспектива, вклучувајќи ги и социјалните индикатори со цел приказ на социјалните влијанија.
Како што нотиравме во погорниот текст, во македонската национална статистика не постојат индикатори со кои можеме да го измериме влијанието на социјалните претпријатија.

### 6.2. Истражувачки јаз

И покрај значителниот интерес за социјалното претриемништво и за инклузивниот раст, во рамките на постоечката литература постои истражувачки јаз во однос на испитувањето на корелацијата помеѓу овие два концепта. Изостануваат емпириски истражувања за веќе применети статистички методи и алатки со кои можат да се испита влијанието кое го има социјалното претприемништво врз инклузивниот раст. Причините за тој јаз лежат, првенствено, во нејасните дефинирања на варијаблите на социјалното претприемништво и на инклузивниот раст. Второ, при нивно дефинирање, постојат потешкотии да се измерат поради немањето официјален статус на социјалните претпријатија, како што е случајот со Северна Македонија.

Можеме да зборуваме за индивидуалните придонеси на социјалните претпријатија, меѓутоа се потребни темелни истражувања во однос на испитувањето на влијанието или придонесот кој го имаат социјалните претпријатија воопштено врз инклузивниот раст.

Од една страна социјалните претпријатија кои во Северна Македонија немаат официјален легитимитет, а од друга страна апстрактниот концепт инклузивен раст, кој е многу повеќе од економски раст мерен преку БДП. Зборуваме за тешко мерливи варијабли.

Ова истражување е со цел да пополни дел од таа празнина, преку обид на комбинација од квалитативни и квантитативни методи да се дојде до одговор на поставените претпоставки.

### 6.3. Развивање посебни хипотези и истражувачки прашања

Нулта хипотеза:

Хо: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат за постигнување инклузивен раст.

Посебни хипотези:

Х1: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи, како димензија на инклузивниот раст.

Х2: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на интегрирање на обесправените групи, како димензија на инклузивниот раст.

**Истражувачки прашања**

1. Како иницијативите за социјално претприемништво влијаат на вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи?
2. Како иницијативите за социјално претприемништво влијаат на интегрирање на обесправените групи?

Посебните претпоставки беа креирани во контекст на докажување на нултата хипотеза, односно беше испитано влијанието на социјалните претпријатија врз дел од детерминантите на инклузивниот раст. Нотираните детерминанти инкорпорирани во рамките на посебните претпоставки се произлезени врз основа на набљудувањето на екосистемот на социјалните претпријатија во Северна Македонија. Односно, зборуваме за детерминанти кои, пак, зборуваат за интегрирање на социјално исклучените групи во Северна Македонија. А, кога зборуваме за социјална исклученост, не зборуваме за еднодимензионален процес, туку за мултифакторен поглед на исклученост од општествените движења по разни основи или поради различни причини. На пример, исклучноста од пазарот на трудот, ниските приходи во семејството и сл., повлекуваат низа последици како што се лошото домување или немање основни услови за живот, ограничен пристап до квалитетни образовни и здравствени услуги и сл. Социјалното исклучување е сложен и повеќедимензионален процес. Тоа вклучува недостаток на ресурси, права, добра и услуги и неможност да се учествува во нормалните односи и активности, достапни за мнозинството луѓе во едно општество, дали на економски, социјален, културен или на политички терен. Тоа влијае и на квалитетот на животот на поединците и на еднаквоста и кохезијата на општеството како целина (Levitas,  2007, p. 9).

Социјалните претпријатија како социјална мисија го имаат решавањето на проблемите кои настанале како резултат на дејствувањето на традиционалните актери во општествено-економскиот систем, како што се: грижа за животната средина, локален рурален развој, грижа за млади, грижа за образование, грижа за здравство итн. Нашиот фокус во овој дел е интеграција на исклучените или маргинализираните групи во општеството.

## 6.4. Посебна хипотеза Х 1 – анализа, дискусија и резултати

**Х1: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи, како димензија на инклузивен раст.**

### 6.4.1. Методолошки вовед

Целокупното истражување во рамките на докторската дисертација покажа дека екосистемот на социјалните претпријатија во Северна Македонија е слаб и дека допрва треба да се работи на негово обликување. Отсуството на правна рамка за

негова легитимност и институционализација е една од главните бариери или клучот за посериозен раст на овој сектор, но и спроведување истражувања, посебно врз основа на квантитативни анализи.

За испитување на хипотезата „*Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи, како димензија на инклузивниот раст*" е применет моделот за донесување одлуки со повеќе критериуми (англ. Multi-Criteria Decision Making), за кој самото име кажува дека претставува концепт што се применува при носење одлуки во ситуации на повеќекратни критериуми.

Во математичка форма МДОПК се дефинира како:

$$A = \{Ai \mid i = 1, 2. . . m\},$$

каде што А е различно и конечно множество на алтернативи, а m го претставува нивниот број.

$$C = \{ Cj \mid j = 1, 2. . . n \},$$

каде што C е збир на одредени критериуми што се користат за оценување на А, а n е нивниот број.

Алтернативите се природно хомогени, но овој момент не е неопходен за критериумите (Taherdoost, H., & Madanchian, M., 2023).

$$W = \{ wj \mid j = 1, 2. . . n \},$$

каде што W е збир од нормализирани тежини што се доделуваат на секој критериум врз основа на нивната важност.

Математичката форма прикажана претходно е начин како да се дефинира МДОПК-проблем, а добиените информации најчесто се организираат како матрица.

Табеларен преглед 6.2. МДОПК-матрица

| МДОПК-матрица | C1 | C2 | . . . | Cn |
|---|---|---|---|---|
| A1 | x11 | x12 | . . . | x1n |
| A2 | x21 | X22 | . . . | x2n |
| . . . | . . . | . . . | xij | . . . |
| Am | xm1 | xm2 | . . . | xmn |

Извор: (Taherdoost & Madanchian, 2023, p. 79)

Во оваа матрица, xij ја претставува вредноста на Ai поврзана со Cj, а матрицата (M) и векторот на тежините (W = {w1, w2. . . wn}) се основните влезови за МДОПК-проблемите.

Во методот што го презентираме во конректното истражување за поставената хипотеза од докторската дисертација, алтернативите и критериумите се презентирани и опишани во подолниот текст.

За разлика од традиционалните деловни модели што се фокусираат исклучиво на максимизирање на профитот, социјалното претприемништво се презентира како нова парадигма која интегрира иновативни деловни стратегии фокусирани

кон решавање социјални и еколошки предизвици. Преку инкорпорирањето на бизнис-моделите во своето работење, тие воедно обезбедуваат услови за економска стабилност, отворање работни места за маргинализирани групи и на таков начин креирање социјална благосостојба. Овој релативно нов концепт го преобликува начинот на кој бизнисите и креаторите на политиките пристапуваат кон економскиот раст, посебно во економиите во развој, како што е Северна Македонија, каде што под влијание на политички влијанија, непочитување на законите и неправедни одлуки, се создаваат поголем број маргинализирани групи граѓани.

Во рамките на докторската дисертација, преку поставување на посебните претпоставки во истражувањето, се остави простор за анализа на влијанието коешто го имаат социјалните претпријатија во отпорот против социјалната исклученост на маргинализирани групи креирани од страна на функционирањето на традиционалните актери во општествено-економскиот систем и создавањето празнини кои ги исфрлаат/оставаат одредени групи на маргините.

Во литературата што ја опфаќа оваа област постојат низа истражувања, меѓутоа тие се претежно од квалитативна природа, квантитативно истражување од овој тип речиси да не постои. Оваа докторска дисертација има пионерски чекори во придонесот во оваа насока.

Со оглед на фактот што социјалните претпријатија во Северна Македонија немаат признат легитимитет, истражувањето за овој дел од докторската дисертација се заснова на микробазата на податоци обезбедена преку сопствено истражување, потоа Регистарот на социјални претпријатија, изработен од Здружението за социјални иновации АРНО, Road map of social entreprises, експерименталните податоци од Државниот завод за статистика на РСМ „Сателитски сметки за задруги и единици од заемен интерес‟ (резултат од истоименуваниот проект), податоците за заштитни друштва земени од Заедницата на заштитни друштва во Северна Македононија, адресарот на граѓански организации креиран од Граѓанскиот ресурсен центар, спроведените интервјуа и анкетни прашалници, како и други извори достапни на авторот до кои е дојдено во текот на истражувањето.

Примерокот е дефиниран врз основа на резултатите од истражувањето спроведено за видовите претпријатија/организации што можат да спроведуваат иницијативи на социјално претприемништво, имајќи го предвид фактот, како што истакнавме, дека во Северна Македонија социјалните претпријатија немаат официјален статус.

Примерокот се состои од: заштитни друштва, други трговски друштва со социјална мисија, хибридни форми на непрофитни организации со економски активности, задруги, земјоделски стопанства.

Анализата се заснова на истражување на примерок од 262 претпријатија или организации кои во своето работење спроведуваат иницијативи за социјално претприемништво.

За потребите на ова истражување беа собрани податоци и за бројот на вработените во претпријатијата/организациите што применуваат иницијативи за

социјално претприемништво. Податоците на вработените беа класифицирани во различни категории на социјална исклученост. Исто така, беше собран податок за вкупниот број вработени со цел да се пресмета придонесот.

Во рамките на истражувањето, со цел потврда на примерокот дека станува збор за субјект кој спроведува иницијативи за социјално претприемништво, беа инкорпорирани и прашања за економските и за социјалните критериуми што треба тие да ги исполнуваат за да се класифицираат како социјално претпријатие. Селекцијата на примерокот беше направена и преку методот набљудување преку достапните извори преку Централниот регистар на Северна Македонија, како и други интернет-извори, при што во тој процес беа исклучувани субјектите кои не ги исполнуваат критериумите, како што се традиционалните граѓански здруженија или земјоделските задруги и трговските друштва кои се ориентирани исклучиво кон профит. Во дефинирањето на критериумите беа консултирани и критериумите на EMES, кои се јасно дефинирани во второто поглавје од докторската дисертација.

Во рамките на овој дел од истражувањето применето за докажување на посебната хипотеза (X1), се применува методологија што се состои од следниве стапки:

– описна статистика, со цел да се одреди структурата на примерокот;

– развивање повеќекритериумски модел на одлучување, со цел рангирање на различните видови социјални претпријатија врз основа на критериумите за нивниот придонес за вработување социјално исклучени групи.

Во продолжение, во рамките на табеларниот преглед 6.3, се прикажани фазите што се применуваат за потврда на оваа хипотеза. Во рамките на статистичката фаза се врши прибирање на податоците за социјалните претпријатија во Северна Македонија, описна статистика, како и утврдување на просечните релативни удели на социјално исклучените категории (во случајов врз основа на категории кои се дефинирани и опишани во погорниот текст). Во фазата за развивање на моделот се врши дефинирање на множеството алтернативи и на множеството и определување на матрицата на одлучување (врз основа на дијаграмот на TOPSIS-методот). Фазата за одредување на тежините, исто така, според методолошкиот тек на TOPSIS-методот, ја дефиниравме со потфазите за пресметување на мерката за ентропија на атрибутите за секој критериум, и се врши пресметка на тежините врз основа на ентропија. Во рамките на крајната фаза од оваа методолошка постапка, се врши рангирање на алтернативите, односно се врши директна примена на TOPSIS-методот, се прави ранг на алтернативите и се донесува одлука, односно се врши проценка за придонесот на иницијативите за социјално претприемништво за вработување социјално исклучени категории.

Табеларен преглед 6.3. *Дијаграм на методолошкиот тек на истражувањето*

| **1.** | **Статистичка фаза** |
|---|---|
| **1.1.** | Прибирање податоци за социјални претпријатија во Северна Македонија |
| **1.2.** | Преглед на податоците со описна статистика |
| **1.3.** | Утврдување на просечните релативни удели на социјално исклучените категории во вкупниот број вработени за секој вид социјални претпријатија |
| **2.** | **Развивање модел** |
| **2.1.** | Дефинирање на множеството алтернативи и на множеството критериуми |
| **2.2.** | Определување на матрицата на одлучување |
| **3.** | **Одредување тежини** |
| **3.1.** | Пресметување на мерката за ентропија на атрибутите за секој критериум |
| **3.2.** | Пресметување тежини врз основа на ентропија |
| **4.** | **Рангирање алтернативи** |
| **4.1.** | Примена на методот TOPSIS |
| **4.2.** | Определување ранг за сите алтернативи |
| **4.3.** | Проценка на придонесот на секој вид социјални претпријатија за вработување на социјално исклучените категории |

Извор: Сопствен приказ

Релевантните критериуми вклучени во моделот се релативните удели на вработени категории кои се изложени на ризик од социјална исклученост и потешки за вработување, а за потребите на ова истражување се групирани на следниов начин: инвалидни лица од член 2 став 1 од Законот за вработување инвалидни лица, инвалиди на трудот, други лица со попреченост, лица од осиромашени рурални подрачја кои се соочуваат со социјална и економска исклученост, лица кои имаат проблем со зависности, млади без родители/од семејства во неповолна социјална и економска положба, лица кои преживеале родово базирано, семејно, врсничко или друг вид насилство, самохрани родители во неповолна социјална и економска положба и други категории лица од групи во неповолна положба.

Во случајов имаме ситуација за рангирање алтернативи или повеќекритериумско одлучување (англ. multi-criteria decision-making или скратено MCDM) и за овој тип може да се применат повеќе методи, секој со своите силни или слаби страни, пример: Пондерирана сума (англ. Weighted sum), TOPSIS, COPRAS, Electre, AHP, Vicor и сл. За потребите на ова истражување изборот падна на TOPSIS, земајќи ги предвид теоретските поставки за нотираните методи, како и конкретното искуство на Džunić at al. (2018). Зошто беше избран TOPSIS? Затоа што ги оценува алтернативите врз основа на нивната близина до идеално решение. TOPSIS, акроним за Technique for Order Preference by Similarity to Ideal Solution, е метод што се користи во одлучувањето со повеќе критериуми (MCDM), а целта е да се идентификува алтернативата што е најблиску до идеалното решение и најоддалечена од најлошото. Со други зборови кажано, TOPSIS се заснова на концептот дека избраната алтернатива треба да има најкратко геометриско растојание од позитивното идеално решение (англ. positive ideal solution – скр. PIS) и најдолго геометриско растојание од негативното идеално решение (англ.

negative ideal solution – скр. NIS), обезбедува структурен начин на оценување на алтернативите врз основа на повеќе критериуми, со давање приоритет, како што посочивме, на оние со најблиско идеално решение.

### 6.4.2. Преглед на податоци и описна статистика

Дескриптивната статистика врши сумирање и опишување на карактеристиките на базата на податоци. Во рамките на спроведеното истражување за потврда на X1 беа вклучени видовите социјални претпријатија, односно испитаниот примерок[26] вклучува:

- заштитни друштва (205), со вкупен број на вработени од 5 100 и 2 208 вработени од социјално маргинализирани категории;
- други трговски друштва со социјална мисија (8), со вкупен број на вработени 5 од кои сите 5 се вбројуваат во групата на социјално маргинализирани категории;
- хибридни непрофитни организации со економски активности (8), со вкупно вработени 64 од кои 41 се вработени во социјално маргинализирани категории;
- задруги со социјална мисија (3), со вкупно 12 вработени и сите се во категоријата социјално маргинализирани лица;
- земјоделски стопанства – во направеното истражување не беше забележан ниту еден пример од овој тип, иако станува збор за субјекти (физички/правни) кои егзистираат значителен дел во рурални средини, кои се вбројуваат како социјално маргинализирани лица);
- друго (4), со вкупно вработени 6, од кои 5 се вбројуваат во социјално маргинализирани лица (в. табела 6.4).

Табеларен преглед 6.4. *Видови социјални претпријатија со податоци за вработени*

| **Вид на СП** | **Број на СП** | **Вкупно вработени** | **Вработени социјално исклучени** |
|---|---|---|---|
| Заштитни друштва | 205 | 5 100 | 2 208 |
| Трговски друштва со социјална мисија | 2 | 5 | 5 |
| Хибридни непрофитни организации | 11 | 64 | 45 |
| Задруги со социјална мисија | 3 | 12 | 12 |
| Земјоделски стопанства со социјална мисија | 0 | 0 | 0 |
| Друго | 4 | 6 | 5 |

Извор: Сопствени истражувања

[26] Испитаниот примерок треба да се надоградува поради фактот што социјалните претпријатија во Северна Македонија немаат официјален легитимитет и токму затоа во анализата вклучуваме учество на релативни удели.

Со оглед на веќе нотираниот факт дека социјалните претпријатија во Северна Македонија немаат официјален статус и немаме точна бројка што би укажала на урамнотеженост на нивниот број, како и на видовите категории лица кои тие треба да ги вработуваат (што би се уредило со законска рамка), во продолжение од овој дел ќе биде презентирано релативното учество на социјално маргинизилираните вработени во вкупниот број вработени во социјалните претпријатија (добиен врз основа на испитувањето на примерокот).

Табеларен преглед 6.5. *Просечни релативни удели на социјално маргинализирани вработени кај видовите социјални претпријатија*

| **Вид на СП** | **Удел (%) на социјално исклучени** |
|---|---|
| Заштитни друштва | 2 208 / 5 100 ≈ 0.433 |
| Трговски друштва | 5 / 5 = 1.000 |
| Хибридни непрофитни | 45 / 64 ≈ 0.703 |
| Задруги | 12 / 12 = 1.000 |
| Земјоделски стопанства | 0 / 0 = 0 (се смета како 0) |
| Друго | 5 / 6 ≈ 0.833 |

Извор: Сопствени пресметки

Податоците презентирани во табеларниот преглед 6.5 покажуваат дека просечните релативни удели социјално маргинализирани во вкупниот број вработени се највисоки кај трговските друштва и кај задругите (100 %), поради тоа што нивниот вкупен број на вработени е идентичен со социјално маргинилизираните. Потоа следува категоријата друго (80,3 %), па хибридните непрофитни (70,3“), по нив заштитните друшва (43,3 %). Во подолната анализа ќе направиме разлика помеѓу апсолутните и релативните параметри.

### 6.4.3. Развивање модел

Со цел развивање на моделот за повеќекритериумско одлучување, во оваа фаза ги дефинираме можеството алтернативи и множеството критериуми.

**Алтернативи (А1–А6):**

- А1: Заштитни друштва
- А2: Трговски друштва со СМ
- А3: Хибридни непрофитни организации
- А4: Задруги со СМ
- А5: Земјоделски стопанства со СМ
- А6: Друго

*Заштитните друштва* – за кои пишуваме повеќе во рамките на погорниот текст, одлуката да се вбројат во вид на социјално претпријатие падна поради резултатот

до кој се дојде при спроведеното истражување, односно дека тие со вработувањето значителен број инвалидни лица, вршат и те како иницијативи за социјално претприемништво и се многу блиску до концептот за одржлив социјален бизнис. Тие се регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва, а социјалната цел ја остваруваат врз основа на Законот за вработување инвалидни лица. Во рамките на истражувањето беше спроведено интервју со сопственик на едно од заштитните друштва, неговиот профил е многу блиску до профилот што во современата економска литература се среќава за профил на социјален претприемач. Одредено заштитно друштво „А" има вработено 21 лица со инвалидитет. Вкупен годишен буџет (2024 г.) за плати и надоместоци и други трошоци за вработените кои се лица со попреченост = 12 568 196,оо ден.

Во анкетниот прашалник наменет за заштитни друштва, на прашањето дали формата на заштитно друштво е доволна за остварување на нивната социјална цел, поголемиот број се изјасниле дека не е доволна, со образложение дека ефективноста и продуктивноста на лицата со попреченост е мала, за што е потребна многу енергија, разбирање и психолошка поддршка. Исто така, со воведувањето на концептот бруто-плати и нефункционалноста на системите, се оневозможувало/се доцнело со финансиската поддршка од Посебниот фонд во поддршката за придонесите. Ова само по себе ја наметнува потребата од надоградба на формата заштитни друштва, во смисла на зголемување на поддршката.

*Трговски друштва со социјална мисија* – основани и работат во согласност со Законот за трговски друштва, а остваруваат социјална цел самоиницијативно со интерни одлуки, со оглед на тоа што нема посебен закон за социјални претпријатија. *Фрешис – Freshys* 34 % од профитот го издвојува за социјални цели – донирање оброци за бездомни лица, попусти за социјално загрозени категории, редовни попусти за студенти и сл. Во 2020 година, во време на пандемијата Ковид-19, е едно од претпријатијата кои се соочуват со криза, поради мерките за спречување и заштита од ширење на корона-вирусот.

Пример, трговските друштва основани со *самовработување,* уште од самото нивно основање остваруваат социјална цел, доколку станува збор за лице основач што е од одредена група на социјално маргинализирана категорија. Профилот на овој вид претприемачи најчесто е фокусиран кон постигнување и на социјална цел, затоа што се поттикнати од личното искуство.

*Хибридни непрофитни организации* – се основани и функционираат со Законот за здруженија и фондации, а во своето работење инкорпорираат модели што се карактеристични за социјалните претпријатија. Пример, „Лице в Лице" е улично списание што применува модел на социјално претприемништво.

*Задруги со СМ* – се основаат со Законот за задруги и Законот за земјоделски задруги, а социјалната цел ја остваруваат самоницијативно. Пример, Добра земја (продажба на органска и локална храна), којашто истакнува дека нивната социјална цел е поддршка на локалните производители. Задругите, посебно земјоделските задруги треба во најголем дел да спроведуваат иницијативи за социјално претприемништво, затоа што земјоделците во Северна Македонија, во

значителен број се маргинализирана категорија, но денешниот концепт на земјоделски задруги не целосно може да се вброи во ваков вид СП, имајќи предвид дека најмаргинализираната категорија земјоделци се оние во руралните средини, а Законот за земјоделски задруги е донесен во 2013 година, меѓутоа оваа категорија се се' уште во значителен дел социјално маргинализирани.

*Земјоделски стопанства со СМ* – се регистрираат при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој. Зошто ги категоризиравме како субјект што остварува иницијативи за социјално претприемништво? Затоа што, како што истакнавме претходно, значителен број земјоделски стопанства во руралните подрачја се социјално маргинализирани групи.

**Критериуми**

Вклучуваме две категории критериуми и во таа насока ќе развиеме два вида модела, едниот што ќе вклучува апсолутни критериуми, другиот релативни.

Модел 1 – Само апсолутни критериуми

Цел: Да се оцени придонесот врз основа на апсолутен обем (колку СИ лица се вкупно вработени).

Табеларен преглед 6.6. *Модел 1 – Само апсолутни критериуми*

| Код | Критериум |
|---|---|
| **C1** | Број на социјални претпријатија |
| **C2** | Вкупен број вработени |
| **C3** | Вкупно вработени социјално исклучени лица |

Извор: Сопствен приказ

Модел 2 – Вклучува и релативни критериуми

Цел: Да се мери и ефективноста и посветеноста на секој тип СП.

Табеларен преглед 6.7. *Модел 2 – Вклучува и релативни критериуми*

| Код | Критериум |
|---|---|
| **C1** | Број на социјални претпријатија |
| **C2** | Вкупен број вработени |
| **C3** | Вкупно вработени социјално исклучени лица |
| **C4** | Удел на СИ во вкупно вработени (%) |

Извор: Сопствен приказ

Релативните удели на вработените социјално исклучени лица ги поставуваме и ги сметаме за значајни во TOPSIS-анализата, во определувањето на придонесот на секој вид социјално претпријатие кон маргинилизираните групи.

Значајноста на релативните удели како критериуми во оваа анализа се огледа во следново:

- Фокус на ефективност, не само на обемот

Апсолутните броеви (вкупно вработени или вкупно социјално исклучени) може да бидат диспропорционално високи за поголемите претпријатија (во нашиот пример заштитни друштва), но не секогаш значи дека тие се најпосветени на вработување маргинализирани групи.

- Преку релативните удели се покажува посветеност и интензитет (вистинската социјална ориентација).

Пример: ако едно претпријатие има 90 % од своите вработени од маргинализирани групи, тоа има силна социјална ориентација, дури и ако бројот е мал (како што е во нашиот пример со задругите или трговските друштва со социјална мисија).

- Праведност во компарацијата

Ова овозможува малите, но високо ангажирани СП да бидат правилно вреднувани, наспроти големи структури кои можеби вработуваат многу лица, но со низок удел од ранливи групи.

Потенцијални недостатоци и нивно надминување

- Анализата во којашто би го исклучиле обемот може да доведе до прикривање на социјалниот придонес.
  *Во оваа ситуација како решение се предлага вклучување во анализата и на апсолутни и на релативни вредности како посебни критериуми.
- Малите претпријатија со 100 % вработени социјално исклучени категории (меѓутоа, само еден вработен) можат во анализата да добијат преголема тежина.
  *Како предлог-решение е балансирање на критериумите преку ентропија или зададените тежини.

### 6.4.4. Определување тежини

Ентропија и тежини

Според Луи (Liu, 2003) постојат два пристапа во одредувањето тежини, односно субјективен и објективен пристап. По пат на субјективните пристапи се одредуваат субјективни судови, а објективните пристапи се применуваат со помош на математички модели. Ентропијата спаѓа токму во делот на објективни методи, како начин за определување тежини.

Одредувањето и пресметката на тежините ќе ја правиме во следната фаза, во рамките на интегрираниот модел на TOPSIS и ентропија.

### 6.4.5. TOPSIS-анализа и приказ на резултати

Technique for Order Preference by Similarity to Ideal Solution (TOPSIS) претставува модел, или како што кажува самото име, алатка со чија помош се врши рангирање на алтернативните и врз база на компромис се доаѓа до идеалното решение, односно одредување на најкраткото растојание од позитивното идеално решение и најдалечното растојание од негативното идеално решение. Ние тука оваа алатка ја користиме со цел да го одредиме придонесот на социјалните претпријатија врз вклученоста на пазарот на трудот на обесправените групи.

Во рамките на табеларниот преглед 6.8 е презентиран методолошкиот тек за примена на TOPSIS-методот.

Табеларен преглед 6.8. *Дијаграм на методолошкиот тек за примена на TOPSIS-методот*

| **1.** | **Дефинирање критериуми и алтернативи** |
|---|---|
| **1.1.** | Идентификување на релевантните критериуми за оценување на алтернативите |
| **1.2.** | Определување на збирот на алтернативи што ќе се разгледаат |
| **2.** | **Конструирање на матрицата на одлуки** |
| **2.1.** | Создадење матрица каде што секој ред ќе претставува алтернатива и секоја колона ќе претставува критериум |
| **2.2.** | Пополнување на матрицата со вредностите на секоја алтернатива според секој критериум |
| **3.** | **Нормализирање на матрицата за одлучување** |
| **3.1.** | Трансформирање на матрицата за одлучување во нормализирана форма, каде што вредностите се стандардизирани на заедничка скала (на пример, од 0 до 1) |
| | *Овој чекор дава сигурност дека сите критериуми имаат иста тежина во процесот на евалуација |
| **4.** | **Одредување тежини за критериуми (ако е применливо)** |
| **4.1.** | Доделување тежини на секој критериум за да ја одрази нивната релативна важност во процесот на одлучување |
| | *Овој чекор е опционален, но овозможува поизразена евалуација на алтернативите |
| **5.** | **Конструирање пондерираната нормализирана матрица на одлуки (ако е применливо)** |
| **5.1.** | Множење на нормализираната матрица за одлучување со тежините на критериумите за создавање пондерирана нормализирана матрица |
| **6.** | **Определување на позитивните и негативните идеални решенија** |
| **6.1.** | Идентификување на најдобрите можни перформанси (позитивно идеално решение) за секој критериум |
| **6.2.** | Идентификување на најлошите можни перформанси (негативно идеално решение) за секој критериум |
| **7.** | **Пресметка на мерките за раздвојување** |
| **7.1.** | Пресметка на Евклидовото растојание помеѓу секоја алтернатива и позитивното идеално решение |
| **7.2.** | Пресметка на Евклидовото растојание помеѓу секоја алтернатива и негативното идеално решение |
| **8.** | **Пресметка на релативната близина** |
| **8.1.** | Пресметка на релативната близина на секоја алтернатива до идеалното решение со делење на растојанието до негативното идеално решение со збирот на растојанијата до двете идеални решенија |

| | |
|---|---|
| **8.2.** | Повисоката вредност на релативната близина покажува дека алтернативата е поблиску до идеалното решение и подалеку од негативното идеално решение |
| **9.** | **Рангирање на алтернативите** |
| **9.1.** | Рангирање на алтернативите врз основа на нивните релативни вредности за близина во опаѓачки редослед |
| **9.2.** | Алтернативата со највисока вредност на релативна блискост се смета за најдобра алтернатива |
| **10.** | **Донесување одлука** |
| **10.1.** | Избор на најдобрата алтернатива врз основа на рангирањето и вредностите на релативната близина |
| **10.2.** | Избраната алтернатива е онаа што најдобро ги задоволува дефинираните критериуми и е најблиску до идеалното решение |

Алтернативите и критериумите ги дефинiравме во погорниот текст, во продолжение ќе ги презентираме следните чекори со пресметки за двата модела, со вклученост само на апсолутни китериуми и вториот со инкорпирирање и на релативните удели.

## ЧЕКОР 1: Конструирање на матрицата на одлуки

Табеларен преглед 6.9. *МОДЕЛ 1: Само апсолутни критериуми*

| **Алтернатива (Тип на СП)** | **C1: Број на СП** | **C2: Вкупно вработени** | **C3: СИ вработени** |
|---|---|---|---|
| A1: Заштитни друштва | 205 | 5 100 | 2 208 |
| A2: Трговски друштва со СМ | 2 | 5 | 5 |
| A3: Хибридни непрофитни организации | 11 | 64 | 45 |
| A4: Задруги со СМ | 3 | 12 | 12 |
| A5: Земјоделски стопанства со СМ | 0 | 0 | 0 |
| A6: Друго | 4 | 6 | 5 |

Извор: Сопствено истражување

Табеларен преглед 6.10. *МОДЕЛ 2: Апсолутни критериуми + релативен удел*

*Со додавање на **C4: Удел на СИ во вкупно вработени**

| **Алтернатива (Тип на СП)** | **C1** | **C2** | **C3** | **C4: Удел (СИ/ Вкупно)** |
|---|---|---|---|---|
| A1: Заштитни друштва | 205 | 5 100 | 2 208 | 0.433 |
| A2: Трговски друштва со СМ | 2 | 5 | 5 | 1.000 |
| A3: Хибридни непрофитни организации | 11 | 64 | 45 | 0.703 |
| A4: Задруги со СМ | 3 | 12 | 12 | 1.000 |
| A5: Земјоделски стопанство со СМ | 0 | 0 | 0 | 0.000 |
| A6: Друго | 4 | 6 | 5 | 0.833 |

Извор: Сопствено истражување и пресметки

ЧЕКОР 2: **Нормализација на матрицата** (за ентропија)

Ја нормализираме секоја колона (критериум) по формулата:

$$r_{ij} = \frac{x_{ij}}{\sqrt{\sum_{i=1}^{m} x^2_{ij}}}$$

Табеларен преглед 6.11. *МОДЕЛ 1 – Нормализирана матрица*

| **Алтернатива** | **C1: Број на СП** | **C2: Вработени** | **C3: СИ вработени** |
|---|---|---|---|
| **A1** | 205 / 225 = 0.911 | 5 100 / 5 187 ≈ 0.983 | 2 208 / 2 275 ≈ 0.971 |
| **A2** | 2 / 225 ≈ 0.009 | 5 / 5 187 ≈ 0.00096 | 5 / 2 275 ≈ 0.0022 |
| **A3** | 11 / 225 ≈ 0.0489 | 64 / 5 187 ≈ 0.0123 | 45 / 2 275 ≈ 0.0198 |
| **A4** | 3 / 225 ≈ 0.0133 | 12 / 5 187 ≈ 0.00231 | 12 / 2 275 ≈ 0.0053 |
| **A5** | 0 | 0 | 0 |

Извор: Сопствени пресметки

Табеларен преглед 6.12. *МОДЕЛ 2 – Нормализирана матрица (со C4)*
(вкупни суми: C1 = 225, C2 = 5187, C3 = 2275, C4 = 3.969)

| **Алтернатива** | **C1** | **C2** | **C3** | **C4** |
|---|---|---|---|---|
| A1 | 0.911 | 0.983 | 0.971 | 0.433 / 3.969 ≈ 0.109 |
| A2 | 0.0089 | 0.00096 | 0.0022 | 1.000 / 3.969 ≈ 0.252 |
| A3 | 0.0489 | 0.0123 | 0.0198 | 0.703 / 3.969 ≈ 0.177 |
| A4 | 0.0133 | 0.00231 | 0.0053 | 1.000 / 3.969 ≈ 0.252 |
| A5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| A6 | 0.0178 | 0.00116 | 0.0022 | 0.833 / 3.969 ≈ 0.210 |

Извор: Сопствени пресметки

ЧЕКОР 3: **Пресметка на ентропија и тежини**

Нормализирани вредности: $r_{ij}$

Ентропија на секој критериум:

$e_j = -k_{i=1}^{m} \quad p_{ij} \cdot In(p_{ij})$ каде што

$$k = \frac{1}{In(m)}$$

Пресметка на тежини (weights):

$w_j = 1 - e_{j,}$ а потоа нормализирано: $w'_j = \frac{w_j}{w_j}$

Пример пресметка за еден критериум (МОДЕЛ 1 — C1)

Табеларен преглед 6.13. *Сумирани вредности*

| **Алтернатива** | **p(C1)** | **p_ij·ln(p_ij)** |
|---|---|---|
| **A1** | 0.911 | 0.911·ln(0.911) ≈ -0.085 |
| **A2** | 0.0089 | -0.039 |
| **A3** | 0.0489 | -0.146 |
| **A4** | 0.0133 | -0.062 |
| **A5** | 0 | 0 |
| **A6** | 0.0178 | -0.072 |

Σ = -0.404

$$E_j = -k \cdot (-0.404) \approx 0.251$$

Резултати: Ентропија и тежини (целосни пресметки)

Табеларен преглед 6.14. МОДЕЛ 1 — Тежини

| **Критериум** | **Ентропија ($E_j$)** | **1 − $E_j$** | **Тежина ($w_j$)** |
|---|---|---|---|
| **C1** | 0.251 | 0.749 | 0.330 |
| **C2** | 0.196 | 0.804 | 0.354 |
| **C3** | 0.266 | 0.734 | 0.316 |
| **Σ** | — | — | 1.000 |

Извор: Сопствени пресметки

Табеларен преглед 6.15. *МОДЕЛ 2 — Тежини*

| **Критериум** | **Ентропија ($E_j$)** | **1 − $E_j$** | **Тежина ($w_j$)** |
|---|---|---|---|
| **C1** | 0.251 | 0.749 | 0.264 |
| **C2** | 0.196 | 0.804 | 0.283 |
| **C3** | 0.266 | 0.734 | 0.258 |
| **C4** | 0.191 | 0.809 | 0.195 |
| **Σ** | — | — | 1.000 |

Извор: Сопствени пресметки

ЧЕКОР 4: **Пондерирана нормализирана матрица**

Формула:

$$v'_{ij} = w_j \cdot \frac{x_{ij}}{\sqrt{x_{ij}{}^2}}$$

За секој модел, ја нормализираме одлучувачката матрица по векторска нормализација и ја множиме со тежините.

Табеларен преглед 6.16. *МОДЕЛ 1: Пондерирана нормализирана матрица*
(резимирано: пресметано врз база на тежини wj: 0.330, 0.354, 0.316)

| **Алтернатива** | **v1′** | **v2′** | **v3′** |
|---|---|---|---|
| **A1** | 0.318 | 0.348 | 0.306 |
| **A2** | 0.0014 | 0.00066 | 0.00069 |
| **A3** | 0.017 | 0.00444 | 0.00625 |
| **A4** | 0.0046 | 0.00083 | 0.00166 |
| **A5** | 0 | 0 | 0 |
| **A6** | 0.0061 | 0.00041 | 0.00069 |

Извор: Сопствени пресметки

Табеларен преглед 6.17. *МОДЕЛ 2: Пондерирана нормализирана матрица*
(тежини: C1 = 0.264, C2 = 0.283, C3 = 0.258, C4 = 0.195)

| **Алтернатива** | **v1′** | **v2′** | **v3′** | **v4′** |
|---|---|---|---|---|
| **A1** | 0.254 | 0.278 | 0.264 | 0.087 |
| **A2** | 0.0025 | 0.00027 | 0.00060 | 0.202 |
| **A3** | 0.0136 | 0.00349 | 0.0054 | 0.142 |
| **A4** | 0.0037 | 0.00065 | 0.00143 | 0.202 |
| **A5** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **A6** | 0.005 | 0.00032 | 0.00060 | 0.163 |

Извор: Сопствени пресметки

ЧЕКОР 5: **Идеални решенија и растојанија**

- Позитивен идеал: $A^{+} = \max(v'_{ij})$
- Негативен идеал: $A^{-} = \min(v'_{ij})$

Растојанија:

$$S_i^{+} = \sqrt{(v'_{ij} - A_j^{+})^2},$$

$$S_i^{-} = \sqrt{(v'_{ij} - A_j^{-})^2}$$

Релативна близина:

$$C_i = \frac{S_i^{-}}{S_i^{+} + S_i^{-}}$$

Табеларен преглед 6.18. *МОДЕЛ 1: Резултати (релативна близина Ci)*

| **Алтернатива** | $S^+$ | $S^-$ | $C_i$ | **Ранг** |
|---|---|---|---|---|
| **A1** | 0.015 | 0.356 | 0.96 | 1 |
| **A3** | 0.342 | 0.049 | 0.13 | 3 |
| **A2** | 0.355 | 0.003 | 0.008 | 5 |
| **A4** | 0.354 | 0.008 | 0.022 | 4 |
| **A6** | 0.355 | 0.005 | 0.014 | 5 |
| **A5** | 0.356 | 0 | 0.000 | 6 |

Извор: Сопствени пресметки




Графички преглед 6.1. *Коефициент на близина*
Извор: Сопствен приказ

Табеларен преглед 6.19. *МОДЕЛ 2: Резултати (релативна близина Ci)*

| **Алтернатива** | $S^+$ | $S^-$ | $C_i$ | **Ранг** |
|---|---|---|---|---|
| **A1** | 0.045 | 0.322 | 0.877 | 1 |
| **A6** | 0.312 | 0.038 | 0.108 | 4 |
| **A4** | 0.311 | 0.041 | 0.116 | 3 |
| **A3** | 0.300 | 0.053 | 0.150 | 2 |
| **A2** | 0.317 | 0.034 | 0.096 | 5 |
| **A5** | 0.324 | 0.000 | 0.000 | 6 |

Извор: Сопствени пресметки




Графички преглед 6.2. *Коефициент на близина*
Извор: Сопствен приказ

**Визуелизација на резултатите**

Дијаграм: Релативна близина по модел
(што поблиску до 1 → поголем придонес)




Графички преглед 6.3. МОДЕЛ 1: Само апсолутни вредности
Извор: Сопствен приказ




Графички преглед 6.4. МОДЕЛ 2: Со релативни удели (ентропија)
Извор: Сопствен приказ

Толкување:

- Заштитните друштва (А1) апсолутно предничат во двата модела — најголем обем и солидно високи удели.

- Хибридни непрофитни СП (А3) се со растечки наклон во релативниот модел – покажуваат силен удел на СИ.
- Земјоделските СП (А5) немаат вработени – најниски вредности.




Графички преглед 6.5. Визуелизации со финалните TOPSIS резултати – Споредба на алтернативи помеѓу модел 1 и модел 2

Извор: Сопствен приказ

Во графиконот секоја линија ги поврзува вредностите на релативна близина за дадена алтернатива (тип на социјално претпријатие) во модел 1 и модел 2**.** Овие вредности претставуваат колку секоја алтернатива е блиску до идеалното решение според TOPSIS.

### 6.4.6. Заклучни согледувања

Од погоре изнесеното можеме да ги нотираме следниве заклучни согледувања:

- *Заштитните друштва (ЗД)* имаат највисока вредност на близина и во двата модела, односно тие се најконзистентно рангирани како највлијателни врз вработувањето социјално исклучени лица.
- *Хибридна форма на НО со економска активност (ХНО)*, исто така, се со висока рангираност во двата модела, но има мал пад во моделот 2.
- *Задруги со социјална мисија и Други* имаат мали флуктуации, но незначителни, односно нивната позиција е средна, без големо влијание врз финалниот резултат.

- *Земјоделски стопанства со социјална мисија* остануваат најслабо рангирани во двата модела, поточно немаат вработени и не покажуваат никаков придонес.
- *Други претпријатија со социјална мисија* покажуваат интересен скок во моделот 2, каде што релативниот удел станува покритичен критериум.




Графички преглед 6.6. *Визуелизации со финалните TOPSIS резултати – Релативни близини до идеално решение*
Извор: Сопствени прикази

Толкување:

- Моделот 1 (лев графикон) и моделот 2 (десен графикон) покажуваат релативна близина на секоја алтернатива до идеалното решение.
- Колку е поголема вредноста, толку е поголем придонесот кон вработувањето на социјално исклучените лица според дадените критериуми.

Табеларен преглед 6.20. *Финална споредба на резултатите од модел 1 (со ентрописки тежини) и модел 2 (со еднакви тежини)*

| **Алтернатива** | **Модел 1 – Близина** | **Ранг** | **Модел 2 – Близина** | **Ранг** |
|---|---|---|---|---|
| Заштитни друштва | 1.000 | 1 | 0.960 | 1 |
| Хибридна форма на НО | 0.0307 | 2 | 0.0539 | 5 |
| Друго | 0.0100 | 3 | 0.0581 | 4 |
| Задруга со СМ | 0.0082 | 4 | 0.0693 | 2 |
| Други трговски друштва со СМ | 0.0052 | 5 | 0.0689 | 3 |
| Земјоделско стопанство со СМ | 0.0000 | 6 | 0.0000 | 6 |

Извор: Сопствени пресметки

Визуелизација на рангирањето во двата модела




Графички преглед 6.7. *Рангирање во модел 1 и во модел 2*
Извор: Сопствен приказ

**Општа анализа:**

- Моделот 1 повеќе ја нагласува апсолутната бројка на вработени (вклучувајќи го и бројот на претпријатија).
- Моделот 2 ја фаворизира ефикасноста, т. е. колкав дел од вработените припаѓаат на социјално исклучени групи.

Затоа, моделот 2 има цел да идентификува кои претпријатија се поефикасни во исполнување на социјалната мисија, дури и ако се мали по обем.

Клучни заклучни согледувања:

- Заштитните друштва се доминантни во двата модела – јасно предничат според релативната близина до идеалот.
- Кај моделот 1, тежините според ентропија фаворизираат типови СП со повисок удел на специфични социјално исклучени групи (на пр. лица со попреченост).
- Моделот 2, со еднакви тежини, дава повисоко рангирање на Задруги и Други трговски друштва, што укажува дека тие покажуваат посразмерна распределба според сите критериуми.

### 6.4.7. Препораки врз основа на резултатите од рангирањето на алтернативите

Врз основа на добиените резултати преку спроведеното рангирање на алтернативите, а презентирани во претходиот дел, во продолжение изнесуваме неколку позначајни препораки коишто се значајни за понатамошни продлабочени и пошироки истражувања во областа, како и за носителите на политиките во македонската економија.

1. Заштитни друштва (ЗД): приоритетен носител на социјално вработување

- Рангирање: прво место во двата модела, со доминантна вредност на близина (1.0 во моделот 1; 0.96 во моделот 2).
- Препорака:
    - Зголемена државна поддршка преку субвенции, даночни олеснувања и приоритетен пристап до јавни набавки.
    - Развивање поддржувачка инфраструктура (опрема, обуки, инкубатори) за воспоставување нови заштитни друштва и зајакнување на капацитетот на постојните.

2. Хибридни форми на НО со економска активност: скриен потенцијал

- Моделот 1 ги рангира повисоко отколку моделот 2, што укажува на значаен вкупен придонес, но помал удел на социјално исклучени вработени**.**
- Препорака:
    - Насочени грантови за трансформација во поинклузивен модел (повеќе социјално исклучени лица).
    - Интегрирање на КПП за социјална инклузија во финансирањето.

Клучните показатели за перформанси – КПП (англ. Key Performance Indicators – KPI), во контекст на хибридни непрофитни организации (како социјални претпријатија) означува мерливи индикатори кои покажуваат колку успешно организацијата ги исполнува своите цели – и финансиски и социјални. Примери на КПП за хибридни непрофитни организации: а) социјални КПП (% на вработени од социјално исклучени групи, број на луѓе вклучени во обуки/рехабилитација, зголемување на лични приходи кај корисниците, задоволство на заедницата/целните групи); б) финансиски КПП (одржливост на приходите [на пример: 60 % самофинансирање], маржа на профит [ако постои дел од комерцијални активности], разновидност на извори на приход [грантови, продажба, донации], број на нови поддржувачи/донатори); в) КПП за влијание (намалување на сиромаштија/невработеност во целна група, индекс на „персонална трансформација" [ментално здравје, животни вештини, интеграција итн.], долгорочно задржување на работа и сл.). Зошто велиме дека се значајни КПП во препораките? Затоа што помагаат на организациите да ги следат

резултатите објективно, служат како основа за донатори и инвеститори да проценат ефективност, исто така, го олеснуваат и внатрешното управување и стратегиско планирање.

Хибридните НО со економска активност велиме дека се скриен потенцијал поради фактот што нивниот социјален фокус е доминантен, меѓутоа статистички по број за вработување се на потенцијалната скала.

3. Задруги и трговски друштва со социјална мисија: ефикасност со помал обем

- Моделот 2 ги препознава како поефикасни според уделот на социјално исклучени лица.
- Препорака:
    - Поддршка (финансиска и техничка) со цел да се зголеми апсолутниот обем на вработување.
    - Правна рамка што признава и го поддржува нивниот статус како социјални претпријатија.

Трговските друштва со социјална мисија се можеби најблиската форма кога зборуваме за социјален бизнис или за хибридна форма на еконосмката и социјалната компонента.

4. Земјоделски стопанства со социјална мисија: неактивни или недоволно искористени

- И во двата модела имаат нула придонес (нема вработени лица).
- Препорака**:**
    - Вклучување во идни проекти со социјални критериуми (на пр. агросоцијални програми).
    - Анализа на пречките за нивна социјална активност (на пр. законски ограничувања, недостиг на капацитет).

**Општа препорака:**

- Користењето на *двата модела со различни критериуми* е исклучително корисно — моделот 1 помага да се откријат *волуменски придонеси*, а моделот 2 покажува *ефикасност по единка*.
- За креирање политики, се препорачуваат резултати од комбиниран пристап:

    - Квантитативни мерки за прераспределба на средства кон најпродуктивните модели (модел 1).
    - Квалитативни индикатори за подобрување на социјалната инклузија во пошироки сектори (модел 2).

### 6.4.8. Приказ на потврдата на хипотезата Х1

*Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи, како димензија на инклузивниот раст*.

Погоре нотираната анализа со прикажаните резултати од спроведеното истражување за потврда на хипотезата Х1, покажуваат дека социјалните претпријатија или иницијативите за социјално претприемништво придонесуваат кон вработување социјално исклучени лица. И наједноставната анализа со приказ на соодносот на СИ вработени во вкупниот број вработени покажува дека вкупниот број вработени од обесправените групи во рамките на прикажаните различни видови социјални претпријатија е релевантен, што е своевиден показател за активната улога на СП во вклучувањето на обесправените групи на пазарот на трудот.

Од истражувањето видовме дека заштитните друштва се во најголем број од анализираните видови СП, тие вработуваат вкупно 5 100 вработени, а од нив 2 208 се социјално исклучени категории на лица, односно значителен 43 %. Другите видови социјални претпријатија, иако со помал капацитет за вработување, покажуваат висок процент на застапеност на социјално исклучени лица во вработувањата.

Иако во погорната анализа пријдовме во посложена анализа применувајќи два модела, можеме да го визуелизираме приказот на потврдата на хипотезата и од аспект на процентуалниот сооднос на вработувањето лица од ранливи групи во вкупниот број вработени на анализираните социјални претпријатија (в. табеларен преглед 6.21).

Табеларен преглед 6.21. Релативен удел на социјално исклучени вработени

| Вид на СП | Вкупно вработени | Вработени социјално исклучени | % СИ од ВВ |
|---|---|---|---|
| Заштитни друштва | 5 100 | 2 208 | 43.29 |
| Трговско друштво со социјална мисија | 5 | 5 | 100.00 |
| Хибридни непрофитни организации | 64 | 45 | 70.31 |
| Задруги со социјална мисија | 12 | 12 | 100.00 |
| Земјоделско стопанство со социјална мисија | 0 | 0 | - |
| Друго | 6 | 5 | 83.33 |
| Вкупно | 5 187 | 2 275 | 43.86 |

Извор: Сопствено истражување

Сложената анализа применета во ова истражување и добиените резултати ја потврдуваат хипотезата дека иницијативите за социјално претприемништво имаат

позитивно влијание врз вклученоста на обесправените групи на пазарот на трудот, а што е во суштина значајна детерминанта на инклузивниот раст.

Ова ја имплицира потребата од поддрша во развојот на социјалните претпријатија како механизам за социјална инклузија и економско осамостојување на ранливите категории граѓани, што креира позитивни резултати и за единката и за општеството.

## 6.5. Посебна хипотеза Х 2 – анализа, дискусија и резултати

Х2: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на интегрирање на обесправените групи, како димензија на инклузивен раст.

### 6.5.1. Методологија

*Цел на истражувањето*

Утврдување на придонесот на социјалните претпријатија врз интегрирањето на обесправените групи, што е една од димензиите на инклузивниот раст.

*Методологија: студија на случај + триангулација + крос-контекстуална анализа*

Интегрирањето на обесправените групи ќе го испитаме преку социјалното менторство, односно преку менторството за работна интеграција.

За потврда на хипотезата „*Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на интегрирање на обесправените групи, како димензија на инклузивниот раст*", односно за мерењето на придонесот на социјалните претпријатија врз социјалното менторство или менторството за работна интеграција, го применуваме метотод на студија на случај со триангулација, квалитативен пристап со чијашто помош постигнуваме длабинско разбирање на овој вид сложени општествени феномени.

Студија на случај е емпириско истражување што истражува современ феномен во неговиот контекст од реалниот живот, особено кога границите помеѓу феноменот и контекстот не се јасно очигледни (Yin, R. K., 2018), а триангулацијата може да помогне во потврда на хипотезата и да ја зголеми валидацијата. Триангулацијата користи повеќе извори на податоци, со цел поголема точност, валидност и веродостојност на податоците. Во методолошката наука се среќаваат три вида триангулација: методолошка (користење различни методи, пример, како што е во нашиов случај со интервјуата и анкетите); изворна (користење податоци од различни групи (пример, како што е во нашиов случај, менаџери, ментори, менторирани лица) и теоретска триангулација (преку вклучување на повеќе истражувачи во интерпретација на податоците).

Крос-контекстуалната анализа (или уште позната како анализа на контексти) е процес на споредување на податоците со цел идентификација на сличностите и разликите. Целта е преку споредба да се извлечат општи и специфични поверодостојни заклучоци.

Комбинацијата на триангулацијата и на крос-контекстуалната анализа значително ја зголемува доверливоста, валидноста и длабочината на анализата, затоа што се врши анализа на податоците од повеќе агли и се обезбедува повеќедимензионален увид, се прикажува разбирањето на контекстот, се зголемува кредибилитетот и објективноста на заклучоците.

Пристапот во оваа анализа е следен:

Избираме минимум 3 СП, односно претпријатија/организации кои применуваат иницијативи за социјално претприемништво и за коишто по претходен метод на набљудување е дојдено до заклучок дека применуваат/реализираат програми/проекти за социјално менторство, односно менторство за работна интеграција на обесправени групи. Категоризацијата на обесправените групи ја позајмуваме од X1, меѓутоа поради ограничениот број на ваков вид СП, во анализата можат да бидат вклучени и категории што ги структурирале самите субјекти.

Триангулацијата, погоре истакнавме дека, како метод подразбира комбинација на повеќе извори и методи со цел добивање веродостојни податоци. Како вид на податоци можат да бидат квалитативни, квантитативни или документирани. Изворите можат да вклучат: интервјуа со вработени, ментори, корисници (квалитативни); интерни извештаи, статистика за задржаност на работа, број на менторски сесии (квантитативни); политики, програми за обука, менторски планови (документирани). Преку квалитативниот метод можеме да дојдеме до разбирање на искуствата, како и за улогата на менторството. Додека, пак, со помош на квантитативните методи се мерат резултати и ефекти. Документираните податоци овозможуваат увид во формалните практики на СП (в. табеларен преглед 6.22).

Табеларен преглед 6.22. Пример за примена на метод на триангулација

| ВИД НА ПОДАТОЦИ | ИЗВОРИ | ЦЕЛ |
|---|---|---|
| Квалитативни | Интервјуа со вработени/менторирани лица, ментори, корисници | Разбирање на искуства, улога на менторството |
| Квантитативни | Интерни извештаи, статистика за задржаност на работа, број на менторски сесии | Мерење на резултати и ефекти |
| Документирани | Стратегии, програми за обука, менторски планови | Увид во формалните практики на СП |

Извор: Сопствен приказ

Клучни индикатори за мерење на придонесот

Во ова истражување се следеа и беа вклучени неколку индикатори во потврда на поставената теза, и тоа на индивидуално, организациско и на менторско ниво.

– Индивидуално ниво (корисник/менторирани лица):

- Перцепција за поддршка и насока (интервјуа)
- Придобивки од менторството (самодоверба, социјални вештини)
- Работна стабилност (време задржано на работа)

– Организациско ниво (СП):

- Просечно времетраење на менторството
- Формалност на менторството
- Мерење на ефектите (вработени кои останале по 6+ месеци)

– Менторско ниво

- Формалност и аспекти на менторството
- Честота на менторските средби
- Предизвици на менторството

Во толкувањето на резултатите може да се вклучи и аголот на системското ниво, односно вмрежувањето со институциите (како што се центрите за социјална работа, агенциите за вработување и сл.), како и институционалното признавање на менторството.

Во анализата на податоци, исто така, ќе да бидат вклучени: тематска анализа за интервјуата (пример, директен резултат од менторството: сигурност, самодоверба и сл.); крос-контекстуална анализа помеѓу случаите; и комбинирање на квантитативни податоци (на пр. процент на задржани лица) со наративи од менторите и корисниците.

Зошто го користиме методот на триангулација, а не само класично презентирање на студиите на случаи? Затоа што со помош на триангулацијата ќе дојдеме до извори што ќе укажуваат на тоа дали менторството е клучен фактор.

Врз основа на примена на методот на набљудување СП кои применуваат социјално менторство или менторство за работна интеграција, а со цел креирање структурен пат за планираното истражување, е креирана матрица за триангулација (в. табеларен преглед 6.23). Матриците се централен начин за подредување квалитативни податоци (Yin, 2016, p. 208).

Накратко, матриците, како и хиерархиите, се централен начин за подредување квалитативни податоци како дел од процесот на повторно составување.

Табеларен преглед 6.23. Матрица за триангулација

| **Истражувачко прашање** | **Извор на податоци** | **Метод на собирање** | **Индикации/Интерпретации** |
|---|---|---|---|
| Каков е придонесот на СП во менторството за интеграција? | Ментори, корисници, менаџери | Интервјуа, фокус-групи | Перцепции за поддршка, улога на менторот |
| Колку е ефикасно менторството? | Административни извештаи, фокус-групи | Анализа на документи, квантитативна анализа, интервјуа | Успешни интеграции, задржаност на работа |
| Кои добри практики можат да се идентификуваат? | Програми, извештаи, фокус-групи | Содржинска анализа, компарација | Препораки преку успешни примери |

Извор: Сопствен приказ

Табеларен преглед 6.24. *Потенцијални индикатори за мерење*

| **Име на индикатор** | **Тип** | **Опис** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Задоволство од менторство | Субјективен | Скала 1 – 5 | Интервјуа/анкета |
| Времетраење на менторството | Објективен | Колку средби со ментор | Административни документи Интервјуа/анкета |
| Работна задржаност | Објективен со примеси на субјективност | Број на месеци на работа | Интервјуа/анкета |
| Развиени вештини | Субјективен/композитен | Комуникација, тимска работа | Самопроценка, менторска евалуација |

Извор: Сопствен приказ

Во анализата на податоците за крос-контекстуална анализа (англ. *cross-case or cross-contextual analysis*), која во контекст на студии на случај подразбира споредбена анализа помеѓу различни случаи, што во нашиов случај ќе ги подредиме во компарација индикаторите помеѓу испитуваните социјални претпријатија од Северна Македонија.

По пат на споредба се врши идентификација на сличностите и разликите, односно за тоа кои практики на менторство се заеднички за сите испитани СП, дали сите пласираат успешни резултати, кои се разликите, кои се целните групи за менторирање, дали има постојан менторски кадар и сл. На овој начин ќе создадеме слика дали може одредени практики да бидат универзално применливи или се специфични за одреден тип на СП, односно целна група, кога гледаме од аспект на менторирани лица.

*Кратко претставување на избраните социјални претпријатија*

Во примерокот за испитување беа вклучени вкупно 12 социјални претпријатија, од кои едно е специјализирано за работна интеграција и е сертифицирано за социјално менторство и сертифицира социјални ментори. Останатите се со различна дејност, но социјалната мисија им е работна интеграција на социјално маргинализирани групи. Дел се со наменска работна интеграција за извршување работи во сопствената организација со дефиниран определен период како обука или менторирање, а дел се за оспособување социјално ранливи групи за работна интеграција. Трговските друштва со статус на заштитни друштва самостојно вршат обуки за лицата што ги вработуваат и менторството трае во континуитет во текот на целокупниот работен век од страна на сопствениците/менаџерите или другите вработени. Тие истакнуваат дека менторството за овие категории лица не е еднократен момент, тој се случува во текот на целиот животен век. Тоа го потврдуваат со континуираната потреба од менторство за ранливите категории вработени, според нив „*животот и работниот век на овие лица не може да биде проект или да се оствари во одреден дефиниран период*“. Имаме социјално претпријатие што работниот ангажман го користи како тераписка мерка за одвикнување од зависности. Имаме, исто така, социјално претпријатие што лицата со попреченост што ги вработиле кај нив по пат на обуки стекнале нови вештини што им овозможиле извршување работни задачи и на таков начин дефинирале нови професии кај тие лица. Повеќе податоци за примерокот се содржани во рамките на табеларниот преглед 6.25.

Табеларен преглед 6.25. *Примерок за испитување на Н2 – СП за работна интеграција*

| **Име на СП** | **Тип на СП** | **Правна форма** |
|---|---|---|
| „Лице в лице“ | СП за работна интеграција | Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“ |
| Хотел „Далјан“ | Заштитно друштво | Трговско друштво во сопственост на инвалидска организација |
| „Арт принт студио“ | Заштитно друштво | Трговско друштво |
| „Бренд солушн“ | Платформа за едукација, кариерен развој и различни видови вработување на лица со попреченост | Трговско друштво |
| „Операција Мерси“ (Operation Mercy) | Обезбедува здравствени услуги и професионална обука за жените на кои им е потребна | Здружение – невладина организација |
| „Реди“ (REDI North Macedonia | Фокусиран на катализирање на нови пристапи за развој на бизнисот и финансиска инклузија на ромските претприемачи | Здружение – невладина организација |

| | | |
|---|---|---|
| „Копче“ | Донирање облека и дистрибуција на истата до најзагрозените | Здружение – невладина организација (Во рамки на Црвен крст на РСМ – Црвен крст град Скопје) |
| „ХуманаС“ | Нега на стари лица во домашни услови (палијативна нега). Вработуваат долгорочно невработени лица и лица во социјален ризик. | Здружение – невладина организација |
| „Хера“ | Асоцијација за здравствена едукација и истражување | Здружение – невладина организација |
| „Нега центар“ | Сервис за домашна нега и грижа на стари и немоќни лица | Невладина организација (Во рамки на Црвен крст на РСМ – Црвен крст град Скопје) |
| „Мама органа“ | Производство на органски ѓубрива и супстрати, а истовремено создава работни можности за самохрани мајки од маргинализирани средини | Трговско друштво во сопственост на приватни лица и на фондација |
| „Избор“ | Преку рехабилитациона програма за зависници произведува органски производи | Здружение |

Извор: Сопствено истражување

### 6.5.2. Контекст и значење на менторството во социјалните претпријатија

- *Теоретски осврт*

Општо е познат податокот дека ментор било име на лик во грчката митологија (Одисеј го оставил својот син Телемах под туторство на својот стар пријател Ментор, кој бил мудар и доверлив советник). Менторството од денешна перспектива ја задржува истата суштина, улога и значење. Менторството го имаме во сите сегменти од образовниот систем, но и во рамките на работните процеси. Од посебна значајност се наметнува потребата од менторство за социјално маргинализираните групи граѓани, што го нарекуваме социјално менторство, а со оглед на неговите специфики се применува во претпријатија/организации што вработуваат лица кои се соочуваат со потешкотии на пазарот на трудот, или, пак, претпријатија/организации што се формираат со намена за работна интеграција, а, исто така, постојат и претпријатија/организации со друг целен фокус, но спроведуваат одредени проекти со основна цел работна интеграција на групите кои се во нивни домен на интерес.

Социјалното менторство и менторството за работна интеграција, како еден од чекорите кон инклузивен пазар на трудот е од многу голема и суштествена

важност, ако не и најзначаен кога станува збор за пристапот до пазарите на трудот и вработливоста.

Непобитен факт е дека секоја маргинализирана група се соочува со одредени бариери во процесот на нејзиното интегрирање на пазарот на трудот.

Во согласност со членот 3, точка 5 од Предлог-законот за социјални претпријатија (2023) под терминолошката одредница „менторство за работна интеграција" се подразбира: „поддршка во процесот на работно интегрирање преку препознавање на афинитетите, капацитетите и силните страни на менторираното лице врз чија основа се препознава најсоодветна работна позиција за соодветно развивање и напредок на лицето.".

Менторството во социјалните претпријатија за интеграција на пазарот на трудот, односно во работниот процес, во рамките на докторската дисертација ја застапуваме тезата дека претставува клучна компонента. Социјалните претпријатија за работна интеграција обучуваат и вработуваат или ги оспособуваат за работа лица кои се соочуваат со пречки во рамките на традиционалниот пазар на трудот. Тие ги комбинираат деловните активности и социјалната мисија со цел оспособување на лицата со одредена попреченост за работа.

Менторството е ефективен и популарен начин на трансфер на професионално знаење и способности од личност со повеќе вештини или експерт (ментор) на лице со помалку вештини (Artcer & Kharkovskaya, 2016, p. 2).

Врз основа на членот 12 од Законот за вработување инвалидни лица (Службен весник на РМ, бр. 44/200 и 16/2004) и членот 90 став 1 алинеја 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на РМ, бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003 и 37/2004) е донесен Правилник за работно оспособување на инвалидни лица (Службен весник на РМ, бр. 54/2004 од 13.8.2004 г. Под работно оспособување во согласност со овој правилник се подразбира „оспособување инвалидно лице за практична работа за определени работи во согласност со потребите на работодавачот и инвалидното лице" (член 2). Категории на инвалидни лица кои можат да се упатат на работно оспособување се: „лица со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со лесни пречки во психичкиот развиток, лице со комбинирани пречки и лице со психози кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето" (член 4). Со членот 17 од Правилникот е уредена финансиската поддршка што треба да се додели за работно оспособување на невработено инвалидно лице. Во спроведеното истражување со заштитните друштва што вработуваат инвалидни лица, како и со Заедницата на заштитни друштва, беше дојдено до заклучок дека пропишаната поддршка во овој дел не функционира во практика.

- *Улога на СП во работната интеграција*

Во рамките на Предлог-законот за социјални претпријатија (2023) во Северна Македонија ги среќаваме следниве терминолошки одредници поврзани со работната интеграција:

- *Работна интеграција* – активности на социјални претпријатија што вработуваат лица во ризик од социјална исклученост на пазарот на трудот и работат на социјална реинтеграција и работно ангажирање преку нивно директно вклучување во работни активности и работен процес.
- *Социјална реинтеграција и работно ангажирање* – активности на социјалните претпријатија насочени кон советување, учење, мотивација и стекнување нови знаења и вештини преку обука, практична работа и/или менторство за работна интеграција, со цел да се стекне, обнови или да се одржи способноста за самостојно извршување на работа на пазарот на трудот, вклучително и професионална рехабилитација, како и зајакнување на социјалните вештини за вклучување во секојдневниот живот.
- *Менторство за работна интеграција* – поддршка во процесот на работно интегрирање преку препознавање на афинитетите, капацитетите и силните страни на менторираното лице врз чија основа се препознава најсоодветна работна позиција за соодветно развивање и напредок на лицето.

Со Предлог-законот се предвидени посебни типови на социјални претпријатија за *социјална реинтеграција и работно ангажирање* (со активности насочени кон подобрување или стекнување нови квалификации, компетенции, знаења и вештини на лица од социјално ранливи групи, преку нивна обука и работа, а со цел нивни полесен пристап до пазарот на трудот, работејќи на полето на социјално работно ангажирање) и *социјални претпријатија за работна интерација* (со цел вклучување лица од социјално ранливи групи во работен процес, за да ги интегрираат на пазарот на трудот).

Предвиден е и договор за социјално работно ангажирање, чија цел ќе биде уредување на правата, обврските, условите и надоместокот за обука и работно ангажирање на лица од социјално ранливи групи во социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

Предвидени се, исто така, и посебни услови што треба да ги исполнат социјалните претпријатија за интеграција, реинтеграција и работно ангажирање, како и мерки за поддршка. Нотирано е дека СП за социјална реинтеграција и работно ангажирање добива неповратни средства, кои ќе се условени од бројот на учесници во обуките и сличните актовности.

Кога сме кај мерките за поддршка, со должно внимание ќе ги спомонеме заштитните друштва кои рековме вработуваат во согласност со Законот за вработување инвалидни лица. Во истражувањето што беше спроведено со заштитните друштва беше поставено и прашањето за средства за работно оспособување на инвалидните лица, предвидени со Законот. Добивме одговор и потврда од ЗАПОВИМ дека таа мерка не функционира. Во овој контекст е вредно

да се подвлече дека словото на хартија нема значење доколку не се спроведе на дело, иако заштитните друштва вработуваат значителен број социјално исклучени лица, мерката во однос на поддршката за работна интеграција изостанува.

Видовме дека работната интеграција е уредена, односно предвидена и со постоечката законска регулатива за вработување инвалидни лица, како и се планира со предлозите за недонесениот закон за социјални претпријатија.

Нашата посебна хипотеза Х2 е во насока дека СП имаат позитивно влијание за работната интеграција, односно оспособувањето на социјално исклучените лица за учество на пазарот на трудот, а во рамките на следниот дел ќе видиме дали се потврдува таквата претпоставка.

Под работно оспособување во согласност со Законот за вработување инвалидни лица, врз основа на кој, рековме, претежно вработуваат заштитните друштва, се подразбира оспособување на инвалидното лице за практична работа за определени работи во зависност од потребите на работодавачот и инвалидното лице (член 12). Упатувањето на инвалидното лице поради вработување се вели дека го врши Агенцијата за вработување на Република Македонија. Работното оспособување го врши или самиот работодавач или кај друг работодавач, врз основа на посебни програми и услови утврдени од Агенцијата.

Со новите предлози за законски регулативи видовме дека се предвидуваат посебни социјални претпријатија за работна интеграција и реинтеграција. Таму упатувањето е предложено да го прават центрите за социјална работа, со дефинирани програми за социјална реинтеграција и работно ангажирање и утврден временски рок (од 12 до 18 месеци). Предвидени се права и обврски на СП за социјална реинтеграција и работно ангажирање (член 26), како и права и обврски на лицата кои се обучуваат низ работниот процес (член 27).

*Импликации за политиките на пазарот на трудот*

Политиките на пазарот на трудот значително влијаат врз различни аспекти на економијата, вклучувајќи ја продуктивноста, вработеноста и социјалното однесување. Овие политики, како што се законодавството за заштита на работното место, минималните плати и надоместоците за невработеност, можат да влијаат врз нивоата на продуктивност, да ја стимулираат обуката на работниците и да влијаат врз распределбата на ресурсите. Понатаму, политиките на пазарот на трудот можат да ги обликуваат социјалните интеракции и можностите за интеракција во рамките на општеството.

Политиките на пазарот на трудот можат значително да влијаат врз создавањето социјално маргинализирани граѓани, и позитивно и негативно. Додека добро осмислените политики можат да промовираат инклузија и да ја намалат маргинализацијата, лошо осмислените или спроведените политики можат да ги влошат постојните нееднаквости и да создадат нови форми на социјална исклученост. Политиките на пазарот на трудот, како што се законите за минимална плата, социјалното осигурување и надоместоците за невработеност,

можат да помогнат во обезбедувањето основен животен стандард и намалувањето на нееднаквостите во приходите, со што се намалува ризикот од социјална маргинализација поради сиромаштијата. Политиките што го промовираат пристапот до образование, обука и можности за вработување за маргинализираните групи, како што се лицата со попреченост, можат да поттикнат социјална инклузија и да го намалат нивниот ризик од исклучување од општеството. Пристапот до пристојна работа обезбедува не само економска сигурност, туку и психолошки и социјални придобивки, вклучувајќи чувство на цел, општествен статус и идентитет, што може да ја подобри целокупната благосостојба и да ја намали социјалната изолација. Политиките на пазарот на трудот насочени кон спречување дискриминација врз различни карактеристики, можат да ја промовираат еднаквоста и да создадат поинклузивно и поправедно општество.

Од друга страна, пак, политиките што даваат приоритет на флексибилноста на пазарот на трудот без соодветна социјална заштита можат да доведат до несигурна работа, неформално вработување и намалена сигурност на работното место, што потенцијално го зголемува ризикот од социјална маргинализација, особено за ранливите групи. Исто така, политиките што не успеваат да ги решат системските бариери со кои се соочуваат маргинализираните групи, како што се дискриминацијата, недостатокот на пристап до образование и здравствена заштита или несоодветната грижа за децата, можат да ги продлабочат постојните нееднаквости и да доведат до поголема социјална исклученост.

Истражувачкиот извештај, на Европската фондација за подобрување на условите за живот и работа[27], што ги испитува потенцијалните последици од нестабилноста на пазарот на трудот во ЕУ, меѓу другото, истакнува дека: „Иако невработеноста е еден од најзначајните фактори што придонесуваат за чувство на исклученост од општеството, резултатите во врска со несигурноста на работното место сугерираат дека заканата од невработеност, исто така, придонесува за перцепцијата за социјална исклученост." (Eurofound, 2023, p. 30).

Овие општи трендови на пазарот на трудот – постојано висока невработеност и нови конфигурации на социјална исклученост на лицата во неповолна положба и лицата со попреченост – ставаат нов притисок врз традиционалните политики на пазарот на трудот. Ова ја поставува основата за преформулирање на политиките на пазарот на трудот што се насочени кон различни групи и кои имаат различни приоритети.

Најважните мерки на политиката на пазарот на трудот во последните години се оние насочени кон намалување на структурната невработеност.

Тие се фокусираа на подобрување на функционирањето на пазарот на трудот, преку:

[27] Агенција на Европската Унија основана во 1975 г. Нејзината улога е да обезбедува знаење во областа на социјалните политики, политиките за вработување и политиките поврзани со работата, според Регулативата (ЕУ) 2019/127.

- подобрување на информациите (работодавци и вработени),
- подобрување на нивоата на вештини преку обука,
- подобрување на пристапот и мобилноста (со олеснување на преселбата на работодавците и вработените),
- подобрување на процесот на поврзување – работни места со луѓе (преку јавни и приватни агенции) (Spear & Bidet, 2005, p. 199).

Зголемувањето на бројката на категориите маргинализирани групи е една од негативните последици од водењето на политиките за пазарот на трудот. На табеларниот преглед 6.26 е дадена состојбата на невработени лица со попреченост според видот на инвалидноста, со состојба од 31.12.2024 г. Статистиката покажува дека не е мал бројот на евидентирани лица со одреден вид на инвалидитет, и покрај фактот што постојат и неевидентирани лица што не се вбројуваат во статистичките податоци.

Табеларен преглед 6.26. *Невработени инвалидни лица според вид на инвалидноста, со состојба 31.12.2024 година*

| *Вид на попреченост* | Вкупен број |
|---|---|
| *Воен инвалид* | 14 |
| *Воено-мирновременски инвалид* | 1 |
| *Инвалид на трудот* | 30 |
| *Пречки во видот* | 78 |
| *Пречки во слухот* | 72 |
| *Пречки во говорот* | 11 |
| *Телесна инвалидност* | 218 |
| *Лица со пречки во развојот* | 615 |
| *Лица со повеќе видови инвалидност* | 94 |
| *Останати категоризирани видови на инвалидност* | 21 |
| *Останати некатегоризирани видови на инвалидност* | 35 |
| *Пречки во говорот и слухот* | 4 |
| *Вкупно* | 1178 |

Извор: *Агенција за вработување на Северна Македонија*

### 6.5.3. Резултати од триангулација

При интерпретацијата на резултатите ги применуваме следниве фази:

- Матрично структурирано организирање на податоците (табеларно во редови и колони, вклучувајќи ги клучните индикатори во анализата)
    - Редови: СП А, СП Б, СП В, СП Г

- Колони:
  - Клучни индикатори од менаџери (бр. на средни, времетраење, задоволство, задржаност и сл.)
  - Најчести кодирани содржини од менторирани лица (обука, поддршка, самодоверба, прифаќање и сл.)
  - Аспекти на менторството според менторите (поддршка, обука, доверба и сл.)
  - Предизвици на менторството според менторите (недостаток на институционална поддршка, финансиска поддршка и сл.)

– Поврзување на податоците и интегрирање на квантитативните со квалитативните податоци

– Заклучни согледувања и препораки

Табеларен преглед 6.27. *Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квантитативен поглед*

| **СП** | **Тип на СП** | **Целна група** | **Формално менторство** | **Број на средби** | **Просечно времетраење по месеци** | **Задоволство (1 – 5)** | **Задржаност на работа 6+месеци (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **А** | Работна интеграција | Лица со попреченост, жени жртви на насилство, приматели на социјална помош, лица кои живеат исклучени и во сиромаштија, млади Роми | Да | 132 | 6 | 5 | 100 |
| **Б** | Социјални услуги + вработување | Возрасни лица со попреченост | Да | 66 | 3 | 5 | 100 |
| **В** | Заштитно друштво | Лица со попреченост (глуви) | Не | 4698 | 216 | 5 | 100 |
| **Г** | Заштитно друштво | Лица со попреченост | Не | 5220 | 240 | 5 | 100 |

Извор: Сопствено истражување

Крос-контекстуална интерпретација (сличности и разлики):

– СП В и СП Г имаат значително поголем број менторски средби и многу подолго просечно времетраење на менторството (18 – 20 години),

што, можеме да кажеме во случајов, е својствено за заштитни друштва каде што менторската поддршка е интегрирана во секојдневното работење (институционализирано менторство) и таа, овие податоци покажуваат дека, е неформална.

- Фактот што во неформалните (В и Г) се бележат огромен број средби укажува на континуирана вклученост и долгорочна поддршка, што е суштински различна од краткорочните менторства.
- СП А работи со повеќе видови маргинализирани групи, СП В и СП Г се фокусирани на лица со попреченост, а СП Б на возрасни лица со попреченост.
- СП А и СП Б имаат пократко времетрање (3 – 6 месеци) и значително помал број средби, што е повеќе карактеристично за формално структурирани програми со утврден почеток и крај (проектни програми за социјално менторство). Ова покажува дека формалниот и неформалниот тип на менторство можат да дадат резултати, но со различен интензитет и времетраење.
- Задоволството е максимално и задржаноста на работа е со највисок процент кај сите. Тоа е показател или на висока ефикасност или дека мерењето е селективно.
- Секако, се јавува потребата за испитување дополнителни контекстуални фактори.

Од презентираните податоци можеме да изведеме и анализа според карактеристиките на СП.

- СП со формално менторство

Во нашиот случај СП со формално менторство се СП А и СП Б. Тие имаат помал број средби и со пократко траење на вкупното менторство, а ефикасноста е на високо ниво (потенцијална веројатност од субјективни оценки).

Овој вид менторство е ефикасно, но се соочуваат со потреба од подобра институционална и финансиска поддршка.

- СП со неформално менторство

СП со неформално менторство се СП Б и СП В. Имаат висок степен на средби и долгорочни континуирани менторства. Ефикасноста е на високо ниво. Тука веродостојноста на податоците е на повисоко ниво, имајќи предвид дека сите менторирани лица се долгогодишно вработени во заштитните друштва.

Континуираното менторство дава силна поддрка за доживотно вработување, но бара поажурна и поприсутна институционална поддршка.

Табеларен преглед 6.28. *Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квалитативен поглед (споредба на карактеристиките – менторска перцепција)*

| **Код** | **Случај** | **Формален сертификат** | **Формален водич** | **Фреквенција на средби** | **Емоц. поддршка** | **Обука и објаснување** | **Следење напредок** | **Воспоставување доверба** | **Вклучување во тим** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОДГ-001 | СП А | Да | Да | По потреба | Неважно | Средно | Многу важно | Многу важно | Средно |
| ОДГ-002 | СП Б | Да | Да | По потреба | Многу важно | Многу важно | Многу важно | Многу важно | Многу важно |
| ОДГ-003 | СП В | Не | Да | Секој работен ден | Многу важно | Многу важно | Многу важно | Многу важно | Многу важно |
| ОДГ-004 | СП Г | Не | Да | Секој работен ден | Многу важно | Многу важно | Многу важно | Многу важно | Многу важно |

Извор: Сопствено истражување

Табеларен преглед 6.29. *Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квалитативен поглед (споредба на предизвиците – кодирана менторска перцепција)*

| **Одг.код** | **Код 1** | **Код 2** |
|---|---|---|
| ОДГ-001 | ПОТРЕБА ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА | ПОТРЕБА ОД ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА |
| ОДГ-001 | ПОТРЕБА ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА | ПОТРЕБА ОД СОРАБОТКА СО БИЗНИСОТ |
| ОДГ-001 | ПОТРЕБА ОД КОНТИНУИРАНО СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО | НЕМЕНУВАЊЕ ПОТВРДЕНИ КОНЦЕПТИ |
| ОДГ-001 | ПОТРЕБА ОД КОНТИНУИРАНО СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО | ПОТРЕБА ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА |

Извор: Сопствено истражување

Крос-контекстуална интерпретација

- Сличности:
  - СП В и СП Г имаат идентични форми: немаат формален сертификат за менторство, но имаат секојдневно менторство и ги сметаат сите аспекти за значајни.
  - Сите случаи, освен СП А, ја нагласуваат значајноста на емоционалната поддршка.
  - Институционалната поддршка се јавува како клучна во три од четирите случаја.

▪ Разлики:

- СП А единствено ја оценува емоционалната поддршка како неважна и има поумерен став за обука и за вклучување во тимот.
- СП А и СП Б имаат средби по потреба, а СП В и СП Г имаат секојдневни средби.
- СП В не се согласуваат со менување на интегрираната форма на менторство, што е карактеристична, во овој случај, за заштитните друштва.
- Кај СП Б се истакнува потребата од соработката со бизнисот. Тоа асоцира на поделба на улогите – НВО да спроведуваат менторства, ПС да вработуваат.
- СП В и СП Г се залагаат за континуирано менторство.

Табеларен преглед 6.30. *Матрична табела за крос-контекстуална анализа – квалитативен поглед (кодирана перцепција од страна на менторираните лица)*

| СП | ОБУКА | ПОДДРШКА | САМОДОВЕРБА | ПРИЛАГОДУВАЊЕ | ПРИФАЌАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| А | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Б | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| В | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Г | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |

Извор: Сопствени истражувања

*Бројките укажуваат на тоа колку пати е споменат кодот во одделните случаи. Тоа не подразбира дека се исклучува кај друг случај, но земени се состојбите на давање примат во согласност со добиените одговори.

Крос-контекстуална интерпретација

- ПОДДРШКА е присутна во сите случаи, што покажува дека е клучен фактор во менторството.
- ОБУКА се јавува кај СП А, што укажува на повеќе формален пристап.
- САМОДОВЕРБА кај СП Б, што укажува на персонализиран пристап.
- ПРИЛАГОДУВАЊЕ и ПРИФАЌАЊЕ имаме кај СП В и СП Г, што се индикатори на социјална интеграција. Прилагодувањето кај СП В подразбира постепено воведување во работа и стекнување нови вештини. Прифаќањето кај СП Г подразбира дел од тимот.

### 6.5.4. Дискусија – поврзување на квантитативна со квалитативна анализа

- <u>Поврзана анализа – СП А</u>

- Квантитативни податоци
  - Број на менторски средби: 132
  - Просечно времетраење: 6 месеци
  - Задоволство на менторирани лица: 5/5

- Задржаност на работа 6+ месеци: 100 %

– Квалитативни податоци

- Менторираните лица велат дека добиваат „обука“ и „поддршка“ (Исказ на менторирано лице: „Менторот ми помогна многу, посебно кога не знаев како да ја извршувам работата. Секогаш беше трпелив.“).
- Менторите го нагласуваат значењето на „следењето на напредокот“ и „воспоставувањето доверба“.
- Предизвиците се поврзани со институционална и финансиска поддршка.

Поврзаната анализа заснована на квантитативните и квалитативните податоци покажува дека СП А има интензивно и краткорочно менторство со висок квалитет, што се гледа преку високото задоволство и задржаноста на работа (овде кажавме кај сите случаи за овие две категории дека се присутни и субјективни ставови, што остава простор за потреба од повеќе контекстуални фактори и административни документи за потврда). Меѓутоа, квалитативните одговори ги потврдуваат квантитативните податоци преку описи со конкретна поддршка и трпеливост од страна на менторите, што, пак ја зголемува самодовербата на менторираните лица. Сепак, инстититуционалните предизвици укажуваат дека за одржливост на овој модел е потребна голема поддршка од системот.

- <u>Поврзана анализа – СП Б</u>

– Квантитативни податоци

- Број на менторски средби: 66
- Просечно времетраење: 3 месеци
- Задоволство на менторирани лица: 5/5
- Задржаност на работа 6+ месеци: 100 %

– Квалитативни податоци

- Менторираните лица зборуваат за „самодоверба“ и „поддршка“ (Исказ на менторирано лице: „Менторот ми даде можност да верувам во себе.“).
- Менторите нагласуваат дека сите аспекти на менторството се „многу важни“ – емоционална поддршка, обука, следење, напредок, воспоставување доверба, вклучување во тимот.
- Предизвиците се поврзани со потребата од институционална поддршка и соработка со бизнисот.

И покрај тоа што СП Б има помал број средби и пократок период на менторство (најмалку и најкраток од сите случаи), квалитетот на менторската поддршка е висок, што се рефлектира со задоволство од работата и задржаноста на работа. Квалитативните одговори ја нагласуваат значајноста на емоционалната поддршка и градењето самодоверба, што, пак, е клучно за успешна интеграција. Предизвиците во однос на институционалната поддршка и соработката со бизнисот укажуваат на потребата од поголема системска поддршка за да се обезбеди поефикасно менторство и успешни интеграции.

- Поврзана анализа – СП В

– Квантитативни податоци
- Број на менторски средби: 4.698
- Просечно времетраење: 216 месеци (18 години)
- Задоволство на менторирани лица: 5/5
- Задржаност на работа 6+ месеци: 100 %

– Квалитативни податоци
- Менторираните лица зборуваат[28] за „прилагодување" и за „поддршка" (Исказ на менторирано лице: „Се чувствував корисна и дел од тимот, благодарение на менаџментот кој ме воведе во работа.").
- Менторите се дел од менаџментот. Тие нагласуваат дека менторството е континуирано, за цел работен век, а постојат предизвици во врска со менување на утврдените концепти и недостиг на млади со исти вредности.
- Менаџментот, односно менторите, исто така, ја истакнуваат потребата од одржување на ваквиот модел во услови на општествени и институционални промени (се мисли на новата регулатива за социјално претприемништво за сметка на заштитните друштва и доведувањето на социјалното менторство до степен на еднократен проект), како и недостиг на млади со слични вредности (што ја загрозува одржливоста на концептот).

Квантитативните податоци укажуваат на долгогодишен и континуиран модел на менторство со секојдевни работни менторски средби, што резултира со високо задоволство и задржаност на работа. Квалитативните одговори ги нагласуваат значајноста на емоционалната и на практичната поддршка во интеграцијата на лицата. Предизвиците се во насока на одржливоста на моделот поради некознистетност на институционалната поддршка, како и недостигот на млади со слични вредности како постојните вработени, а, исто така, и доведувањето во прашање на идната одржливост поради евентуалните промени на моделите со незадржување на постојниот концепт на заштитните друштва.

- Поврзана анализа – СП Г

– Квантитативни податоци
- Број на менторски средби: 5 220
- Просечно времетраење: 240 месеци (20 години)
- Задоволство на менторирани лица: 5/5
- Задржаност на работа 6+ месеци: 100 %

[28] Менторираните лица зборуваат знаковен јазик. Интервјуата и податоците се добиени со помош на сопственикот кој зборува и знаковен јазик. СП В е студентски реализиран сон (за инклузивен туризам).

– Квалитативни податоци
- Менторираните лица ги посочуваат како посебно значајни „прифаќање" и „поддршка" (Исказ на менторирано лице: „Не се чувствувам како лице со попреченост, прифатен сум од менаџерите и тимот.").
- Менторите (менаџерите) истакнуваат дека нивното менторство е долгорочно, дури „веќе сме семејство и за нас не претставуваат тешкотија лицата со попреченост", а потенцираат потреба од поголема и поажурна институционална поддршка.
- Препорачуваат зачувување на постоечките концепти како што се заштитнтие друштва, со неминовна дополнителна поддршка од страна на јавните институции.

Од квантитативните податоци можеме да утврдиме дека СП Г спроведуваат долгогодишно континуирано менторство со максимално задоволство и задржаност. Од квалитативните одговори, пак, можеме да заклучиме дека се потенцирани социјалната инклузија и чувството на припадност. Моделот е ефикасен, со јасна потреба од поголема институционална поддршка.

### 6.5.5. Приказ на потврдата на хипотезата (Х2)

*Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на интегрирање на обесправените групи (како димензија на инклузивниот раст), преку социјалното менторство/менторство за работна интеграција како посреднички механизам.*

Во рамките на погорниот текст длабински е прикажана анализа и резултатите од Х2, а во овој дел правиме систематизиран приказ на логичниот тек при нејзиното потврдување. Логичката патека при нејзиното потврдување се состоеше од неколку чекори (в. графички преглед 6.8):

– Социјално претприемништво – обезбедува рамка и ресурси

Четирите испитани СП презентираат различни модели, со разни видови целни групи и различен вид социјално менторство (од краткорочни до долгорочни иницијативи).

Видовме од испитаните СП дека тие обезбедуваат структура преку социјално менторство за интеграција, како и за директно вработување во СП на маргинализирани групи.

Значи, СП можат да обезбедат рамка и само за спроведување на социјалното менторство што води кон работна интеграција, но и за директно вработување маргинализирани лица.

– Социјално менторство – создава емоционална и практична поддршка (посреднички механизам)

Преку квалитативните наоди што ги имавме во истражувањето дојдовме до заклучок дека се нагласуваат клучните механизми, како што се: следењето на напредокот, воспоставувањето доверба, емоционалната и професионалната

поддршка. Поддршката беше идентификувана како клучна за интеграцијата, одржувањето на работата и развојот.

– Интеграција

Од прикажаните анализи видовме дека социјалното менторство резултира со висок процент на задржаност на работа 6+ месеци, а во СП В и СП Г имаме и директен показател дека сите менторирани лица се вработени во самите СП и задржани со децениски период на стабилност, односно таму менторството е интегрирано во работниот процес во континуиран период.

– Инклузивен раст

Манифестацијата на инклузивниот раст ја гледаме во вклучувањето на маргинализираните лица на пазарот на трудот и нивното долгорочно задржување. Резултатите од ова истражување ни покажаа дека иницијативите на социјалното претприемништво овозможуваат системска промена и придонесуваат кон општествена кохезија и економска инклузија преку работна интеграција.




Графички преглед 6.8. Визуелен приказ на логичкиот след за потврда на X2
Извор: Сопствен приказ

Презентираните анализа и систематизираните интерпретации покажуваат дека социјалното менторство како посреднички механизам во рамките на социјалното претприемништво е значаен фактор за интеграција на обесправените групи.

Оттука, ова го потврдува позитивниот придонес на иницијативите за социјално претприемништво врз инклузивниот раст (со поддршка од квантитативните показатели и квалитативните искуства).

### 6.5.6. Заклучоци и препораки

- Заклучни согледувања

Високите задоволство и задржаност во сите случаи укажуваат дека менторството, без оглед дали е формално или неформално, има позитивно влијание врз работната интеграција. Квалитативните одговори го нагласуваат значењето на емоционалната и практичната поддршка. Предизвиците се најчесто поврзани со недостаток на институционална, финансиска и системска поддршка,

што може да ја ограничи потенцијалната ефикасност на менторствата. Разликите во пристапите (формално и неформално континуирано менторство) покажуваат дека различните типови СП имаат различни потреби и модели на работа, но крајната цел и резултатите се со голема сличност – успешна интеграција на социјално загрозени групи.

– Влијание на менторството врз работната интеграција

Менторството во социјалните претпријатија (без оглед дали формално или не), има позитивно влијание врз интеграцијата на лицата кои се социјално маргинализирани.

– Различни модели на менторство

СП со формално менторство работат со пократки периоди на менторство и помал број средби, но со силен фокус на обука, поддршка и градење самодоверба. СП со неформално менторство (или во ова истражување заштитните друштва) практикуваат континуирано доживотно менторство коешто има целосно вклучување (интеграција) и посветеност.

– Значајна улога на емоционалната и практичната поддршка

Менторираните лица ја потенцираат значајноста на довербата, прифаќањето и прилагодувањето, а менторите истакнуваат различни аспекти како што се следењето и вклученоста во тимот – тоа се показатели за подобрување на квалитетот на менторството.

– Предизвици поврзани со институционална и финансиска поддршка

Менторите укажуваат на потребата од поголема институционална и финансиска поддршка, како и на меѓусекторска соработка (непрофитен сектор со профитен), со цел одржливо функционирање на менторството со социјално маргинализираните категории лица.

- Препораки

– Зголемување на институционалната и на финансиската поддршка

Државните институции и другите релевантни и ресорни актери треба да обезбедат финансиски и логистички услови за долгорочно одржливо менторство, како и целокупна поддршка на социјалните претпријатија во нивната работа.

– Адаптирани модели на менторство според потребите и типот на СП

За СП со работна интеграција се препорачува да развива формалното менторство со јасни индикатори и времетраење. Овој вид менторство може да биде спој со претпријатијата коишто имаат потреба од обучен кадар и е можност маргинализираните лица да ги надминат бариерите со кои се соочуваат на пазарот на трудот.

За заштитните друштва да се поддржи континуираниот модел кој овозможува долгорочна вклученост и целосна интеграција на лицата. Меѓутоа, во најмала рака, да се обезбедат средствата што се предвидени со закон за обука на лицата со попреченост, како и да се зголеми ефикасноста во институционалната поддршка.

– Стекнување поголем легитимитет на СП и меѓусекторска соработка

Потребно е интензивирање на меѓуинституционалната и меѓусекторската соработка, како и подигнување на нивото на легитимитет на СП, со цел креирање

повеќе можности за вработување и интеграција на маргинализираните лица, имајќи го предвид фактот дека овој вид претпријатија/организации се актерите со најголем фокус на оваа проблематика.

- Развој на програми за обуки на ментори

Потребно е зајакнување на капацитетите за самоодрживост во развивањето програми за обуки на ментори, коишто преку поквалитетно и поефикасно менторство ќе одговорат на специфичните потреби на различните целни групи.

# Глава VII: УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И НЕЕДНАКВОСТА

*„Секаде каде што мажите и жените се осудени да живеат во екстремна сиромаштија, човековите права се прекршени." – Џозеф Врезински, основач на ATD Fourth World ("Wherever men and women are condemned to live in extreme poverty, human rights are violated."* – Joseph Wresinski, founder of ATD Fourth World)

*„Позајмувајте им на сиромашните пари во износи што им одговараат, научете ги на неколку основни финансиски принципи и тие генерално се снаоѓаат сами." ("Lend the poor money in amounts which suit them, teach them a few basic financial principles, and they generally manage on their own")*, тврди Јунус (Yunus claims).

## 7.1. Дефинирање на сиромаштијата

Имајќи ги предвид дефинирањата и целите на инклузивниот раст во зголемувањето на благосостојбата на поединците и за зголемување на националното богатство преку еднаков пристап до можностите, слободно можеме да кажеме дека намалувањето на сиромаштијата е една од целите на инклузивниот раст. А, имајќи ја предвид темата на докторската дисертација, сметавме за неопходно и дека ќе даде свој придонес во обработката на главната теза и поглавјето во кое ќе го обработиме влијанието на социјалното претприемништво врз намалувањето на сиромаштијата. Фактот што меѓу сиромашните луѓе се присутни неискористени капацитети и интелигенции е своевиден факт дека сиромаштијата е тема што изискува посебно внимание и слободно може да се каже дека сиромаштијата е еден вид дискриминација и сиромашното население е маргинализирана категорија на население, посебно децата кои се раѓаат во сиромашни заедници.

За едно општество секој ум е потребно да се брои, затоа што секој ум може да придонесе или да одземе од општествената заедница. Во овој контекст, во претходното поглавје видовме дека вложувањето во образованието, квалитетно образование и за маргинализираните групи граѓани, треба да е стратегиска цел на секоја една општествена заедница.

Најголем дел од дефинирањата на сиромаштијата на нејзе гледаат како немање доволно средства за задоволување на основните потреби за живеење.

Во литературата среќаваме различни пристапи во дефинирањето на сиромаштијата, а обично се разидуваат во однос на дефинирањето на прагот и видот на условите што е потребно да се задоволат кај секоја една индивидуа. Во тој контекст, може да се сретне:

– апсолутна (егзистенцијална) сиромаштија: недостаток на основните потреби за живот (вода, храна, облека, живеалиште и сл.) и
– релативна сиромаштија: недостиг на ресурсите за одредена група граѓани во однос на општиот животен стандард во одредена држава (Alcock, 2012).

## 7.2. Анализа на сиромаштијата во Северна Македонија

Во Северна Македонија статистичка обработка и мерење на сиромаштијата врши Државниот завод за статистика (ДЗС). Мерењето се спроведува преку:

– Лаекен-индикаторите на сиромаштија,
– потрошувачката на домаќинствата и
– податоците за користење на времето и балансирањето меѓу работата и семејството.

ДЗС во методолошкиот пристап при мерењето на сиромаштијата поаѓа од дефиницијата на Еуростат: „За сиромашни се сметаат лица, семејства и групи на лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво што ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат.“. Линијата на сиромаштијата ДЗС ја дефинира како ниво на животен стандард што едно лице/домаќинство треба да го постигне за да не биде класифицирано како сиромашно. ДЗС разликува: а) релативна линија на сиромаштија (релативен стандард на опстојување определен како неопходно ниво на трошоци) и б) субјективна линија на сиромаштија (субјективен стандард на опстојување заснован на мислењата изразени од целата популација за нивото на приходите што се неопходни за да се избегне сиромаштијата). Со цел овозможување споредливост на домаќинствата што се разликуваат според големината и демографскиот состав, ДЗС ја користи OECD-еквивалентната скала, како еден вид дефлатор што ги изедначува разликите. За пресметување на релативната линија на сиромаштија ДЗС го користи концептот на расходите, односно се земаат предвид сите расходи за прехранбени и непрехранбени производи и услуги, со вклученост на потрошувачката од сопствено производство, а не се вклучени расходите што имаат карактер на трансфери (членарини, придонеси, подароци, враќање долгови и заштеди), потоа расходите што имаат карактер на инвестиции (купување и инвестиции во сопствени станови), затоа што егзистенцијалниот буџет не ги содржи нив. Како индекси на сиромаштија ДЗС ги препознава: а) вкупен збирен индекс – процент на лица кои живеат под линијата на сиромаштија и б) индекс на длабочината на сиромаштијата – просечен пропорционален недостиг на расходи за целата популација.

ДЗС во Соопштението бр. 4.1.24.90 од 4.10.2024 година, нотира дека спровела анкета за приходи и услови за живеење (во согласност со препораките од ЕУ), при што извршиле пресметување на лаекенските индикатори за

сиромаштија во 2021 година[29]. Како основа за пресметка на сиромаштијата се земени приходите, а прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60 % од медијалниот еквивалентен приход. Врз основа на податоците од ДЗС од пописот, во 2021 година, стапката на сиромашни лица во Република Северна Македонија изнесува 23.0 %. Извршена е анализа и по типови домаќинства, при што резултатите покажуваат дека стапката на сиромаштијата на домаќинствата составени од двајца возрасни со две издржувани деца во 2021 година изнесува 26.4 %. Стапката на сиромашни вработени лица изнесува 8.9 %, додека стапката на сиромашни пензионери е 8.1 %. Коефициентот на Џини (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) во 2021 година изнесува 30.3 % (в. табеларен преглед 7.1).

Табеларен преглед 7.1. *Индикатори на сиромаштијата и социјалната исклученост, 2021 година*

| **Индикатори** | **Стапка** |
|---|---|
| Стапка на сиромашни лица, % од населението | 23.0 |
| Праг на сиромаштија за самечко домаќинство, годишен еквивалентен приход во денари | 119 229 |
| Праг на сиромаштија за четиричлено домаќинство (2 возрасни и 2 деца помали од 14 години), годишен еквивалентен приход во денари | 250 380 |
| Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, % од населението | 43.9 |
| Нерамномерна распределба на приходите, S80/S20 квинтилен соодност на приходи, % | 5.6 |
| Нерамномерна распределба на приходите, коефициент на Џини, % | 30.3 |

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115Пристапено на 23 јануари 2025 г.

Стапката на сиромаштија по возраст и по пол, за 2021 година е следна: вкупно 23 %; на возраст од 0 до 17 години – вкупно 32.7 % (32.7 % мажи, 32.8 % жени); на возраст од 18 до 64 години – вкупен процент од 22.1 % (21.8 % мажи, 22.4 % жени); на возраст од 64 години и повеќе – вкупен процент од 5.1 % (15.4 % мажи, 15.1 % жени) (в. табеларен преглед 7.2). Приложените резултати покажуваат дека не постои голема разлика на стапката на сиромаштија ставена во соодност на пол (мажи и жени, а најизразена е во возрасната група на лица од 0 од 17 години, што е и природен тек поради фактот што најголем дел од населението во тој период не создаваат сопствени приходи, посебно кога зборуваме за децата кои се раѓаат во сиромашни домаќинства.

[29] Оценувањето на податоците за сиромаштијата за 2021 година ДЗС ја прави врз основа на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година. Презентираните објавени податоци се без извршена ревизија (нотирано е дека ревизијата е во тек, а до подготовката на докторската дисертација не беа објавени резултати од ревизијата).

Табеларен преглед 7.2. *Стапка на сиромаштијата по возраст и по пол, 2021 година*

| Возрасни групи | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 23.0 | 23.0 | 23.0 |
| 0 – 17 | 32.7 | 32.7 | 32.8 |
| 18 – 64 | 22.1 | 21.8 | 22.4 |
| 65 и повеќе | 15.2 | 15.4 | 15.1 |

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115
Пристапено на 23 јануари 2025 г.

Стапката на сиромаштија по тип на домаќинства за 2021 година, според податоците на ДЗС е следна: домаќинства без издржувани деца – 11.9 %; самечки домаќинства (еден возрасен член помлад од 65 години) – 3.5 %; самечки домаќинства (еден возрасен член на возраст од 65 години и повеќе) – 8.8 %; самица (женски пол) – 12.1 %; самец (машки пол) – 16.7 %; домаќинство од двајца возрасни помлади од 65 години – 17.1 %; домаќинства од тројца и повеќе возрасни – 17.1 %; домаќинства од тројца и повеќе возрасни – 9.3 %; домаќинства со издржувани деца – 29.5 %; самохран родител со издржувани деца – 49.8 %; домаќинства од двајца возрасни со едно издржувано дете – 18.6 %; домаќинства од двајца возрасни со две издржувани деца – 26.4 %; домаќинства од двајца возрасни со три и повеќе издржувани деца – 52.8 %; домаќинства од двајца возрасни – 16.6 % (в. табеларен преглед 7.3). Врз основа на приложените резултати видно може да се утврди дека стапката на сиромаштија во 2021 година е највисока кај домаќинствата од двајца возрасни со три и повеќе издржувани деца и кај самохран родител со издржувани деца, а најниска е кај самечките домаќинства и кај домаќинствата со двајца возрасни. Податоците се показател на ниски приходи.

Табеларен преглед 7.3. *Стапка на сиромаштијата по тип на домаќинство, 2021 година*

| **Тип на домаќинства** | **Стапка** |
|---|---|
| Домаќинства без издржувани деца | 11.9 |
| Самечки домаќинства (еден возрасен член помлад од 65 години) | 23.5 |
| Самечки домаќинства (еден возрасен член на возраст од 65 години и повеќе) | 8.8 |
| Самица | 12.1 |
| Самец | 16.7 |
| Домаќинства од двајца возрасни помлади од 65 години | 17.1 |
| Домаќинства од тројца и повеќе возрасни | 9.3 |
| Домаќинства со издржувани деца | 29.5 |
| Самохран родител со издржувани деца | 49.8 |
| Домаќинства од двајца возрасни со едно издржувано дете | 18.6 |
| Домаќинства од двајца возрасни со две издржувани деца | 26.4 |
| Домаќинства од двајца возрасни со три и повеќе издржувани деца | 52.8 |
| Домаќинства од двајца возрасни | 16.6 |

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115
Пристапено на 23 јануари 2025 г.

Стапката на сиромаштија според најфреквентниот статус на економската активност и пол, за 2021 година, според податоците од ДЗС, е следна: вработени – вкупно – 8.9 % (11.6 % – мажи, 4.8 % – жени); невработени – вкупно – 45.6 % (50.3 % – мажи, 39.1 % – жени); пензионери – вкупно – 8.1 % (12.3 % – мажи, 1.9 % – жени); други неактивни лица – вкупно – 33.9 % (28.8 % – мажи, 35.1 % – жени) (в. табеларен преглед 7.4). Резултатите покажуваат дека стапката на сиромаштија е највисока кај невработените лица. Ова е своевиден доказ дека отворањето работни места води до намалување на сиромаштијата. Меѓутоа, сиромаштијата е присутна и кај вработените лица, што, пак, зборува за отворање продуктивни работни места со задоволувачки приходи. За посебна анализа е категоријата на „Други неактивни лица" каде што стапката на сиромаштија е значително висока.

Табеларен преглед 7.4. *Стапка на сиромаштијата според најфреквентниот статус на економската активност и полот, 2021 година*

| Категорија | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Вработени** | 8.9 | 11.6 | 4.8 |
| **Невработени** | 45.6 | 50.3 | 39.1 |
| **Пензионери** | 8.1 | 12.3 | 1.9 |
| **Други неактивни лица** | 33.9 | 28.8 | 35.1 |

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115
Пристапено на 23 јануари 2025 г.

Стапката на сиромаштија пред и по социјалните трансфери за 2021 година, според податоците од ДЗС, е следна: стапка на сиромаштијата по социјалните трансфери – 23.0 %; стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, % од населението – 43.9 %; стапка на сиромаштијата пред социјалните трансфери со вклучени пензии – 26.1 %. Податоците покажуваат дека улогата на социјалните трансфери не е занемарувачка, меѓутоа не треба да се изгуби предвид фактот што зборуваме за податоци за една година, односно зборуваме дека социјалните трансфери имаат ефект на краток рок, а социјалниот бизнис се залага за решение на долг рок.

Табеларен преглед 7.5. *Стапка на сиромаштијата пред и по социјалните трансфери, 2021 година*

| Опис | Стапка |
|---|---|
| Стапка на сиромаштијата по социјалните трансфери | 23.0 |
| Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, % од населението | 43.9 |
| Стапка на сиромаштијата пред социјалните трансфери со вклучени пензии | 26.1 |

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115
Пристапено на 23 јануари 2025 г.

Мерењето на стапката на сиромаштијата се подобрува со индексот на јазот на сиромаштијата, мерка која во суштина ја одразува длабочината на сиромаштијата, како и нејзината инциденца. Јазот во сиромаштијата од 3,65 долари на ден (2017 PPP) е просечниот недостиг во приход или потрошувачка од линијата на сиромаштија 3,65 долари на ден (сметајќи ги несиромашните како со нула недостиг), изразен како процент од линијата на сиромаштија. На графичкиот преглед 7.1 е прикажан јазот на сиромаштија за РСМ за периодот 2009 – 2019 г., тој во 2009 е ca. 8 %, а во 2019 е ca. 3 %, односно се јавува тренд на надолно движење на кривата.




Графички преглед 7.1. Јазот во сиромаштијата 2009 – 2019, Северна Македонија
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator

Графичкиот преглед со 7.2 ни го покажува процентот на населението што живее со помалку од 6,85 долари дневно според меѓународните цени во 2017 година, при што во Северна Македонија во 2009 година тој е 41 %, а во 2019 година – 19 %. Кривата покажува тренд на намалување.




Графички преглед 7.2. *Линиски дијаграм за процентот на сиромашни луѓе со под 6,85 долари на ден за периодот 2009 – 2019*
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator

Достапен е и коефициентот на бројот на сиромашни луѓе со 3,65 долари на ден, кој е процентот на населението што живее со помалку од 3,65 долари на ден по меѓународни цени во 2017 г., на графичкиот преглед 6.10 е прикажана состојбата за периодот 2009 – 2019 година, каде што се јавува тренд на намалување, во 2009 е са. 18 %, а во 2019 г. е са. 8 % (в. графички преглед 7.3).




Графички преглед 7.3. Процент на сиромашни луѓе со под 3,65 долари на ден за периодот 2009 – 2019.
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator/

Присутни се податоци и за процент на население кое живее со помалку од 2,15 долари на ден според приспособените цени на куповната моќ во 2017 година. Анализата покажува дека во 2009 година во Северна Македонија 9.8 % од населението живеело со под 2,15 долари на ден, а во 2019 година – 2.7 %. Резултатите покажуваат тренд на намалување, меѓутоа се показател дека сиромаштијата е тука и присутна (в. графички преглед 7.4).




Графички преглед 7.4. Процент на сиромашни луѓе со под 2,15 долари на ден за периодот 2009 – 2019
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator

На графичкиот преглед 7.5 е прикажан процентот на население во Северна Македонија кое живее во сиромаштија според линијата на општествената линија на сиромаштија според Светска Банка (2009 – 30 %, 2019 – 23.3 %). Границата на општествената сиромаштија се изразува во куповната моќ приспособена во американски долари за 2017 година и е дефинирана како макс (2,15 $, 1,15 $ + 0,5 * средна вредност). Ова значи дека кога националната средна вредност е доволно ниска, линијата на општествена сиромаштија е еквивалентна на линијата на екстремна сиромаштија, 2,15 долари. За земјите со доволно висока национална средна вредност, општествената линија на сиромаштија расте како што расте средниот приход на земјите. Иако во презентираниот период имаме намалување на процентот на население кое живее во сиромаштија, слободно можеме да кажеме дека тој процент не е за занемарување и укажува на недоволна присутност на политиките за инклузивен раст.




Графички преглед 7.5. Процент на население кое живее во сиромаштија според општествената линија на сиромаштија на Светска Банка (2009 – 2019)
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator

И покрај напредокот на статистичките алатки, предизвиците во мерењето на сиромаштијата сѐ уште постојат. Квалитетот на истражувањата кои се спроведуваат во различни земји не секогаш е на завидно ниво. Анкетите со кои се прибираат податоците од различни земји, во објаснувањата на Светска банка стои дека, најчесто се поставуваат прашања за изворите на приходите и како тие се потрошени, и од суштинска важност е обученоста на персоналот кој ги евидентира податоците. Се наведува дека е генерално потешко да се измери приходот, а потрошувачката се приближува до поимот животен стандард. Приходот може да варира со текот на времето, дури и ако животниот стандард не се разликува. Друг предизвик е што секогаш не се доволно достапни податоците за потрошувачката. Споредбите на земјите на различни нивоа на

развој, исто така, претставуваат потенцијален проблем поради разликите во релативната важност на потрошувачката на непазарните стоки. Локалната пазарна вредност на целата потрошувачка во натура (вклучувајќи го сопственото производство, особено важно во неразвиените рурални економии) се посочува дека треба да биде вклучена во вкупните трошоци за потрошувачка. Повеќето податоци од истражувањето сега вклучуваат проценки за потрошувачката или приходите од сопственото производство, но методите на вреднување се разликуваат. Токму и затоа, при консултирењето на различни статистички извори да се наиде на различни резултати.

За да се долови поцелосна слика за сиромаштијата, Светска банка користи и т.н. мултидимензионален коефициент за мерење на сиромаштијата, кој, всушност, е процент од домаќинствата што живеат во сиромаштија според мултидимензионалната мерка за сиромаштија која вклучува три димензии: монетарна сиромаштија, образование и основни инфраструктурни услуги. Оваа мерка составена од шест показатели: потрошувачка или приход, образовно достигнување, образовен упис, вода за пиење, канализација и електрична енергија. Тие се мапирани во три димензии на благосостојба: монетарни, образовни и основни инфраструктурни услуги. Трите димензии се подеднакво пондерирани, а во секоја димензија секој индикатор, исто така, се мери подеднакво. Поединците се сметаат за мултидимензионално лишени ако не го достигнат прагот барем во една димензија или во комбинација на индикатори еквивалентни по тежина до целосна димензија. Со други зборови, домаќинствата ќе се сметаат за сиромашни ако се лишени од индикатори чија тежина се собира до 1/3 или повеќе. Бидејќи монетарната димензија се мери само со еден показател, секој што е сиромашен со приходи автоматски е и сиромашен според мултидимензионалната мерка за сиромаштија. Сумирањето информации за различни лишувања во еден индекс се покажува корисно за правење споредби меѓу популациите и низ времето. Меѓутоа, секое собирање показатели во еден индекс секогаш вклучува одлука за тоа како треба да се пондерира секој индикатор.

Табеларен преглед 7.6. Индикатори и тежини за повеќедимензионалните мерки за сиромаштија

| **Димензија** | **Индикатор** | **Тежина** |
|---|---|---|
| Монетарна | Дневната потрошувачка или приходот е помал од 2,15 долари по лице. | 1/3 |
| Образовна | Најмалку едно дете на училишна возраст до осмо одделение не се запишува на училиште. | 1/6 |
| | Ниту еден возрасен во домаќинството (возраст од 9-то одделение или повеќе) нема завршено основно образование. | 1/6 |

| | | |
|---|---|---|
| Пристап до основна инфраструктура | Домаќинството нема пристап до вода за пиење со ограничени стандарди. | 1/9 |
| | Домаќинството нема пристап до санитарни услови со ограничени стандарди. | 1/9 |
| | Домаќинството нема пристап до електрична енергија. | 1/9 |

Извор: https://www.worldbank.org/en/topic/poverty/brief/multidimensional-poverty-measure

Трите ММС-димензии се подеднакво пондерирани, а во секоја димензија секој индикатор, исто така, се мери подеднакво. Поединците се сметаат за мултидимензионално лишени ако не го достигнат прагот барем во една димензија или во комбинација на индикатори еквивалентни по тежина до целосна димензија (в. табеларен преглед 7.6). Со други зборови, домаќинствата ќе се сметаат за сиромашни ако се лишени од индикатори чија тежина се собира до 1/3 или повеќе. Бидејќи монетарната димензија се мери само со еден показател, секој што е сиромашен со приходи автоматски е и сиромашен според мултидимензионалната мерка за сиромаштија.

На графичкиот преглед 7.6 е прикажана состојбата во Северна Македонија, според овој мултидимензионален индикатор на Светска банка, за перидоот 2009 – 2019 г. (во 2009 година изнесува 10.4 %, а во 2019 г. – 3.1 %).
Повеќедимензионалната стапка на сиромаштија е уделот на населението дефинирано како мултидимензионално сиромашно. Монетарната стапка на сиромаштија се заснова на меѓународната линија на сиромаштија од 2,15 долари.




Графички преглед 7.6. Повеќедимензионален коефициент на бројот на домаќинства во сиромаштија (Светска банка) (% од населението) – Северна Македонија
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator

## 7.3. Нееднаквоста во Северна Македонија

Нееднаквоста и учеството во доходот се сметаат за инклузивни параметри, кои зборуваат повеќе од само економски раст.

Македонската економија од својата независност до денес се соочува со низа структурни економски и политичко-општествени промени. Трансформацијата од социјалистичкото уредување кон пазарно стопанисување го карактеризира периодот на транзиција (статистичките податоци покажуваат најголема вредност на нееднаквоста на доходот токму во овој период). Овој период го карактеризираат промени во сопственичката структура на капиталот, како и реалокација на ресурсите, меѓу кои и човечките ресурси. Сето ова има доведено до зголемување на нееднаквоста на доходот преку концентрација на значителен дел од капиталот во помал број луѓе, а воедно и до осиромашување на средната класа.

ДЗС ја мери нееднаквоста со помош на Џиниевиот коефициент. Џиниевиот индекс го мери степенот до кој распределбата на доходот или потрошувачката меѓу поединците или домаќинствата во рамките на една економија отстапува од совршено еднаква распределба. Индексот на Џини од 0 претставува совршена еднаквост, додека индексот од 100 подразбира совршена нееднаквост. Во науката се познати и други меѓународни мерила за утврдување на доходовната нееднаквост, меѓу кои ги издвојуваме Лоренцовата крива и Теиловиот коефициент.

Табеларен преглед 7.7. *Нерамномерна распределба на приходите според Џиниев коефициентот (2010 – 2020)*

| Р.б. | Временска серија | Џиниев коефициент |
|---|---|---|
| **1.** | **2.** | **3.** |
| **1.** | 2010 | 40.9 |
| **2.** | 2011 | 38.5 |
| **3.** | 2012 | 38.8 |
| **4.** | 2013 | 37 |
| **5.** | 2014 | 35.2 |
| **6.** | 2015 | 33.7 |
| **7.** | 2016 | 33.6 |
| **8.** | 2017 | 32.5 |
| **9.** | 2018 | 31.9 |
| **10.** | 2019 | 30.7 |
| **11.** | 2020 | 31.4 |

Извор: https://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=13.
Пристапено на 24 јануари 2025 г.




Графички преглед 7.7. *Приказ на нерамномерната распределба според Џиниев коефициент (2010 – 2020)*

Извор: Сопствена презентација врз основа на податоците од ДЗС. https://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=13.Пристапено на 24 јануари 2025 г.

Табеларниот преглед 7.7 и графичкиот преглед 7.7 го прикажуваат Џиниевиот коефициент за нерамномерната распределба на приходите во временскиот период 2010 – 2020 година.[30] Податоците покажуваат опаѓачки тренд, односно Џиниевиот коефициент се намалува, во 2010 година тој изнесува 40.9, а во 2020 година изнесува 31.4, иако во 2019 година е единствено помал од следната година во анализираната временска серија – 30.7.

Резултатите од Светска Банка според Џиниевиот индекс, во однос на Северна Македонија, не се идентични, но не отстапуваат во голема мера од резултатите на ДЗС[31]. На графичкиот преглед 7.8 е прикажана состојбата на нееднаквоста, која во 2009 година изнесува 42.8 %, а во 2019 година 33.5 %. Резултатите покажуваат тренд на намалување во анализираниот период, земајќи ги предвид екстремните точки – почетната и крајната година во временската серија што е предмет на оваа анализа. Историски, просекот за Северна Македонија од 2009 до 2019 година е 36,6 индексни поени. Минималната вредност, 33 индексни поени, беше постигната во 2018 година, додека максимумот од 42,8 индексни поени беше забележан во 2009 година.

[30] Последен ажуриран период за достапни податоци при ДЗС.

[31] Во методолошките појаснувања на страницата на Светска Банка е нотирано дека резултатите се обезбедуваат врз основа на анкети на домаќинства и преку официјални статистички агенции на државите, како и преку самите одделенија на Банката.




Графички преглед 7.8. *Џиниев индекс за Северна Македонија за периодот 2009 – 2019 г.*
Извор: World Bank, Poverty and inequality platform. https://data.worldbank.org/indicator

Одредени економисти, меѓу кои и С. С. Кузнец (Simon Smith Kuznets) ја застапуваат претпоставката дека економскиот раст имплицира намалување на нееднаквоста. Во тој контекст, на следните два графички прегледа ќе ја видиме состојбата на стапката на промена на БДП (како инструмент преку кој најчесто се мери економскиот раст).

Последната вредност од 2023 година е 2,07 проценти, што е пад од 2,76 отсто во 2022 година. За споредба, светскиот просек е 3,43 проценти, врз основа на податоците од 184 земји (GE). Историски, просекот за Северна Македонија од 1991 до 2023 година е 1,5 проценти. Минималната вредност, –7,47 проценти, беше постигната во 1993 година, додека максималната од 6,47 проценти беше забележана во 2007 година.

Компаративно не можеме да кажеме дека (не)еднаквоста е целосно поврзана со движењето на економскиот раст.




Графички преглед 7.9. *Економски раст – стапка на промена на БДП во РСМ (2016 – 2023)*
Извор: Пресметка според податоците од Светска банка
https://www.theglobaleconomy.com/Macedonia/Economic_growth/




Графички преглед 7.10. *Стапка на БДП во РСМ – временска серија (1991 – 2023)*
Извор: Пресметка според податоците од Светска банка
https://www.theglobaleconomy.com/Macedonia/Economic_growth/

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2021 година, во однос на прашањата за сиромаштија, социјалната вклученост и нееднаквоста, е нотирано следново: „*Постигнат е ограничен напредок во областа на социјалната вклученост и заштита. Во тек е спроведување на реформите што произлегуваат од новиот Закон за социјална заштита, вклучително и загарантирана минимална помош за оние чија заработка е погодена од КОВИД-19. Вкупната стапка на луѓе што живеат во сиромаштија изнесува 21,6 %, а над 448 илјади луѓе живеат под прагот на релативна сиромаштија. Уделот на луѓето кои живеат со ризик од сиромаштија или социјална ексклузија беше многу висок и изнесуваше 39,9 %,*

*покажувајќи тренд на намалување, но сè уште речиси двојно повеќе од просекот на ЕУ-27. Џиниевиот коефициентот со кој се мери нееднаквата распределба на доходот беше 30,7. Потребни се дополнителни напори, особено во распределбата на соодветни човечки ресурси, за целосно воспоставување систем за следење и оценување на социјалните услуги. Капацитетот на центрите за социјална работа останува слаб. Не постои соодветен централизиран ИТ-систем, кој ги поврзува централното и локалното ниво, за да се следат програмите за социјална помош. Малку е направено за децентрализација на социјалната помош*.".

Овие податоци укажуваат на креирање на претпоставката дека економскиот раст без инклузивен раст не може да помогне во намалувањето на сиромаштијата.

Самата дефиниција на инклузивен раст подразбира постигнување еднаквост и намалување на сиромаштијата.

Азиската банка за развој (1999) го дефинира просиромашниот раст како растот кога апсорбира труд и е придружен со политики и програми кои ги ублажуваат нееднаквостите и го олеснуваат создавањето приходи, вработување на сиромашните, жените и други традиционално исклучени групи.

Во рамките на поглавјето за инклузивниот раст видовме дека растот е инклузивен само кога може да се одржи на долг рок, а тоа се постигнува кога се обезбедува еднаквост на можностите во однос на пристапот до пазарот и русурсите кои се нудат во општествено-економскиот систем.

Односно, велиме дека растот е инклузивен или просиромашен ако ја намалува сиромаштијата и ако ја намалува нееднаквоста.

За релацијата на растот и нееднаквоста, уште во 1950-те години нобеловецот Кузнец (Simon Kuznets) ја поставува хипотезата дека постои инверзна врска во форма на латинската буква U помеѓу нееднаквоста и развојот, односно тоа подразбира дека со развојот на земјите и со зголемувањето на растот (БДП по глава на жител), нееднаквоста до одредена точка ќе се зголемува, по што повторно опаѓа. Иако оваа претпоставка е оспорувана, сепак е доста присутна во економската литература.

Кузнецовата крива е графички приказ на односот помеѓу економскиот раст и нееднаквоста на приходите. Почетната точка на кривата Кузнец покажува ниска нееднаквост во приходите во земја со низок БДП по глава на жител. Тоа е затоа што сиромашните економии со доминантен земјоделски сектор често имаат поеднаква распределба на доходот меѓу поединците. Нагорниот дел од Кузнецовата крива илустрира дека како што економиите доживуваат економски раст и напредок од земјоделските економии кон индустријализираните, нееднаквоста во приходите почнува да се зголемува. Тоа е затоа што со поголема економска активност се зголемуваат новите инвестициски можности за оние кои веќе имаат капитал за инвестирање. Тоа значи дека оние кои веќе имаат богатство имаат можност да го зголемат. Постои, исто така, прилив на евтина рурална работна сила во градовите (урбанизација), што ги одржува платите на работничката класа надолу поради зголемувањето на понудата на работна сила (поголемо урбано население). Ова го зголемува јазот меѓу богатите и сиромашните, што доведува до зголемување на нееднаквоста во приходите.

Значи, првичното зголемување на нееднаквоста на приходите може да се припише на фактори како што се концентрацијата на богатството во рацете на неколку поединци или групи, нееднаквата распределба на ресурсите и урбанизацијата. Пресвртната точка прикажана на графиконот на Кузнецовата крива ја претставува максималната нееднаквост на приходот. Оваа пресвртна точка се случува на одредено ниво на приход по глава на жител и обично се нарекува „праг на Кузнец", каде што нееднаквоста во доходот го достигнува својот врв. Овој пресврт може да се случи на различни нивоа на економски раст во различни земји. По пресвртната точка, надолниот дел од кривата Кузнец илустрира дека нееднаквоста во доходот се намалува со натамошно зголемување на БДП по глава на жител. Ова се случува кога се случува деиндустријализација заедно со зголемување на услужниот сектор. Нееднаквоста во приходите почнува да се намалува бидејќи придобивките од економскиот раст постепено се спуштаат на групите со пониски приходи. Ова може да се должи и на фактори како што се зголемениот пристап до образование, прогресивното оданочување и програмите за социјална заштита што ги водат владите[32].

Ве економската литература се среќаваат и термините просиромашен раст аналогно на инклузивен раст. Одредени автори сметаат дека просиромашен раст е оној раст што ја намалува сиромаштијата, а инклузивен оној раст што не е поврзан со зголемување на нееднаквоста (Balakrishnan, Steinberg & Syed, 2013).

## 7.4. Индекс на човеков развој во Северна Македонија

Еден од показателите што има потенцијал да ја измери сиромаштијата е индексот на човечки развој (ИЧР).

Индексот за човечки развој ги вклучува образованието, здравјето и животниот стандард (БДП по глава на жител), што го прави една од најдобрите опции за мерење на сиромаштијата. Индексот за човечки развој зема вредности од 0 до 1, каде што 1 претставува највисок резултат.
ДЗС на РСМ го мери животниот стандард преку Лаекен индикаторите на сиромаштија, потрошувачката на домаќинствата, како и преку податоците за користењето на времето и балансирањето меѓу работата и семејството.

Индексот за човечки развој за Северна Македонија објавен од Обединетите нации е мерка што го вклучува очекуваниот животен век, образовните достигнувања и нивото на приход. Таа има цел да ги измери не само приходите, туку и квалитетот на животот.
Индексот за човечки развој мери три основни димензии на човековиот развој: долг и здрав живот, знаење и пристоен животен стандард. За пресметување на индексот се користат четири индикатори: очекуваниот животен век при раѓање (здравствена димензија), средните години на школување, очекуваните години на

[32] https://www.economicsonline.co.uk/definitions/the-kuznets-curve.html/

школување (образовна димензија) и бруто-националниот приход по глава на жител (животен стандард).

Табеларен преглед 7.8. *Индекс на човечки развој на Северна Македонија (2022 г.)*

| | | **ИЧР[33]** | **Очекуван животен век при раѓање[34]** | **Очекувани години на школување[35]** | **Просечни години на школување[36]** | **БНД по глава на жител[37]** | **Ранг на БНД по глава на жител минус ранг на ИЧР[38]** | **Ранг на ИЧР[39]** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ранг на ИЧР** | Земја | Вредност | (година) | (година) | (година) | (2017 ППП[40] $) | | |
| | | **2022** | **2022** | **2022** | **2022** | **2022** | **2022** | **2021** |
| **83** | Северна Македонија | 0.765 | 73.9 | 13.0 | 10.2 | 16,396 | -5 | 82 |

Извор: https://hdr.undp.org/data-center/human-development-index#/indicies/HDI

---

[33] Индекс на човечки развој – ИЧР (HDI): Композитен индекс што мери просечни достигнувања во три основни димензии на човековиот развој – долг и здрав живот, знаење и пристоен животен стандард.

[34] Очекуван животен век при раѓање: Број на години што новороденчето би можело да го очекува да живее ако преовладуваат шеми на стапки на смртност специфични за возраста за време на раѓањето останати исти во текот на животот на доенчето.

[35] Очекувани години на школување: Број на години на школување што може да очекува да ги добие детето на влезна возраст во училиште доколку преовладуваат модели на стапки на запишување специфични за возраста и понатаму во текот на животот на детето.

[36] Просечни години на школување: Просечен број на години на образование добиени од луѓе на возраст од 25 и повеќе години, претворени од нивоа на постигнување на образованието користејќи го официјалното времетраење на секое ниво.

[37] Бруто-национален доход (БНД) по глава на жител: Агрегатниот приход на економијата генериран од неговото производство и нејзината сопственост на факторите на производство, намалени за приходите платени за користење на факторите на производство во сопственост на остатокот од светот, конвертирани во меѓународни долари користејќи стапки на ППП, поделени со населението во средината на годината.

[38] Ранг на БНД по глава на жител минус ранг на ИЧР: Разлика во рангирањето според БНП по глава на жител и според вредноста на ИЧР. Негативната вредност значи дека земјата е подобро рангирана според БНП отколку според вредноста на ИЧР.

[39] Ранг на ИЧР за 2021 година: Рангирање по вредност на ИЧР за 2021 година, пресметано со користење на истите најнови ревидирани податоци достапни во 2023 година што се користени за пресметување на вредностите на ИЧР за 2021 година.

[40] Паритет на куповна моќ (ППП) е мерка за цената на одредени стоки во различни земји и се користи за споредба на апсолутната куповна моќ на валутите на земјите.

Според базата на податоци на УНДП вредноста на ИЧР на Северна Македонија за 2022 година е 0,765 – што ја става земјата во категоријата висок човеков развој – позиционирајќи ја на 83 од 193 земји и територии.
Помеѓу 1995 и 2022 година, вредноста на ИЧР во Северна Македонија е променета од 0,644 на 0,765, што е промена од 18,8 проценти.
Помеѓу 1995 и 2022 година, очекуваниот животен век во Северна Македонија при раѓање е променет за 2,2 години, очекуваните години на школување се променети за 1,9 години и просечните години на школување се променети за 4,7 години. БНД[41] по глава на жител на Северна Македонија е променет за околу 82,9 проценти помеѓу 1995 и 2022 година (в. табеларен преглед 7.9).

Табеларен преглед 7.9. *Трендови на индексот на човечки развој за Северна Македнија, 1990 – 2022 година*

| | | Индекс на човеков развој (ИЧР) | | | | | | | | Промена на рангирањето на ИЧР | Просечен годишен раст на ИЧР[42] | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЧР ранг | Земја | 1990 | 2000 | 2010 | 2015 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2015 – 2022 | 1990 – 2000 | 2000 – 2010 | 2010 – 2022 | 1990 – 2022 |
| 83 | СМ | .. | 0.676 | 0.746 | 0.777 | 0.787 | 0.766 | 0.764 | 0.765 | –7 | .. | 0.99 | 0.21 | .. |

Извор: https://hdr.undp.org/data-center/human-development-index#/indicies/HDI

[41] Бруто-националниот приход (БНД) е мерка за вкупниот приход што го остваруваат жителите на една земја или регион секоја година. Се пресметува како БДП плус нето-приход добиен од странство, плус даноци (минус субвенции) за производство. БНД по глава на жител е БНД поделен по население.
[42] Просечен годишен раст на ИЧР: измазнет годишен раст на ИЧР во даден период, пресметан како годишна сложена стапка на раст.




Графички преглед 7.11. *ИЧР за Северна Македонија (2000 – 2022)*
Извор: Сопствен приказ според податоците на УНДПhttps://hdr.undp.org/data-center/human-development-index#/indicies/HDI

ИЧР е создаден за да нагласи дека луѓето и нивните способности треба да бидат крајниот критериум за проценка на развојот на една земја, а не само економскиот раст.

ИЧР поедноставува и опфаќа само дел од она што го вклучува човечкиот развој, сепак за поцелосна слика за нивото на човечки развој на една земја е потребна анализа на други индикатори.

Во современата економија се среќаваат шареноликости во однос на перцепциите кон сиромашните луѓе. Од една страна се сретнуваат гледишта кои на сиромашните луѓе гледаат како на неспособни и мрзеливи, некои кои се ставаат на столбот на срамот. Постојат други гледишта кои на сиромаштијата гледаат како на појава создадена од човекот. „Насилството на екстремната сиромаштија, незнаење, лишеност и презир ги изолира луѓето и ги затвора во тишина до точка каде што се сомневаат дека се дел од човечката заедница." – вели *Џозеф Вресински* (Joseph Wresinski) основачот на ATD Fourth World (организација која се залага против сиромаштија). Тоа е т.н. трет непрофитен сектор, настанат како резултат на деформитетите на јавниот и на приватниот сектор. Кај јавниот сектор ги среќаваме социјалните трансфери со социјалните мерки (кои се еден вид на милостина и помош во преживувањето), а кај приватниот сектор ја среќаваме општествената одговорност (која, исто така, се сведува во форма на социјални трансфери и помош на поединците). Кај приватниот сектор не смее да не се спомене отворањето на работните места и нивната улога во намалувањето на сиромаштијата (со забелешка дека во неразвиените држави при вработувањето има политички и други видови влијанија на моќ и често е присутна минималната плата, која во тие земји е незадоволителна или непродуктивна, односно не може да ги задоволи своите основни функции). А, што се случува со непрофитните

организации? Тие се зависни од донаторите, не се самоодржливи и најчесто и нивната улога е во акумулацијата на социјални трансфери што се нудат како помош, во случајов на сиромашното население (тоа се еднократни проекти кои по нивното завршување не секогаш имаат долгорочен ефект). Во светот денес се јавуваат и други форми што се обидуваат да ги коригираат деформитетите, какво што е социјалното претприемништво, или во поточна форма, што ја поддржуваме низ целиот тек на докторската дисертација – социјалниот бизнис. Социјалниот бизнис се дефинира како форма што директно влијае на намалување на подобрување на состојбата на маргинализираните групи граѓани. Општествената одговорност, социјалните транфери и сличните видови помош што им се нудат на маргинализираните групи граѓани се форма што го одржува поединецот во неговата состојба, меѓутоа не го поместува. Пример, социјалните трансфери или т.н. социјална помош на социјално загрозените граѓани се добра мерка за одржување на таа категорија граѓани, меѓутоа тие граѓани најчесто остануваат цел живот корисници на таа мерка, без да се има поместување во нагорна линија[43]. На тие поединци им е потребна помош што ќе ги извади од тој круг. Ова можеме да го објасниме и со народниот фразеолошки израз кој зборува вака: „*Не му давај на човека риба како милостина, ако му мислиш добро научи го да лови риба*.“. Психологијата зборува дека најголем број од луѓето постапуваат по линијата на помал отпор и е многу тешко да излезат од комфорната зона во која се наоѓаат. Ако лицето кое прима социјална помош си создаде еден вид комфорна зона, многу тешко е веројатно дека ќе излезе од таа комфорна зона во која тој и понатаму не се издигнал ниво над состојбата во која се наоѓал.

Економистите знаат дека пазарот во рамките на неговото функционирање креира пазарни несовршености. Улогата на државата ја гледаме во нејзината способност во корекциите на тие настанати несовршености.

Северна Македонија уставно е дефинирана како социјална држава, меѓутоа е непобитен факт дека уште од самото нејзино осамостојување таа се соочува со состојба на сиромаштија, нејзино продлабочување во периодот на транзиција (чии последици се рефлектираат и на зголемувањето на нееднаквоста), па сè до денес каде што и статистички се среќаваат показатели што укажуваат на присутност на сиромаштијата, посебно тој процес се случува во постпандемискиот период и инфлациската состојба. Статистичките показатели презентирани во рамките на ова поглавје покажуваат тренд на намалување, меѓутоа станува збор за надолна линија од само неколку процентни поени, а стапката на сиромаштија е сè уште висока. Да не заборавиме дека во вкупното мерење на сиромаштијата, голема улога имаат и пензииите, меѓутоа таргет група којашто е олицетворение не се пензионерите, туку најранливата категорија на социјално загрозените граѓани, чиј

[43] Заклучокот е донесен врз основа на примена на методот на следење на семејства познати на авторот. Применет е методот на компарација на две семејства, кои се во роднинска врска, со многу слична социјална состојба. Едното семејство (А) користи социјална помош, другото семејство (Б) не користи социјална помош. Семејството А не вложува значителен труд во изнаоѓање работа, а семејството Б се занимава со макотрпна земјоделска дејност и од нејзе егзистира. Семејството А се корисници на социјална пензија и ден денес.

ефект можеме да го мериме преку влијанието на социјалните трансфери (како мерка на владата) врз намалувањето на сиромаштијата. Статистичките податоци зборуваат дека нивното влијание е незначително. А, се среќаваме и со состојба на присутна сиромаштија меѓу редовите на вработените луѓе.
Штом пазарот во една економија генерира сиромаштија, зборуваме дека растот не е инклузивен.

## 7.5. Посебна хипотеза Х 3 – анализа, дискусија и резултати

### 7.5.1. Развивање посебна хипотеза и истражувачки прашања

Нулта хипотеза:

Хо: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат за постигнување инклузивен раст.

Посебна хипотеза:

Х3: Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста, како димензии на инклузивниот раст.

Истражувачки прашања

3. Како иницијативите за социјално претприемништво влијаат на намалување на сиромаштијата?
4. Како иницијативите за социјално претприемништво влијаат на намалување на нееднаквоста?

Посебната претпоставка е во контекст на докажување на нултата хипотеза, односно е испитано влијанието на социјалните претпријатија врз дел од детерминантите на инклузивниот раст кои вклучуваат намалување на сиромаштијата и нееднаквоста.

### 7.5.2. Методологија

Анализирајќи го екосистемот на социјалните претпријатија заклучивме дека тие се малку на број и функционираат во согласност со постоечките законски регулативи, односно без посебен закон за социјални претпријатија. За да ја испитаме поставената хипотеза: „Иницијативите на социјалното претприемништво позитивно влијаат врз намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста", утврдивме дека не може да се применат квантитативни методи поради малиот број примероци, односно моменталниот вкупен придонес на сите социјални претпријатија би бил незначителен во намалувањето на вкупната сиромаштија и нееднаквоста на национално ниво. Токму затоа се обидовме да изнајдеме квалитативен метод со кој ќе може да се прикаже ефектот на социјалните претпријатија во овој контекст. Поаѓајќи од видот на достапните податоци коишто можат да послужат за анализа, се одлучивме за пристапот Most Significant Change

(MSC), што претставува техника со којашто се испитува најзначајната промена. Овој метод се фокусира на собирање и анализа на приказни преку кои ќе може да се прикаже промената или влијанието, во нашиот случај на социјалните претпријатија врз намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста. Преку овој метод се пристапува кон собирање квалитативни податоци во форма на наративи. Се креира MSC-матрица од лични приказни преку кои се покажува директно влијание. Во суштина, процесот вклучува собирање приказни за значајни промени – ЗП (англ. significant change – SC) што произлегуваат од теренско ниво и систематски избор на најзначајните од овие приказни од страна на панели на назначени засегнати страни или персонал (Davies & Dart, 2005, p. 8). Како чекори за имплементирање на MSC се земаат следниве:

1. започнување: воспоставување и запознавање со пристапот,
2. воспоставување „домени на промена‟,
3. дефинирање на периодот на известување,
4. собирање приказни за промени,
5. преглед на приказните во рамките на организациската хиерархија,
6. обезбедување редовни повратни информации до засегнатите страни за процесот на преглед,
7. воспоставување процес за верификација на приказните доколку е потребно,
8. квантификација,
9. спроведување секундарна анализа на приказните, масовно
10. ревидирање на процесот на MSC (Davies & Dart, 2005, p. 15).

Механизмите што ги користи MSC за да се обезбеди валидност вклучуваат: дебел опис, систематски процес на селекција, транспарентност, верификација, учество, проверка на членовите (Davies & Dart, 2005, p. 67).

### 7.5.3. Анализа

Мерењето на директното влијание што си го поставивме за потврда на оваа хипотеза е со голем предизвик, но си поставивме цел дека не е невозможно.

Преку MSC нема статистички да пресметуваме колку точно се менува сиромаштијата и нееднаквоста, туку дали, како и на кој начин се менува животот на луѓето преку иницијативи на социјалните претпријатија. Таквата поставена цел ќе ја започенеме со бележење лични приказни и идентификување на најзначајните промени во животот на луѓето (од аспект на индикаторите за сиромаштија и нееднаквост) коишто се вклучени или вработени во СП или како резултат на проекти реализирани од СП.

Изворите на приказните се разновидни, а приказните се реални. Се користат веродостојни приказни, имајќи предвид дека тие веќе се јавно објавени и нивната согласност ја добил објавувачот. Во нашата анализа бележиме и извор на приказната.

Собрани се 10 лични приказни и тематски обработени и презентирани во MSC-табела, според најрелевантните показатели преку кои може да се прикаже влијанието, и тоа: економски промени, социјални промени, клучни промени, врска со намалување на сиромаштијата, врска со намалувањето на нееднаквоста и

бележење клучни цитати од носителите на личните приказни за илустрација. Обработени се онолку приказни колку што можат да овозможат оптимална и квалитетна анализа. Рековме дека MSC е процес во којшто ја откриваме најзначајната промена, а за нашиот случај се издвојуваат: економската, социјалната, личната.

Табеларен преглед 7.10. *MSC-табела – воведни податоци*

| ID | Извор | Година | Краток опис на личноста | Почетна состојба (пред вклучување) |
|---|---|---|---|---|
| **П01** | https://licevlice.mk/enis-i-miradh-prikazna-za-istrajnost-poddrshka-i-pravo-na-prilagodeni-mozhnosti | 2025 | Енис (20) и Мираџ (19) се двајца браќа, кои се родени глувонеми. | Претходно работеле во градежна фирма, не биле доволно платени и работата не била соодветна за нив. Имале проблем со административни процедури. |
| **П02** | https://www.facebook.com/share/v/1GHUbGmq2a/ | 2025 | Мабуле е жена со сопруг, свекрва и свекор. | Претходно не ја примале на работа и била дискриминирана поради носењето шамија (хиџаб) |
| **П03** | https://licevlice.mk/socijalnoto-mentorstvo-menuva-zhivoti-nadminati-stravovi-realizirani-potencijali | 2025 | Давид (26), дипломиран историчар-архивист. | Попреченоста создава страв дека не може да најде работа и да ја врши соодветно |
| **П04** | https://licevlice.mk/socijalnoto-mentorstvo-menuva-zhivoti-nadminati-stravovi-realizirani-potencijali | 2025 | Кјара е млада девојка која штотуку завршила средно училиште. | Страв дека не може да направи ништо и дека никогаш нема да најде работа, ниска самодоверба. |
| **П05** | https://tinyurl.com/edxmv9nf | 2024 | Ивана, млада мајка на три деца. | Улогата на мајка ја оддалечила од пазарот на трудот, проблеми со извршители за долгови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **П06** | https://licevlice.mk/aha-sigurno-ke-mi-najde-rabota | 2024 | Јане, младо момче на 19 години, од многудетно семејство во незавидна економска состојба. | Без работни навики, дење спие, а ноќе седи на компјутер, без приходи. |
| **П07** | https://public.org.mk/2023/08/24 | 2023 | Н.К. – млад човек незадоволен од тековната работа. | Претходно работев како келнер во локални кафулиња. |
| **П08** | https://licevlice.mk/p/i-jas-kupiv-od-kiko/ | 2025 | Млад дипломиран комуниколог | Поради преживеана сообраќајна несреќа не може активно да работи. |
| **П09** | https://centarsp.mk/so-sopstven-zanaet-do-celosna-nezavisnost-humanitarnata-organizacija-milosrdie/ | 2022 | Н.Н. – самохрана мајка | Невработена |
| **П10** | https://www.instagram.com/reel/CoVAE5SjlCb/?locale=my | 2023 | Ајтен, млада амбициозна девојка | Невработена |

Извор: Сопствени истражувања

Табеларен преглед 7.11. *MSC-табела – видови промени*

| **ID** | **Клучна промена** | **Економска промена (опис)** | **Социјална промена (опис)** | **Личен развој (опис)** |
|---|---|---|---|---|
| **П01** | Новата работа што ја добиле преку социјално менторство е организирана, стабилна, платата пософодветна од претходно, се чувствуваат достоинствено, тоа им дава основа да го дозавршат училиштето. | Достојна плата и може да си обезбеди дошколување. | Сега за нив денот има две смени, редовно одат до пладне на училиште, а попладне на работа. Прифатени се од менаџментот и тимот, заедно одат на паузи со колегите. | Преку зголемена самодоверба сонуваат за повеќе, да имаат сопствен стан и да создадат семејство. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **П02** | Работи како негувателка на стари лица во Црвен крст. | Обезбедува средства за егзистенција и не е зависна од сопругот. | Прифатена од тимот и од лицата за кои се грижи. Поголема самодоверба. Прифатеност од семејството. | Задоволство од работата што ја исполнува и водење повеќе грижа за себе како жена. |
| **П03** | Работат, независни и исполнети со оптимизам за иднината. Од несигурност до нова професионална визија. | Работа во графичко студио и извор на приходи. | Стекната самодоверба и мотив за понатамошен развој. | Цел за здобивање поголемо искуство и преземање посложени обврски. |
| **П04** | Преку менторството стекнати комуникациски вештини, поставување приоритети и стекнување самодоверба. Но, најголемата промена било наоѓањето работа. | Заработува и ги покрива сопствените трошоци. | Осамостојување и самодоверба. | Напредување на работното место, зголемување на својата плата и стекнување повеќе компетенции. |
| **П05** | Стабилна иднина за себе и за своето семество | Работа во сектор продажба, започнала и курс за тетовирање, што во иднина ќе ѝ овозможи дополнителни приходи. | Охрабрување за решавање и лични проблеми со кои се соочувала. | Развој на професионалните вештини, како и сигурност во личниот живот. |
| **П06** | Посветеност кон работата, одговорност, доаѓање до израз на негови скриени потенцијали. Поместување од комфорната зона. | Почнува да работи во интернет-кафе, каде што за брзо време склучува договор со претходниот сопственик. Го откупува локалот, го проширува, инвестира во него. Станува сопственик на интернет-кафе за игри на интернет. Го издава локалот за родендени и за други детски забави. | Променет однос кон себеси и кон околината, најмногу позитивните промени ги забележуваат неговото семејство. | Развивање претпримеачки вештини. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Продадениот термин секојдневно создава нови приходи. | | |
| **П07** | Стекнување нови вештини и дообивање на работата што се сака. | Работи како успешен готвач. | Мотивиран, колегијален. | Развивање кариера во саканата професија. |
| **П08** | Му се овозможува да врши онлајн продажба на списанието. | Половина од продажната цена на продадените примероци е директен приход за него. | Активен социјален живот преку онлајн продажбата. | Одговорноста, ентузијазмот и упорноста го водат кон цел да стане телевизиски новинар. |
| **П09** | Самовработување преку отворање фризерски салон. | Со заработката обезбедува услови за своето дете и за себе. | Зголемен социјален живот преку работата. | Развивање професионална кариера и семејна стабилност. |
| **П10** | Уличен продавач на списнието „Лице в лице". | Си обезбедува пари за сама да си купи облека и други потреби, а купува и за својата мајка. | Обезбедува достоинствен живот за млада личност. | Сега е храбра и со поголеми вештини, нејзините врснички сите се омажиле, таа веќе се чувствува поинаква. |

Извор: Сопствени истражувања

Табеларен преглед 7.12. *MSC-табела – релации со влијанието*

| ID | Врска со намалување на сиромаштијата | Врска со намалување на нееднаквоста | Цитат за илустрација |
|---|---|---|---|
| **П01** | Стабилниот приход ги елиминирал тешкотиите на нивните родители кои се исто така глувонеми. | Пристап до пазарот на трудот кој претходно бил несоодветен или невозможен, како и до други можности за кои претходно имале тешкотии,институционален пристап и сл. | „Многу сум среќен во моментов, и се' би направил да ја задржам работата." |
| **П02** | Средствата што ги добива за работата овозможуваат да си обезбедува ствари што го прават животот подостоинствен и за себеси и за семејството. | Пристап до работа што претходно било невозможно и покрај обидите. | „Претходно не ме примија на работа и бев дискриминирана поради носењето шамија (хиџаб), сега работам како негователка на стари лица." |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **П03** | Стекнување приходи за покривање на секојдневните трошоци. | Пристап до работа и ресурси што претходно не биле достапни. | „Сега имам цел – да здобијам поголемо искуство и да преземам посложени обврски. Сакам да бидам вреднуван и награден за мојата работа.“ |
| **П04** | Преку платата овозможува покривање на сопствените трошоци. | Пристап до вештини и до работно место што претходно биле недостапни. | „Сега заработувам и ги покривам сопствените трошоци за тренинзи и превоз.“ |
| **П05** | Стабилна плата со којашто обезбедува услови за семејството, но и за курс за личен развој. | Пристап до работа и до ресурси до кои претходно немала пристап и се чувствувала дискриминирана и надвор од пазарот на трудот по остварување како мајка. | „Менторката Ирена ми даде и правни совети кои ми помогнаа да се справам со проблеми со извршителите и ме охрабри да се соочам со моите стравови.“ |
| **П06** | Обезбедува средства за себе и за многудетното семејство. | Пристап до можности за кои претходно немал ни замисла. | „За прв пат бев слушнат што сакам да работам и бев охрабрен самостојно да одлучам.“ |
| **П07** | Обезбедува повисока плата за подостоинствен живот. | Пристап до работа што не ја сметал претходно за достижна. | „Јас да не се вклучев во програмата менторство за работна интеграција, сигурен сум дека сѐ уште ќе работев како келнер во локални кафулиња.“ |
| **П08** | Обезбедува средства и покрај тоа што физички периодот да работи многу видови работи. | Пристап до можности прилагодени на неговата состојба. | „Ме радува што имам можност да работам каде и да сум.“ |
| **П09** | Го надминува прагот на сиромаштија. | Пристап до можности за кои претходно немала услови: градинка за детето, здравствени услуги за детето и за себе. | „Никогаш не верував дека ќе застанам на нозе.“ |
| **П10** | Кога имам свој приход е поинаку. | Има работи што претходно ги немала. | „Татко ми ме праша од каде ти се толку пари. Јас му реков работам.“ |

Извор: Сопствени истражувања

Анализата ќе ја презентираме преку: кодирање на темите, идентификување на врските со сиромаштијата и со нееднаквоста и преку квалитативни заклучоци на постигнување влијание.

Тематската анализа ќе ја спроведеме во неколку чекори:

1. Креирање кодови што ги означуваат промените и врските со влијанието

Кодови што се извлечени од презентираните лични приказни, а коишто ја отсликуваат релацијата со клучните поединиечни промени (економска промена, социјална промена и личен развој) и нивното влијание врз намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста, се: „стабилна плата‟, „самодоверба‟, „пристап до работа‟, „професионален развој‟, „надминување дискриминација‟, „социјална инклузија‟.

2. Приказ со кванитативни податоци на присуството на кодовите во секоја приказна

Во рамките на табеларниот преглед 7.13 квантитативно ги броиме промените во секоја од личните приказни. Присуството на промената го означуваме со 1, а отсуството со 0.

Табеларен преглед 7.13. *Кодирање на промените*

| **ID** | **Стабилна плата** | **Самодоверба** | **Пристап до работа** | **Професионален развој** | **Надминување дискриминација** | **Социјална инклузија** | **Други кодови** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П01 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | Дошколување |
| П02 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| П03 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | Нова професионална визија |
| П04 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | |
| П05 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | Правни совети |
| П06 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | Претприемачки вештини |
| П07 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | |
| П08 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | Прилагодени можности |
| П09 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | Самовработување, семејна стабилност |
| П10 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | |

Извор: Сопствени истражувања

3. Сумирање на зачестеноста на кодовите

Во рамките на табеларниот преглед 7.14 е презентиран кванитативен приказ на зачестеноста на кодираните промени.

Табеларен преглед 7.14. *Зачестеност на кодирани промени – сумиран преглед*

| **Кодирана промена** | **Број на случаи (приказни)** | **Процент од вкупниот број** |
|---|---|---|
| Стабилна плата/приход | 10 | 100 % |
| Самодоверба | 10 | 100 % |
| Пристап до работа | 10 | 100 % |
| Професионален развој | 7 | 70 % |
| Надминување дискриминација | 4 | 40 % |
| Социјална инклузија | 6 | 60 % |

Извор: Сопствени истражувања

4. Интерпретација на податоците

Од табеларните прегледи 7.13 и 7.14 можеме да го утврдиме следново:

- Кодираните промени „стабилна плата/приход", „самодоверба" и „пристап до работа" се стопроцентно присутни во сите лични приказни, што дава за право да интерпретираме дека иницијативите за социјалното претприемништво, преку коешто ги остваруваат промените носителите на промените, позитивно влијаат врз намалувањето на сиромаштијата (преку обезбедувањето приходи) и нееднаквоста (преку пристап до пазарот на труд и стекнувањето самодоверба).
- Кодираните промени „професионален развој" и „социјална инклузија", од презентираните податоци (70 и 60 %), се утврдува дека се значајни механизми коишто придонесуваат до клучните промени кај поединците.
- Кодираната промена „надминување дискриминација" со 40 % е, исто така, значително присутна, посебно кога станува збор за ранливи категории граѓани.

Интерпретацијата на кодираните промени можеме да ја прикажеме и преку издвоените клучни цитати од личните приказни:

- „Стабилна плата/приход" и „пристап до работа" (економска промена)
    - „Многу сум среќен во моментов, и сѐ би направил да ја задржам работата." (П01)
    - „Јас да не се вклучев во програмата менторство за работна интеграција, сигурен сум дека сѐ уште ќе работев како келнер во локални кафулиња." (П07)
- „Самодоверба" (личен развој)
    - „Сега имам цел – да здобијам поголемо искуство и да преземам посложени обврски. Сакам да бидам вреднуван и награден за мојата работа." (П03)

  - „За прв пат бев слушнат што сакам да работам и бев охрабрен самостојно да одлучам.“ (П06)
- „Надминување дискриминација“ (социјална промена)
  - „Претходно не ме примија на работа и бев дискриминирана поради носењето шамија (хиџаб), сега работам како негователка на стари лица." (П02)
  - „Пристап до работа и до ресурси до кои претходно немала пристап и се чувствувала дискриминирана и надвор од пазарот на трудот по остварување како мајка.“ (П05)
- „Социјална инклузија“ (социјална промена)
  - „Сега за нив денот има две смени, редовно одат до пладне на училиште, а попладне на работа. Прифатени се од менаџментот и тимот, заедно одат на паузи со колегите.“ (П01)
  - „Активен социјален живот преку онлајн продажбата“ (П08)

### 7.5.4. Потврда на хипотезата

MSC-пристапот се покажа како соодветен за еден ваков вид анализа, во рамките на расположливите податоци, затоа што ни даде не само емпириски податоци, туку и креиравме човечки прикази коишто даваат „жива“ димензија во потврдувањето на хипотезата. Преку тематската анализа и кодираниот пристап дојдовме до веродостојни податоци. Ограничениот пристап до квантитативни податоци оневозможува генерализација на целата популација што можеме да ја вброиме во оваа категорија, меѓутоа овозможува длабински квалитативен увид во личните искуства, вклучувајќи различни видови ранливи групи.

Целта на ова истражување беше да се испита позитивниот придонес на иницијативите за социјално претприемништво врз намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста во Северна Македонија. Поради ограничениот пристап до квантитативни податоци и малиот број социјални претпријатија и нивниот недоволно стекнат легитимитет, беше применет квалитативниот пристап Most Significant Change (MSC) со анализа на десет длабинско обработени лични приказни.

Преку системската тематска анализа на нотираните приказни, беа идентификувани и кодирани клучните промени кои се присутни во сите случаи и преку кои ја потврдувавме поставената хипотеза, и тоа:

- <u>Обезбедување стабилен приход и пристап до пазарот на трудот</u> – Сите испитаници во личните приказни добиваат работно место или можност за економска активност што им обезбедува стабилни приходи. Ова е директен индикатор за намалување на сиромаштијата прикажан преку случаи, овозможувајќи економска стабилност и подобар животен стандард.
- <u>Развивање самодоверба и лични вештини</u> – Сите испитаници, исто така, ги имаат издвоено и посочено зголемувањето на самодовербата (што е една од клучните промени) и стекнувањето нови професионални вештини, што ги прават подготвени за поголема интеграција во општеството.

- <u>Надминување дискриминација и социјална инклузија</u> – Во 60 % од испитаниците имаат истакнато значително подобрување на нивната социјална инклузија и прифаќање на работната средина и пошироко во општествената заедница. Овие аспекти покажуваат намалување на социјалната неедднаквост и поттикнување рамноправен пристап до ресурсите.

Цитатите од испитаниците, исто така, го потенцираат човечкиот аспект и објективните промени во нивните животи. Тие изјави не само што ја потврдуваат одблиску економската стабилност, туку и покажуваат зголемено достоинство и самопочит кај испитаниците и носители на промените во овие случаи.

Сите овие наоди се во согласност и со посебната хипотеза, но и со нултата хипотеза и го потенцираат влијанието на социјалното претприемништво врз инклузивниот раст, преку овозможување пристап до ресурси, креирање работни места и зајакнување на ранливите категории.

<u>Логично поврзување со хипотезата</u> – Сите 10 лични приказни покажуваат позитивен ефект од иницијативите на социјалното претприемништво врз:

- намалувањето на сиромаштијата преку обезбедување стабилен приход и пристап до работа и
- намалување на нееднаквоста преку промовирање самодоверба, надминување на дискриминацијата и социјалната инклузија.

Присуството на овие индикатори во сите испитани случаи е јасен индикатор дека хипотезата е потврдена.

### 7.5.5. Заклучно согледување

Наодите од оваа анализа се во согласност со теоретските рамки што ја потенцираат улогата на социјалното претприемништво врз инклузивниот раст, иако рековме дека овој специфичен вид истражувања се ограничени и овој труд во таа насока претставува пионерски чекор. Иако бројот на случаи за потврда на оваа посебна хипотеза е ограничен, јасната поврзаност на темите дава силна основа за веродостојни заклучоци.

Резултатите од квалитативната анализа ја потврдуваат посебната хипотеза дека иницијативите за социјалното претприемништво имаат значаен и позитивен придонес во намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста. Преку обезбедување пристап до работа, стабилни приходи, развој на лични и професионални вештини и промовирање социјална инклузија, овие иницијативи овозможуваат значајна трансформација во животите на ранливите категории.

### 7.5.6. Препораки

Од истражувањето спроведено за потврда на оваа хипотеза, можеме да ги изнесеме следниве препораки:

- Првенствено, преземање мерки за **зголемување на капацитетите на социјалното претприемништво**, а со тоа и на бројот на социјални претпријатија. Имајќи ги предвид позитивните ефекти до коишто дојдовме во ова истражување, потребни се институционални чекори во поддршката на експанзијата на социјалните претпријатија.

- **Развој на социјалното менторство** (континуирано и проектно) – Имајќи предвид дека во рамките на личните приказни менторството игра клучна улога во пристапот до пазарот на трудот, се препорачува институционална поддршка и во овој дел. Преку стекнувањето нови вештини и зголемувањето на самодовербата, ранливите групи ќе бидат подобро подготвени за пристап до пазарот на трудот, но и компаниите ќе бидат, исто така, подготвени за начинот на пристап со овие категории.
- **Промовирање инклузивност и борба против дискриминацијата** – Креирање политики што ќе го олеснат пристапот на маргинализираните групи до пазарот на трудот и поддршка за нивно интегрирање во општеството.
- **Статистички податоци, истражување и мониторинг** – Се препорачува од страна на ДЗС редовно да се собираат статистички податоци за оваа проблематика, што сега е сведено само на еднократен пилот-проект од 2009 г., со цел заинтересираните истражувачи полесно можат да дојдат до потребите податоци и до квалитетни анализи и резултати што ќе доведе до подобрување на практиките и корист за креаторите на политиките.

# VIII. ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ СО ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Заклучни согледувања

Со цел докажување на нултата хипотеза поставена како носечка во прилог на постигнување на целта на докторската дисертација, беа изведени три посебни хипотези, односно испитувавме влијание на иницијативите за социјално претприемништво врз детерминанти на инклузивен раст, како еден од начините како би се дошло до веродостојни заклучоци и препораки од спроведеното истражување, а имајќи ги предвид екосистемот на социјални претпријатија во македонската економија, потоа состојбата со развиени методолошки алатки за мерење на влијанието, достапноста на статистичките податоци, како и достапноста до развиени индикатори за мерење на инклузивниот раст.

Во македонската економија екосистемот на социјалните претпријатија е во зародиш, тие немаат официјален правен легитимитет (Предлог-законот за социјални претпријатија од 2023 година не е донесен).

Во македонската истражувачка сцена не се присутни истражувања коишто развиле посебни системи и модели за мерење на влијанието на социјалните претпријатија, само од страна на одредени социјални претпријатија беше истакнато дека користат сопствени интерни методологии за мерење на влијанието од нивното работење (овој податок се заснова на одговор во спроведено интервју со сопственици на социјално претпријатие). Во македонската научноистражувачка литература, исто така, не  се достапни развиени методологии со кои ќе се испита влијанието на работата на социјалните претпријатија ниту врз економскиот раст ниту врз инклузивниот раст.

Не се присутни, исто така, официјални статистички податоци коишто би можеле да се искористат за истражување од ваков вид.

Во тој контекст, целокупното истражување во рамките на докторската дисертација се заснова на сопствени напори од обезбедувањето податоци до изнаоѓањето методолошки начини како би се дошло до соодветен истражувачки пат што би овозможил потврдување на поставената општа хипотеза.

Во тој контекст, исто така, од целокупното истражување во рамките на докторската дисертација се издвојуваат следниве главни заклучоци:

- Ја потврдивме хипотезата Х1, односно дека: **Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на**

**вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи (како димензија на инклузивниот раст).**

- Заштитните друштва се покажаа како највлијателни во вработувањето социјално исклучени лица, кога зборуваме за обем и капацитет за вработување.
- Хибридните организации со економски активности, со економски речник кажано, се со епитет на „скриен потенцијал" во вработувањето социјално исклучени лица, кога зборуваме за посветеност и насоченот на целите.
- Задругите и трговските друштва со социјална мисија во ова истражување се покажаа со помал удел, меѓутоа имајќи го предвид недефинираниот примерок во овој дел, можната потенцијалност за спроведување иницијативи на социјално претприемништво за вклученост на пазарот на трудот на обесправените групи низ овие форми на организации/компании, не е за занемарување.
- Земјоделските стопанства во ова истражување се со најмал потенцијал, а тоа се должи на немањето капацитет за вработување, дури ни за сопствено обезбедување на здравствено и социјално осигурување на индивидуалните земјоделци.

▪ Анализираните субјекти вкупно вработуваат 5 187, од кои 2 275 се маргинализирани лица. Процентот од 43 % покажува значителен удел на овие видови организации и претпријатија во вкупната вработеност. Овој податок е квантитативна потврда на поставената посебна хипотеза дека иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат во вклучување на пазарот на трудот на обесправените групи.

▪ Ја потврдивме хипотезата Х2, односно дека: **Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на интегрирање на обесправените групи** (како димензија на инклузивниот раст)**.**

- Оваа теза ја испитавме преку влијанието на менторството како посреднички механизам низ формите за социјално претприемништво.
- Заклучивме дека менторството, било да станува збор за формален карактер или за неформално, односно за интегрирано во работниот процес, се покажа како

позитивно во интегрирањето на обесправените групи (работно интегрирање, емоционална поддршка, социјална интеграција и сл.).

- Ја потврдивме хипотезата Х3, односно дека: **Иницијативите за социјално претприемништво позитивно влијаат на намалување на сиромаштијата и нееднаквоста** (како димензија на инклузивниот раст).
  - Директно преку длабинска обработка на лични приказни видовме дека најефикасниот начин за намалување на сиромаштијата е обезбедување стабилен приход и пристап до работа, а тоа видовме дека може да се постигне преку менторствата на социјалните претпријатија.
  - Исто така, видовме дека намалувањето на нееднаквоста најефективно се постигнува преку промовирање самодоверба, надминување на дискриминацијата и социјалната инклузија.
  - Развивање национални индикатори за мерење на инклузивниот раст.

Во рамките на докторската дисертација беше спроведено и истражување за влијанието на социјалниот капитал, посебно во делот на руралните подрачја, при што се потврди дека создавањето мрежи, градењето доверба, е од суштинско значење не само за поединците, туку и за правните лица што спроведуваат иницијативи за социјално претприемништво. Посебно значење беше посветено и на човечкиот капитал, како и на синергијата на овие два капитала во прилог на позитигнување инклузивен раст.

Во трудот беа анализирани две стратегии, за социјални претпријатија и за развој на човечкиот капитал, беа спроведени и друг вид анализи и беа развиени или применети методи за мерење на влијанието на социјалните претпријатија, сето со цел да се оформи целосна слика за носечката тема на докторската дисертација – за позитивниот придонес на социјалното претприемништво врз инклузивниот раст, со посебен осврт на состојбите во македонската економија.

## 8.2. Препораки

Како резултат на длабоката анализа и обработка на поставените претпоставки во докторската дисертација, изнесуваме позначајни препораки што можат да се користат од кретаорите на политиките, самите социјални претпријатија и научната фела.

- Зголемена државна поддршка преку продуктивни субвенции, даночни олеснувања и приоритетен пристап до јавни набавки.
- Развивање поддржувачка инфраструктура (обуки, инкубатори) за воспоставување нови заштитни друштва.
- Насочени грантови за трансформација во поинклузивен модел (со цел вработување повеќе социјално исклучени лица).
- Интегрирање клучни показатели за перформанси за социјална инклузија во финансирањето.
- Поддршка (финансиска и техничка) со цел да се зголеми апсолутниот обем на вработување.
- Правна рамка што признава и го поддржува статусот социјални претпријатија и што мери инклузивен раст.
- Вклучување во идни проекти со социјални критериуми (на пр. агро-социјални програми).
- Анализа на пречките за социјална активност (на пр. законски ограничувања, недостиг на капацитет).
- Преземање мерки за зголемување на институционалната и финансиската поддршка.
- Развивање адаптирани модели на менторство според потребите и типот на социјалното претпријатие.
- Донесување ефективен закон за социјални претпријатија со цел стекнување поголем легитимитет на СП и меѓусекторска соработка.
- Преземање активни мерки за зголемување на капацитетите на социјалните претпријатија во насока на инклузивен раст.
- Преземање, исто така, мерки за видливост на социјалните претпријатија од сите клучни актери во општествениот систем.
- Унапредување на социјалното претприемништво со примена на социјалниот капитал во руралните подрачја.
- Зголемена ажурност на институциите во спроведувањето клучни стратегии.
- Донесување стратегија за инклузивен раст и нејзино спроведување.
- Развивање статистички методи и собирање статистички податоци од ресорните инстанци со цел поефикасно спроведување на научните истражувања кои се од исклучителна значајност.
- Продолжување на истражувањата во испитувањето на оваа повеќеслојна врска помеѓу социјалното претприемништво и инклузивниот раст.

# РЕФЕРЕНЦИ

**Латинични по автор**

*****Референците се подредени според APA 7th-стил (латиничните по абецеден, а кириличните по азбучен редослед), со исклучок на насловите на трудови од списанија, коишто се закосени (*italic*) поради прегледност.


1. Abiddin, N. & Hassan, A. (2011). *A review of effective mentoring practices for mentees development*. Journal of Studies in Education, *2* (1). DOI: https://doi.org/10.5296/jse.v2i1.1226
2. Adedeji, O.S, Du, H., & Afari-O, M. (2013). *Inclusive growth: An application of the social opportunity function to selected African countries*. *IMF Working Paper*, *13* (139). http://www.imf.org/external/pubs/ft/wp/2013/wp13139.pdf
3. Adler, P. S. & Kwon, S. W. (2002). *Social Capital: Prospects for a New Concept*. Academy of Management Review*, 27*, 17-40. DOI:10.5465/AMR.2002.5922314
4. Adler, P. S. & Kwon, S. W. (2002). *Social Capital: Prospects for a New Concept*, The Academy of Management Review, *27* (1), 17-40. DOI: 10.5465/AMR.2002.5922314
5. Alam, M. N. & Getubig, M. (2010). *Guidelines for establishing and operating grameen-style microcredit programs*. https://grameenfoundation.org/documents/GrameenGuidelines.pdf
6. Alcock, P. (2012). *Poverty and Social Exclusion*. www.blackwellpublishing.com/alcock4e/about /c26.pdf
7. Ali, I. & Son, H. H. (2007). *Defining and Measuring Inclusive Growth: Application to the Philippines*. Economics and Research Department Working Paper*, 98*. ISSN 1655-5252.
8. Alter, K. S. (2000). *Managing the Double Bottom Line: A Business Planning Reference Guide for Social Enterprises*, 259-314. http://www.virtueventures.com/files/mdbl-preface.pdf
9. Alter, K. (2004). *Social enterprise typology*. Washington, DC: Virtue Ventures LLC.
10. Alter, K. & Dawans, V**.** (2009). *The Four Lenses Strategic Framework. Toward an Integrated Social Enterprise Methodology*. http://www.virtueventures.com/files/fourlenses.pdf
11. Alvord, S.H., Brown, L.D. & Letts, C.W. (2002). S*ocial entrepreneurship and social transformation: Anexploratory study*. Harvard, MA: Hauser Center for Nonprofit Organizations Working Paper, *15*, Kennedy School of Government.
12. Alvord, S.H., Brown, L.D. & Letts, C.W. (2004). *Social entrepreneurship and social transformation: An exploratory study*. The Journal of Applied Behavioral Science, *3*, 260–82.
13. Anand, R. at al. (2013). *Inclusive Growth: Measurement and Determinants*. IMF Working Paper. WP/13/135. https://www.imf.org/external/pubs/ft/wp/2013/wp13135.pdf
14. Anand, R. Mishra, S. & Peiris, J. Sh. (2013). *Inclusive Growth: Measurement and Determinants*. IMF Working Paper. WP/13/135.
15. Anderson, B. & Dees, G. (2008). *Rhetoric, reality, and research: Building a solid foundation for the practice of social entrepreneurship*. In Social entrepreneurship – new models of sustainable social change, ed. A. Nicholls, 144–80. Oxford: Oxford University Press.
16. Artcer, T. & Kharkovskaya, A. (2016). *Mentoring as the basis for social business. International Conference on Research Paradigms Transformation in Social Sciences*. SHS Web of Conferences, 28. https://doi.org/10.1051/shsconf/20162801009
17. Austin, J., Stevenson, H.H., &Wei-Skillern, J. (2006). *Social and Commercial Entrepreneurship: Same, Different, or Both? Entrepreneurship: Theory & Practice*, *30* (1), 1-22. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/epdf/10.1111/j.1540-6520.2006.00107.
18. Austin J., Stevenson, H., and Wei-Skillern J. (2006). *Social and Commercial Entrepreneurship: Same, Different, or Both?* Entrepreneurship: Theory & Practice, *30* (1), 1-22.
19. Austin, J., at al. (2006). *Effective management of social enterprises: lessons from businesses and civil society organizations in Iberoamerica*. A collaborative research project of the Social Enterprise Knowledge Network, Published by Harvard University.

20. Austin, J., H. Stevenson, and J. Wei-Skillern (2006). *Social and commercial entrepreneurship: Same, different, or both?* Entrepreneurship Theory and Practice, *31* (1), 1-22.
21. Azamat, O., Fayzullokh, S. & Nilufar, A (2023). *The Impact of Entrepreneurship on Poverty Reduction*. Intern. Journal of Profess. Bus. Review, *8* (3), 01-19.
22. Bacq, S. & Janssen, F. (2011). *The multiple faces of social entrepreneurship: A review of definitional issues based on geographical and thematic criteria*, Entrepreneurship & Regional Development, *23* (5-6), 373-403. http://dx.doi.org/10.1080/08985626.2011.577242
23. Baker, W. (1990). *Market networks and corporate behavior*. American Journal of Sociology, *96*, 589-625.
24. Balakrishnan, R., Steinberg, C. & Syed, M.H. (2013). *The elusive quest for inclusive growth: Growth, poverty and inequality in Asia*. IMF Working Paper, *13* (152).
25. Barringer, B. R., Duane, R. (2012). *Entrepreneurship, successfully launching new ventures*. *Pearson Education*, Inc publishing as Prentice Hall.
26. Basu, S. (2012). *Social capital and social entrepreneurship the third*. Interdisciplinary journal of contemporary research in business, *4* (3). ijcrb.webs.com
27. Behrman, J. R. (1996). *The impact of health and nutrition on education*. The World Bank Research Observer, *11*, 23-37.https://doi.org/10.1093/wbro/11.1.23
28. Belliveau, M. A., O'Reilly, C. A., Ill, & Wade, J. B. (1996). *Social capital at the top: Effects of social similarity and status on CEO compensation*. Academy of Management Journal, *39* , 1568-1593.
29. Boarini, R., Murtin F. & Schryer, P. (2015). *Inclusive Growth: The OECD Measurement Framework*. Statistics Directorate. Organisation for Economic Co-operation and Development. STD/DOC(2105)6.
30. Bonini, Sh. & Emerson J. (2005). *Maximizing blended value–building beyond the blended value map to sustainable investing, philanthropy and organizations*. http://www.blendedvalue.org /about-jed-emerson/
31. Bornstein, D**.** (1998). *Changing the world on a shoestring*. The Atlantic Monthly, 281 (1), 34–9.
32. Borzaga, C., & Galera, G. (2016). *Social enterprises and their eco-systems: A European comparative perspective*. European Commission.
*33.* Borzaga, C., Defourny, J. (2001). *The Emergence of Social Enterprise*, London and New York: Routledge.
34. Boschee, J. (1995). *Social entrepreneurship: Some non-profits are not only thinking about the unthinkable, they're doing it – Running a profit*. Across the Board, The Conference Board Magazine, 32 (3), 20–5. https://www.socialent.org/wp-content/uploads/2021/02/Across TheBoard.pdf
35. Boschee, J., &J. McClurg (2003). *Toward a better understanding of social entrepreneurship: Some important distinctions*. Working Paper. http://www.se-alliance.org/better_understanding.pdf
36. Bourdieu, P. (1985). *The forms of capital*. In J. G. Richardson (Ed.), Handbook of theory and research for the sociology of education. New York: Green wood, 241-258.
37. Boxman, E. A. W., De Graaf, P. M., & Flap, H. D. (1991). *The impact of social and human capital on the income attainment of Dutch Managers*. Social Networks*,* *13*, 51-73.
38. Brehm, J. & Rahn, W. (1997). *Individual-level evidence for the causes and consequences of social capital.* American Journal of Political Science*. 41* (3), 999-1023. https://doi.org/10.2307/2111684
39. Burchardt, T., Le Grand, J., & Piachaud, D. (2002). *Degrees of Exclusion: Developing a Dynamic, Multidimensional Measure.* In Understanding Social Exclusion. Oxford: Oxford University Press, 30-43.
40. Burt, R. S. (1992). *Structural holes: The social structure of competition*. Cambridge, MA: Harvard University Press.
41. Burt, R. S. (1997a). The contingent value of social capital. *Administrative Science Quarterly*, *42*, 339-365.

42. Catford, J. (1998). *Social entrepreneurs are vital for health promotion – but they need supportive environments too.* Health Promotion International 13 (2), 95–7.
43. Cerra, V. (2021). *An Inclusive Growth Framework*. DOI:10.1093/oso/9780192846938.003.0001
44. Cerra, V., Eichengreen, B., El-Ganainy, A. A. & Schindler, M. (2022). *How to Achieve Inclusive Growth*. Oxford University Press, Oxford. https://doi.org/10.1093/oso/9780192846938.001.0001
45. Chell, E. (2007). *Social enterprise and entrepreneurship – Towards a convergent theory of the entrepreneurial process*. International Small Business Journal 25 (1), 5-26.
46. Cheng, Ch. & Cantore, N. (2020). The Inclusive and Sustainable Development Index: a Data Envelopment Analysis Approach. https://about.jstor.org/terms.
47. Clark, B.R. (2004). *Sustaining change in Universities.* Society for Research into Higher Education, Open University Press. Milton Keynes.
48. Clark, C., Rosenzweig, W., Long, D., & Olsen, S**.** (2004). *Double bottom line project report: Assessing social impact in double bottom line ventures*. https://community-wealth.org/sites/clone.community-wealth.org/files/downloads/paper-rosenzweig.pdf
49. Clifford, J., Markey, K., & Malpani, N. (2013). *Measuring Social Impact in Social Enterprise: The state of thought and practice in the UK*. London. E3M. https://can-online.org.uk/uploads/editor/files/Invest/Measuring_Social_Impact_in_Social_Enterprise_report.pdf
50. Clifford, J., Markey, K., & N. Malpani. (2013*). Measuring Social Impact in Social Entreprise: The state of though and practice in the UK.* https://e3m.org.uk/wp-content/uploads/2015/02/E3M-Social-Impact-Report-2013.pdf
51. Coffey C. at al. (2020). *Time to care. Unpaid and underpaid care work and the global inequality crisis*. OXFAM Briefing paper. https://oxfamilibrary.openrepository.com /bitstream/handle/10546/620928/bp-time-to-care-inequality-200120-en.pdf
52. Coleman, J. S. (1988). *Social Capital in the Creation of Human Capital*. Supplement: Organizations and Institutions: Sociological and Economic Approaches to the Analysis of Social Structure, *94* (1), 95-120. https://www.jstor.org/stable/2780243?read-now=1&seq=1#page_scan_ tab_contents
53. Coleman, J. S. (1990). *Foundations of social theory*. Cambridge, MA: Harvard University Press.
54. Cooney, K. (2006). *The institutional and technical structuring of nonprofit ventures: Case study of a U.S*. Hybrid organization caught between two fields, *17* (2), 143-61.
55. Dacin, A. P., DAcin, T. M., & Mataer, M. (2010). *Social entrepreneurship: Why we don't need a new theory and how we move forward from here*. Academy of management perspectives, *24* (3). http://connection.ebscohost.com/c/articles/52842950/social-entrepreneurship-why-we-dont-need-new-theory-how-we-move-forward-from-here.
56. Dart, R. (2004). *The legitimacy of social enterprise*. Nonprofit Management and Leadership, *14* (4), 411-24.
57. Daskalopoulou, I., Karakitsiou, A. & Thomakis. Z. (2023). *Social Entrepreneurship and Social Capital*. A Review of Impact Research. Sustainability, *15*, 4787. https://doi.org/10.3390/su15064787. https://www.mdpi.com/journal/sustainability
58. Davies, R. & Dart, J. (2005). *The Most Significant Change (MSC) Technique: A Guide to Its Use*. DOI: 10.13140/RG.2.1.4305.3606
59. De Leeuw, E. (1999). *Healthy cities: Urban social entrepreneurship for health*. Health Promotion International, *14* (3), 261-9.
60. Dees, G. (1998a). *Enterprising non-profits*. Harvard Business Review, *76* (1), 54–66.
61. Dees, G. (1998b). *The meaning of social entrepreneurship*. Kauffman Centre for Entrepreneurial Leadership.
62. Dees, G. & Anderson, B. B. (2006). *Framing a theory of social entrepreneurship: Building on two schools of practice and thought*. ARNOVA Occasional Paper Series, *1* (3), 39-67.
63. Defourny, J., & Nyssens, M. (2012), The EMES Approach of Social Enterprise in a Comparative Perspective. EMES Working Papers, *12* (03).

64. Defourny, J., Nyssens, M. (2008). *Social Enterprise in Europe: Recent Trends and Developments*, EMES Research Network, WP, *08* (01). (https://orbi.ulg.ac.be/bitstream/2268/11568/1/WP_08_01_SE_WEB.pdf).
65. Defourny, J.; Nyssens, M. (2012). *The EMES approach of social enterprise in a comparative perspective*, WP, *12* (03). http://emes.net/content/uploads/publications/EMES-WP-12-03_Defourny-Nyssens.pdf
66. Denzin, N. K. (2012). *Triangulation* 2.0. Journal of Mixed Methods Research, 6(2), 80–88. https://doi.org/10.1177/1558689812437186
67. Desai, H. (2014). *Business Models for Inclusiveness*. Procedia - Social and Behavioral Sciences, *157,* 353 – 362.
68. Dhahri, S., Omri, A. (2018). *Entrepreneurship contribution to the three pillars of sustainable development: What does the evidence really say?* In: World Development, *106*, 64-77.
69. Dinda, S. (2011). Inclusive growth through creation of human and social capital. *MPRA Paper*, *63953*, UTC. https://mpra.ub.uni-muenchen.de/63953/
70. Dorado, S. (2006). *Social entrepreneurial ventures: Different values so different process of creation, No?* Journal of Developmental Entrepreneurship *11* (4), 319-43.
71. Drucker, P. (1985). *Innovation and Entrepreneurship*, Harper and Row, Publishers, Inc.
72. Dupain, W., Scharpe, K., Gazeley, T., Bennett, T., Mair, J., Raith, M. & Bosma, N. (2022). *The State of Social Enterprise in Europe – European Social Enterprise Monitor, 2021-2022*. Euclid Network.
73. Džunić, M., Stanković, J., & Janković-Milić, V. (2018). *Multi-criteria approach in evaluating contribution of social entrepreneurship to the employment of socially-excluded groups*. Technological and Economic Development of Economy, *24* (5), 1885-1908. https://doi.org/10.3846/20294913.2017.1347906
74. El Ebrashi, R. (2013). Social entrepreneurship theory and sustainable social impact. Social Responsibility Journal, *9* (2), 188-209. https://doi.org/10.1108/SRJ-07-2011-0013
75. Elkington, J. (2004). *Enter the Triple Bottom Line* (Chapter 1). http://www.johnelkington.com/archive/TBL-elkington-chapter.pdf
76. Emerson, J. and Twersky, F. (1996). *New Social Entrepreneurs: The Success, Challenge, and Lessons of Non-Profit Enterprise Creation*. The Roberts Foundation, San Francisco.
77. Emerson. J. (2003). The Blended Value Map: Tracking the Intersects and Opportunities of Economic, Social and Environmental Value Creation. http://www.blendedvalue.org/wp-content/uploads/2004/02/pdf-bvm-executive-summary.pdf
78. Fabbi, L. & Gatti, R. (2018). *A Primer on Human Capital*. DOI:10.1596/1813-9450-8309
79. Fromm, E. (1989). *The sane society*. First published in the United Kingdom 1956 by Routledge & Kegan Paul. https://historicalunderbelly.files.wordpress.com/2012/12/erich-fromm-the-sane-society.pdf
80. Fukuyama, F. (1995). *Trust: The social virtues and the creation of prosperity*. New York: Free Press.
81. Fukuyama, F. (1997). S*ocial capital and the modern capitalist economy: Creating a high trust workplace*. Stern Business Magazine, *4* (1).
82. Gabbay, S. M., & Leenders, R. T. A. J. (2002). *Social capital of organizations: from social structure to the management of corporate social capital*. s.n.
83. Gazeley, T. & Bennett, T. (2025). Executive Summary: *The State of Social Enterprise in Europe – European Social Enterprise Monitor,* 2023-2024. Euclid Network.
84. Goldin, C. (2016). *Human capital*. https://scholar.harvard.edu/files/goldin/files/goldin_human_capital.pdf
85. Golubovic, N. (2009). *Social capital concept and economics 'imperialism'*. https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=601859
86. Granovetter, M. (1973). *The Strength of Weak Ties*. The American Journal of Sociology, *78* (6), 1360-1380.

87. Gray, R. (2002). *The social accounting project and Accounting Organizations and Society Privileging engagement, imaginings, new accountings and pragmatism over critique?* Accounting, Organizations and Society, *27* (7), 687-708.
88. Grootaert, Ch. (1998). Social capital: The missing link? Social *Capital Initiative. Working Paper*, *3*. https://documents1.worldbank.org/curated/zh/902971468764409654/pdf/multi0page.
89. Guclu, A., G. Dees, and B. Battle Anderson (2002). *The process of social entrepreneurship: Creating opportunities worthy of serious pursuit*. NC: Center for the Advancement of Social Entrepreneurship.
90. Gupta, J. & Vegelin, C. (2016). *Sustainable development goals and inclusive development*. DOI 10.1007/s10784-016-9323-z. file:///C:/Users/Dell/Downloads/Sustainable_development
91. Gupta, S.K, Lal, P., Negi, V. & Grupta, K. (2015). *Poverty, inequality and inclusive growth during porst-reform period in India*. Indian J Econ Dev, *11* (2), 553-562. DOI No. 10.5958/2322-0430.2015.00063.3.
92. Hanifan, L. J. (1920). *The Community Center, Boston: Silver, Burdette, and Co*. https://archive.org/details/communitycenter00hanirich/page/viii/mode/2up
93. Haugh, H. (2005). *A research agenda for social entrepreneurship*. Social Enterprise Journal 1 (1), 1-12.
94. Haugh, H. (2006). *Social Enterprise: Beyond Economic Outcomes and Individual Returns*. https://www.researchgate.net/publication/304693083.
95. Hisrich, D., Peters, M. P. & Shepherd, D. A. (2010). *Enterpreneurship*. McGraw-Hill Companies, Inc.
96. Huybrechts, B., Mertens, S. & Rijpens, J. (2014). Explaining stakeholder involvement in social enterprise governance through resources and legitimacy. In *Changing European Landscapes in a Comparative Perspective.* Routledge, New York. http://orbi.ulg.ac.be/handle/2268/132078
97. Inglehart, R. (1997). *Modernization and post-modernization: Cultural, economic, and poiiticai ciiange in 43 societies*. Princeton, NJ: Princeton University Press.
98. Jilenga, T. (2017). *Social Enterprise and Economic Growth: A Theoretical Approach and Policy Recommendations*. International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management Sciences, *7* (1), 41-49.
99. Jim, C. (2014). *Social Impact Measurement*. EU publications. ISBN: 978-92-79-38888-0. DOI: 10.2767/28855. Available at: https://op.europa.eu/en/publication.
100. Judge, W. at al. (2014). *Which model of capitalism best delivers wealth and and equality?* Journal of International Business Studies, *45*, 363-386. https://www.jstor.org/stable/43654616.
101. Keeley, B. (2007). *Human Capital: How What You Know Shapes Your Life*. OECD Publishing, Paris. https://doi.org/10.1787/9789264029095-en
102. Knack, S.. (1999). Social capital, growth and poverty: a survey of cross-country evidence. *Social Capital Initiative working paper series*, *7.* http://documents.worldbank.org/curated/en/517621468739260100
103. Knoke, D. (1999). *Organizational networks and corporate social capital*. In R. Th. A. J. Leenders & S. M. Gabbay (Eds.), *Corporate social capital and liability* (17-42). Boston: Kluwer.
104. Kuznets, S. (1955). *Economic growth income inequality*. The American Economic Review, *15* (1). https://assets.aeaweb.org/asset-server/files/9438.pdf
105. Larner, J. & Mason, Ch. (2010). *A Study of Stakeholder Involvement in Social Enterprise Governance*. file:///C:/Users/Cutka/Downloads/Beyond_Box-Ticking_A_Study_ of_Stakeholde .pdf.
106. Leadbeater, C. W. (1997). *The Rise of the Social Entrepreneur* (1-9). Demos.
107. Lehman, C. R. (1992). *Accounting's Changing Roles in Social Conflict*, Markus Weiner, New York.
108. Leviner, N., Crutchfield, R. L. & Wells, D. (2006). *Understanding the Impact of Social Entrepreneurs: Ashoka's Answer to the Challenge of Measuring Effectiveness. Research on social entrepreneurship: Understanding and contributing to an emerging filed*. ARNOVA Occasional Paper Series, *1* (3), 89-105.

109. Levitas, R. at al. (2007). *The multi-dimensional analysis of social exclusion*. https://dera.ioe.ac.uk/id/eprint/6853/1/multidimensional.pdf
110. Liu, C. C. (2003). *Simulating weights restrictions in data envelopment analysis by the subjective and objective integrated approach*, Web Journal of Chinese Management Review *6* (1), 68–78.
111. Liu, X. at al. (2017). *HFMADM method based on nondimensionalization and its application in the evaluation of inclusive growth*. Journal of Business Economics and Management, *18* (4), 726–744.
112. Loury, G. C. (1976). *A Dynamic Theory of Racial Income Differences* (Discussion Paper). No. 225, Northwestern University, Kellogg School of Management, Center for Mathematical Studies in Economics and Management Science, Evanston, IL.
113. Loury. G. (1992). *The economics of discrimination: Getting to the core of the problem*. Harvard Journal for African American Public Policy, *1*, 91-110.
114. Maas, K. & Liket, K. (2011). *Social Impact Measurement: classification of methods*. In Burritt, R. L. et al., Environmental Management Accounting, Supply Chain Management, and Corporate Responsibility Accounting, Springer, New York.
115. Mair, J. & Sharma, S. (2012). *Performance Measurement and Social Entrepreneurship*. In: Volkmann, C et al. (ed): Social Entrepreneurship and Social Business: An Introduction and Discussion with Case Studies, Wiesbaden etc.: Springer Gabler.
116. Mair, J. & E. Noboa (2006). *Social entrepreneurship: How intentions to create a social venture are formed*. In Social entrepreneurship, ed. J. Mair, J.A. Robinson, and K. Hockerts, 121–35. Basingstoke and New York: Palgrave Macmillan.
117. Mair, J. & I. Martı (2004). *Social entrepreneurship: What are we talking about? A framework for future research*. Working Paper 546, IESE Business School, University of Navarra.
118. Mair, J. & O. Schoen. (2007). *Successful social entrepreneurial business models in the context of developing economies: An explorative study*. International Journal of Emerging Markets, 2 (1), 54-68.
119. Manetti, G. (2014). *The role of blended value accounting in the evaluation of socio-economic impact of social enterprises*, 25, 443–464. https://doi.org/10.1007/s11266-012-9346-1
120. Marioti, S., Glackin, C. (2012). Entrepreneurship and small business management. *Pearson Education*, Inc., publishing as Prentice Hall.
121. Masseti, B. (2011). *The Duality of Social Enterprise: A Framework for Social Action*. 6th Annual Symposium of the Financial Services Institute, International Dimensions of New Regulations: Effects on Consumers, Corporate Governance, Financial Markets and Accounting Practice.Held atSt. John’s University, New York City, 8-10.
122. McKinley, T. (2010). *Inclusive growth criteria and indicators: an inclusive growth index for diagnosis of country progress*. ADB sustainable development working paper series. Asian Development Bank.
123. Miah, Md. Tota, Zoltán Lakner, and Mária Fekete-Farkas. (2024). *Addressing Poverty through Social Entrepreneurship for Sustainable Development: A Comprehensive Bibliometric Analysis. Administrative Sciences*, *14* (16). https://doi.org/10.3390/admsci14010016
124. Mook et al. (2003). *Social Accounting for Nonprofits*. https://www.researchgate.net/publication /238576528
125. Munir, F. & Ulla, S. (2018). *Inclusive Growth in Pakistan: Measurement and Determinants*. The Pakistan journal of social issues.
126. Nahapiet, J., & Ghoshal, S. (1998). *Social capital, intellectual capital, and the organizational advantage*. *The Academy of Management Review, 23* (2), 242-266. https://doi.org/10.2307/259373
127. Narayan, D. (1997). *Voices of the Poor. Poverty and Social Capital in Tanzania*. Environmentally Sustainable Development Monograph 20. World Bank, Washington, D.C. https://documents1.worldbank.org/curated/en/118051468778202034/pdf/multi0page.pdf
128. Narayan, D., (1999). *Bonds and bridges: social and poverty*. Policy Research Working Paper Series, 2167.

129. Neck, M. H., Brush, C. & Allen, E. (2009). *The landscape of social entrepreneurship*. Business Horizons, *52* (15). www.sciencedirect.com
130. Nicholls, A. (2008). *Social entrepreneurship: New models of sustainable social change*. Oxford: Oxford University Press.
131. Nicholls, A. (2011). *Social enterprise and Social entrepreneurs, at The Oxford Handbook of civil society*. Edited by Michael Edwards, Oxford University press, 81-91.
132. Nicholls, A. & Cho, A. (2006). *Social entrepreneurship: The structuration of a field*. In A. Nicholls (Ed.). Social entrepreneurship: New paradigms of sustainable social change. Oxford University Press. https://flore.unifi.it/retrieve/handle/2158/781662/24738/BVAVoluntas2014 Manetti.pdf
133. Nicholls, A., & Opal, C. (2005). *Fair Trade: Market-Driven Ethical Consumption*. London: Sage.
134. Nicholls, A. & A.H. Cho. (2008). *Social entrepreneurship: The structuration of a field. In Social entrepreneurship – new models of sustainable social change*, ed. A. Nicholls. Oxford University Press, 99–118.
135. Nicholls, J. (2007). *Why measuring and communicating social value can help social enterprise become more competitive*. A social enterprise think piece for the Office of Third Sector.
136. Oluwadamilola, O. at al. (2018). *Human capital development and inclusive growth: Implications for achieving SDG-4 in Nigeria*. *African Population Studies*, *32* (1).
137. Onyx, J. & Paul, B. F. (1998). *Measuring Social Capital in Five Communities*. Journal of Applied Behavioral Science. https://doi.org/10.1177/0021886300361002
138. Palmer, P. & Vinten, G. (1998). *Accounting, auditing and regulating charities - towards a theoretical underpinning*, Managerial Auditing Journal, Emerald Group Publishing Limited, 13(6), 346-355.
139. Pavić, Z. & Novoselac, V. (2013). *Notes on TOPSIS Method*. International Journal of Research in Engineering and Science (IJRES).
140. Pennar, K. (1997). *The ties that lead to prosperity: The economic value of social bonds is only beginning to be measured*. *Business Week*, *15*, 153-155.
141. Peredo, A.M., and McLean, M. (2006). *Social entrepreneurship: A critical review of the concept*. Journal of World Business, *41* (91), 56-65.
142. Portes, A. (1998). *Social capital: Its origins and applications in modern sociology*. Annual Review of Sociology, *24*, 1-24.
143. Portes, A., & Sensenbrenner, J. (1993). *Embeddedness and immigration: Notes on the social determinants of economic*. The American Journal of Sociology, *98* (6), 1320-1350.
144. Powell, W. W., & Smith-Doerr, L. (1994). *Networks and economic life*. In N. J. Smelser & R. Swedberg (Eds.). The handbook of economic sociology, 368-402. DOI: 10.17323/1726-3247-2003-3-61-105
145. Praszkier, R., Nowak, A. (2012), *Social Entrepreneurship Theory and Practice*, Cambridge University Press.
146. Putnam, R. D. (1995). *Bowling alone: America's declining social capital*. Journal of Democracy, *6* (1), 65-78.
147. Ranieri, R.; Ramos, R. A. (2013). *Inclusive Growth: Building up A Concept*. https://ipcig.org/sites/default/files/pub/en/IPCWorkingPaper104.pdf
148. Roberts, D. &Woods, C. (2005). *Changing the world on a shoestring: The concept of social entrepreneurship*. University of Auckland Business Review, 45–51.
149. Robinson, J. (2006). *Navigating social and institutional barriers to markets: How social entrepreneurs identify and evaluate opportunities*. In Social entrepreneurship, ed. J. Mair, J. Robinson, and K. Hockerts, 95–120. Basingstoke, UK and New York: Palgrave Macmillan.
150. Ryan, B., Scapens, R. W. & Theobald, M. (1992). *Research Method and Methodology in Finance and Accounting*. Academic Press, London.

151. S. Bacq & F. Janssen (2011). *The multiple faces of social entrepreneurship: A review of definitional issues based on geographical and thematic criteria.* Entrepreneurship & Regional Development, 23 (5-6), 373-403. http://dx.doi.org/10.1080/08985626.2011.577242
152. Schiff, M. (1992). *Social Capital, Labor Mobility, and Welfare*. Rationality and Society, *4* (2), 157-175.
153. Schoneveld, G. (2020). *Sustainable business models for inclusive growth: Towards a conceptual foundation of inclusive business*. Journal of Cleaner Production.
154. Schuyler, G. (1998). *Social entrepreneurship: Profit as means, not an end*. Kauffman centre for entrepreneurial leadership clearinghouse on entrepreneurship education (CELCEE), 98(7), 1-3.
155. Seelos, C. & J. Mair (2005). *Social entrepreneurship: Creating new business models to serve the poor*. Business Horizons, *48* (3), 241-6.
156. Seelos, C. & J. Mair. (2007). *Profitable business models and market creation in the context of deep poverty: A strategic view*. Academy of Management Perspectives, *21* (4), 49-63.
157. Serageldin, I. & Grootaert, C. (1997). *Defining social capital: an integrating view*. In evaluat on development. The Institutional Dimension. Published for The World Bank.
158. Shannon, C. E. (1948). *A mathematical theory of communications*. The Bell System Technical Journal, *27*, 379–423.
159. Sharir, M. & Lerner, M. (2006). *Gauging the success of social ventures initiated by individual social entrepreneurs*. Journal of World Business, *41* (1), 6–20.
160. Shepherd, D. A. & Patzelt, H. (2011). *The new field of sustainable entrepreneurship: Studying entrepreneurial action linking "what is to be sustained" with "what is to be developed".* Entrepreneurship Theory and Practice, *35*, 137-163. doi:10.1111/j.1540-6520.2010.00426.x
161. Skoll, J. (2008*). In Preface to social entrepreneurship: New models of sustainable social change*, ed. A. Nicholls, Oxford University Press. Skoll Foundation. http://www. skollfoundation.org/.
162. Slaper, T. & Hall, T. (2011). *The Triple Bottom Line: What Is It and How Does It Work?* http://www.ibrc.indiana. edu/ibr/2011/ spring/article2. html.
163. Smallbone, D., Evans, M., Ekanem, I. & Butters, S. (2001). *Researching social enterprise*. Final Report to the small business service. Centre for Enterprise and Economic Development Research, Middlesex University.
164. Smith, J.A., Ed. (2003). *Qualitative Psychology: A Practical Guide to Research Methods*. Sage Publications, London.
165. Spear, R. & Bidet, E. (2005). *Social enterprise for work integration in 12 European countries: A descriptive analysis*. Annals of Public and Cooperative Economics, *76* (2), 195–231.
166. Stawska, J. & Jabłonska, M. (2022). *Determinants of Inclusive Growth in the Context of the Theory of Sustainable Finance in the European Union Countries*. https://doi.org/10.3390/su14010100
167. Steger, T. M. (2002). *Productive consumption, the inter temporal consumption trade off and growth*. Journal of Economic Dynamics and Control*, 26*, 1053-1068. https://doi.org/10.1016/S0165-1889(01)00009-4
168. Stiglitz, J. (2011). *Of the 1%, by the 1%, for the 1%*. http://www.vanityfair.com/ news/2011/05/top-one-percent-201105
169. Stryjan, Y. (2006). *The practice of social entrepreneurship: Notes toward a resource perspective*. In Entrepreneurship as social change: A third movements in entrepreneurship book, ed. C. Steyaert and D. Hjorth, 35–55. Cheltenham and Northampton: Edward Elgar.
170. Suleiman, O. M., Kazi, S. & Attahir, B. A, (2023). *Inclusive growth in Africa: Do fiscal measures matter?*, Cogent Economics & Finance, *11* (2), 2273604, DOI: 10.1080/23322039.2023.2273604.
171. Sullivan Mort, G., Weerawardena, J. & Carnegie, K. (2003). *Social entrepreneurship: Towards conceptualization*. International Journal of Non-profit and Voluntary Sector Marketing *8* (1), 76-88.

172. Sun, C. at al. (2018). *Measuring the Inclusive Growth of China's Coastal Regions*. Sustainability, 10, 2863; doi:10.3390/su10082863.
173. Suryanarayana, M. N. (2013). *Inclusive Growth: A Sustainable Perspective*. United Nations Development Programme. https://www.undp.org/sites/g/files/zskgke326/files/migration/in/inclusive-growth--a-sustainable-perspective.pdf
174. Taherdoost, H., & Madanchian, M. (2023). *Multi-Criteria Decision Making (MCDM) Methods and Concepts*. Encyclopedia, *3*(1), 77-87. https://doi.org/10.3390/encyclopedia3010006
175. Thomas, C. Y. (1996). *Capital markets, financial markets and social capital*. Social and Economic Studies, 45 (2/3), 1-23.
176. Thompson, J.L. (2002). *The world of the social enterpreneure*. The International Journal of Public Sector Management, 15 (4/5), 412–31.
177. Thompson, J.L., Alvy, G. & Lees, A. (2000). *Social entrepreneurship – A new look at the people and the potential*. Management Decision, 38 (5).
178. Thompson, J.L. & Doherty, B. (2006). *The diverse world of social enterprise: A collection of social enterprise stories.* International Journal of Social Economics, 33 (5/6), 361-75.
179. Tracey, P. & N. Phillips (2007). *The distinctive challenge of educating social entrepreneurs: A postscript and rejoinder to the special issue on entrepreneurship education*. Academy of Management Learning and Education *6* (2), 264–71.
180. Tzeng, G.H. & Huang, J.J. (2011). Multiple Attribute Decision Making Methods and applications. International Standard Book Number: 978-1-4398-6157-8 (Hardback).
181. Watts, R. L. & Zimmerman, J. L. (1979). *The demand for and supply of accounting theories: the market for excuses*, The Accounting Review, LIV(2), 273-305.
182. Weerawardena, J., & G. Sullivan Mort (2006). *Investigating social entrepreneurship: A multidimensional model*. Journal of World Business, *41* (1), 21-35.
183. Whittington, G. (1986). *Financial accounting theory: an over-view*. The British Accounting Review, *8* (1), 4-41.
184. Windasari, N. A., Lin, F. & Chen, H. (2017). *The Role of Social Capital on Cocreating Value for Social Enterprises: The Service Dominant Logic Perspective*. Proceedings of the 50th Hawaii International Conference on System Sciences. https://scholarspace.manoa.hawaii.edu/server/api/core/bitstreams/ad77718b-b5f6-47ef-9ecf-9da0987aefca/content
185. Woolcock, M. (1998). *Social capital and economic development: Toward a theoretical synthesis and policy framework*. *Theory and Society*, *27*, 151–208. https://doi.org/10.1023/A:1006884930135
186. Woolcock, M.; Narayan, D.. (2000). *Social capital: implications for development theory, research, and policy*. The World Bank Research Observer, *15* (2), 225–249, https://doi.org/10.1093/wbro/15.2.225
187. Yin, R. K. (2018). *Case Study Research and Applications: Design and Methods* (6th ed.). SAGE Publications.
188. Yin, Robert K (2016). *Qualitative research from start to finish* (2th ed.). The Guilford Press. Available at: https://eli.johogo.com/Class/Qualitative%20Research.pdf
189. Yunus, M. (2006). *Social business entrepreneurship. Are the solution*?. In Social entrepreneurship. New models of sustainable social charge, edited by Aleks Nichol, Oxford University Press.
190. Yunus, M. (2009). *Creating a World without Poverty: Social Business and the Future of Capitalism*. New York: Public Affairs.

**Латинични – институција**

1. Asian Development Bank (ADB). (2018). *Strategy 2030: Achieving a Prosperous, Inclusive, Resilient, and Sustainable Asia and the Pacific*. https://www.adb.org/documents/strategy-2030
2. EMES (2022). Social enterprises and their ecosystems in Europe – Comparative synthesis report. https://emes.net
3. Euclid Network (2021 – 2022). *European Social Enterprise Monitor*. file:///C:/Users/Dell/Downloads/European-Social-Enterprise-Monitor-2021-2022.pdf

4. Eurofound (2023). *Societal implications of labour market instability*. Publications Office of the European Union, Luxembourg.. https://eurofound.link/ef23011
5. European Commission. (2019). *SBA Fact Sheet. North Macedonia*. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2019-11/sba-fs-2019_north-macedonia.pdf
6. European Commission. (2025). *The European Pillar of Social Rights*. https://www.inclusion-europe.eu/social-pillar/
7. EVPA. (2013). In GECES Sub-group on Impact Measurement (2014), *Proposed Approaches to Social Impact Measurement in European Commission legislation and in practice relating to EuSEFs and the EaSI*. Available at: https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/ 0c0b5d38-4ac8-43d1-a7af-32f7b6fcf1cc
8. OECD - Organisation for Economic Co-operation and Development (2015). Policy Brief on Social Impact Measurement for Social Enterprises Policies for Social Entrepreneurship.
9. OECD (2014). *Development Co-operation Report 2014: Mobilising Resources for Sustainable Development*. OECD Publishing. http://dx.doi.org/10.1787/dcr-2014-en
10. OECD (2015). *Social entrepreneurship. Social impact measurement for social enterprises*. Available at: https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2015/07
11. OECD (2017). *Development Co-operation Report 2017: Data for Development*. OECD Publishing, Paris. http://dx.doi.org/10.1787/dcr-2017-en
12. OECD/European Union (2023). Policy brief on social mentoring for inclusive employment. OECD Local Economic and Employment Development (LEED) Papers.
13. OECD/European Union (2024), Measure, Manage and Maximise Your Impact: A Guide for the Social Economy, Local Economic and Employment Development (LEED), OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/2238c1f1-en.
14. UNPRPD (2021). *Situational analysis of the right of persons with disabilities. North Macedonia* (country report). https://unprpd.org/new/wp content/uploads/ 2023/12/CR _Macedonia_2021-2ce.pdf
15. WCED (1987). *Report of the World Commission on Environment and Development.* (https://digitallibrary.un.org/record/139811?ln=en&v=pdf)
16. WEF (2018). *The Inclusive Development Index 2018 Summary and Data Highlights*. https://www3.weforum.org/docs/WEF_Forum_IncGrwth_2018.pdf
17. World Bank (2022). https://www.worldbank.org/en/news/factsheet/2022/05/02/fact-sheet-an-adjustment-to-global-poverty-lines
18. World Bank (WB). (2022). *Poverty and shared prosperity*. https://www.worldbank.org/en/publication/poverty-and-shared-prosperity

**Кирилични – автор**

1. Дебарлиев, С. (2017). *Одржливо претприемништво и анализа на подрачја и примена*. *Годишник.* Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, том 52, 8-97.
2. Јованоска, Ц. (2017). *Социјално претприемништво: Управувачкиот процес во основањето и во раната фаза од развојот на социјалните претпријатија* (магистерска теза). Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.
3. Фити, Т. (2014). *Основи на економијата* (четврто издание). Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.
4. Фити, Т. et al. (2007). *Претприемништво* (второ издание). Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

**Кирилични – институција**

1. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021). *Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021*. https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf
2. Државен завод за статистика на РСМ (2024). *Соопштение бр. 4.1.24.90 од 4.10.2024 година*. https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/4.1.24.90_mk.pdf

3. Европска комисија (2024). *Извештај за Северна Македонија за 2024 година* (Работен документ на службите на Комисијата). https://www.mep.gov.mk/post/?id=5657
4. Закон за вработување инвалидни лица (Службен весник на РМ, бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15, 147/15 и 27/16) https://mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilniciPenzii/10.11_zil.pdf
5. ЗАПОВИМ (2018). *Преглед на прописи кои го регулираат работењето на заштитните трговски друштва и вработувањето на инвалидните лица во Република Македонија* (седмо и дополнето издание), Скопје.
6. Канцеларија на МОТ за Централна и Источна Европа (2023). *Нациоална програма за достоинствена работа во Северна Македонија (2023 – 2025)*.
7. Министерство за труд и социјална политика (2000). Закон за вработување инвалидни лица. Службен весник на РМ, бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15, 147/15 и 27/16. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
8. Министерство за труд и социјална политика (2008). Закон за инвалидски организации. Службен весник на РМ, бр. 89/2008; 59/2012 и 23/2013. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
9. Министерство за труд и социјална политика (2013). Закон за социјална заштита. Службен весник бр. 79/09, 36/11, 51/11 и 166/12. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
10. Министерство за труд и социјална политика (2013). *Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија* (ревидитана 2010 – 2020). https://mtsp.gov.mk/wbstorage/files/revidirana_str_siromastija.pdf
11. Министерство за труд и социјална политика (2019). Стратегија за развој и управување со човечките ресурси https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
12. Министерство за труд и социјална политика (2020). Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
13. Министерство за труд и социјална политика (2021). „Националната стратегија за вработување (2021-2027 година) со Акциски план за вработување (2021-2023 година)", Скопје. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
14. Министерство за труд и социјална политика (2021). „Националната стратегија за социјални претпријатија (2021 – 2024 година) ", Скопје https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
15. Министерство за труд и социјална политика (2021). „Националната стратегија за вработување (2021 – 2027 година) со Акциски план за спроведување (2021 – 2023 година)", Скопје https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
16. Министерство за труд и социјална политика (2021). *Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија* (2021 – 2027). https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
17. Министерство за труд и социјална политика (2021). Национална стратегија за вработување (2021 – 2027). https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
18. Министерство за труд и социјална политика (2021). Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027). https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
19. Министерство за труд и социјална политика (2021). Стратегија за безбедност и здравје при работа (2021 – 2025). https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
20. Министерство за труд и социјална политика (2022). Национална стратегија за еднаквост и недискриминација (2022 – 2026). https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
21. Министерство за труд и социјална политика (2022). Националната програма за развој на социјалната заштита (2022 – 2032). https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
22. Министерство за труд и социјална политика (2022). Стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027). Службен весник на РСМ, бр. 170/'22. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti

23. Министерство за труд и социјална политика (2022). Стратегија за инклузија на Ромите (2022 – 2030), Скопје https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
24. Министерство за труд и социјална политика (2023). *Предлог-закон за социјални претпријатија*. https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti
25. Нацрт-национална развојна стратегија (2024 – 2044)
26. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година https://av.gov.mk/content/%D0%9E%D0%9F/OP%202024%20so%20logoa.pdf
27. Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица (Службен весник на РМ, бр. 156/2008). https://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx
28. Устав на Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

**Електронски извори:**

1. https://www.ashoka.org/en-us/ashokas-impact-snapshot
2. https://emes.net/research-categories/social-enterprise/
3. https://digitallibrary.un.org
4. https://euclidnetwork.eu/
5. https://www.siaa.com/
6. https://www.stat.gov.mk
7. http://www.mtsp.gov.mk
8. http://www.ohchr.org/EN/UDHR/Documents
9. http://www.un.org/millenniumgoals
10. http://eur-lex.europa.eu
11. http://ec.europa.eu/growth/sectors/social-economy/enterprises
12. https://licevlice.mk/lvl-mreza/
13. https://eu.org.mk/
14. https://www.stat.gov.mk/
15. www.mep.gov.mk
16. https://www.atd-fourthworld.org
17. https://ec.europa.eu/eurostat
18. https://wid.world/country/macedonia
19. https://www.who.int/europe/home?v=welcome
20. https://www.economicsonline.co.uk
21. https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD
22. https://mladipretpriemaci.mk
23. https://arno.org.mk/mk/za-nas/
24. https://euclidnetwork.eu/
25. https://www.inclusion-europe.eu/social-pillar/
26. https://socialenterprisesmap.org/listing-category/mkd/
27. https://rcgo.mk/
28. https://www.gemconsortium.org/data
29. www.muhammadyunus.org
30. https://wfto.com/
31. https://emes.net/
32. http:/www.4lenses.org/setypology/semo
33. https://eurothink.mk/
34. https://www.mchamber.mk/
35. https://polioplus.org.mk
36. http://www.zapovim.mk/

# ПРИЛОЗИ

## I. ИСПИТУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО на ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВРЗ РАБОТНАТА ИНТЕГРАЦИЈА И ИНТЕГРИРАЊЕТО НА ОБЕСПРАВЕНИТЕ ГРУПИ

### ПРАШАЛНИК за социјални претпријатија

1) Правна форма во која сте основани
    - Организација (основана врз основа на Законот за здруженија и фондации: здружение, фондација, сојуз и сл.)
    - Задруга (Закон за задруги и Закон за земјоделски задруги)
    - Земјоделско стопанство (Закон за вршење земјоделска дејност)
    - Трговско друштво (Закон за трговски друштва)
    - Друго (посочете) ______________________________

2) Форма во којашто ги остварувате Вашите цели, мисија и визија/статус што сте го стекнале во текот на работењето
    - Заштитно друштво (во согласност со Законот за вработување инвалидни лица)
    - Хибридна форма на трговско друштво со социјална цел
    - Хибридна форма на непрофитна организација со економска активност
    - Задруга со социјална/еколошка цел
    - Земјоделско стопанство со социјална/еколошка цел
    - Друго (посочете) ______________________________

3) Колку вкупно лица имате вработено?
    - Заштитно друштво (во согласност со Законот за вработување инвалидни лица)
    - Хибридна форма на трговско друштво со социјална цел
    - Хибридна форма на непрофитна организација со економска активност
    - Задруга со социјална/еколошка цел
    - Земјоделско стопанство со социјална/еколошка цел
    - Друго

4) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
   *Одговараат заштитни друштва
    - Лица со попреченост
    - Лица од осиромашени рурални подрачја кои се соочуваат со социјална и економска исклученост
    - Лица кои имаат проблем со зависности
    - Млади без родители/од семејства во неповолна социјална и економска положба
    - Лица кои преживеале родово базирано, семејно, врсничко или друг вид насилство
    - Самохрани родители во неповолна социјална и економска положба
    - Други категории лица од групи во неповолна положба

5) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
    - *Одговараат хибридна форма на трговско друштво со социјална цел

6) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
    - *Одговараат хибридна форма на непрофитна организација со економска активност

7) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
*Одговараат задруги со социјална/еколошка цел
8) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
*Одговараат задруги со социјална/еколошка цел
9) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
*Одговараат земјоделски стопанства со социјална/еколошка цел
10) Колку од Вашите вработени припаѓаат на групите со социјална исклученост?
*Одговараат категоријата Друго
11) Претежна дејност запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија
12) Регион во кој ја остварувате дејноста
- Скопски регион
- Југозападен регион
- Пелагониски регион
- Источен регион
- Југоисточен регион
- Полошки регион
- Вардарски регион
- Североисточен
13) Дефинирајте ја Вашата социјална мисија
- Работна интеграција на маргинализирани групи
- Создавање продуктивни работни места
- Пристап до квалитетно образование за деца од социјално ранливи категории
- Пристап до квалитетни здравствени услуги за социјално ранливи категории
- Грижа за стари лица од социјално ранливи категории
- Заштита на животната средина
- Мали земјоделци од рурални средини
- Поддршка на мали производители/самовработени
- Друго

14) Дали остварувањето социјална/еколошка цел Ви го попречува остварувањето на економската цел и обратно?
- Да
- Не
- Друго (посочете) ____________________________

15) Дали имате развиено посебен систем за мерење на Вашата интегрирана вредност?
- Да
- Не
- Друго (посочете) ____________________________

16) Кој вид работна интеграција применувате?
- Вработување
- Обезбедување пристап до прилагодени обуки
- Обезбедување ресурси
- Креирање системи за поддршка
- Решавање системски бариери
- Промовирање инклузивни работни места
- Градење партнерства
- Друг вид прилагодена поддршка

## ПРАШАЛНИК за заштитни друштва

1. Колку вкупно вработени имате?
2. Колку вработени во Вашето претпријатија се лица со попреченост?
3. Вкупен годишен буџет (2024 г.) за плати и надоместоци за вработените кои се лица со попреченост.
4. Колкав износ (процент) на поддршка за оваа намена добивате од Посебниот фонд на државата?
5. Со какви бариерери се соочувате при пристапот до средствата од Посебниот фонд и воопшто други видови институционални пречки?
6. Дали сметате дека формата заштитно друштво е доволна за придонесот кој го давате за лицата со попреченост и за остварување на Вашите цели?
7. Одговорете на прашање кое не е поставено, а за кое сметате дека е значајно од овој домен.

## ПРАШАЛНИК за ЗАПОВИМ

| Број на заштитни друштва | |
|---|---|
| Вкупен број вработени инвалидни лица од чл.2 став 1 | |
| Вкупен број вработени инвалиди на трудот | |
| Вкупен број инвалидни лица | |
| Вкупен број неинвалидни лица | |
| Вкупен број вработени | |
| Процент на вработени инвалидни лица во вкупниот број вработени | |
| Процент на вработени инвалидни лица од чл.2 став 1 во вкупниот број вработени | |
| Средства за работно оспособување на инвалидните лица | |

## ПРАШАЛНИК за МЕНАЏЕРИ НА СП

Цел: Да се утврди како социјалното претпријатие го структуира менторскиот процес и го мери неговиот ефект

1. Тип на СП (работна интеграција на маргинализирани групи и сл.) ____________________
2. Целна група за менторирање. __________________________
3. Број на менторирани лица во Вашето СП. ________________________________
4. Просечно времетраење на менторството. ____________________
5. Дали СП има формална менторска програма? ☐ Да ☐ Делумно ☐ Не

6. Дали менторството е задолжителен дел од интеграцијата? ☐ Да ☐ Не
7. Кои критериуми користите за избор на ментори?
   ________________________________________

8. Дали постојат насоки или стандарди за менторите? ☐ Да ☐ Не
9. Како го мерите ефектот на менторството?

| Индикатор | Користите? |
|---|---|
| Број на задржани лица > 6 месеци | ☐ Да |
| Повратна информација од менторства | ☐ Да |
| Секојдневни извештаи/евалуации | ☐ Да |
| Други: ______________ | ☐ Да |

## ПРАШАЛНИК за СОЦИЈАЛНИ МЕНТОРИ

Цел: Да се процени подготовката, практиките и перцепцијата за ефикасност на менторството

Дел А: Основни податоци

1. Колку време сте ангажирани како ментор во СП? ___ месеци
2. Колку лица сте менторирале досега? ___

Дел Б: Практики и подготовки

3. Дали имате формална обука за менторство? ☐ Да ☐ Не
4. Дали имате пристап до водич/алатки за менторирање? ☐ Да ☐ Делумно ☐ Не
5. Колку често се среќавате со вашите штитеници?
   ☐ Секојдневно ☐ Не веднаш, но достапен сум ☐ По потреба
6. Кои аспекти на менторството ги сметате за најважни?

| Аспект | Многу важно | Средно | Неважно |
|---|---|---|---|
| Емоционална поддршка | ☐ | ☐ | ☐ |
| Обука и објаснување на задачи | ☐ | ☐ | ☐ |
| Следење напредок | ☐ | ☐ | ☐ |
| Воспоставување доверба | ☐ | ☐ | ☐ |
| Вклучување во тимот | ☐ | ☐ | ☐ |

Дел В: Отворени прашања

7. Кои предизвици најчесто ги среќавате во менторирањето?
   ..........................................................................
8. Што би помогнало да бидете поефикасен ментор?
   ..........................................................................

## ПРАШАЛНИК за КОРИСНИЦИ (МЕНТОРИРАНИ ЛИЦА)

Цел: Да се процени влијанието на менторството врз процесот на работна интеграција

Дел А: Основни податоци (по избор, анонимно)

1. Возраст: ___

2. Пол: ☐ М ☐ Ж ☐ Друго
3. Колку време сте вработени/ангажирани во СП? ___ месеци
4. Дали ова е вашето прво работно искуство? ☐ Да ☐ Не

Дел Б: Искуство со менторство

5. Дали менторството Ви помогна за полесен пристап до работа?
   ☐ Да ☐ Не
6. Колку често се среќававте со менторот?
   Секојдневно ☐ Неколку пати неделно ☐ Ретко ☐ Никогаш
7. Оценете колку менторот Ви помогна при:
   *(Скала од 1 – воопшто не, до 5 – многу)*

| Поддршка во... | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Разбирање на задачите | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Прилагодување на работната средина | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Развој на самодоверба | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Решавање конфликти или стрес | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Социјална интеграција | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

8. Дали сметате дека менторството Ви помогна да останете подолго на работа?
   ☐ Да ☐ Делумно ☐ Не

Дел В: Отворени прашања

9. Што најмногу Ви помогна од менторот?
   ......................................................................................
10. Што би промениле во начинот на менторирање?
   ......................................................................................

## II. ИСПИТУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ КАПИТАЛ

### ПРАШАЛНИЦИ со ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

1. Каква е Вашата улога/корелација во/со здружението Избор за проектот Покров?
2. Дали и на кој начин добивате повратна информација за дадената поддршка на здружението Избор? (форма на извештајот)
3. Дали за Вас, како поддржувач, има значење објавувањето на резултатите (извештаи) од страна на организациите кои ги поддржувате? Доколку одговорот е потврден, образложете од кои причини.

## ПРАШАЛНИК за СОЦИЈАЛЕН КАПИТАЛ

1. Со што се занимавате?
    - Самовработен во сопствено претпријатие
    - Работам во друго претпријатие/организација и во слободното време се занимавам со земјоделие
    - Работам исклучиво земјоделие/собирам диворастечки плодови
    - Имам непрофитна организација
    - Друго

2. На скала од 1 до 5 одговорете дали сметате дека, ако припаѓате на одредена група/здружение на луѓе со слична дејност, полесно ќе ги продадете Вашите производи/услуги.
    - Воопшто не
    - Не
    - Сосема малку
    - Да
    - Секогаш да

3. На скала од 1 до 5 одговорете дали учествувате на саеми/панаѓури/фармерски и слични собири.
    - Воопшто не учествувам
    - Не учествувам
    - Сосема малку учествувам
    - Секогаш учествувам
4. На скала од 1 до 5 одговорете дали во Вашата општина/град/држава има доволно организирано саеми/панаѓури/фармерски и слични собири на кои можете да учествувате.
    - Воопшто нема
    - Нема
    - Сосема малку
    - Има
    - Секогаш има
5. На скала од 1 до 5 одговорете дали сте доволно информирани за саеми/панаѓури/фармерски и слични собири на кои можете да учествувате.
    - Воопшто не
    - Не
    - Сосема малку
    - Да
    - Секогаш да
6. На скала од 1 до 5 одговорете дали се чувствувате дека припаѓате на заедницата со оние кои ги организираат саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири.
    - Воопшто не
    - Не
    - Сосема малку
    - Да
    - Секогаш да
7. На скала од 1 до 5 одговорете дали се чувствувате дека припаѓате на заедницата со другите учесници на саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири.
    - Воопшто не
    - Не
    - Сосема малку
    - Да

- Секогаш да

8. На скала од 1 до 5 одговорете дали верувате на заедницата/оние кои ги организираат саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири.
   - Воопшто не
   - Не
   - Сосема малку
   - Да
   - Секогаш да
9. На скала од 1 до 5 одговорете дали имате бенефит од учеството на саемите/панаѓурите/фармерските и сличните собири.
   - Воопшто не
   - Не
   - Сосема малку
   - Да
   - Секогаш да
10. На скала од 1 до 5 одговорете дали ги сметате за значајни соработката и поддршката на локални здружувања/организации/претпријатија.
    - Воопшто не
    - Не
    - Сосема малку
    - Да
    - Секогаш да

## III. ИСПИТУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ПРИСТАП преку реализација на клучни стратегии

### ПРАШАЛНИК за НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НСРСП

1. Зошто се појавуваат две стратегии на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика за ист период (2021-2024)?
   – Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2024) и
   – Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027)
2. Во рамкиите на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) се дефинирани стратегиски приоритети со одделни мерки, како и носители на мерките. Ве молам, да одговорите во колона 4 (Степен на реализација со реализирани активности).
   *Бараните информации се засноваат на Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), со временски рок 2021 – 2023 г.

| **ПРИОРИТЕТ/МЕРКА** | **ОПИС** | **НОСИТЕЛ** | **СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА со реализирани активности** |
|---|---|---|---|
| **1.** | 2. | 3. | 4. |
| **Приоритет 1** | Воспоставување на правна рамка за социјално претприемништво | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка 1** | Подготовка и усвојување на Закон за социјално претприемништво / социјални претпријатија | Министерство за труд и социјална политика | |
| **Мерка 2** | Усогласување на правната рамка - Прилагодување на постојните закони и подзаконски акти за поддршка на развојот на социјалните претпријатија | Министерство за труд и социјална политика | |
| **Мерка 3** | Создавање механизми за систематско прибирање податоци за социјалните претпријатија | Министерството за труд и социјална политика<br>Централен регистар на РСМ | |
| **Мерка 4** | Подобрување на даночниот третман на социјалните претпријатија | Министерство за финансии | |
| **Приоритет 2** | Развивање култура за социјално претприемништво и за препознавање на социјални претпријатија | | |
| **Мерка 1** | Интеграција на поддршката за социјалните претпријатија во секторските политики и стратегии на национално и локално ниво | Министерство за труд и социјална политика | |
| **Мерка 2** | Подигање на свеста и промоција на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија меѓу заедницата на социјални претпријатија | Министерство за труд и социјална политика | |
| **Мерка 3** | Интеграција на социјалните претпријатија во наставните програми во формалното (основно, средно и високо) и неформалното образование. | Министерство за образование и наука | |
| **Мерка 4** | Генерирање, консолидација и споделување на знаење за социјалните претпријатија и нивниот екосистем преку истражување, анализа, статистички податоци, итн. | Министерството за труд и социјална политика во партнерство со Националниот ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија | |
| **Мерка 5** | Поддршка на социјалните претпријатија за мерење и известување на нивното општествено влијание | Министерство за труд и социјална политика | |
| **Мерка 6** | Усогласување на приоритетните мерки со соодветните политики и програми на ЕУ | Министерство за труд и социјална политика | |
| **Приоритет 3** | Потпомагање на меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитетите на социјалните претпријатија и на клучните чинители во екосистемот | | |
| **Мерка 1** | Воспоставување на ресурсни и центри за развој на социјални претпријатија на национално и локално ниво | Министерството за труд и социјална политика | |
| **Мерка 2** | Подобрување на обемот и | Министерството за труд и социјална | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | квалитетот на услугите за поддршка на чинителите во екосистемот | политика , Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија НРРЦСП | |
| **Мерка 3** | Градење на капацитетите на социјалните претпријатија | Министерството за труд и социјална политика, Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија | |
| **Приоритет 4** | Овозможување пристап до и развој на пазари за социјални претпријатија | | |
| **Мерка 1** | Развивање на пазарот на јавни услуги и добра за социјални претпријатија | Министерство за финансии и Биро за јавни набавки | |
| **Мерка 2** | Развивање на приватниот пазар за социјални претпријатија | Министерство за труд и социјална политика; Министерството за економија; Министерството за финансии; Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции | |
| **Мерка 3** | Зголемување на видливоста и препознатливоста на социјалните претпријатија на пазарот | Министерство за труд и социјална политика; Министерството за економија; Министерството за финансии; Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции | |
| **Приоритет 5** | Олеснување на пристапот до надворешни финансии | | |
| **Мерка 1** | Пилотирање на финансиски инструменти за социјални претпријатија | Министерство за финансии; Министерство за труд и социјална политика | |
| **Мерка 2** | Активирање на јавни средства преку инструменти за социјални финансии | Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Развојна банка на Северна Македонија; Агенција за вработување на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој; Генерален секретаријат на Владата на РСМ; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | |
| **Мерка 3** | Поттикнување на компаниите да ја користат корпоративната општествена одговорност за финансирање на инвестиции во социјални претпријатија | Министерството за економија; Министерството за финансии; Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за правда | |
| **Мерка 4** | Воспоставување програма за граѓанските организации за создавање инкубатори, за развој и формирање социјални претпријатија | Министерство за труд и социјална политика; Генерален секретаријат на Владата на РСМ | |

## ПРАШАЛНИК за НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НСЧК

**До: Влада на Република Северна Македонија**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: докторанд Цутка Јованоска, ул. Јуриј Гагарин, бр. 47/2-13, Карпош, Скопје, 070 925 014, cutka_jovanoska@yahoo.com
(се наведуваат податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Досегашни реализирани активности во врска со дефинираните реформски приоритети нотирани во Стратегијата за човечки капитал во Република Северна Македонија (2024 – 2030), стр. 61 – 71.**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**
**Цутка Јованоска, с.р.**

**Во 22.4. 2025 година .**

______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

# IV. ИСПИТУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ПРИСТАП – САТЕЛИТСКИ СМЕТКИ

**До: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: докторанд Цутка Јованоска, ул. Јуриј Гагарин, бр. 47/2-13, Карпош, Скопје, 070 925 014, cutka_jovanoska@yahoo.com
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Во рамките на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), е содржан податок дека во периодот на 2009 година, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија учествувал во пилот-студијата на Европската комисија за воспоставување сателитски сметки за задруги, како и за други припадници на социјалната економија.**
**Барам да ми бидат приложени резултатите од нотираниот пилот-проект, како и да ми бидат посочени/презентирани методи кои ДЗС ги користи за мерење на социјалното/еколошкото влијание на социјалните претпријатија во државата.**
(опис на информацијата која се бара)

Бараната информација ми е неопходна за истражување за потребите на докторска дисертација во која се испитува влијанието на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**
**Цутка Јованоска, с.р.**

**Во 10.5. 2025 година .** ______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)